Класификации, методологии, номенклатури и стандарди

6.8.24.01

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Државен завод за статистика**

МАКСТАТ

# НАЦИОНАЛНА КЛАСИФИКАЦИЈА НА ДЕЈНОСТИ - НКД Рев. 2.1.

**Скопје, 2024 година**

# НАЦИОНАЛНА КЛАСИФИКАЦИЈА НА ДЕЈНОСТИ - НКД РЕВ.2.1.


**Издавач:**

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА

ул. „Даме Груев“ бр. 4, Скопје

**Телефон** +389/02/3295-600

**Факс** +389/02/3111-336

**Веб-страница:** https://www.stat.gov.mk

**Одговара:**

д-р Дејан Станков, В.д. директор



ВЕ МОЛИМЕ ПРИ КОРИСТЕЊЕТО НА ОВАА ПУБЛИКАЦИЈА, НАВЕДЕТЕ ГО ИЗВОРОТ



**Уредник:** Татјана Ѓорѓиевска

**Лектор на македонски јазик:** м-р Кирил Ангелов

**Број на страници:** 473

# ПРЕДГОВОР

Употребата на унифицирани и стандардизирани класификации претставува клучна алатка за прибирање, класифицирање и презентирање на статистичките податоци во Република Северна Македонија. Овие класификации овозможуваат производство на споредливи податоци на меѓународно ниво, кои се неопходни во услови на глобализација и технолошки развој што ги надминува националните граници. Со користењето на хармонизирани меѓународни системи, како што се класификациите на ОН за економски активности (ISIC) и производи (CPC), Република Северна Македонија обезбедува споредливост со глобалните трендови.

Во Европската Унија, оваа хармонизација се постигнува преку Класификацијата на економските активности (NACE) и Класификацијата на производи (CPA). Со оглед на ова, и Националната класификација на дејностите (НКД) постојано се усогласува со европската NACE класификација, што ја прави неопходна ревизијата на НКД при секоја значајна промена во NACE.

Овие усогласувања не се само техничка потреба, туку и основа за создавање статистички податоци кои се интегрирани во поширокиот европски и меѓународен контекст. Тие се од клучно значење за анализа на економските движења, планирање на економските политики и следење на пазарните трендови. Преку примената на овие класификации, се овозможува следење на економските активности со поголема точност, што е важно и за националните статистички институции и за бизнис секторот.

Со воведувањето на НКД Рев.2.1, Република Северна Македонија се позиционира како активен учесник во процесот на европската и меѓународната економска интеграција. Оваа ревизија не само што обезбедува доследност во методологијата за собирање и анализа на податоци, туку и ја зголемува транспарентноста и прецизноста на статистичките информации, што е од клучно значење за развој на ефикасни економски стратегии. Прецизноста на оваа класификација е од особено значење за сите економски и административни субјекти во државата, овозможувајќи подобро разбирање на структурата на економските активности и подобрување на процесот на донесување одлуки во различни економски области, како и креирање на релевантни економски политики, финансиски стратегии и бизнис одлуки.

Оваа публикација претставува основа за правилна примена на НКД Рев.2.1, која ги рефлектира последните измени во структурата на европската класификација. Во неа се содржани основните правила за примена, детална структура и објаснувања, како и кореспондентна табела што обезбедува поврзување помеѓу НКД Рев.2 и НКД Рев.2.1.

Публикацијата е подготвена од Секторот за деловни статистики - Одделение за статистички деловен регистар, во соработка со министерствата, државните органи, академската заедница, деловните субјекти, невладините организации и други релевантни институции.

Срдечно им се заблагодаруваме за нивниот значаен придонес и поддршка.

В.д. директор

д-р Дејан Станков

# СОДРЖИНА

**ПРЕДГОВОР** ....................................................................................................... **3**

**ОДЛУКА** ........................................................................................................... **7**

**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА НАЦИОНАЛНАТА КЛАСИФИКАЦИЈА НА ДЕЈНОСТИТЕ - НКД РЕВ.2.1** .................. **7**

**ВОВЕД** ............................................................................................................. **8**

КАРАКТЕРИСТИКИ НА НКД РЕВ.2.1 ........................................................................ 9

КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА НКД РЕВ.2.1 ......................................................... 10

ГЛАВНИ, СЕКУНДАРНИ И ПОМОШНИ ДЕЈНОСТИ ........................................................ 11

ПРАВИЛО ЗА СТАБИЛНОСТ - ПРОМЕНИ НА ГЛАВНАТА ДЕЈНОСТ НА ЕДИНИЦАТА .................... 12

СТРУКТУРА НА НКД РЕВ.2.1 ................................................................................ 14

РАЗЛИКА ПОМЕЃУ НКД РЕВ.2 И НКД РЕВ.2.1 .......................................................... 16

НАЈВАЖНИ ПРОМЕНИ ПОМЕЃУ НКД РЕВ.2 И НКД РЕВ.2.1 ............................................ 17

**НАЦИОНАЛНА КЛАСИФИКАЦИЈА НА ДЕЈНОСТИ - НКД РЕВ 2.1. - СТРУКТУРА** ............................ **19**

**НАЦИОНАЛНА КЛАСИФИКАЦИЈА НА ДЕЈНОСТИ - НКД РЕВ 2.1. - ОПИС** .................................... **69**

**КОРЕСПОНДЕНТНА ТАБЕЛА СО ВРСКИ МЕЃУ НКД РЕВ.2 И НКД РЕВ.2.1** ................................ **441**

Врз основа на член 8 од Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица („Службен весник на Република Македонија“ бр.84/05, 13/07, 150/07, 140/08, 17/11, 53/11, 70/13, 115/14, 97/15, 192/15, 53/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19, 122/21 и 215/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 6 февруари 2024 година, донесе

# ОДЛУКА

## ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА НАЦИОНАЛНАТА КЛАСИФИКАЦИЈА НА ДЕЈНОСТИТЕ - НКД РЕВ.2.1

**Член 1**

Со оваа одлука се донесува Националната класификација на дејностите - НКД Рев.2.1, со стандардни шифри и називи на дејностите групирани на ниво на сектори, оддели, групи, класи и поткласи. Националната класификација на дејностите - НКД Рев.2.1 е заснована на статистичката класификација на економските активности на Европската Унија. Националната класификација на дејностите - НКД Рев.2.1 е дадена во прилог и е составен дел на оваа одлука.

**Член 2**

Националната класификација на дејностите - НКД Рев.2.1 е основа за евидентирање, прибирање, обработка, анализа, публикување и прикажување на податоците за насочување на општествениот и економскиот развој и неговите структурни промени.

**Член 3**

Во Националната класификација на дејностите - НКД Рев.2.1, дејностите се групираат на следните нивоа според наведените ознаки:

- сектор - се означува со две букви (латинично/кирилично писмо);

- оддел - се означува со двоцифрена шифра;

- група - се означува со трицифрена шифра;

- класа - се означува со четирицифрена шифра;

- поткласа - се означува со петцифрена шифра.

Секое наредно ниво на Националната класификација на дејностите - НКД Рев.2.1 од став 1 на овој член, се агрегира во претходното, освен највисокото ниво - сектор.

**Член 4**

Описите на секторите, одделите, групите, класите и поткласите на Националната класификација на дејностите - НКД Рев.2.1, како и кореспондентните табели, се подготвуваат и публикуваат од страна на Државниот завод за статистика.

**Член 5**

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука, престанува да важи Одлуката за донесување на Националната класификација на дејностите - НКД Рев.2 (,,Службен весник на Република Македонија“ бр.147/08 и 4/13).

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2025 година.

Бр. 41-324/7
6 февруари 2024 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
м-р Талат Џафери/Talat Xhaferi, с.р.

# ВОВЕД

Националната класификација на дејностите (НКД) претставува основен инструмент за категоризација на економските активности во Република Северна Македонија. Таа се користи за прибирање, обработка и публикување на статистички податоци, распределба на деловни субјекти според нивната дејност, како и за различни административни и правни цели.

Националната класификација на дејностите (НКД) е воведена во 1998[1)] година како резултат на усогласувањето со статистичката класификација на економските активности на Европската Унија, NACE Rev.1[2)]. Ова усогласување овозможи статистичките податоци на Република Северна Македонија да бидат споредливи на европско и глобално ниво.

Како дел од интеграцијата со европските стандарди, секоја ревизија на NACE повлекува соодветна промена и во НКД. Така, во 2006 година НКД претрпе ревизија во Рев. 1.1[3)], следејќи ја обновената верзија на NACE Rev. 1.1[4)], која иако воведе некои измени, го задржа основниот структурен концепт на претходната класификација.

Во 2007 година се направи големата ревизија, позната како Операција 2007, која резултираше со нова Класификација NACE Rev. 2[5)], усвоена со Регулатива на ЕУ бр. 1893/2006, која стапи во сила истата година. Врз основа на NACE Rev. 2 беше подготвена НКД Рев. 2[6)], која значително ја промени својата структура по десетгодишна примена, овозможувајќи меѓународна споредливост на податоците.

Со текот на времето, динамичните промени во глобалната економија, појавата на нови технологии и трансформацијата на индустриските сектори ја наметнаа потребата од редовни ревизии на класификациите. Последната верзија на НКД, Рев. 2.1[7)], која ќе се применува од 1 јануари 2025 година, е резултат на најновите измени и надградби на NACE Rev. 2.1[8)]. Овие промени се одраз на актуелните економски трендови и потребата од модернизирање на класификациите за да се задржи нивната релевантност и точност.

Примената на НКД Рев. 2.1 овозможува доследност со европските стандарди и обезбедува меѓународна споредливост на статистичките податоци, што ја прави оваа класификација неопходна алатка за институциите, деловните субјекти и аналитичарите.

---

[1)] Закон за Единствена класификација на дејностите („Сл.весник на РМ“, бр. 7/98) и Одлука за Националната класификација на дејности („***Сл. весник на РМ***“, бр.20/98)

[2)] Commision regulation (EEC) No 3037/90 on the Statistical Clasification of economic activities in the European Community

[3)] Одлука за донесување на Националната класификација на дејностите-НКД Рев.1 („Сл. весник на РМ“, бр.9/06.)

[4)] Commision regulation (EC) No 29/2002 amending Council Regulation (EEC) No 3037/90 on the Statistical Clasification of economic activities in the European Community (OJ: L 6, 10.01.2002)

[5)] Regulation (EC) No.1893/2006 of European Parlament and Council of 20 Decembar 2006 establishing the statistical classification of economic activities NACE Revision 2 and amendin Council Regulation (EEC) No 3037/90 as well as certain EC Regulations on specific statistical domains OJ L/363

[6)] Одлука за донесување на Националната класификација на дејностите-НКД Рев.2 („Сл. весник на РМ“, бр.147/08)

[7)] Одлука за донесување на Националната класификација на дејностите-НКД Рев.2.1 („Сл. весник на РСМ“, бр.35/24)

[8)] Regulation (EC) No.2023/137 of European Parlament and Council of 10 October 2022 establishing the statistical classification of economic activities NACE Revision 2.1 and amending Council Regulation (EEC) No 1893/2006

## Карактеристики на НКД Рев.2.1

а) Дејност во НКД Рев.2.1

Под дејност се подразбира комбинација на инпутите во производниот процес како што се природните ресурси, опремата, работната сила, производствените техники, информациските мрежи или посредничките производи, што доведува до создавање на специфични добра или услуги. Така, економската дејност се карактеризира со влезни ресурси (инпути), производствен процес и аутпути (стоки или услуги).

Во праксата, статистичките единици вршат повеќе различни дејности, при што се определува главна, споредна и помошна дејност.

Дејностите на статистичките единици (претпријатие, локална единица и др.) се определуваат на одредено ниво на Класификацијата НКД Рев.2.1, односно единиците се распределуваат според дејностите што ги вршат.

**Главна дејност** е дејноста која најмногу придонесува во вкупната додадена вредност на единицата. Главната дејност се определува со top-down метод.

**Споредна дејност** е која било друга дејност каде што аутпутот (стоките и услугите) се испорачуваат на трета страна. Додадената вредност на споредната дејност мора да биде помала од главната.

**Помошни дејности** се сите оние дејности кои исклучиво служат за да овозможат поддршка на главната и на споредната дејност во единицата.

За да се определи главната дејност на единицата, треба да биде познат нивниот дел во додадената вредност, но доколку не може да се обезбеди, распределувањето на дејноста се врши и по други критериуми:

1. критериум кој се користи врз основа на аутпут:

- бруто-аутпут на единицата кој може да се одреди за стоки и за услуги,
- вредност на продажбата или приходот (прометот) на таа група производи кои припаѓаат на секоја дејност;

2. критериум кој се користи врз основа на инпут:

- плати и надоместоци кои можат да се приклучат кон различни дејности на единицата,
- број на вработени кои вршат различни дејности и времето на работа на вработените кои можат да се приклучат кон различни дејности на единицата.

б) Опфат со НКД Рев.2.1

Со примената на НКД Рев. 2.1 се овозможува прецизно распределување на статистичките единици според нивната економска дејност, без оглед на сопственоста, правната форма или методите на производство. Единиците кои вршат иста дејност се класифицираат идентично, без разлика дали се трговски друштва, самостојни извршители или државни субјекти.

Производните единици се распределуваат врз основа на нивната главна економска дејност, без оглед на користените технологии или локацијата на извршување на дејноста. Дополнително, Класификацијата не прави разлика меѓу пазарни и непазарни дејности, при што непазарните услуги се обезбедуваат од страна на државните институции или непрофитните организации, особено во секторите на образованието, здравството и социјалните услуги. Исто така, Класификацијата ги вклучува и домаќинствата кои произведуваат стоки и услуги за сопствени потреби, доколку се од економски карактер.

## Критериуми за изработка на НКД Рев.2.1

Принципите и критериумите што се користени за дефинирање и разграничување на категориите на НКД се базираат на инпутите на добрата, услугите и производствените фактори, процесите и техниките на производство, карактеристиките на аутпутите, нивната намена, како и на употребата на Класификацијата за статистички цели и достапноста на податоци. Овие критериуми се применуваат различно на различни нивоа на Класификацијата: критериумите на подеталните нивоа на агрегирање ги разгледуваат сличностите во вистинскиот производствен процес, додека ова не е толку значајно на повисоките нивоа на Класификацијата. Економските дејности што се слични според овие критериуми се групирани заедно во категориите на НКД. На најниско ниво на Класификацијата, предност се дава на производствените техники за да се дефинираат индивидуалните НКД поткласи, особено поткласите поврзани со услуги. На повисоките нивоа, карактеристиките на аутпутите и нивната употреба стануваат поважни за создавање на аналитички корисни групи.

а) Критериум за класа

Критериумите што се користат за одредување на категориите на секое ниво од Класификацијата зависат од различни фактори, како што се целта на Класификацијата и достапноста на податоците. Овие критериуми се применуваат на различни начини на секое ниво: при дефинирање на најниското ниво - поткласата, се разгледува сличноста во процесот на производство, додека на повисоките нивоа, овој критериум има помала тежина.

Класите во НКД Рев. 2.1 се дефинирани врз основа на два главни услови:

- производството на специфични категории стоки и услуги што ја карактеризираат класата треба да соодветствува со резултатите од единиците распределени во таа класа;
- класата треба да опфаќа единици кои произведуваат значителна количина на стоки и услуги што се карактеристични за таа класа.

За национални потреби, во НКД рев.2.1 е додадена и петта цифра (поткласа) со цел да се овозможи детализирање на класите онаму каде што има потреба за пореално да се даде слика за дејностите на национално ниво, како што е случајот со класата 6910 Правни работи каде што се додадени 4 поткласи:

- 69101 Адвокати
- 69102 Нотари
- 69103 Извршители
- 69104 Арбитри и медијатори

б) Критериум за групи, оддели и сектори

За разлика од класите, производствениот процес и технологијата што се користат во производните активности имаат помала тежина како критериуми за нивно групирање на повисоките нивоа на агрегирање на Класификацијата. На највисокото ниво - сектор, клучна улога играат карактеристиките на произведените стоки и услуги, а исто така, значење има и нивната употреба во економијата и статистиката.

За определување на одделите и групите се користат следниве карактеристики на дејностите на производните единици:

- обележја на произведените стоки и услуги,

- намена на стоките и услугите,

- инпути, процеси и технологија.

## Главни, секундарни и помошни дејности

Една единица може да извршува една или повеќе економски дејности (главни, секундарни или помошни дејности) опишани во една или повеќе категории на НКД.

Главната дејност на статистичката единица е дејноста која најмногу придонесува за вкупната додадена вредност на таа единица. Главната дејност се идентификува според top-down методот и во некои случаи може да сочинува помалку од 50 % од вкупната додадена вредност на единицата.

Секундарна дејност е секоја друга дејност на единицата чијшто аутпут се стоки или услуги кои се соодветни за испорака на трети страни. Единицата може да извршува повеќе секундарни дејности.

Треба да се направи разлика помеѓу главните и секундарните дејности, од една страна, и помошните дејности, како што се сметководство, транспорт, складирање, набавка, промоција на продажба, поправка и одржување, од друга страна. Аутпутот од главните и секундарните дејности, кои со тоа стануваат главни и секундарни производи, се произведува за продажба на пазарот или за други употреби кои не се опишани однапред; на пример, тие може да се складираат за идна продажба или за понатамошна обработка. Помошните дејности се извршуваат исклучиво за олеснување на главните или секундарните дејности на единицата, обезбедувајќи стоки или услуги за употреба само на таа единица.

Дејноста е помошна ако ги исполнува сите следни услови:

- служи само на единицата или единиците коишто ја извршуваат,
- инпутите придонесуваат за трошоците на единицата,
- аутпутите (обично услуги, ретко стоки) не се дел од финалниот производ на единицата и не генерираат инвестиции во основни средства,
- слична дејност со сличен обем се извршува во слични производствени единици.

На пример, следниве дејности не треба да се сметаат за помошни:

- производство на стоки и услуги кои се дел од сопственото капитално формирање; на пример, градежни работи за сопствена сметка, кои ќе бидат класифицирани одделно во градежништвото ако се достапни податоци, и производство на софтвер исклучиво за внатрешна употреба на претпријатието;
- производство на аутпути, од кои значителен дел се продава на пазарот, дури и ако дел од него има употреба поврзана со главните дејности;
- производство на стоки или услуги кои подоцна стануваат интегрален дел од излезот на главната или секундарната дејност (на пример, производство на кутии од одделот на претпријатието за пакување на неговите производи);
- производство на енергија (интегрирана електрична станица или коксарница), дури и ако целиот аутпут се консумира од матичната единица);
- набавка на стоки за препродажба во непроменета состојба;
- истражување и развој, бидејќи овие дејности не обезбедуваат услуга што се користи за време на тековното производство.

Во сите овие случаи, одделните единици треба, кога се достапни одделни податоци, да се разликуваат и признаваат како независни и потоа да се класифицираат според нивната дејност.

## Правило за стабилност - Промени на главната дејност на единицата

Единиците може да ја променат својата главна дејност, или веднаш или постепено низ одреден период, било поради сезонски фактори било поради менаџерска одлука за промена на моделот на производство. Иако сите овие случаи бараат промена во класификацијата на единицата, пречестите промени би можеле да доведат до неконзистентности меѓу краткорочните (месечни и квартални) и долгорочните статистики, што би ја направило нивната интерпретација исклучително тешка.

За да се избегнат честите промени, потребно е да се воведе правило за стабилност. Без такво правило би постоеле привидни промени во економската демографија на деловната популација кои не би биле ништо повеќе од статистички артефакти. Таквото правило за стабилност е наменето за единици кои се занимаваат со мешавина од дејности кои се речиси балансирани и се подложни на зголемен ризик од промени на главната дејност поради мали промени во односот на вклучените дејности. Во вакви случаи, треба да се земе предвид односот на дејностите во последните две до три години при утврдување на главната дејност на единицата.

### Top-down метод

Top-down методот го следи хиерархискиот принцип:класификацијата на главната дејност на една единица на најниско ниво од Класификацијата мора да биде доследна сокласификацијата на единицата на повисоките нивоа од структурата.

За да се задоволи овој услов, процесот започнува со идентификација на највисокото релевантно ниво и се спроведува надолу низ нивоата на Класификацијата на следниов начин:

1. Идентификација на секторот која има најголем удел во додадената вредност.
2. Во рамките на овој сектор, идентификација на одделот кој има најголем удел во додадената вредност.
3. Во рамките на овој оддел, идентификација на групата кој има најголем удел во додадената вредност.
4. Во рамките на оваа група, идентификација на класата која има најголем удел во додадената вредност.
5. Во рамките на оваа класа, идентификација на поткласата која има најголем удел во додадената вредност.

Пример: една правна единица ги извршува следниве дејности (удели во однос на додадената вредност):

**Табела 1: Top-down метод за класификација на единици**

| Сектор | Оддел | Група | Класа | Поткласа | Опис на поткласа | Удел |
|---|---|---|---|---|---|---|
| C/B | 25 | 25.9 | 25.91 | 25.910 | Производство на челични буриња и слични садови | 10% |
| | 28 | 28.1 | 28.11 | 28.110 | Производство на мотори и турбини, освен мотори за авиони и моторни возила | 6% |
| | | 28.2 | 28.24 | 28.240 | Производство на механизирани рачни алати | 5% |
| | | 28.9 | 28.93 | 28.930 | Производство на машини за индустријата за храна, пијалаци и тутун | 23% |
| | | | 28.95 | 28.950 | Производство на машини за индустријата за хартија и картон | 8% |
| G/E | 46 | 46.1 | 46.14 | 46.140 | Посредување во трговијата на големо со машини, индустриска опрема, бродови и авиони | 7% |
| | | 46.6 | 46.61 | 46.610 | Трговија на големо со земјоделски машини, опрема и прибор | 28% |
| N/Л | 71 | 71.1 | 71.12 | 71.120 | Инженерски дејности и поврзано техничко советување | 13% |

1. Идентификувај го главниот сектор меѓу:

сектор C/B - Преработувачка индустрија 52%
сектор G/E - Трговија на големо и на мало 35%
сектор N/Л - Стручни, научни и технички дејности 13%

2. Идентификувај го главниот оддел во рамките на главниот сектор C/B:

оддел 25 - Производство на фабрикувани метални производи, освен машини и опрема 10%

оддел 28 - Производство на машини и уреди, н.д.м. 42%

3. Идентификувај ја главната група во рамките на главниот оддел 28:
група 28.1 - Производство на машини за општа намена 6%
група 28.2 - Производство на други машини за општа намена 5%

група 28.9 - Производство на други машини за посебни намени 31%

4. Идентификувај ја главната класа во рамките на главната група 28.9:

класа 28.93 - Производство на машини за индустријата за храна, пијалаци и тутун 23%

класа 28.95 - Производство на машини за индустријата за хартија и картон 8%

5. Идентификувај ја главната поткласа во рамките на главната класа 28.93:

поткласа 28.930 - Производство на машини за индустријата за храна, пијалаци и тутун 23%

Затоа, точната поткласа е 28.930 - Производство на машини за индустријата за храна, пијалаци и тутун , иако поткласата со најголем удел во додадена вредност е 46.610 - Трговија на големо со земјоделски машини, опрема и прибор.

Следниов дијаграм го прикажува процесот на донесување одлуки во примерот.




Слика 1: Top-down патека за донесување одлуки за класификација на правните единици.

## Структура на НКД Рев.2.1

НКД Рев.2.1 е составена од пет хиерархиски нивоа кои се означени на следниот начин:

- сектор - се означува со две букви
- оддел - се означува со двоцифрена шифра
- група - се означува со трицифрена шифра
- класа - се означува со четирицифрена шифра
- поткласа - се означува со петцифрена шифра

За разлика од НКД Рев.2 во која најниско ниво беше класа (четирицифрена шифра), во НКД Рев.2.1 најниско ниво е поткласа (петцифрена шифра). Поткласата претставува воведено ниво за задоволување на националните потреби и со цел податоците да се прикажат на подетално ниво.

Со оглед на тоа што НКД Рев.2.1 е подетална во однос на НКД Рев.2, на ниво на класа има 651 категорија, а на ниво на поткласа 654 категории (НКД Рев.2 на ниво на класа има 615 категории).

Државниот завод за статистика формираше Работна група составена од претставници на релевантни министерства и институции, кои се согласија дека најниското ниво во НКД Рев. 2.1 ќе биде поткласа, овозможувајќи подетално национално расчленување и прецизна категоризација на економските активности.

НКД Рев. 2.1 има 22 сектора, 87 оддели, 287 групи, 651 класа и 654 поткласи. Споредбениот приказ на хиерархиските нивоа помеѓу НКД Рев.2 и НКД Рев.2.1 е даден во табела 2.

**Табела.2. Хиерархиски нивоа во НКД Рев.2.1. во однос на НКД Рев.2**

| Назив на ниво | Вид и број на ознаки | НКД Рев.2.1 | | НКД Рев.2 | | Разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | ознаки | број на категории | ознаки | број на категории | |
| Сектор | двоазбучна | A/A – V/C | 22 | A/A – U/P | 21 | +1 |
| Оддел | двоцифрена шифра | 01 - 99 | 87 | 01 - 99 | 88 | -1 |
| Група | трицифрена шифра | 01.1 - 99.0 | 287 | 01.1 - 99.0 | 272 | +15 |
| Класа | четирицифрена шифра | 01.11 - 99.00 | 651 | 01.11 - 99.00 | 615 | +36 |
| Поткласа | петцифрена шифра | 01.11.0 - 99.00.0 | 654 | 69.101-69.104 | 4 | 650 |

НКД Рев.2.1 е комплетно усогласена со NACE Rev.2.1 до четврто ниво и е отворено петто (национално) ниво, и во целост одговараат на структурата и содржината на NACE Rev.2.1, освен означувањето на секторот. Во NACE Rev.2.1, секторот е означен со една буква по абецеда, во НКД Рев.2.1 со две букви, првата буква е по абецеда, а втората според македонската азбука.

Ознаката за сектор не е вклучена во шифрата на НКД Рев.2.1 која означува оддел, група, класа или поткласа на одредена дејност. На пример, дејноста Издавање книги е означена со шифрата 58.110, при што 58 е шифра на оддел, 58.1 е шифра на група, 58.11 е шифра на класа и 58.110 е шифра на поткласа, што значи секторот J/S во кој припаѓа оваа шифра, не се појавува во самата шифра.

Одделни нивоа во Класификацијата не се расчленуваат понатаму и тие се обележани со 0 во шифрата, кое го означува наредното подетално ниво. На пример: шифрата на поткласата е 75.000 затоа што одделот Ветеринарна дејност (75) не е поделен ниту на група, класа или поткласа.

Во Табела 3. е прикажан бројот на категории за секое хиерархиско ниво, според секторите на НКД Рев.2.1, сè до најниското ниво на класа.

**Табела.3. Структура и број на категории на НКД Рев. 2.1, по сектори**

| Шифри и називи на секторите од НКД Рев.2.1 | | Број на хиерархиски нивоа на НКД Рев.2.1 | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | **оддели** | **групи** | **класи** | **поткласи** |
| **Вкупно (A/A-V/C)** | | **87** | **287** | **651** | **654** |
| A/A | Земјоделство, шумарство и рибарство | 3 | 14 | 39 | 39 |
| B/Б | Рударство и вадење на камен | 5 | 10 | 15 | 15 |
| C/B | Преработувачка индустрија | 24 | 92 | 232 | 232 |
| D/Г | Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација | 1 | 4 | 12 | 12 |
| E/Д | Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината | 4 | 6 | 11 | 11 |
| F/Ѓ | Градежништво | 3 | 11 | 26 | 26 |
| G/E | Трговија на големо и на мало | 2 | 18 | 83 | 83 |
| H/Ж | Транспорт и складирање | 5 | 17 | 30 | 30 |
| I/З | Сместување и послужување храна | 2 | 9 | 11 | 11 |
| J/S | Издаваштво, радиодифузија и дејности за производство и дистрибуција на содржини | 3 | 7 | 15 | 15 |
| K/И | Телекомуникации, компјутерско програмирање, консултантски дејности, компјутерска инфраструктура и други информатички дејности | 3 | 8 | 9 | 9 |
| L/J | Финансиски и осигурителни дејности | 3 | 10 | 20 | 20 |
| M/K | Дејности поврзани со недвижен имот | 1 | 3 | 5 | 5 |
| N/Л | Стручни, научни и технички дејности | 7 | 16 | 22 | 25 |
| O/Љ | Административни и помошни услужни дејности | 6 | 18 | 32 | 32 |
| P/M | Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување | 1 | 3 | 9 | 9 |
| Q/H | Образование | 1 | 6 | 12 | 12 |
| R/Њ | Дејности на здравствена и социјална заштита | 3 | 9 | 20 | 20 |
| S/O | Уметност, спорт и рекреација | 4 | 10 | 20 | 20 |
| T/П | Други услужни дејности | 3 | 12 | 24 | 24 |
| U/P | Дејности на домаќинствата како работодавачи; дејности на домаќинствата што произведуваат разновидна стока и вршат различни услуги за сопствени потреби | 2 | 3 | 3 | 3 |
| V/C | Дејности на екстериторијални организации и тела | 1 | 1 | 1 | 1 |

## Разлика помеѓу НКД Рев.2 и НКД Рев.2.1

Треба да се има предвид дека и покрај тоа што некои од правилата за имплементирање на НКД Рев.2.1 се променети како, на пример, критериумите за конструкција на Класификацијата и формулирањето на објаснувањата, општите карактеристики на Класификацијата остануваат непроменети.

На највисокото ниво на Класификацијата се воведени нови концепти и детали со цел да се прикажат различни облици на производство и растот на новите индустрии.

НКД Рев.2 имаше 21 сектор и 88 оддели, додека во НКД Рев.2.1 има 22 сектори и 87 оддели.

Во табела 3 се дадени груби врски помеѓу секторите од НКД Рев.2 и НКД Рев.2.1. Но, целосното поврзување на двете класификации е направено на ниво на поткласи.

| **НКД Рев.2** | | **НКД Рев.2.1** | |
|---|---|---|---|
| Сектор | Назив | Сектор | Назив |
| **A/A** | Земјоделство, шумарство и рибарство | **A/A** | Земјоделство, шумарство и рибарство |
| **B/Б** | Рударство и вадење на камен | **B/Б** | Рударство и вадење на камен |
| **C/В** | Преработувачка индустрија | **C/В** | Преработувачка индустрија |
| **D/Г** | Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација | **D/Г** | Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација |
| **E/Д** | Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината | **E/Д** | Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината |
| **F/Ѓ** | Градежништво | **F/Ѓ** | Градежништво |
| **G/E** | Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли | **G/E** | Трговија на големо и на мало |
| **H/Ж** | Транспорт и складирање | **H/Ж** | Транспорт и складирање |
| **I/З** | Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | **I/З** | Сместување и послужување храна |
| **J/S** | Информации и комуникации | **J/S** | Издаваштво, радиодифузија и дејности за производство и дистрибуција на содржини |
| | | **K/И** | Телекомуникации, компјутерско програмирање, консултантски дејности, компјутерска инфраструктура и други информатички дејности |
| **K/И** | Финансиски дејности и дејности на осигурување | **L/J** | Финансиски и осигурителни дејности |
| **L/J** | Дејности во врска со недвижен имот | **M/К** | Дејности поврзани со недвижен имот |
| **M/К** | Стручни, научни и технички дејности | **N/Л** | Стручни, научни и технички дејности |
| **N/Л** | Административни и помошни услужни дејности | **O/Љ** | Административни и помошни услужни дејности |
| **O/Љ** | Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување | **P/M** | Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување |
| **P/M** | Образование | **Q/H** | Образование |
| **Q/H** | Дејности на здравствена и социјална заштита | **R/Њ** | Дејности на здравствена и социјална заштита |
| **R/Њ** | Уметност, забава и рекреација | **S/O** | Уметност, спорт и рекреација |
| **S/O** | Други услужни дејности | **T/П** | Други услужни дејности |
| **T/П** | Дејности на домаќинствата како работодавачи; дејности на домаќинствата кои произведуваат разновидна стока и вршат различни услуги за сопствени потреби | **U/P** | Дејности на домаќинствата како работодавачи; дејности на домаќинствата што произведуваат разновидна стока и вршат различни услуги за сопствени потреби |
| **U/P** | Дејности на екстратериторијални организации и тела | **V/C** | Дејности на екстериторијални организации и тела |

## НАЈВАЖНИ ПРОМЕНИ ПОМЕЃУ НКД РЕВ.2 И НКД РЕВ.2.1

Се менува досегашниот сектор J/S (Информации и комуникации), кој се дели на два нови сектора: сектор J/S Издаваштво, радиодифузија и дејности за производство и дистрибуција на содржини и сектор К/И Телекомуникации, компјутерско програмирање, консултантски дејности, компјутерска инфраструктура и други информатички дејности.

Реорганизиран е секторот G/Е Трговија на големо и трговија на мало, поправка на моторни возила и мотоцикли, на следниот начин: укинати се продажните канали и продажбата е организирана според видот на производот. Се укинува раздвојувањето на трговијата во продавниците и надвор од продавниците (на интернет, на штандови и сл.). Опсегот на трговијата опфаќа само физичка стока, но не и дигитална. Се укинува одделот 45 Трговија на големо и на мало со моторни возила и мотоцикли и поправка на моторни возила и мотоцикли, односно стануваат дел од трговијата на големо и на мало во одделите 46 и 47, а поправката на моторните возила станува дел од областа Т/П Други услужни дејности.

Воведена е дефиниција за посреднички услуги поради зголеменото значење на дејностите на посредничките услуги и се создадени класи низ речиси сите области во рамките на Класификацијата, со кои ќе може статистички да се следат нивните дејности во следната деценија.

Воведени се поткласи на национално ниво (5-та цифра) со цел следење на промените во националната економија.

## НАЦИОНАЛНА КЛАСИФИКАЦИЈА НА ДЕЈНОСТИ - НКД РЕВ 2.1. - СТРУКТУРА

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Поткласа | | | | | НАЗИВ |
|---|---|---|---|---|---|
| **А/A** | | | | | **ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И РИБАРСТВО** |
| | **01** | | | | **Растително и животинско производство, лов и услужни дејности поврзани со нив** |
| | | **01.1** | | | **Одгледување едногодишни насади и посеви** |
| | | | 01.11 | | Одгледување жита, освен ориз, мешункасти растенија и маслодајни семиња |
| | | | | 01.110 | Одгледување жита, освен ориз, мешункасти растенија и маслодајни семиња |
| | | | 01.12 | | Одгледување ориз |
| | | | | 01.120 | Одгледување ориз |
| | | | 01.13 | | Одгледување зеленчук, дињи и лубеници, коренест и трупчест зеленчук |
| | | | | 01.130 | Одгледување зеленчук, дињи и лубеници, коренест и трупчест зеленчук |
| | | | 01.14 | | Одгледување шеќерна трска |
| | | | | 01.140 | Одгледување шеќерна трска |
| | | | 01.15 | | Одгледување тутун |
| | | | | 01.150 | Одгледување тутун |
| | | | 01.16 | | Одгледување растенија за производство на растителни влакна |
| | | | | 01.160 | Одгледување растенија за производство на растителни влакна |
| | | | 01.19 | | Одгледување други едногодишни насади и посеви |
| | | | | 01.190 | Одгледување други едногодишни насади и посеви |
| | | **01.2** | | | **Одгледување повеќегодишни насади и посеви** |
| | | | 01.21 | | Одгледување грозје |
| | | | | 01.210 | Одгледување грозје |
| | | | 01.22 | | Одгледување тропско и суптропско овошје |
| | | | | 01.220 | Одгледување тропско и суптропско овошје |
| | | | 01.23 | | Одгледување агруми |
| | | | | 01.230 | Одгледување агруми |
| | | | 01.24 | | Одгледување јаболчесто и коскесто овошје |
| | | | | 01.240 | Одгледување јаболчесто и коскесто овошје |
| | | | 01.25 | | Одгледување јагодесто, јатчесто и друго овошје |
| | | | | 01.250 | Одгледување јагодесто, јатчесто и друго овошје |
| | | | 01.26 | | Одгледување маслодајни плодови |
| | | | | 01.260 | Одгледување маслодајни плодови |
| | | | 01.27 | | Одгледување растенија за производство на пијалаци |
| | | | | 01.270 | Одгледување растенија за производство на пијалаци |
| | | | 01.28 | | Одгледување зачински, ароматични и лековити растенија и растенија за употреба во фармацијата |
| | | | | 01.280 | Одгледување зачински, ароматични и лековити растенија и растенија за употреба во фармацијата |
| | | | 01.29 | | Одгледување други повеќегодишни посеви |
| | | | | 01.290 | Одгледување други повеќегодишни посеви |

| Сектор | Оддел | Група | Класа | Потткласа | НАЗИВ |
|---|---|---|---|---|---|
| | | **01.3** | | | **Одгледување саден материјал** |
| | | | 01.30 | | Одгледување саден материјал |
| | | | | 01.300 | Одгледување саден материјал |
| | | **01.4** | | | **Одгледување животни** |
| | | | 01.41 | | Одгледување молзни крави |
| | | | | 01.410 | Одгледување молзни крави |
| | | | 01.42 | | Одгледување други говеда и биволи |
| | | | | 01.420 | Одгледување други говеда и биволи |
| | | | 01.43 | | Одгледување коњи и останати сродни животни |
| | | | | 01.430 | Одгледување коњи и останати сродни животни |
| | | | 01.44 | | Одгледување камили и останати сродни животни |
| | | | | 01.440 | Одгледување камили и останати сродни животни |
| | | | 01.45 | | Одгледување овци и кози |
| | | | | 01.450 | Одгледување овци и кози |
| | | | 01.46 | | Одгледување свињи |
| | | | | 01.460 | Одгледување свињи |
| | | | 01.47 | | Одгледување живина |
| | | | | 01.470 | Одгледување живина |
| | | | 01.48 | | Одгледување други животни |
| | | | | 01.480 | Одгледување други животни |
| | | **01.5** | | | **Мешовито земјоделство** |
| | | | 01.50 | | Мешовито земјоделство |
| | | | | 01.500 | Мешовито земјоделство |
| | | **01.6** | | | **Помошни дејности во земјоделството и дејности што се извршуваат по прибирањето на посевите** |
| | | | 01.61 | | Помошни дејности за одгледување посеви |
| | | | | 01.610 | Помошни дејности за одгледување посеви |
| | | | 01.62 | | Помошни дејности за одгледување животни |
| | | | | 01.620 | Помошни дејности за одгледување животни |
| | | | 01.63 | | Дејности што се извршуваат по прибирање на посевите и доработка на семето за семенски материјал |
| | | | | 01.630 | Дејности што се извршуваат по прибирање на посевите и доработка на семето за семенски материјал |
| | | **01.7** | | | **Лов, траперство и услужни дејности поврзани со нив** |
| | | | 01.70 | | Лов, траперство и услужни дејности поврзани со нив |
| | | | | 01.700 | Лов, траперство и услужни дејности поврзани со нив |
| | **02** | | | | **Шумарство и сечење дрва** |
| | | **02.1** | | | **Одгледување шуми и други дејности поврзани со шумарството** |
| | | | 02.10 | | Одгледување шуми и други дејности поврзани со шумарството |
| | | | | 02.100 | Одгледување шуми и други дејности поврзани со шумарството |

| Сектор | Оддел | Група | Класа | Потткласа | НАЗИВ |
|---|---|---|---|---|---|
| | | **02.2** | | | **Сечење дрва** |
| | | | 02.20 | | Сечење дрва |
| | | | | 02.200 | Сечење дрва |
| | | **02.3** | | | **Собирање шумски плодови и производи, освен дрва** |
| | | | 02.30 | | Собирање шумски плодови и производи, освен дрва |
| | | | | 02.300 | Собирање шумски плодови и производи, освен дрва |
| | | **02.4** | | | **Помошни услуги во шумарството** |
| | | | 02.40 | | Помошни услуги во шумарството |
| | | | | 02.400 | Помошни услуги во шумарството |
| | **03** | | | | **Риболов и аквакултура** |
| | | **03.1** | | | **Риболов** |
| | | | 03.11 | | Морски риболов |
| | | | | 03.110 | Морски риболов |
| | | | 03.12 | | Слатководен риболов |
| | | | | 03.120 | Слатководен риболов |
| | | **03.2** | | | **Аквакултура** |
| | | | 03.21 | | Морска аквакултура |
| | | | | 03.210 | Морска аквакултура |
| | | | 03.22 | | Слатководна аквакултура |
| | | | | 03.220 | Слатководна аквакултура |
| | | **03.3** | | | **Помошни дејности во риболовот и аквакултурата** |
| | | | 03.30 | | Помошни дејности во риболовот и аквакултурата |
| | | | | 03.300 | Помошни дејности во риболовот и аквакултурата |
| **В/Б** | | | | | **РУДАРСТВО И ВАДЕЊЕ КАМЕН** |
| | **05** | | | | **Вадење јаглен и лигнит** |
| | | **05.1** | | | **Вадење камен јаглен** |
| | | | 05.10 | | Вадење камен јаглен |
| | | | | 05.100 | Вадење камен јаглен |
| | | **05.2** | | | **Вадење лигнит** |
| | | | 05.20 | | Вадење лигнит |
| | | | | 05.200 | Вадење лигнит |
| | **06** | | | | **Вадење сурова нафта и природен гас** |
| | | **06.1** | | | **Вадење сурова нафта** |
| | | | 06.10 | | Вадење сурова нафта |
| | | | | 06.100 | Вадење сурова нафта |
| | | **06.2** | | | **Вадење природен гас** |
| | | | 06.20 | | Вадење природен гас |
| | | | | 06.200 | Вадење природен гас |

| Сектор | Оддел | Група | Класа | Потткласа | НАЗИВ |
|---|---|---|---|---|---|
| | **07** | | | | **Вадење руди на метал** |
| | | **07.1** | | | **Вадење руди на железо** |
| | | | 07.10 | | Вадење руди на железо |
| | | | | 07.100 | Вадење руди на железо |
| | | **07.2** | | | **Вадење руди на обоени метали** |
| | | | 07.21 | | Вадење руди на уран и ториум |
| | | | | 07.210 | Вадење руди на уран и ториум |
| | | | 07.29 | | Вадење други руди на обоени метали |
| | | | | 07.290 | Вадење други руди на обоени метали |
| | **08** | | | | **Друго рударство и вадење камен** |
| | | **08.1** | | | **Вадење камен, песок и глина** |
| | | | 08.11 | | Вадење декоративен камен, варовник, гипс, шкрилци и други камења |
| | | | | 08.110 | Вадење декоративен камен, варовник, гипс, шкрилци и други камења |
| | | | 08.12 | | Вадење чакал, песок, глина и каолин |
| | | | | 08.120 | Вадење чакал, песок, глина и каолин |
| | | **08.9** | | | **Рударство и вадење други руди и камен, н.д.м.** |
| | | | 08.91 | | Вадење хемиски минерали и минерални ѓубрива |
| | | | | 08.910 | Вадење хемиски минерали и минерални ѓубрива |
| | | | 08.92 | | Вадење тресет |
| | | | | 08.920 | Вадење тресет |
| | | | 08.93 | | Вадење сол |
| | | | | 08.930 | Вадење сол |
| | | | 08.99 | | Друго рударство и вадење камен, н.д.м. |
| | | | | 08.990 | Друго рударство и вадење камен, н.д.м. |
| | **09** | | | | **Помошни услужни дејности во рударството** |
| | | **09.1** | | | **Помошни дејности за вадење сурова нафта и природен гас** |
| | | | 09.10 | | Помошни дејности за вадење сурова нафта и природен гас |
| | | | | 09.100 | Помошни дејности за вадење сурова нафта и природен гас |
| | | **09.9** | | | **Помошни дејности за друго рударство и вадење камен** |
| | | | 09.90 | | Помошни дејности за друго рударство и вадење камен |
| | | | | 09.900 | Помошни дејности за друго рударство и вадење камен |
| **C/В** | | | | | **ПРЕРАБОТУВАЧКА ИНДУСТРИЈА** |
| | **10** | | | | **Производство на прехранбени производи** |
| | | **10.1** | | | **Преработка и конзервирање месо и производство на производи од месо** |
| | | | 10.11 | | Преработка и конзервирање месо, освен месо од живина |
| | | | | 10.110 | Преработка и конзервирање месо, освен месо од живина |
| | | | 10.12 | | Преработка и конзервирање месо од живина |
| | | | | 10.120 | Преработка и конзервирање месо од живина |

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потткласа | | | НАЗИВ |
|---|---|---|---|
| | 10.13 | | Производство на месо и производи од месо од живина |
| | | 10.130 | Производство на месо и производи од месо од живина |
| **10.2** | | | **Преработка и конзервирање риба, ракови и мекотели** |
| | 10.20 | | Преработка и конзервирање риба, ракови и мекотели |
| | | 10.200 | Преработка и конзервирање риба, ракови и мекотели |
| **10.3** | | | **Преработка и конзервирање овошје и зеленчук** |
| | 10.31 | | Преработка и конзервирање компири |
| | | 10.310 | Преработка и конзервирање компири |
| | 10.32 | | Производство на сокови од овошје и зеленчук |
| | | 10.320 | Производство на сокови од овошје и зеленчук |
| | 10.39 | | Друга преработка и конзервирање овошје и зеленчук |
| | | 10.390 | Друга преработка и конзервирање овошје и зеленчук |
| **10.4** | | | **Производство на растителни и животински масла и масти** |
| | 10.41 | | Производство на масла и масти |
| | | 10.410 | Производство на масла и масти |
| | 10.42 | | Производство на маргарин и слични масти за јадење |
| | | 10.420 | Производство на маргарин и слични масти за јадење |
| **10.5** | | | **Производство на млечни производи и производи од мраз за јадење** |
| | 10.51 | | Производство на млечни производи |
| | | 10.510 | Производство на млечни производи |
| | 10.52 | | Производство на сладолед и други производи од мраз за јадење |
| | | 10.520 | Производство на сладолед и други производи од мраз за јадење |
| **10.6** | | | **Производство на мелнички производи, скроб и производи од скроб** |
| | 10.61 | | Производство на мелнички производи |
| | | 10.610 | Производство на мелнички производи |
| | 10.62 | | Производство на скроб и производи од скроб |
| | | 10.620 | Производство на скроб и производи од скроб |
| **10.7** | | | **Производство на пекарски производи и тестенини** |
| | 10.71 | | Производство на леб; производство на свежи печива и слатки |
| | | 10.710 | Производство на леб; производство на свежи печива и слатки |
| | 10.72 | | Производство на двопек, бисквити, производство на трајни печива и слатки |
| | | 10.720 | Производство на двопек, бисквити, производство на трајни печива и слатки |
| | 10.73 | | Производство на тестенини |
| | | 10.730 | Производство на тестенини |
| **10.8** | | | **Производство на други прехранбени производи** |
| | 10.81 | | Производство на шеќер |
| | | 10.810 | Производство на шеќер |
| | 10.82 | | Производство на какао, чоколади и кондиторски производи |

| Сектор | Оддел | Група | Класа | Потткласа | НАЗИВ |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | 10.820 | Производство на какао, чоколади и кондиторски производи |
| | | | 10.83 | | Преработка на чај и кафе |
| | | | | 10.830 | Преработка на чај и кафе |
| | | | 10.84 | | Производство на зачини и други додатоци |
| | | | | 10.840 | Производство на зачини и други додатоци |
| | | | 10.85 | | Производство на готови јадења и оброци |
| | | | | 10.850 | Производство на готови јадења и оброци |
| | | | 10.86 | | Производство на хомогенизирани прехранбени препарати и диететска храна |
| | | | | 10.860 | Производство на хомогенизирани прехранбени препарати и диететска храна |
| | | | 10.89 | | Производство на други прехранбени производи, н.д.м. |
| | | | | 10.890 | Производство на други прехранбени производи, н.д.м. |
| | | **10.9** | | | **Производство на готова храна за животни** |
| | | | 10.91 | | Производство на готова храна за домашни животни |
| | | | | 10.910 | Производство на готова храна за домашни животни |
| | | | 10.92 | | Производство на готова храна за домашни миленици |
| | | | | 10.920 | Производство на готова храна за домашни миленици |
| | **11** | | | | **Производство на пијалаци** |
| | | **11.0** | | | **Производство на пијалаци** |
| | | | 11.01 | | Дестилација, прочистување и мешање  алкохолни пијалаци |
| | | | | 11.010 | Дестилација, прочистување и мешање  алкохолни пијалаци |
| | | | 11.02 | | Производство на вино од грозје |
| | | | | 11.020 | Производство на вино од грозје |
| | | | 11.03 | | Производство на јаболковина и други ферментирани овошни пијалаци |
| | | | | 11.030 | Производство на јаболковина и други ферментирани овошни пијалаци |
| | | | 11.04 | | Производство на други недестилирани ферментирани пијалаци |
| | | | | 11.040 | Производство на други недестилирани ферментирани пијалаци |
| | | | 11.05 | | Производство на пиво |
| | | | | 11.050 | Производство на пиво |
| | | | 11.06 | | Производство на слад |
| | | | | 11.060 | Производство на слад |
| | | | 11.07 | | Производство на освежителни/безалкохолни пијалаци и вода во шишиња |
| | | | | 11.070 | Производство на безалкохолни пијалаци и вода во шишиња |
| | **12** | | | | **Производство на тутунски производи** |
| | | **12.0** | | | **Производство на тутунски производи** |
| | | | 12.00 | | Производство на тутунски производи |
| | | | | 12.000 | Производство на тутунски производи |

| Сектор | Оддел | Група | Класа | Потткласа | НАЗИВ |
|---|---|---|---|---|---|
| | **13** | | | | **Производство на текстил** |
| | | **13.1** | | | **Подготовка и предење текстилни влакна** |
| | | | 13.10 | | Подготовка и предење текстилни влакна |
| | | | | 13.100 | Подготовка и предење текстилни влакна |
| | | **13.2** | | | **Ткаење текстил** |
| | | | 13.20 | | Ткаење текстил |
| | | | | 13.200 | Ткаење текстил |
| | | **13.3** | | | **Довршување текстил** |
| | | | 13.30 | | Довршување текстил |
| | | | | 13.300 | Довршување текстил |
| | | **13.9** | | | **Производство на останат (друг) текстил** |
| | | | 13.91 | | Производство на плетени и хеклани ткаенини |
| | | | | 13.910 | Производство на плетени и хеклани ткаенини |
| | | | 13.92 | | Производство на текстилни производи за домаќинство и готови производи за домаќинство |
| | | | | 13.920 | Производство на текстилни производи за домаќинство и готови производи за домаќинство |
| | | | 13.93 | | Производство на теписи и килими |
| | | | | 13.930 | Производство на теписи и килими |
| | | | 13.94 | | Производство на јажиња, конопи, плетенки и мрежи |
| | | | | 13.940 | Производство на јажиња, конопи, плетенки и мрежи |
| | | | 13.95 | | Производство на неткаен текстил и неткаени производи |
| | | | | 13.950 | Производство на неткаен текстил и неткаени производи |
| | | | 13.96 | | Производство на друг технички и индустриски текстил |
| | | | | 13.960 | Производство на друг технички и индустриски текстил |
| | | | 13.99 | | Производство на друг текстил, н.д.м. |
| | | | | 13.990 | Производство на друг текстил, н.д.м. |
| | **14** | | | | **Производство на облека** |
| | | **14.1** | | | **Производство на плетена и хеклана облека** |
| | | **95.2** | | | **Поправка и одржување предмети за лична употреба и за домаќинствата** |
| | | | 95.21 | | Поправка и одржување електронски уреди за широка потрошувачка |
| | | | | 95.210 | Поправка и одржување електронски уреди за широка потрошувачка |
| | | | 95.22 | | Поправка и одржување апарати за домаќинството и опрема за домови и градини |
| | | | | 95.220 | Поправка и одржување апарати за домаќинството и опрема за домови и градини |
| | | | 95.23 | | Поправка и одржување обувки и производи од кожа |
| | | | | 95.230 | Поправка и одржување обувки и производи од кожа |
| | | | 95.24 | | Поправка и одржување мебел и покуќнина |
| | | | | 95.240 | Поправка и одржување мебел и покуќнина |

| Сектор | Оддел | Група | Класа | Поткласа | НАЗИВ |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | 95.25 | | Поправка и одржување часовници, рачни часовници и накит |
| | | | | 95.250 | Поправка и одржување часовници, рачни часовници и накит |
| | | | 95.29 | | Поправка и одржување предмети за лична употреба и за домаќинствата, н.д.м. |
| | | | | 95.290 | Поправка и одржување предмети за лична употреба и за домаќинствата, н.д.м. |
| | | **95.3** | | | **Поправка и одржување моторни возила и мотоцикли** |
| | | | 95.31 | | Поправка и одржување моторни возила |
| | | | | 95.310 | Поправка и одржување моторни возила |
| | | | 95.32 | | Поправка и одржување мотоцикли |
| | | | | 95.320 | Поправка и одржување мотоцикли |
| | | **95.4** | | | **Дејности за посредување при поправка и одржување компјутери, предмети за лична употреба и за домаќинствата и моторни возила и мотоцикли** |
| | | | 95.40 | | Дејности за посредување во поправка и одржување на компјутери, предмети за лична употреба и за домаќинствата и моторни возила и мотоцикли |
| | | | | 95.400 | Дејности за посредување во поправка и одржување на компјутери, предмети за лична употреба и за домаќинствата и моторни возила и мотоцикли |
| | **96** | | | | **Лични услужни дејности** |
| | | **96.1** | | | **Перење и чистење текстилни и крзнени производи** |
| | | | 96.10 | | Перење и чистење текстилни и крзнени производи |
| | | | | 96.100 | Перење и чистење текстилни и крзнени производи |
| | | **96.2** | | | **Фризерски салони, салони за убавина, дневни спа-третмани и слични дејности** |
| | | | 96.21 | | Дејности на фризерски салони и берберници |
| | | | | 96.210 | Дејности на фризерски салони и берберници |
| | | | 96.22 | | Дејности на салони за убавина и други третмани за убавина |
| | | | | 96.220 | Дејности на салони за убавина и други третмани за убавина |
| | | | 96.23 | | Дејности на дневни спа-третмани, сауни и парни бањи |
| | | | | 96.230 | Дејности на дневни спа-третмани, сауни и парни бањи |
| | | **96.3** | | | **Погребни и слични дејности** |
| | | | 96.30 | | Погребни и слични дејности |
| | | | | 96.300 | Погребни и слични дејности |
| | | **96.4** | | | **Дејности за посредување во личните услуги** |
| | | | 96.40 | | Дејности за посредување во личните услуги |
| | | | | 96.400 | Дејности за посредување во личните услуги |
| | | **96.9** | | | **Останати лични услужни дејности** |
| | | | 96.91 | | Обезбедување лични услужни дејности на домаќинствата |
| | | | | 96.910 | Обезбедување лични услужни дејности на домаќинствата |
| | | | 96.99 | | Останати лични услужни дејности, н.д.м. |
| | | | | 96.990 | Останати лични услужни дејности, н.д.м. |

| Сектор | Оддел | Група | Класа | Потккласа | НАЗИВ |
| --- | --- | --- | --- | --- | --- |
| **U/P** | | | | | **ДЕЈНОСТИ НА ДОМАЌИНСТВАТА КАКО РАБОТОДАВАЧИ; ДЕЈНОСТИ НА ДОМАЌИНСТВАТА ШТО ПРОИЗВЕДУВААТ РАЗНОВИДНА СТОКА И ВРШАТ РАЗЛИЧНИ УСЛУГИ ЗА СОПСТВЕНИ ПОТРЕБИ** |
| | **97** | | | | **Дејности на домаќинствата како работодавачи што вработуваат послуга** |
| | | **97.0** | | | **Дејности на домаќинствата како работодавачи што вработуваат послуга** |
| | | | 97.00 | | Дејности на домаќинствата како работодавачи што вработуваат послуга |
| | | | | 97.000 | Дејности на домаќинствата како работодавачи што вработуваат послуга |
| | **98** | | | | **Дејности на приватните домаќинства што произведуваат разновидна стока и вршат различни услуги за сопствени потреби** |
| | | **98.1** | | | **Дејности на приватните домаќинства што произведуваат разновидна стока за сопствени потреби** |
| | | | 98.10 | | Дејности на приватните домаќинства што произведуваат разновидна стока за сопствени потреби |
| | | | | 98.100 | Дејности на приватните домаќинства што произведуваат разновидна стока за сопствени потреби |
| | | **98.2** | | | **Дејности на приватните домаќинства што вршат различни услуги за сопствени потреби** |
| | | | 98.20 | | Дејности на приватните домаќинства што вршат различни услуги за сопствени потреби |
| | | | | 98.200 | Дејности на приватните домаќинства што вршат различни услуги за сопствени потреби |
| **V/C** | | | | | **ДЕЈНОСТИ НА ЕКСТРАТЕРИТОРИЈАЛНИ ОРГАНИЗАЦИИ И ТЕЛА** |
| | **99** | | | | **Дејности на екстратериторијални организации и тела** |
| | | **99.0** | | | **Дејности на екстратериторијални организации и тела** |
| | | | 99.00 | | Дејности на екстратериторијални организации и тела |
| | | | | 99.000 | Дејности на екстратериторијални организации и тела |

# НАЦИОНАЛНА КЛАСИФИКАЦИЈА НА ДЕЈНОСТИ - НКД РЕВ 2.1. - ОПИС

| Сектор<br>Оддел<br>Група<br>Класа<br>Поткласа | НАЗИВ |
|---|---|
| А/A | **ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И РИБАРСТВО** |
| | Овој сектор го вклучува искористувањето на растителните и животинските природни ресурси и го вклучува одгледувањето посеви, одгледувањето и размножувањето животни, користењето шуми и други растенија, производството на животински производи на земјоделски стопанства или во нивните природни средини.<br>Овој сектор исто така вклучува органско земјоделство, аквакултура, одгледување генетски модифицирани посеви и генетски модифицирани животни<br>Овој сектор ги исклучува дејностите на домаќинствата што произведуваат разновидна стока за сопствени потреби, кои се класифицирани во поткласата 98.100. |
| 01 | **Растително и животинско производство, лов и услужни дејности поврзани со нив** |
| | Овој оддел вклучува две основни дејности – производство на производи од растително потекло и производство на производи од животинско потекло.<br><br>Мешаното земјоделство (група 01.5) отстапува од вообичаените принципи за утврдување на главната дејност. Прифатено е дека многу земјоделски стопанства имаат прилично балансирано растително и добиточно производство, така што нивното распределување во една или во друга категорија би било произволно.<br><br>Овој оддел вклучува одгледување посеви без земја, на пример, користење хидропонски и аквапонски методи.<br><br>ПРАВИЛА ЗА ПРИМЕНА:<br>Во земјоделството е честа ситуацијата кога расчленувањето на додадената вредност претставува тешкотија, на пример, кога единицата произведува производ од сопственото земјоделско производство. Таков е случајот кога единицата произведува грозје и преработува вино од сопствено произведено грозје или кога произведува маслинки и преработува масло од сопствени произведени маслинки. Во овие случаи, најдобра посредна варијабла е бројот на одработени часови. Примената на оваа варијабла на овие вертикално интегрирани активности, генерално, ќе придонесе за класификација на единиците во земјоделството. За истиот случај за други земјоделски производи, единиците ќе бидат класифицирани во земјоделството според договор, за да може да се гарантира хармонизиран третман.<br>Овој оддел исто така вклучува услужни дејности наменети за земјоделството, како и за ловот и сродните активности<br>Земјоделските дејности исклучуваат каква било понатамошна преработка на земјоделските производи (класифицирани во одделите 10, 11 и 12), освен преработката што е потребна за нивна подготовка за примарните пазари. Овде е вклучена подготовката на производите за примарните пазари.<br><br>Одделот ги исклучува градежните работи на теренот (на пр., терасирање земјоделско земјиште, одводнување, подготовка на оризови полиња) класифицирани во секторот F/Ѓ и купувачите и здруженијата ангажирани во маркетингот на земјоделски производи класифицирани во секторот G/Е. Исто така, исклучени се услужните дејности за уредување на животната средина, кои се класифицирани во поткласата 81.300. |

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потокласа | | | | | НАЗИВ |
|---|---|---|---|---|---|
| | | 01.1 | | | **Одгледување едногодишни насади и посеви** |
| | | | | | Оваа група вклучува одгледување на едногодишни и двогодишни посеви, со најмногу две сезони на одгледување. Вклучени се и посевите за производство на семе. |
| | | | 01.11 | | **Одгледување жита, освен ориз, мешункасти растенија и маслодајни семиња** |
| | | | | 01.110 | **Одгледување жита, освен ориз, мешункасти растенија и маслодајни семиња** |

Оваа потокласа ги вклучува сите форми на одгледување жита, мешункасти растенија и маслодајни семиња. Вклучува и одгледување на сите овие посеви за семе. Во земјоделските единици, често е комбинирано одгледувањето на овие посеви.

Оваа потокласа вклучува:
- одгледување жита, како:
* пченица
* пченка
* сирак
* јачмен
* 'рж
* овес
* просо
* псевдожита, плодови или семе користени како жита, на пр:
* киноа
* амарант
* чиа
- одгледување мешункасти растенија како:
* грав
* боранија
* наут
* кравји грашок
* леќа
* лупина
* грашок
* гулабов грашок
- одгледување маслодајни семиња
* соја
* кикиритки
* памуково семе
* рицинус
* ленено семе
* семе од синап
* црно семе
* семе од репка
* семе од шафраника
* сусам
* сончогледово семе

Оваа потокласа исклучува:
- одгледување ориз, види 01.12
- одгледување слатка пченка, види 01.13
- одгледување пченка, лупина, кељ за добиточна исхрана, види 01.19
- одгледување овошни маслодајни плодови, види 01.26

| Сектор / Оддел / Група / Класа | Потткласа | НАЗИВ |
|---|---|---|

**01.12** **Одгледување ориз**

**01.120** **Одгледување ориз**

Оваа потткласа вклучува:
- одгледување ориз

**01.13** **Одгледување зеленчук, дињи и лубеници, коренест и трупчест зеленчук**

**01.130** **Одгледување зеленчук, дињи и лубеници, коренест и трупчест зеленчук**

Оваа потткласа вклучува:
- одгледување листест или стеблест зеленчук:
* артичока
* аспарагус
* зелка
* карфиол и брокула
* марула и цикорија
* спанаќ
- одгледување зеленчук што раѓа плодови:
* краставици и корнишони
* модри патлиџани
* домати
* лубеници
- одгледување коренест, луковиден или кртолест зеленчук, на пр:
* моркови
* репа
* лук
* кромид (вклучувајќи и арпаџик)
* праз и други луковидни зеленчуци
- одгледување печурки и тартуфи
- одгледување семе за зеленчук, вклучувајќи семе за шеќерна репка, исклучувајќи го семето за останатите видови репка
- одгледување шеќерна репка
- одгледување чили, пиперки (capsicum spp.)
- одгледување корења и кртоли како:
* компири
* слатки компири
* касава
* јам
* шведска и сточна репка

Оваа потткласа исто така вклучува:
- одгледување слатка пченка

Оваа потткласа исклучува:
- одгледување зачински, ароматични и лековити растенија и растенија за употреба во фармацијата, види 01.28
- одгледување мицелиум за печурки, види 01.30

**01.14** **Одгледување шеќерна трска**

**01.140** **Одгледување шеќерна трска**

Оваа потткласа исклучува:
- одгледување шеќерна репка, види 01.13

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потокласа | | НАЗИВ |
|---|---|---|
| 01.15 | | **Одгледување тутун** |
| | 01.150 | **Одгледување тутун** |

Оваа потокласа вклучува:
- одгледување непреработен тутун

Оваа потокласа исто така вклучува:
- претходна обработка на тутун кога е поврзана со одгледување тутун

Оваа потокласа исклучува:
- подготовка на листови од тутун (на пр. сушење на сонце) од трето лице, види 01.63
- производство на тутунски производи, види 12.00

**01.16 Одгледување растенија за производство на растителни влакна**

**01.160 Одгледување растенија за производство на растителни влакна**

Оваа потокласа вклучува:
- одгледување памук
- одгледување јута, кенаф и останати билки за производство на влакна кои содржат лико
- одгледување лен и коноп
- одгледување американска агава и останати текстилни предива од семејството агава
- одгледување манила, рамија и останати градинарски растенија за производство на влакна

**01.19 Одгледување други едногодишни насади и посеви**

**01.190 Одгледување други едногодишни насади и посеви**

Оваа потокласа го вклучува одгледувањето на сите останати едногодишни посеви:
- одгледување детелина, луцерка, еспарзета, добиточна пченка, добиточен кељ и останати добиточни растенија за добиточна храна
- одгледување семе за репка и семе за добиточни посеви
- одгледување цвеќе
- режење цвеќе и пупки
- одгледување семе за цвеќе

Оваа потокласа исто така вклучува:
- одгледување повеќегодишни цвеќиња и други украсни растенија

Оваа потокласа исклучува:
- одгледување семе за шеќерна репка, види 01.13
- одгледување едногодишни зачини, ароматични, лековити и фармацевтски посеви, види 01.28

**01.2 Одгледување повеќегодишни насади и посеви**

Оваа група го вклучува одгледувањето повеќегодишни посеви, т.е. одгледувањето растенија што траат повеќе од две сезони или изумираат по секоја сезона или се одгледуваат постојано. Вклучено е и одгледувањето на овие растенија за производство на семе.

Оваа група исклучува:
- одгледување повеќегодишни цвеќиња и други украсни растенија, види 01.19

| Сектор / Оддел / Група / Класа | Потокласа | НАЗИВ |
|---|---|---|
| 01.21 | | **Одгледување грозје** |
| | 01.210 | **Одгледување грозје** |

Оваа потокласа вклучува:
- одгледување грозје за консумација или за понатамошно производство на вино, сок, оцет и сушено овошје како суво грозје, суво коринтско грозје, суво бело грозје без семки

Оваа потокласа исклучува:
- производство на сок, види 10.32
- производство на вино, види 11.02

**01.22 Одгледување тропско и суптропско овошје**

**01.220 Одгледување тропско и суптропско овошје**

Оваа потокласа вклучува:
- одгледување тропско и суптропско овошје:
* авокадо
* банани
* урми
* смокви
* манго
* папаја
* ананас
* рамбутан
* личи

**01.23 Одгледување агруми**

**01.230 Одгледување агруми**

Оваа потокласа вклучува:
- одгледување агруми:
* грејпфрут и помело
* лимони и лимети
* портокали
* тангерини, мандарини и клементини

**01.24 Одгледување јаболчесто и коскесто овошје**

**01.240 Одгледување јаболчесто и коскесто овошје**

Оваа потокласа вклучува:
- одгледување јаболчесто и коскесто овошје:
* јаболка
* кајсии
* цреши и вишни
* праски и нектарини
* круши и дуњи
* сливи и трнинки

Оваа потокласа исклучува:
- одгледување манго, рамбутани и личи, види 01.22
- одгледување маслинки, види 01.26

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потокласа | | НАЗИВ |
|---|---|---|
| 01.25 | | **Одгледување јагодесто, јатчесто и друго овошје** |
| | 01.250 | **Одгледување јагодесто, јатчесто и друго овошје** |

Оваа потокласа вклучува:
- одгледување бобинки како:
* боровинки
* рибизли
* огрозд
* киви
* малини
* јагоди
* морски шипки
- одгледување овошни семиња
- одгледување јатчести плодови за јадење:
* бадеми
* индиски ореви
* костени
* лешник
* ф'стаци
* ореви
* пињоли
- одгледување друго стеблесто и грмушесто овошје:
* рогач

Оваа потокласа исклучува:
- одгледување кокоси, види 01.26

| | | |
|---|---|---|
| 01.26 | | **Одгледување маслодајни плодови** |
| | 01.260 | **Одгледување маслодајни плодови** |

Оваа потокласа вклучува:
- одгледување маслодајни плодови:
* кокосови ореви
* маслинки
* маслодајни палми

Оваа потокласа исклучува:
- одгледување соја, кикиритки и други маслени семиња, види 01.11
- одгледување јатчести плодови за масло, како ореви, бадеми, лешници, борови ореви (пињоли), ф'стаци, види 01.25

| | | |
|---|---|---|
| 01.27 | | **Одгледување растенија за производство на пијалаци** |
| | 01.270 | **Одгледување растенија за производство на пијалаци** |

Оваа потокласа вклучува:
- одгледување посеви за производство на пијалаци:
* кафе
* чај
* мате
* какао

Оваа потокласа исклучува:
- одгледување грозје, види 01.21
- одгледување хмељ, види 01.28

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потпласа | | НАЗИВ |
|---|---|---|
| 01.28 | | **Одгледување зачински, ароматични и лековити растенија и растенија за употреба во фармацијата** |
| | 01.280 | **Одгледување зачински, ароматични и лековити растенија и растенија за употреба во фармацијата**<br>Оваа потласа вклучува:<br>- одгледување повеќегодишни и едногодишни зачински и ароматични посеви:<br>* бибер (Piper spp.)<br>* мускатно оревче, мацис и кардамон<br>* анасон, бадиан и коморач како зачин или ароматично растение<br>* цимет<br>* каранфилче<br>* ѓумбир<br>* ванила<br>* хмељ<br>* ким<br>- одгледување лековити и наркотични растенија<br>Оваа потласа исто така вклучува:<br>- сушење зачини, ароматични, лековити и фармацевтски растенија на сонце, кога е поврзано со одгледувањето на растенијата<br>Оваа потласа исклучува:<br>- сушење зачини, ароматични, лековити и фармацевтски растенија од трети лица, види 01.63 |
| 01.29 | | **Одгледување други повеќегодишни посеви** |
| | 01.290 | **Одгледување други повеќегодишни посеви**<br>Оваа потласа вклучува:<br>- одгледување каучукови дрвја за добивање латекс<br>- одгледување новогодишни дрвја<br>- одгледување дрвја за екстракција на растителен сок<br>- одгледување растителни материјали наменети за изработка на плетачки производи<br>Оваа потласа исклучува:<br>- одгледување цвеќе, режење пупки и одгледување семе за цвеќе, види 01.19<br>- собирање растителен сок од дрвја или каучук во дивина, види 02.30 |
| 01.3 | | **Одгледување саден материјал** |
| 01.30 | | **Одгледување саден материјал** |
| | 01.300 | **Одгледување саден материјал**<br>Оваа потласа го вклучува производството на сите вегетативни садници како што се резници, изданоци и садници за непосредно размножување или за создавање подлога на која ќе се калемат одредени фиданки за евентуално засадување за производство на посеви<br><br>Оваа потласа вклучува:<br>- одгледување растенија за садење<br>- одгледување растенија за украсување, вклучувајќи и трева за пресадување<br>- одгледување живи растенија за луковидни главици, корења и кртоли; резници и калеми; мицелиум за печурки<br>- дејности во врска со расадници за дрвја, освен дејности поврзани со шумските расадници |

| Сектор Оддел Група Класа Потткласа | | | | | НАЗИВ |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Оваа потткласа исклучува:<br>- одгледување растенија за производство на семе, види 01.1, 01.2<br>- работа во расадниците за шумски садници, види 02.10 |
| | | 01.4 | | | **Одгледување животни** |
| | | | | | Оваа група го вклучува одгледувањето на сите животни, освен на водните животни |
| | | | | | Оваа група исклучува:<br>- сместување и грижа за животните на фарма, види 01.62<br>- производство на кожа од кланиците, види 10.11 |
| | | | 01.41 | | **Одгледување молзни крави** |
| | | | | 01.410 | **Одгледување молзни крави** |
| | | | | | Оваа потткласа вклучува:<br>- одгледување и размножување на молзни крави<br>- производство на пресно (сурово) млеко од крави и биволици<br>- производство на семе од говеда од млечни раси<br>Оваа потткласа исклучува:<br>- преработка на млеко, види 10.51 |
| | | | 01.42 | | **Одгледување други говеда и биволи** |
| | | | | 01.420 | **Одгледување други говеда и биволи** |
| | | | | | Оваа потткласа вклучува:<br>- одгледување и размножување говеда и биволи за месо<br>- производство на говедско семе за оплодување<br>Оваа потткласа исто така вклучува:<br>- одгледување говеда за влечење или биволи<br>- одгледување бикови за борба |
| | | | 01.43 | | **Одгледување коњи и останати сродни животни** |
| | | | | 01.430 | **Одгледување коњи и останати сродни животни** |
| | | | | | Оваа потткласа вклучува:<br>- одгледување и размножување коњи, магариња, мулиња и мазги, без разлика на намената<br>Оваа потткласа исклучува:<br>- работа на ергелиња за тркачки и јавачки коњи (ако немаат активности за размножување), види 93.19 |
| | | | 01.44 | | **Одгледување камили и останати сродни животни** |
| | | | | 01.440 | **Одгледување камили и останати сродни животни** |
| | | | | | Оваа потткласа вклучува:<br>- одгледување и размножување камили и лами |
| | | | 01.45 | | **Одгледување овци и кози** |
| | | | | 01.450 | **Одгледување овци и кози** |
| | | | | | Оваа потткласа вклучува:<br>- одгледување и размножување овци и кози<br>- производство на сурово овчо или козјо млеко<br>- производство на сурова волна<br>Оваа потткласа исклучува:<br>- стрижење овци за надомест или врз основа на договор, види 01.62<br>- производство на влачена волна, види 10.11<br>- преработка на млеко, види 10.51 |

| Сектор / Оддел / Група / Класа | Потткласа | НАЗИВ |
|---|---|---|
| 01.46 | | **Одгледување свињи** |
| | 01.460 | **Одгледување свињи** |

Оваа потткласа вклучува:
- одгледување и размножување свињи и прасиња

| | | |
|---|---|---|
| 01.47 | | **Одгледување живина** |
| | 01.470 | **Одгледување живина** |

Оваа потткласа вклучува:
- одгледување и размножување живина:
* кокошки, мисирки, патки, гуски, потполошки, ноеви, бисерки
- производство на јајца од живина
- дејности на одгледување живина
- автоматизирана инкубација на јајца за живина

Оваа потткласа исклучува:
- производство на пердуви, види 10.12

| | | |
|---|---|---|
| 01.48 | | **Одгледување други животни** |
| | 01.480 | **Одгледување други животни** |

Оваа потткласа вклучува:
- одгледување и размножување полуприпитомени или други живи животни:
* птици (освен живина и ноеви)
* инсекти
* зајаци и други животни што имаат крзно
* ирваси
- дејности за производство на кожа од влекачи како змии и желки или кожа од птици на сточарска фарма
- одгледување и размножување влекачи, освен крокодили
- дејности на фарми за земјени црви, земјени мекотели, земјени полжави итн.
- одгледување свилена буба, производство на кожурци на свилена буба
- одгледување пчели; производство на мед, пчелин восок, прополис, пчелин отров или саќе; пчели за продажба
- одгледување и размножување домашни миленици (освен риби):
* мачки и кучиња
* птици, како што се мали папагали
* хрчки

Оваа потткласа исклучува:
- производство на кожи што потекнуваат од лов и траперство, види 01.70
- одгледување живи украсни риби, види 03.2
- работа на фарми за жаби, крокодили, морски црви, види 03.21, 03.22
- работа на рибници, види 03.21, 03.22
- сместување и обука на домашни миленици, види 96.99
- функционирање на засолништа за напуштени домашни миленици, види 96.99

| Сектор<br>Оддел<br>Група<br>Класа<br>Потткласа | НАЗИВ |
|---|---|

| | |
|---|---|
| 01.5 | **Мешовито земјоделство** |
| 01.50 | **Мешовито земјоделство** |
| 01.500 | **Мешовито земјоделство** |

Оваа потткласа вклучува:
- комбинирано производство на посеви и животни без специјализирано производство на посеви или животни.

ПРАВИЛА ЗА ПРИМЕНА:
Обемот на целокупната дејност на стопанството не е определувачки фактор. Ако производството на посеви или производството на животни во дадената единица е 66 % или повеќе од стандардната вредност на производството, комбинираната дејност нема да биде вклучена овде, туку ќе биде класифицирана во одгледување посеви или животни.
Оваа потткласа исклучува:
- земјоделство со мешани култури, види 01.1, 01.2
- мешано сточарство, види 01.4

**01.6 Помошни дејности во земјоделството и дејности што се извршуваат по прибирањето на посевите**

Оваа група ги вклучува дејностите поврзани со земјоделското производство и дејностите слични на земјоделството што не се преземаат заради производство (во смисла на собирање плодови од земјоделските производи), извршени за надомест или врз основа на договор.
Исто така, ги вклучува дејностите што се вршат по жетвата, со цел подготовка на земјоделските производи за примарниот пазар.

**01.61 Помошни дејности за одгледување посеви**

**01.610 Помошни дејности за одгледување посеви**

Оваа потткласа вклучува:
- земјоделски дејности за надомест или врз основа на договор:
* подготовка на земјиштето
* основање посеви
* обработка на посеви
* прскање на посевите, вклучувајќи и од воздух
* режење на овошните и лозовите насади
* пресадување ориз, проретчување репа
* жнеење/прибирање
* контрола на штетници (вклучувајќи зајаци) во врска со земјоделството
- дејности во врска со системите за наводнување
Оваа потткласа исто така вклучува:
- изнајмување земјоделски машини со оператор и екипаж
- одржување сопствено или изнајмено земјиште во добра состојба, без земјоделско производство
Оваа потткласа исклучува:
- Активности по жетвата, види 01.63
- одводнување земјоделско земјиште, види 43.12
- пејзажна архитектура, види 71.11
- активности на агрономи и земјоделски економисти, види 74.99
- пејзажно градинарство, садење, види 81.30
- организација на земјоделски изложби и саеми, види 82.30

| Сектор / Оддел / Група / Класа | Потkласа | НАЗИВ |
|---|---|---|
| 01.62 | | **Помошни дејности за одгледување животни** |
| | 01.620 | **Помошни дејности за одгледување животни** |

Оваа потkласа вклучува:
- сточарски дејности врз основа на надомест или на договор:
* дејности за унапредување на приплодот, прирастот и добивањето пораснати животни
* услуги за контрола на стадата, пасење, товење на живината, чистење на живинарниците
* дејности поврзани со вештачко осеменување
* услуги за расплод
* стрижење овци
* сместување и нега на животни што се одгледуваат на фарми

Оваа потkласа исто така вклучува:
- активности на потковувачи

Оваа потkласа исклучува:
- обезбедување простор само за сместување животни, види 68.20
- земјоделски истражувачки активности, види 72.10
- ветеринарни активности, види 75.00
- вакцинација на животни, види 75.00
- изнајмување животни (на пр., стада, тркачки коњи), види 77.39
- сместување домашни миленици, види 96.99

| | | |
|---|---|---|
| 01.63 | | **Дејности што се извршуваат по прибирање на посевите и доработка на семето за семенски материјал** |
| | 01.630 | **Дејности што се извршуваат по прибирање на посевите и доработка на семето за семенски материјал** |

Оваа потkласа вклучува активности по прибирање на посевите со наплата или со договор:
- подготовка на посевите за примарниот пазар, т.е. чистење, поткастрување, сортирање, дезинфицирање
- пречистување суров памук
- подготовка на тутунови лисја, на пр., сушење на сонце
- подготовка на зрна за какао, на пр., лупење
- мачкање со восок на овошјето
- сушење овошје, зеленчук, тревки, зачини, медицински растенија и тутун
- сортирање, чистење и сечење медицински растенија
- сушење зрна
- активности по бербата со цел подобрување на квалитетот на семето (на пр. со отстранување несеменски материјали, оштетени или незрели семиња, или со намалување на влажноста на семето до ниво сигурно за складирање)
- потопување на растенијата за текстилни влакна (јута, лен, влакна од кокос) неповрзано со одгледување растителни текстилни влакна
- вештачко зреење на овошје, на пример, зреење на банани

Оваа потkласа исто така вклучува:
- сушење, чистење, сортирање и обработка на семето до продажба
- обработка на генетски модифицирано семе

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потткласа | НАЗИВ |
|---|---|
| | Оваа потткласа исклучува:<br>- подготовка на земјоделски производи од страна на производителот, види ги соодветните класи во групите 01.1, 01.2, 01.3<br>- одгледување семиња, види 01.1, 01.2<br>- преработка на семиња за добивање масло, види 10.41<br>- оджилување и повторно сушење тутун, види 12.00<br>- маркетиншки активности на трговци посредници и здруженија за соработка, види оддел 46<br>- трговија на големо со земјоделски суровини, види 46.2<br>- истражување за развој или менување нови форми на семиња, види 72.10 |
| 01.7 | **Лов, траперство и услужни дејности поврзани со нив** |
| 01.70 | **Лов, траперство и услужни дејности поврзани со нив** |
| 01.700 | **Лов, траперство и услужни дејности поврзани со нив** |
| | Оваа потткласа вклучува:<br>- лов и траперство врз комерцијална основа<br>- употреба на диви животни (мртви или живи) за 1) храна, крзно или кожа и 2) заради користење во истражувања, во зоолошки градини или како домашни миленици<br>- производство на кожа од крзна, кожи од влекачи или птици што се застрелани или фатени<br>- улов на жаби и собирање полжави во дивина<br>Оваа потткласа исто така вклучува:<br>- сувоземен улов на морски цицачи, на пример, моржови и фоки<br>- лов на лисици, визони и волци заради заштита на добитокот<br>- лов заради контрола на популацијата на животните<br>Оваа потткласа исклучува:<br>- одгледување дивеч на фарма, види 01.4<br>- производство на кожи од крзно при одгледување влекачи, на пр., змии и желки или птичји кожи од активности на фарма, види 01.48<br>- контрола на штетници (вклучувајќи зајаци) во врска со земјоделството, види 01.61<br>- ловење китови, види 03.11<br>- производство на кожи со потекло од кланици, види 10.11<br>- лов за спорт или рекреација и поврзани услужни активности, види 93.19<br>- услужни активности за промовирање лов и траперство, види 94.99 |
| 02 | **Шумарство и сечење дрва** |
| | Овој оддел вклучува одгледување шуми и производство на обло дрво, како и екстракција и собирање шумски производи во дивина. Освен производството на дрво, шумарството вклучува и производи на кои се врши мала обработка, како што е дрвото за огрев, дрвен јаглен (ќумур), обло дрво (на пр.: јамска градба, дрво за целулоза итн.). Овие дејности може да се вршат во природни, полуприродни или засадени шуми.<br>Исклучена е понатамошната обработка на дрвото, почнувајќи со пилење и рамнење на дрвото, види оддел 16. |

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потукласа | НАЗИВ |
|---|---|
| 02.1 | **Одгледување шуми и други дејности поврзани со шумарството** |
| 02.10 | **Одгледување шуми и други дејности поврзани со шумарството** |
| 02.100 | **Одгледување шуми и други дејности поврзани со шумарството** |

Оваа потукласа вклучува:
- одгледување шуми: садење, расадување, пресадување, проредување, одржување и заштита на шумите и шумските површини
- одгледување грмушки, производство на дрва за целулоза и дрва за огрев
- дејности на шумските расадници
- одгледување тополи и врби

Овие дејности може да се вршат во природни, полуприродни и засадени шуми.
Оваа потукласа исклучува:
- одгледување новогодишни елки, види 01.29
- дејности на расадници, освен за шумски дрвја, види 01.30
- собирање печурки и останати самоникнати шумски плодови, види 02.30
- производство на иверки и дрвени парчиња кои не се поврзани со шумарски активности, види 16.11
- производство на дрва за огрев кои не се поврзани со активности во шумарството, види 16.26
- активности кои се однесуваат на нега на амбиентални дрвја и арборикултура, види 81.30
- услуги за зачувување и одржување на националните паркови, парковите на природата и природните резервати, види 91.42

| | |
|---|---|
| 02.2 | **Сечење дрва** |
| 02.20 | **Сечење дрва** |
| 02.200 | **Сечење дрва** |

Оваа потукласа вклучува:
- производство на обло дрво за потребите на индустријата која се темели на преработка на дрво
- производство на обло дрво кое се користи во необработена форма како што се: јамски потпори (дрва), столбови за ограда, бандери

Оваа потукласа исто така вклучува:
- прибирање и производство на остатоци од бербата во шумите, на пр., грмушки, пенушки, иверки, друг шумски отпад за енергија
- производство на ќумур во шума (користејќи традиционални методи)

Оваа потукласа исклучува:
- одгледување новогодишни елки, види 01.29
- одгледување шумски насади: садење, повторно садење, пресадување, разредување и зачувување на шуми и шумски површини, види 02.10
- собирање диворастечки шумски производи, види 02.30
- производство на иверки што не се поврзани со шумарски активности, види 16.11
- производство на јаглен со дестилација на дрво, види 20.14

| Сектор<br>Оддел<br>Група<br>Класа<br>Потткласа | НАЗИВ |
|---|---|

**02.3** **Собирање шумски плодови и производи, освен дрва**

**02.30** **Собирање шумски плодови и производи, освен дрва**

**02.300** **Собирање шумски плодови и производи, освен дрва**

Оваа потткласа вклучува:
- собирање самоникнати шумски производи:
* печурки и тартуфи
* бобинки
* јатчести плодови
* балата и останати каучукови смоли
* плута
* лак и смоли
* балсами
* желади, диви костени
* мов и лишај
* морска трева

Оваа потткласа исто така вклучува:
- собирање диви тревки поврзани со природно сушење

Оваа потткласа исклучува:
- одгледување на кој и да е од овие производи (освен одгледување дрвја за плута), види оддел 01
- одгледување печурки или тартуфи, види 01.13
- одгледување јагодесто или јатчесто овошје, види 01.25
- собирање огревно дрво, види 02.20

**02.4** **Помошни услуги во шумарството**

**02.40** **Помошни услуги во шумарството**

**02.400** **Помошни услуги во шумарството**

Оваа потткласа го вклучува извршувањето на дел од дејностите во шумарството со наплата или врз база на договор

Оваа потткласа вклучува:
- услужни дејности во шумарството:
* премер на шума
* консултантски услуги во врска со стопанисувањето на шумите
* процена на дрвената граѓа
* заштита на шумите од пожари и превенција
* контрола на шумите од штетни инсекти
- услужни дејности поврзани со сеча:
* транспорт на трупци во шумите

Оваа потткласа исклучува:
- дејности на расадници на шумски дрвја, види 02.10
- одводнување шумско земјиште, види 43.12
- расчистување градилишта, види 43.12

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Поткласа | НАЗИВ |
|---|---|
| 03 | **Риболов и аквакултура** |

Овој оддел вклучува риболов и аквакултура, кои се карактеризираат со улов или собирање риби, ракови, мекотели и други организми и производи (на пример, водни растенија, бисери, сунѓери) од морските, солeникавите или слатките води.

Овој оддел вклучува и услужни активности поврзани со морскиот или слатководниот риболов или аквакултурата.

Овој оддел исклучува:
- преработка на риби, ракови или мекотели, без разлика дали се работи за копнени фабрики или на бродови што се занимаваат со преработка и конзервирање, види 10.20
- изградба и поправка на бродови и чамци, види 30.11, 30.13, 33.15, 33.18
- спортски или рекреативни риболовни активности, види 93.19

**03.1 Риболов**

Оваа група вклучува улов на риба, т.е. активности на прибирање со отстранување или прибирање диви живи водни организми (првенствено риби, мекотели и ракови), вклучувајќи растенија од океанските, приморските или внатрешните води, за човечка исхрана и за други цели, рачно или почесто со различни видови риболовна опрема како мрежи, ортоми, неподвижни замки. Ваквите активности може да се спроведат на меѓуплимните зони (на пр., собирање мекотели, како што се школки, остриги), крајбрежните води или морските води. Овие активности исто така вклучуваат риболов во обновени водни површини.

**03.11 Морски риболов**

**03.110 Морски риболов**

Оваа потkласа вклучува:
- улов на риба во океани и крајбрежни води врз комерцијална основа
- улов на морски ракови и мекотели
- улов на китови
- улов на морски водни животни: желки, асцидии, плаштари, морски ежови

Оваа потkласа исто така вклучува:
- собирање други морски организми и материјали: природни бисери, сунѓер, корали, морски треви, алги

Оваа потkласа исклучува:
- фаќање морски цицачи, освен китови, на пр., фоки, моржови, види 01.70
- преработка на китови на бродови што се занимаваат со преработка, види 10.11
- преработка на риби, ракови и мекотели на бродови што се занимаваат со преработка или во копнени фабрики, види 10.20
- изнајмување рекреативни чамци со екипаж за поморски и крајбрежен воден транспорт (на пр., за риболов), види 50.10
- риболовна инспекција, заштита и патролни услуги, види 84.24
- риболов за спорт или рекреација и сродни услуги, види 93.19
- работа на резервати за спортски риболов, види 93.19

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потокласа | | НАЗИВ |
|---|---|---|
| 03.12 | | **Слатководен риболов** |
| | 03.120 | **Слатководен риболов** |

Оваа потокласа вклучува:
- улов на риба во националните слатки води врз комерцијална основа
- улов на слатководни ракови и мекотели
- улов на слатководни водни животни

Оваа потокласа исто така вклучува:
- собирање материјали од слатководни средини
- собирање други слатководни организми: морски треви и алги

Оваа потокласа исклучува:
- улов на жаби или собирање полжави во дивина, види 01.70
- собирање на диви растенија, на пр., трска, види 02.30
- преработка на риби, ракови и мекотели на бродови што се занимаваат со преработка или во копнени фабрики, види 10.20
- риболовна инспекција, заштита и патролни услуги, види 84.24
- риболов за спорт или рекреација и сродни услуги, види 93.19
- работа на резервати за спортски риболов, види 93.19

**03.2 Аквакултура**

Оваа група ја вклучува аквакултурата (или аквафармерство), т.е. производниот процес (вклучувајќи и прибирање) на водните организми (риби, мекотели, ракови, растенија, водоземци), употребувајќи техники за да се зголеми производството над природниот капацитет на околината (на пр., редовно снабдување, хранење и заштита од предатори). Аквакултурата исто така ги вклучува индивидуалната, задружната или државната сопственост на индивидуалните организми во фаза на одгледување, вклучувајќи го и собирањето.

Одгледувањето се однесува на одгледување на горенаведените организми до фазата на подмладок и/или до возрасна фаза, на затворено.

Оваа група исто така вклучува:
- размножување/одгледување подмладок и возрасни единки во вештачки услови

Оваа група ги исклучува:
- производство на кожи од одгледување  влекачи, на пр., змии и желки или птичји кожи од одгледување на фарма, види 01.48
- размножување и одгледување влекачи, види 01.48

| Сектор Оддел Група Класа Потокласа | НАЗИВ |
|---|---|
| **03.21** | **Морска аквакултура** |
| **03.210** | **Морска аквакултура** |

Оваа потокласа вклучува:
- одгледување риби во морска вода, вклучувајќи и улов на морски украсни риби
- производство на школки (школки од остриги), јастози, ларви од шкампи, подмладок и младенчиња
- одгледување морски треви и алги
- одгледување ракови, школки, други мекотели и останати водни животни во морска вода

Оваа потокласа исто така вклучува:
- активности во аквакултурата во соленикави води
- сувоземни активности во аквакултурата во резервоари полни со солена вода
- активности на морски мрестилишта за риба и морски фарми за црви
- одгледување морски микроалги

Оваа потокласа исклучува:
- одгледување жаби, види 03.22
- работа на резервати за спортски риболов, види 93.19

**03.22 Слатководна аквакултура**

**03.220 Слатководна аквакултура**

Оваа потокласа вклучува:
- одгледување риба во слатки води, вклучувајќи и слатководна украсна риба
- одгледување слатководни ракови, мекотели, школки, други мекотели и останати водни животни
- дејности поврзани со мрестилиштата (слатководни)
- одгледување жаби
- одгледување морски треви и алги

Оваа потокласа исто така вклучува:
- одгледување слатководни микроалги

Оваа потокласа исклучува:
- активности во аквакултурата во резервоари исполнети со солена вода, види 03.21
- работа на резервати за спортски риболов, види 93.19

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потклаcа | | | НАЗИВ |
|---|---|---|---|
| 03.3 | | | **Помошни дејности во риболовот и аквакултурата** |
| | 03.30 | | **Помошни дејности во риболовот и аквакултурата** |
| | | 03.300 | **Помошни дејности во риболовот и аквакултурата** |

Оваа потклаcа вклучува:
- услужни активности наменети за морско или слатководно рибарство или аквакултура:
* нуркачки услуги за аквакултурата
* далечински управувани подводни возила (ROV) за аквакултура
* услуги за поправка и одржување кафези за риби
* други активности за поддршка на риболовот и аквакултурата неспоменати на друго место.

Оваа потклаcа исто така вклучува:
- контрола во риболовот (рибочуварска служба) и аквакултурата

Овој потклаcа исклучува:
- активности за риболов и аквакултура, види 03.1, 03.2
- преработка на риби и производи од аквакултура на бродови за преработка или во копнени фабрики, види 10.20
- преработка на риби, ракови и мекотели, види 10.20
- активности поврзани со услуги за опрема и/или пловни објекти, види оддел 33
- дистрибуција на производи од рибарството и аквакултурата, види оддели 46, 47, 52
- риболов практикуван за спорт или рекреација и сродни услуги, види 93.19
- работа на резервати за спортски риболов, види 93.19

| Сектор | Оддел | Група | Класа | Потткласа | НАЗИВ |
|---|---|---|---|---|---|
| В/Б | | | | | **РУДАРСТВО И ВАДЕЊЕ КАМЕН** |
| | | | | | Рударството и вадењето камен вклучува вадење минерали (руди) што во природата се јавуваат во цврста состојба (јаглен и руди), течна (нафта) или гасовита (природен гас) состојба. Експлоатацијата може да се врши со различни методи како што се: јамска (подземна), површинска, со дупчење, дупчење на морското дно итн.<br><br>Овој сектор ги вклучува и дополнителните работи со цел  подготовка на суровите (необработени) материјали за продажба, на пр.: кршење, дробење, чистење, сушење, сортирање, концентрирање руди, топење природен гас и агломерација (брикетирање) на цврсти горива.<br><br>Рударските дејности се класифицирани во оддели, групи, класи и поткласи врз основа на главниот произведен минерал. Одделите 05 и 06 се однесуваат на вадењето фосилни горива (јаглен, лигнит, петролеум, гас); одделите 07 и 08 се однесуваат на метални руди, различни минерали и производи од камен.<br><br>Некои од техничките дејности од овој сектор, особено оние што се однесуваат на вадење јагленоводороди, исто така, може да ги вршат специјализирани единици за трети лица, како индустриски услужни дејности – оддел 09.<br>Овој сектор исклучува:<br>- обработка на извадените материјали, сектор C/В (Преработувачка индустрија)<br>- употреба на извадените материјали без натамошна трансформација за градежни цели, сектор F/Ѓ (Градежништво)<br>- полнење шишиња со природна изворска и минерална вода од извори и бунари, види 11.07<br>- дејности за санација на рудниците, види 39.00 |
| | 05 | | | | **Вадење јаглен и лигнит** |
| | | | | | Овој оддел го вклучува вадењето цврсти минерални горива од земјиштето или рудниците и вклучените операции (на пр.: сортирање, чистење, обложување, пресување и останати операции неопходни за транспортирање итн.) потребни за добивање пазарен производ<br>Овој оддел исклучува:<br>- коксирање, види 19.10<br>- споредни услуги на рудниците за јаглен и лигнит, види 09.90<br>- производство на брикети, види 19.20 |
| | | 05.1 | | | **Вадење камен јаглен** |
| | | | 05.10 | | **Вадење камен јаглен** |
| | | | | 05.100 | **Вадење камен јаглен** |
| | | | | | Оваа поткласа вклучува:<br>- вадење камен јаглен: јамска и површинска експлоатација на рудници за камен јаглен, вклучувајќи ги и методите на експлоатација со топење<br>- чистење, сортирање по големина и квалитет, дробење, пресување на јагленот итн. заради класифицирање, подобрување на квалитетот и олеснување на транспортот и складирањето<br><br>Оваа поткласа, исто така, вклучува:<br>- камен јаглен добиен од ситнеж на камен јаглен |

Оваа потткласа исклучува:
- вадење лигнит, види 05.20
- копање тресет, види 08.92
- помошни дејности за вадење камен јаглен, види 09.90
- пробни дупчења за вадење јаглен, види 09.90
- производство на цврсти горива во печка за коксирање, види 19.10
- производство на брикети од камен јаглен и слични цврсти горива од камен јаглен, види 19.20
- вршење работи поврзани со подготовка на земјиштето за вадење јаглен, види 43.12

**05.2** **Вадење лигнит**

**05.20** **Вадење лигнит**

**05.200** **Вадење лигнит**

Оваа потткласа вклучува:
- вадење лигнит (кафеав јаглен): јамска, подземна или површинска експлоатација на рудници за лигнит, вклучувајќи ги и методите на експлоатација со топење
- чистење, дехидрација, сортирање по големина и квалитет, дробење на лигнитот итн. заради класифицирање, подобрување на квалитетот и олеснување на транспортот и складирањето

Оваа потткласа исклучува:
- вадење на камен јаглен, види 05.10
- копање на тресет, види 08.92
- помошни дејности за вадење на лигнит, види 09.90
- пробни дупчења за вадење на јаглен, види 09.90
- производство на брикети од лигнит и слични цврсти горива од лигнит, види 19.20
- вршење на работи поврзани со развојот и подготовката на земјиштето за вадење на лигнит, види 43.12

**06** **Вадење сурова нафта и природен гас**

Овој оддел го вклучува производството на сурова нафта и нафта од шкрилци и песок и производството на природен гас и обновување на јаглеводородни течности.

Овој оддел вклучува и оперативни дејности и /или развој на нафтените и гасните полиња. Овие дејности може да вклучат дупчење, завршување и опремување на извор; ракување со сепаратори, емулзен кршач, опрема за отсолување, мрежа на цевководи за собирање на сурова нафта на полињата; сите други дејности во подготовката на нафта и гас до испорачувањето од местото на производство.

Овој оддел исклучува:
- помошни дејности поврзани со нафтени и гасни полиња што се вршат за надомест или врз основа на договор, види 09.10
- истражувања за нафтени и гасни извори, види 09.10.
- пробно дупчење и дупчење во врска со екстракција на нафта или гас, види 09.10
- рафинирање нафтени производи, види 19.20
- геофизички, геолошки и сеизмички истражувања, види 71.12

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потткласа | НАЗИВ |
|---|---|
| 06.1 | **Вадење сурова нафта** |
| 06.10 | **Вадење сурова нафта** |
| 06.100 | **Вадење сурова нафта** |

Оваа потткласа вклучува:
- вадење сурова нафта

Оваа потткласа, исто така, вклучува:
- екстракција на битуменозни или нафтени шкрилци и песок
- производство на сурова нафта од битуменозни шкрилци и песок
- постапка за добивање сурова нафта: преливање, отсолување, дехидратација, зацврстување итн.

Оваа потткласа исклучува:
- екстракција на кондензати или течности од природен гас, види 06.20
- помошни дејности за вадење нафта и природен гас, види 09.10
- истражувања за нафта и гас, види 09.10
- производство на течности од природен гас од сурова нафта (ТНГ - течен нафтен гас), види 19.20
- производство на нафтени деривати, види 19.20
- издвојување на течните нафтени гасови при рафинирањето на нафтата, види 19.20
- цевководен транспорт, види 49.50

| | |
|---|---|
| 06.2 | **Вадење природен гас** |
| 06.20 | **Вадење природен гас** |
| 06.200 | **Вадење природен гас** |

Оваа потткласа вклучува:
- производство на сурови гасовити јагленоводороди (природен гас)
- екстракција на кондензати
- истекување и сепарација на течните фракции на јагленоводородите
- десулфурирање на гасот
- екстракција на метан од рудник за јаглен

Оваа потткласа, исто така, вклучува:
- вадење течни јагленоводороди, добиени преку топење или пиролизи
- хидраулично фрактурирање за извлекување гас од јаглен

Оваа потткласа исклучува:
- помошни дејности за екстракција на нафта и природен гас, види 09.10
- испитување на нафтата и гасот, види 09.10
- производство на течности од природен гас од сурова нафта (ТНГ - течен нафтен гас), види 19.20
- издвојување на течните нафтени гасови при рафинирањето на нафтата, види 19.20
- производство на индустриски гас, види 20.11
- цевководен транспорт, види 49.50

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Поткласа | | | | НАЗИВ |
|---|---|---|---|---|
| 07 | | | | **Вадење руди на метал** |

Овој оддел го вклучува вадењето метални минерали (руди) што се врши со подземно и површинско вадење, вадење од морското дно итн.

Овој оддел, исто така, ги вклучува дејностите за подготовка и збогатување на рудите, како што се: дробење, мелење, миење, класирање според квалитетот, сушење, калцинација, испирање на рудите, гравитациска сепарација и флотација.

Овој оддел исклучува:
- пржење железни пирити, види 20.13
- операции на печки за топење, види оддел 24
- производство на алуминиум оксид, види 24.42

**07.1** **Вадење руди на железо**

**07.10** **Вадење руди на железо**

**07.100** **Вадење руди на железо**

Оваа поткласа вклучува:
- вадење на руди вреднувани, пред сѐ, поради содржината на железо
- збогатување и агломерација на железни руди

Оваа поткласа исклучува:
- вадење и подготовка на пирити и пиротити (освен пржење), види 08.91

**07.2** **Вадење руди на обоени метали**

Оваа група го вклучува вадењето руди на обоени метали.

**07.21** **Вадење руди на уран и ториум**

**07.210** **Вадење руди на уран и ториум**

Оваа поткласа вклучува:
- вадење руди, пред сѐ, вреднувани поради содржината на уран и ториум: уранов оксид итн.
- концентрирање на тие руди
- производство на жолт колач

Оваа поткласа исклучува:
- збогатување руди на уран и ториум, види 20.13
- производство на уранов метал од уранов оксид или други руди, види 24.46
- топење и рафинирање уран, види 24.46

**07.29** **Вадење други руди на обоени метали**

**07.290** **Вадење други руди на обоени метали**

Оваа поткласа вклучува:
- вадење и подготовка на руди вреднувани, пред сѐ, поради содржината на обоени метали
-алуминиум (боксит), бакар, олово, цинк, калај, манган, хром, никел, кобалт, молибден, тантал, ванадиум итн.
- благородни метали: злато, сребро, платина

Оваа поткласа исклучува:
- вадење и подготовка на руди на уран и ториум, види 07.21
- производство на алуминиумов оксид, види 24.42.
- производство на мате бакар и мате никел, види 24.44 и 24.45

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потткласа | НАЗИВ |
|---|---|
| 08 | **Друго рударство и вадење камен** |
| | Овој оддел го вклучува вадењето од рудници и каменоломи, но, исто така, и ископувањето алувијални наслаги, дробењето карпи и користењето мочуришта со сол. Овие производи се употребуваат најмногу во градежништвото (на пр., песок, камен итн.), преработката на материјали (глина, гипс, калциум итн.), преработката на хемикалии итн.<br>Овој оддел исклучува обработка (освен кршење, дробење, сечење (режење), чистење, сушење, сортирање и мешање) на извадените минерали. |
| 08.1 | **Вадење камен, песок и глина** |
| 08.11 | **Вадење декоративен камен, варовник, гипс, шкрилци и други камења** |
| 08.110 | **Вадење декоративен камен, варовник, гипс, шкрилци и други камења** |
| | Оваа потткласа вклучува:<br>- вадење, груба обработка и сечење камен за споменици и за градежништвото, како што се мермер, гранит, пескари итн.<br>- кршење и дробење на декоративен камен и камен за градежништвото<br>- вадење, дробење и кршење на варовник<br>- вадење на суров гипс и анхидриди<br>- вадење на креда и некалциниран доломит<br>- производство на гранули, исечоци и прашок од извадени камења, без разлика дали се термички обработени или не<br><br>Оваа потткласа исклучува:<br>- вадење хемиски минерали и минерални ѓубрива, види 08.91<br>- производство на калциниран доломит, види 23.52<br>- сечење, обликување и обработка на камен надвор од каменоломи, види 23.70 |
| 08.12 | **Вадење чакал, песок, глина и каолин** |
| 08.120 | **Вадење чакал, песок, глина и каолин** |
| | Оваа потткласа вклучува:<br>- вадење и ископ на индустриски песок, песок за градежништвото и чакал<br>- кршење и дробење чакал<br>- вадење песок<br>- вадење глина, огноотпорна глина и каолин<br>Оваа потткласа исклучува:<br>- вадење битуменозен песок, види 06.10 |

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потокласа | | | НАЗИВ |
|---|---|---|---|
| 08.9 | | | **Рударство и вадење други руди и камен, н.д.м.** |
| | 08.91 | | **Вадење хемиски минерали и минерални ѓубрива** |
| | | 08.910 | **Вадење хемиски минерали и минерални ѓубрива** |

Ова потокласа вклучува:
- вадење природни фосфати и природни калиумови соли
- вадење природен сулфур
- вадење и подготовка на пирити и пиротити, освен пржење
- вадење природен бариум сулфат и карбонат (барити и витерит), природни борати, природен магнезиум сулфат (кисерит)
- вадење земјани бои, флуорит и други минерали, вреднувани, пред сè, како извор на хемикалии

Ова потокласа, исто така, вклучува:
- вадење гуан
- ископ на медицинска кал
- процеси на екстракција за производство на литиум од саламура

Ова потокласа исклучува:
- вадење сол, види 08.93
- пржење железни пирити, види 20.13
- производство на вештачки ѓубрива и азотни соединенија, види 20.15

| | | |
|---|---|---|
| 08.92 | | **Вадење тресет** |
| | 08.920 | **Вадење тресет** |

Ова потокласа вклучува:
- копање тресет
- подготовка на тресетот за да се подобри квалитетот и да се олесни транспортот / складирањето

Ова потокласа исклучува:
- услужни дејности за вадење тресет, види 09.90
- производство на брикетиран тресет, види 19.20
- производство на иситнета мешана почва од тресет, природна почва, песок, глина, минерални ѓубрива итн., види 20.15
- производство на производи од тресет, види 23.99

| | | |
|---|---|---|
| 08.93 | | **Вадење сол** |
| | 08.930 | **Вадење сол** |

Ова потокласа вклучува:
- вадење сол од рудниците, вклучувајќи го и растворањето и испумпувањето
- добивање сол со испарување на морска вода и други солени води
- дробење, чистење и рафинирање на солта од производителот

Ова потокласа исклучува:
- преработка на солта во квалитетна сол за исхрана, на пр., јодирана сол, види 10.84
- производство на вода за пиење со испарување на солената вода, види 36.00

| Сектор Оддел Група Класа Потткласа | НАЗИВ |
|---|---|
| 08.99 | **Друго рударство и вадење камен, н.д.м.** |
| 08.990 | **Друго рударство и вадење камен, н.д.м.** |
| | Оваа потткласа вклучува:<br> - вадење разновидни минерали и материјали:<br>● абразивни материјали, азбест, силикатно фосилно брашно, природен графит, стеатит (талк), фелдспат итн.<br>● природен асфалт, асфалтен камен, природен тврд битумен<br>● благородни камења, кварц, лискун итн. |
| 09 | **Помошни услужни дејности во рударството** |
| | Овој оддел ги вклучува специјализираните помошни услуги при вадењето што се вршат за надомест или врз основа на договор. Овој оддел ги вклучува услугите при вадењето со помош на традиционални методи на испитување како што е земањето примероци од карпите и правењето геолошки испитувања како што се дупчења, пробни дупчења на изворите на нафта, како и на наоѓалиштата на метални и неметални минерали. Останатите услуги вклучуваат монтажа на нафтените постројки, вградување и цементирање заштитни цевки,чистење, црпење вода од нафтените и гасните извори, сушење и црпење вода од рудниците, услуги на отстранување на јаловината од рудниците итн. |
| 09.1 | **Помошни дејности за вадење сурова нафта и природен гас** |
| 09.10 | **Помошни дејности за вадење сурова нафта и природен гас** |
| 09.100 | **Помошни дејности за вадење сурова нафта и природен гас** |
| | Оваа потткласа вклучува:<br> - услужни дејности при вадењето нафта и гас што се вршат за надомест или врз основа на договор:<br>● услуги на испитување (истражување) поврзани со вадењето сурова нафта и гас, т.е. традиционални методи на испитување, како што е правењето геолошки испитувања на потенцијалните идни терени<br>● дупчења, монтажа и демонатажа на постројките за дупчење на наоѓалиштата, поправка, вградување и цементирање заштитни цевки, црпење вода од нафтените и гасните извори, затрупување (затнување) и напуштање на местата за дупчење<br>● втечнување и регасификација на природниот гас за транспорт, на локацијата на наоѓалиштето<br>● услуги на сушење и црпење, за надомест или врз основа на договор<br>● пробно дупчење во врска со вадењето сурова нафта и гас<br><br>Оваа потткласа, исто така, вклучува:<br> - пожарникарски услуги на нафтените и гасните полиња<br>Оваа потткласа исклучува:<br> - услужни дејности што ги вршат оператори на нафтените и гасните полиња, види 06.10, 06.20<br> - специјализирана поправка на машините и опремата за вадење руди, види 33.12<br>- специјализирана офшор инсталација, поправка и одржување опрема што е составен дел на пловечки платформи, види оддел 43<br> - втечнување и регасификација на природниот гас за копнен или воден транспорт, надвор од локацијата на наоѓалиштето, види 52.21 или 52.22<br> - геофизички, геолошки и сеизмографски истражувања, види 71.12 |

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потклaса | НАЗИВ |
|---|---|
| 09.9 | **Помошни дејности за друго рударство и вадење камен** |
| 09.90 | **Помошни дејности за друго рударство и вадење камен** |
| 09.900 | **Помошни дејности за друго рударство и вадење камен** |

Оваа поткласа вклучува:
- помошни дејности за надомест или врз основа на договор, за потребите на дејностите на вадење руди од одделите 05, 07, 08
● услуги на испитување (откривање), т.е. традиционални методи на испитување, како што е земањето примероци од карпите и правењето геолошки испитувања на потенцијалните идни терени
● услуги на сушење и црпење, за надомест или врз основа на договор
● пробно дупчење и сондирање
- обезбедување руднички окна и тунели
- уривање и демонтирање подземни рударски објекти

Оваа поткласа исклучува:
- управување со рудници и каменоломи за надомест или врз основа на договор (концесија), види оддели 05, 07, 08
- специјализирана поправка на машините за вадење руди, види 33.12
- геофизички истражувања за надомест или врз основа на договор, види 71.12

| Сектор<br>Оддел<br>Група<br>Класа<br>Поткласа | НАЗИВ |
|---|---|
| C/В | **ПРЕРАБОТУВАЧКА ИНДУСТРИЈА** |

Овој сектор ја вклучува физичката или хемиската трансформација на материјалите, супстанциите или компонентите во нови производи иако ова не може да се употреби како единствен универзален критериум за дефинирање на преработувачката индустрија (види ја забелешката за отпад подолу). Трансформираните материјали, супстанции или компоненти се суровини што се производи од земјоделството, шумарството, риболовот, рударството и вадењето камен, како и производи од други преработувачки дејности. Значителна промена, поправка или реконструкција на производите се смета, главно, за преработувачка индустрија.

Аутпутот (производот) на преработувачкиот процес може да биде завршен во смисла да биде готов за употреба или потрошувачка или може да биде полупроизвод во смисла да биде подготвен да стане инпут (влез) за понатамошна преработувачка. На пр.: аутпутот на рафинеријата на алуминиум е инпут (влез) што се употребува во примарното производство на алуминиумот; примарниот алуминиум е инпут (влез) во производството на алуминиумска жица, а алуминиумската жица е инпут (влез) во производството на производи од жица.

Производството на специјализираните компоненти и нивните делови, прибори и додатоци на машините и опремата, по правило, е класифицирано во истата поткласа во која е и производството на машините и опремата на кои се однесуваат деловите и приборите.

Производството на неспецијализирани компоненти и делови на машините и опремата, на пр., мотори, клипови, електрични мотори, електрични агрегати, вентили, запченици, валчести лежишта е класифицирано во соодветната поткласа на преработувачката индустрија, без оглед на машините и опремата во кои може да бидат вклучени тие предмети.

Производството на специјализирани компоненти и прибори со моделирање (вкалапување) или втиснување пластични материјали е вклучено во групата 22.2.

Монтажата на составните делови на преработените производи се смета за преработувачка индустрија. Овде е вклучена монтажата на преработените производи и од сопствено произведените и од купените компоненти.

Обновувањето на отпадот, т.е. преработката на отпадот во секундарна суровина е класифицирано во групата 38.2 (Поправка – обновување на материјали). Ова може да вклучи физичка, механичка, биолошка или хемиска трансформација, но не може да се смета како дел од преработувачката индустрија.

Основна цел на овие дејности е обработка или преработка на отпадот и поради тоа се класифицирани во секторот Е/Д (Снабдување со вода; отстранување отпадни води; управување со отпад и дејности за санација на околината). Меѓутоа, производството на нови финални производи (наспроти секундарните суровини) е класифицирано во преработувачката индустрија, дури и кога овој процес го употребува отпадот како инпут (влез). На пример, производството на сребро од остатоци од филмски ленти се смета за производствен процес.

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потокласа | НАЗИВ |
|---|---|

Специјализираното одржување и поправката на индустриски, комерцијални или слични машини и опрема, главно, е класифицирано во одделот 33 (Поправка и инсталирање машини и опрема). Меѓутоа, поправката на компјутери, предмети за лична употреба и апарати за домаќинствата, моторни возила и мотоцикли е класифицирана во одделот 95 (Поправка на компјутери и предмети за лична употреба и за домаќинствата).

Кога се врши како специјализирана дејност, инсталирањето машини и опрема е класифицирано во потокласата 33.20.

Одржување, поправка и монтажа на опрема која е составен дел на згради или слични објекти, на пр. одржување, поправка и монтажа на ескалатори или системи за климатизација, се класифицира како градежништво во секторот F/Ѓ, доколку се изведува на градилиштето.

Овој сектор ја содржи и активноста на Производителите на стоки без фабрички производи (FGP) во производството (види Воведни упатства, став xx).

Како главно правило, дејностите во преработувачкиот сектор ја вклучуваат трансформацијата на материјалите во нови производи. Нивниот аутпут е нов производ. Како појаснување, следните дејности се сметаат за преработувачка индустрија во НКД:

- преработка на свежа риба (остриги, филети од риба), кои не се преработуваат на рибарски бродови, види 10.20;
- пастеризирање на млеко и полнење во шишиња, види 10.51;
- преработка на кожа, види 15.11;
- заштита на дрво, види 16.12;
- печатење и дејности во врска со печатењето, види оддел 18.1;
- протектирање на гуми за возила, види 22.11;
- производство на готова бетонска смеса, види 23.63;
- галванизирање, електропресвлекување, пресвлекување, и друго метално или неметално пресвлекување на метали, види 25.51;
- термичка обработка на метали, види 25.52
- полнење на кертриџи со мастило, види 26.20
- полнење на противпожарни апарати, види 28.29
- поправка и ремонт на машини (пр. автомобилски мотори, види 29.10).
- монтажа обезбедена од продавач или мешање на неколку производи што треба да се продаваат. Ако монтажата е обезбедена од изведувач, оваа активност треба да се класифицира во производство.

Наспроти тоа, има дејности коишто, иако некогаш се вклучени во трансформациониот процес, се класифицирани во друг сектор во НКД - со други зборови, не се класифицирани како преработувачка индустрија. Тие вклучуваат:

- искористување на шуми (сеча), класифицирано во секторот A/А (Земјоделство, шумарство и рибарство);
- искористување на земјоделските производи, класифицирано во секторот A/А (Земјоделство, шумарство и рибарство);
- подготовка на храна за непосредна потрошувачка, класифицирано во одделот 56 (Услужни дејности за храна и пијалаци );
- искористување на рудите и другите минерали, класифицирано во секторот B/Б (Рударство и вадење на камен);
- производство на гасовити горива за снабдување со енергија преку постојана мрежа, класифицирани во секторот D/Г;

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потокласа | | | | | НАЗИВ |
|---|---|---|---|---|---|

- производство на компост од органски отпад, класифициран во секторот D/E;
- монтажа обезбедена како дел од испорака или од продавач. Меѓутоа, ако монтажата е главната активност што ја обезбедува изведувачот, тоа се класифицира во производство.
- дејности на делење во рефус и редистрибуција во помали количини, вклучувајќи пакување, препакување или полнење на производи во шишиња, како што се течности или хемикалии; сортирање на отпадоци; мешање на бои по нарачка на купувачот и сечење на метали по нарачка на купувачот; постапката која не е последица на различни производи е класифицирана во секторот G/E (Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли);
- издавачката и комбинирана дејност од издаваштво и печатење се класифицирани во секторот J/S.

Забелешка: *Секундарни суровини се материјали и производи кои може да се користат како суровини со едноставна повторна употреба или преку рециклирање и обновување.

**10** **Производство на прехранбени производи**

Овој оддел ја вклучува преработката на производите од земјоделството, шумарството и рибарството во храна за луѓе или за животни и го вклучува производството на разновидни интермедијарни производи што не се директно прехранбени производи. Дејноста често ги генерира придружните производи од поголема или помала вредност (на пример, кожите од колењето или погачата од масло од производството на масло).

Овој оддел е организиран според дејностите што се вршат со различни видови производи: месо, риба, овошје, зеленчук, масти и масла, млечни производи, мелнички производи, храна за животни и останати прехранбени производи. Производството може да се врши за сопствена сметка, како и за трети лица, како што е колењето по нарачка.

Некои дејности се сметаат за производство, и покрај тоа што се врши продажба на мало на производите во сопствената продавница на производителот (на пример, дејности што се вршат во пекарници, слаткарници и месарници кои продаваат сопствени производи). Меѓутоа, ако преработката е минимална и не води до вистинска трансформација, единицата се класифицира во секторот G/E.

Овој оддел го вклучува и производството на течности што се сметаат за храна или кои користат слични производствени процеси, на пр., млеко и овошен сок / концентрат.

Овој оддел не ја вклучува подготовката на јадења за непосредна потрошувачка, како што е во ресторани, види оддел 56.

**10.1** **Преработка и конзервирање месо и производство на производи од месо**

**10.11** **Преработка и конзервирање месо, освен месо од живина**

**10.110** **Преработка и конзервирање месо, освен месо од живина**

Оваа потокласа вклучува:
- работа на кланиците што се занимаваат со колење, обработка и пакување месо: говедско, свинско, јагнешко, зајачко, овчо, од камила итн.
- производство на свежо, разладено или замрзнато месо, во трупови
- производство на свежо, разладено или замрзнато месо, во парчиња

Оваа поткласа, исто така, вклучува:
- колење и преработка на китови на копно или на специјализирани бродови
- производство на кожи во кланици, вклучувајќи ги и кожите со влакна
- топење маст и останати масти за исхрана од животинско потекло
- преработка на животински трбушки (внатрешни органи)
- производство на влачена волна (добиена со отстранување од кожата)

Оваа поткласа исклучува:
- топење живински масти за исхрана, види 10.12
- производство на сушено, солено или чадено месо и производи од месо, види 10.13

**10.12 Преработка и конзервирање месо од живина**

**10.120 Преработка и конзервирање месо од живина**

Оваа поткласа вклучува:
- работа на кланиците што се занимаваат со колење, обработка и пакување живина
- производство на свежо, разладено или замрзнато месо во посебни пакувања
- топење живински масти за исхрана

Оваа поткласа, исто така, вклучува:
- чистење, дезинфекција, третман за заштита и потскратување пердуви и ситни меки пердуви

**10.13 Производство на месо и производи од месо од живина**

**10.130 Производство на месо и производи од месо од живина**

Оваа поткласа вклучува:
- производство на сушено, солено и чадено месо
- производство на месни производи:
● колбаси, салами, крвавици и преработки од дроб, сафалади, паштети, конзервирано месо, варена шунка

Оваа поткласа исклучува:
- производство на полуготови јадења од месо и живина, види 10.85
- производство на супи што содржат месо, види 10.89
- трговија на големо со месо, види 46.32

**10.2 Преработка и конзервирање риба, ракови и мекотели**

**10.20 Преработка и конзервирање риба, ракови и мекотели**

**10.200 Преработка и конзервирање риба, ракови и мекотели**

Оваа поткласа вклучува:
- преработка и конзервирање риба, мекотели и ракови: замрзнување, длабоко замрзнување, сушење, готвење, чадење, солење, саламурење, конзервирање итн.
- производство на производи од риба, мекотели и ракови: рибини филети, икри, кавијар, замени за кавијар итн.
- производство на храна од риба за човечка исхрана или за исхрана на животни
- производство на храна и растворливи материи од риба и други водни животни непогодни за човечка исхрана

Оваа поткласа, исто така, вклучува:
- дејности на бродовите што само ја преработуваат и ја конзервираат рибата
- преработка на морски растенија
- отстранување на главите од риба, издлабување и сечење риба на парчиња, а потоа замрзнување

Оваа поткласа исклучува:
- преработка и конзервирање риба на бродови што се занимаваат со риболов, види 03.11
- преработка на китови на копно или на специјализирани бродови, види 10.11
- производство на масла и масти од риби и морски цицачи, види 10.41
- производство на полуготови јадења од риба, види 10.85
- производство на рибини супи, види 10.89

**10.3 Преработка и конзервирање овошје и зеленчук**

**10.31 Преработка и конзервирање компири**

**10.310 Преработка и конзервирање компири**

Оваа поткласа вклучува:
- преработка и конзервирање компири:
● производство на замрзнати полуготови јадења од компири
● производство на сушено пире од компири
● производство на помфрит и слични производи
● производство на чипс
● производство на брашно и прекрупа од компири
● лупење и сечење компири

**10.32 Производство на сокови од овошје и зеленчук**

**10.320 Производство на сокови од овошје и зеленчук**

Оваа поткласа вклучува:
- производство на сокови од овошје и зеленчук

Оваа поткласа, исто така, вклучува:
- производство на концентрати од свежо овошје и зеленчук

Оваа поткласа исклучува:
- производство на пијалаци од овошни нектари, види 11.07

**10.39 Друга преработка и конзервирање овошје и зеленчук**

**10.390 Друга преработка и конзервирање овошје и зеленчук**

Оваа поткласа вклучува:
- производство на производи (храна) претежно составени од овошје или зеленчук
- конзервирање овошје, јатчести плодови или зеленчук: замрзнување, сушење, сушење со инфрацрвено зрачење, ставање во масло или во оцет (солило), ставање во конзерви, конзервирање под висок притисок или висока температура итн.
- производство на производи од овошје или зеленчук
- производство на џем, мармалад и овошни желеа
- пржење јатчести плодови
- производство на производи (храна) и паста од јатчести плодови

Оваа поткласа, исто така, вклучува:
- производство на краткотрајни производи од овошје и зеленчук, како:
● салати; мешани салати, пакувани салати
● лупен и сечен зеленчук
● тофу (сирење од соја)

Оваа потткласа исклучува:
- производство на сокови од овошје и зеленчук, види 10.32
- производство на брашно или прекрупа од сушен мешункаст зеленчук, види 10.61
- конзервирање овошје и јатчести плодови во шеќер, види 10.82
- производство на јадења од зеленчук, види 10.85
- производство на вештачки концентрати, види 10.89

**10.4** **Производство на растителни и животински масла и масти**

Оваа група го вклучува производството на сурови и рафинирани масла и масти од растително или животинско потекло
Оваа група не вклучува преработка или рафинирање сало и животински масти од говеда, овци, кози, свињи и живина, за јадење, види 10.1

**10.41** **Производство на масла и масти**

**10.410** **Производство на масла и масти**

Оваа потткласа вклучува:
- производство на сурови и рафинирани растителни масла: маслиново масло, соино масло, палмино масло, сончогледово масло, масло од памучно семе, масло од репка или синап, ленено масло итн.
- производство на неодмастено брашно и прекрупа од маслодајно семе, маслени јатчести плодови или маслени семки
- преработка на растителните масла: дување, вриење (варење), дехидратација, хидрогенизација итн.
Оваа потткласа, исто така, вклучува:
- производство на животински масла и масти што не се за јадење
- добивање рибино масло и масло од морски цицачи
- производство на памучен линтер, погачи од маслодајни семиња и други остатоци во производството на масло
Оваа потткласа исклучува:
- топење и рафинирање свинска маст и други животински масти за јадење, види 10.11
- топење на масти за јадење од живина, види 10.12
- производство на маргарин, види 10.42
- влажно мелење пченка, види 10.62
- производство на пченкарно масло, види 10.62
- производство на етерични масла, види 20.59
- обработка на масла и масти низ хемиски процес, види 20.59

**10.42** **Производство на маргарин и слични масти за јадење**

**10.420** **Производство на маргарин и слични масти за јадење**

Оваа потткласа вклучува:
- производство на маргарин
- производство на мешавини и слични мазива
- производство на мешани масти за јадење

**10.5** **Производство на млечни производи и производи од мраз за јадење**

Оваа група исклучува:
- производство на замени за млеко од растително потекло, види 11.07

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потекласа | | НАЗИВ |
|---|---|---|
| 10.51 | | **Производство на млечни производи** |
| | 10.510 | **Производство на млечни производи** |

Оваа потекласа вклучува:
- производство на свежо млеко, пастеризирано, стерилизирано, хомогенизирано и/или третирано на многу висока температура
- производство на пијалаци базирани на млеко
- производство на млечни кремови (павлака) од свежо млеко, пастеризирано, стерилизирано, хомогенизирано
- производство на млеко во прав или концентрирано млеко, засладено или незасладено
- производство на млеко или млечен крем (павлака) во цврста состојба
- производство на путер
- производство на јогурт
- производство на сирење и урда
- рафинирање и зреење сирење
- производство на сурутка
- производство на казеин
- производство на млечни производи без лактоза

Оваа потекласа исто така вклучува:
- производство на кефир
- производство на лактоза и сируп од лактоза

Оваа потекласа исклучува:
- производство на сурово млеко (кравјо), види 01.41
- производство на сурово млеко (овчо, козјо, коњско, магарешко, од камили итн.), види 01.43, 01.44, 01.45
- производство на диететски пијалаци на база на млеко, види 10.86
- производство на адаптирано млеко за доенчиња, види 10.86
- производство на сурогати (замена) на сирење, види 10.89
- производство на овошен кефир и воден кефир, види 11.03
- производство на сурогати (замена) на млеко (на пр., растително млеко), види 11.07

| | | |
|---|---|---|
| 10.52 | | **Производство на сладолед и други производи од мраз за јадење** |
| | 10.520 | **Производство на сладолед и други производи од мраз за јадење** |

Оваа потекласа вклучува:
- производство на сладолед и други замрзнати производи за јадење како шербет

Оваа потекласа исклучува:
- производство на мраз од природна вода за ладење, види 35.30
- дејности на сладоледџиски дуќани, види 56.10

| | | |
|---|---|---|
| 10.6 | | **Производство на мелнички производи, скроб и производи од скроб** |

Оваа група ги вклучува мелењето брашно од жито или зеленчук, мелењето, чистењето и полирањето ориз, како што е производството на мешано брашно или тесто од овие производи.

Оваа група, исто така, ги вклучува и влажното мелење пченка и зеленчук и производството на скроб и производи од скроб. Оваа група го вклучува и производството на мелнички производи без глутен.

Оваа група исклучува:
- сушење жито, со надомест или врз договорна основа, види 01.63

| Сектор / Оддел / Група / Класа | Поткласа | НАЗИВ |
|---|---|---|
| 10.61 | | **Производство на мелнички производи** |
| | 10.610 | **Производство на мелнички производи** |

Оваа поткласа вклучува:
- мелење жита: производство на брашно, гриз, прекрупа или топчиња од пченица, 'рж, овес, пченка и други жита
- обработка на ориз: производство на бланширан, мелен, полиран, глазиран, делумно сварен или конвертиран; производство на брашно од ориз
- мелење зеленчук: производство на брашно од сушен мешункаст зеленчук, корен или трупка или од јатчести плодови за јадење
- производство на прехранбени производи од жита (житарки) за појадок
- производство на мешано брашно и тесто подготвено за леб, кекси, бисквити или палачинки

Оваа поткласа исклучува:
- подготовка на култури за примарни пазари, на пр., чистење, отсекување, оценување итн., види 01.63
- сушење жито, со надомест или врз договорна основа, види 01.63
- производство на брашно од компир, види 10.31
- влажно мелење пченка, види 10.62

| | | |
|---|---|---|
| 10.62 | | **Производство на скроб и производи од скроб** |
| | 10.620 | **Производство на скроб и производи од скроб** |

Оваа поткласа вклучува:
- производство на скроб од ориз, компири, пченка итн.
- влажно мелење пченка
- производство на гликоза, сируп од гликоза, малтоза, инулин итн.
- производство на глутен
- производство на тапиока (зрнесто скробно брашно) и замена за тапиока подготвена од скроб
- производство на пченкарно масло

Оваа поткласа исклучува:
- производство на лактоза (млечен шеќер), види 10.51
- производство на шеќер од трска или репка, види 10.81

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потклаца | НАЗИВ |
|---|---|

**Сектор**
**Оддел**
**Група**
**Класа**
**Потклаца** — **НАЗИВ**

**10.7** **Производство на пекарски производи и тестенини**

Оваа група вклучува производство на пекарски производи, макарони, резанки и слични производи.
Оваа група исто така вклучува:
- производство на безглутенски пекарски производи и тестенини

**10.71** **Производство на леб; производство на свежи печива и слатки**

**10.710** **Производство на леб; производство на свежи печива и слатки**

Оваа потклаца вклучува:
- производство на леб и печива:
  • леб и печива
  • слатки, торти, колачи, слатки пити, палачинки, вафли, печива итн.

Оваа потклаца исто така вклучува:
- производство на претходно печен леб

Оваа потклаца исклучува:
- производство на суви пекарски производи, види 10.72
- производство на тестенини (пасти), види 10.73
- малопродажба на леб и кифлички печени во производствените простории од претходно печени производи, види 47.24

**10.72** **Производство на двопек, бисквити, производство на трајни печива и слатки**

**10.720** **Производство на двопек, бисквити, производство на трајни печива и слатки**

Оваа потклаца вклучува:
- производство на двопек, бисквити и други суви пекарски производи
- производство на конзервирани слатки и печива
- производство на производи за грицкање (крекери, переци итн.), слатки или солени

Оваа потклаца исто така вклучува:
- производство на лебни трошки, добиени со мелење тост леб

Оваа потклаца исклучува:
- производство на производи за грицкање од компир (чипс, помфрит и сл. производи), види 10.31

**10.73** **Производство на тестенини**

**10.730** **Производство на тестенини**

Оваа потклаца вклучува:
- производство на тестенини како макарони и резанки, варени или неварени, полнети или неполнети
- производство на кускус

Оваа потклаца исклучува:
- производство на готови јадења од тестенини и/или кускус, види 10.85
- производство на супи што содржат тестенини, види 10.89

**10.8** **Производство на други прехранбени производи**

Оваа група вклучува производство на шеќер и кондиторски производи, готови јадења и оброци, кафе, чај и зачини

| Сектор / Оддел / Група / Класа | Потокласа | НАЗИВ |
|---|---|---|
| 10.81 | | **Производство на шеќер** |
| | 10.810 | **Производство на шеќер** |

Оваа потокласа вклучува:
- производство или рафинирање шеќер (сахароза) и супститути на шеќер што се добиваат од сок од трска, репа, јавор и палма
- производство на сирупи од шеќер
- производство на меласа
- производство на сируп и шеќер од јавор

Оваа потокласа исклучува:
- собирање јаворов сируп во природата, види 02.30
- производство на лактоза и лактозен сируп, види 10.51
- производство на гликоза, сируп од гликоза, малтоза, види 10.62

| | | |
|---|---|---|
| 10.82 | | **Производство на какао, чоколади и кондиторски производи** |
| | 10.820 | **Производство на какао, чоколади и кондиторски производи** |

Оваа потокласа вклучува:
- производство на какао, какао-путер, какао-маст, какао-масло
- производство на чоколади и чоколадни бонбони
- производство на кондиторски производи: карамели, кашу, нугати, фондан, бела чоколада
- производство на гуми за џвакање
- конзервирање овошје, јатчести плодови, кори од овошје и други делови од растенија во шеќер
- производство на фабрикувани слатки дражеи и пастили против кашлање
- производство на кондиторски производи без шеќер

Оваа потокласа исклучува:
- производство на сахароза, види 10.81

| | | |
|---|---|---|
| 10.83 | | **Преработка на чај и кафе** |
| | 10.830 | **Преработка на чај и кафе** |

Оваа потокласа вклучува:
- декофеинирање и пржење кафе
- производство на производи од кафе:
  - мелено кафе
  - инстант кафе (растворливо кафе)
  - екстракти и концентрати на кафе
- производство на замена за кафе
- мешавини на чај и мате
- производство на екстракти и преработки базирани на чај или мате

Оваа потокласа, исто така, вклучува:
- производство на лековити билки (нане, вербена, камилица итн.)
- производство на чај и кафе полнети во ќесички, влошки или капсули

Оваа потокласа исклучува:
- сушење, сортирање, чистење и сечење при преработка на лековити билки од трети лица, види 01.63
- производство на инулин, види 10.62
- производство на алкохолни пијалаци, пиво, вино и освежителни пијалаци, види оддел 11
- преработка на ботанички производи за фармацевтски цели, види 21.20

| Сектор / Оддел / Група / Класа | Потткласа | НАЗИВ |
|---|---|---|
| 10.84 | | **Производство на зачини и други додатоци** |
| | 10.840 | **Производство на зачини и други додатоци** |

Оваа потткласа вклучува:
- производство на зачини, сосови и други додатоци:
  - мајонез
  - прекрупа и брашно од синап
  - сенф итн.
- производство на оцет

Оваа потткласа, исто така, вклучува:
- преработка на сол со квалитет за користење во јадења, т.е. јодирана сол
- преработка на билки и зачини, вклучувајќи сушење, сортирање, чистење и сечење

Оваа потткласа исклучува:
- одгледување зачински растенија, види 01.28

| | | |
|---|---|---|
| 10.85 | | **Производство на готови јадења и оброци** |
| | 10.850 | **Производство на готови јадења и оброци** |

Оваа потткласа вклучува производство на готови (т.е. подготвени, зачинети и зготвени) јадења и оброци. Овие јадења се обработени за да се заштитат, во замрзната или конзервирана форма, и обично се спакувани и етикетирани за продажба, т.е. оваа потткласа исклучува подготовка на јадења за директна употреба, како што е во ресторантите. За да се смета како готово јадење (оброк), оваа храна треба да содржи најмалку две различни состојки (освен зачини итн.).

Оваа потткласа вклучува:
- производство на готова храна од месо и живина
- производство на готова храна од риба, вклучувајќи риба и чипс
- производство на јадења од тестенини и ориз
- производство на готова храна од зеленчук
- производство на  пица, замрзната или на конзервирана друг начин

Оваа потткласа исклучува:
- производство на свежа храна или храна со помалку од две различни состојки, види ја соодветната потткласа од одделот 10
- производство на лесно расиплива подготвена храна од овошје и зеленчук, види 10.39
- производство на краткотрајна конзервирана лесно расиплива готова храна, види 10.89
- трговија на големо со конзервирани готови јадења и оброци, види 46.38
- трговија на мало со конзервирани готови јадења и оброци во продавници, види 47.11, 47.27
- дејности на доставувачите на услуги за храна, види 56.2

| Сектор<br>Оддел<br>Група<br>Класа<br>Потткласа | НАЗИВ |
|---|---|

**10.86** **Производство на хомогенизирани прехранбени препарати и диететска храна**

**10.860** **Производство на хомогенизирани прехранбени препарати и диететска храна**

Оваа поткласа вклучува:
- производство на храна за посебни нутриционистички цели:
  - адаптирано млеко
  - дополнително млеко и друга дополнителна храна за доенчиња
  - храна за бебиња
  - нискокалорична храна за регулирање на телесната тежина
  - диететска храна за специјални медицински цели

Оваа поткласа исклучува:
- производство на млечни производи без лактоза, види 10.51
- производство на производи без глутен, види 10.6, 10.7
- производство на кондиторски производи без шеќер, види 10.82

**10.89** **Производство на други прехранбени производи, н.д.м.**

**10.890** **Производство на други прехранбени производи, н.д.м.**

Оваа поткласа вклучува производство на прехранбени производи што се јадат во рок од најмногу три дена по производството::
- производство на супи и чорби
- производство на подготвена леснорасиплива храна, како што се:
  - сендвичи
  - свежа (незготвена) пица
- производство на киш и крок месје

Оваа поткласа, исто така, вклучува:
- производство на квасец
- производство на екстракти и сосови од месо, риба, мекотели и ракови
- производство на замени за месо и сирење
- производство на производи од јајца, на пр., албумин од јајца
- производство на вештачки концентрати
- преработка на откупен природен мед
- производство на полупроизводи за сладолед и колачи
- производство на претходно варени инстант супи и инстант тестенини
- производство на вештачки мед и карамела
- производство на екстракти и сирупи од слад
- производство на брашно од инсекти и други препарати на база на инсекти

Оваа поткласа исклучува:
- производство на краткотрајни лесно расипливи производи од овошје и зеленчук, види 10.39
- производство на тофу, види 10.39
- производство на замрзната пица, види 10.85
- производство на алкохолни пијалаци, пиво, вино и безалкохолни пијалаци, види оддел 11
- производство на замени за млеко од растително потекло, на пр., пијалаци од кокос, ориз, бадеми, соја, види 11.07
- производство на витамини, види 21.10

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потткласа | НАЗИВ |
|---|---|
| Сектор | |
| Оддел | |
| Група | НАЗИВ |
| Класа | |
| Потткласа | |

**10.9** **Производство на готова храна за животни**

**10.91** **Производство на готова храна за домашни животни**

**10.910** **Производство на готова храна за домашни животни**

Оваа потткласа вклучува:
- производство на готова храна за домашни животни, вклучувајќи и концентрирана и дополнителна храна за животните
- подготвување неизмешана (посебна) храна за домашни животни

Оваа потткласа, исто така, вклучува:
- обработка на отпадот и остатоците од прехранбената индустрија за производство на храна за домашни животни

Оваа потткласа исклучува:
- производство на производи од месо, види 10.13
- производство на храна од риба за исхрана на животни, види 10.20
- производство на погача од маслодајни семиња, види 10.41
- дејности чиј резултат се производи што се користат како храна за домашни животни без специјална обработка, на пр., маслиново семе (види 10.41), остатоци од мелење жита (види 10.61) итн.

**10.92** **Производство на готова храна за домашни миленици**

**10.920** **Производство на готова храна за домашни миленици**

Оваа потткласа вклучува:
- производство на готова храна за домашни миленици, вклучувајќи кучиња, мачки, птици, риби итн.

Оваа потткласа, исто така, вклучува:
- обработка на кланички отпад за производство на храна за домашни животни

Оваа потткласа исклучува:
- производство на производи од месо, види 10.13
- производство на храна од риба за исхрана на животни, види 10.20
- производство на погача од маслодајни семиња, види 10.41
- дејности од кои се добиваат споредни производи употребливи како добиточна храна без специјална обработка, на пр., маслодајно семе (види 10.41), остатоци од мелење жита (види 10.61) итн.

**11** **Производство на пијалаци**

Овој оддел го вклучува производството на пијалаци, како што се безалкохолни пијалаци и минерални води, производство на алкохолни пијалаци, претежно со ферментација, пиво и вино и производство на дестилирани алкохолни пијалаци.

Овој оддел исклучува:
- производство на сокови од овошје и зеленчук, види 10.32
- производство на пијалаци базирани на млеко, види 10.51
- производство на производи од кафе, чај и мате, види 10.83

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Поткласа | НАЗИВ |
|---|---|
| 11.0 | **Производство на пијалаци** |
| 11.01 | **Дестилација, прочистување и мешање алкохолни пијалаци** |
| 11.010 | **Дестилација, прочистување и мешање алкохолни пијалаци** |

Оваа поткласа вклучува:
- производство на дестилирани алкохолни пијалаци соодветни за пиење: виски, бренди, џин, ликери итн.
- производство на мешани пијалаци со дестилирани алкохолни пијалаци
- мешање дестилирани алкохоли
- производство на неутрален алкохол

Оваа поткласа исклучува:
- производство на недестилирани алкохолни пијалаци, види 11.02 до 11.05
- производство на синтетички етил алкохол, види 20.14
- производство на етил алкохол од ферментирани материјали, види 20.14
- само полнење во шишиња и етикетирање, види 46.34 (ако се врши како дел од трговијата на големо) и 82.92 (ако се врши за надомест или врз основа на договор)

**11.02 Производство на вино од грозје**

**11.020 Производство на вино од грозје**

Оваа поткласа вклучува:
- производство на вино од свежо грозје
- производство на пенливо вино
- производство на збогатени вина
- производство на вино од концентрирана шира

Оваа поткласа, исто така, вклучува:
- мешање, чистење и пакување вино во шишиња
- производство на нискоалкохолни или безалкохолни вина

Оваа поткласа исклучува:
- производство на вино од суво грозје, види 11.03
- само полнење во шишиња и етикетирање, види 46.34 (ако се врши како дел од трговијата на големо) и 82.92 (ако се врши за надомест или врз основа на договор)

**11.03 Производство на јаболковина и други ферментирани овошни пијалаци**

**11.030 Производство на јаболковина и други ферментирани овошни пијалаци**

Оваа поткласа вклучува:
- производство на ферментирани, но недестилирани алкохолни пијалаци: медовина, саќе, јаболковина, вино од круши (пери) и останати вина од овошје
- производство на вино од суво грозје

Оваа поткласа, исто така, вклучува:
- производство на мешавини на ферментирани пијалаци и безалкохолни пијалаци н.д.м.
- производство на овошен кефир и воден кефир

Оваа поткласа исклучува:
- производство на вино од грозје, види 11.02
- само полнење во шишиња и етикетирање, поткласа 46.34 (ако се врши како дел од трговијата на големо) и 82.92 (ако се врши за надомест или врз основа на договор)

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потккласа | | НАЗИВ |
|---|---|---|
| 11.04 | | **Производство на други недестилирани ферментирани пијалаци** |
| | 11.040 | **Производство на други недестилирани ферментирани пијалаци** |

Оваа поткласа вклучува:
- производство на ароматизирано вино од свежо грозје, ароматизирано со ароматични материи, на пр., вермут

Оваа поткласа исклучува:
- само полнење во шишиња и етикетирање, поткласа 46.34 (ако се врши како дел од трговијата на големо) и 82.92 (ако се врши за надомест или врз основа на договор)

**11.05 Производство на пиво**

**11.050 Производство на пиво**

Оваа поткласа вклучува:
- производство на пијалаци со ферментација на слад, како што се пиво, ејл, портер, стаут

Оваа поткласа, исто така, вклучува:
- производство на нискоалкохолни или безалкохолни пива

**11.06 Производство на слад**

**11.060 Производство на слад**

Оваа поткласа вклучува:
- производство на слад од јачмен, пченица или други жита

Оваа поткласа исклучува:
- производство на екстракти и сирупи од слад, види 10.89

**11.07 Производство на освежителни/безалкохолни пијалаци и вода во шишиња**

**11.070 Производство на безалкохолни пијалаци и вода во шишиња**

Оваа поткласа вклучува производство на безалкохолни пијалаци (освен безалкохолно пиво и вино):
- производство на природна минерална вода и друга вода во шишиња
- производство на освежителни пијалаци:
  • безалкохолни ароматизирани и/или засладени пијалаци: лимонада, оранжада, кола, овошни пијалаци, тоник итн.
- производство на други безалкохолни пијалаци

Оваа поткласа, исто така, вклучува:
- производство на пијалаци од овошни нектари
- производство на замени за млеко од растително потекло, на пр., пијалаци од кокос, ориз, бадеми, соја

Оваа поткласа исклучува:
- производство на сокови од овошје и зеленчук, види 10.32
- производство на концентрати од свежо овошје и зеленчук, види 10.32
- производство на пијалаци базирани на млеко, види 10.51
- производство на производи од кафе, чај и мате, види 10.83
- производство на алкохолни пијалаци, види 11.01 до 11.05
- производство на безалкохолно вино, види 11.02
- производство на безалкохолно пиво, види 11.05
- само полнење во шишиња и етикетирање, види 46.34 (ако се врши како дел од трговијата на големо) и 82.92 (ако се врши за надомест или врз основа на договор)

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потокласа | НАЗИВ |
|---|---|

**12** **Производство на тутунски производи**

Овој оддел ја вклучува преработката на тутун како земјоделски производ, во форма достапна за финална потрошувачка.

**12.0** **Производство на тутунски производи**

**12.00** **Производство на тутунски производи**

**12.000** **Производство на тутунски производи**

Оваа потокласа вклучува:
- производство на производи од тутун и негови сурогати: цигари, тутун за цигари, пури, тутун за луле, тутун за џвакање, бурмут
- производство на хомогенизиран или реконституиран тутун

Оваа потокласа, исто така, вклучува:
- оджилување и термичка обработка на тутунот

Оваа потокласа исклучува:
- одгледување или претходна обработка на тутун, види 01.15, 01.63
- производство на течности за електронски цигари, вклучувајќи затворени полнења, види 20.59
- производство на електронски цигари (вејп), види 32.99

**13** **Производство на текстил**

Овој оддел вклучува подготовка и предење текстилни влакна како што се ткаење текстил, довршување текстилни ткаенини и друга облека, производство на готови текстилни предмети, освен облека (на пр., постелнина, чаршафи за маса, крпи, пешкири, ќебиња, килими, плетен текстил итн.).

Овој оддел исклучува:
- одгледување природни влакна, види оддел 01
- производство на облека, види оддел 14
- производство на синтетички и вештачки влакна, види 20.60

**13.1** **Подготовка и предење текстилни влакна**

**13.10** **Подготовка и предење текстилни влакна**

**13.100** **Подготовка и предење текстилни влакна**

Оваа потокласа ги вклучува подготвителните операции на предење текстилни влакна. Тоа може да биде направено со различни материјали, без разлика дали се нови или рециклирани текстилни материјали, како што се свила, памук, волна, растителни или вештачки влакна и хартиени влакна врз база на целулоза (од дрво или слама).

Оваа потокласа вклучува:
- подготвителни операции на текстилни влакна:
  • намотување и перење свила
  • одмастување и карбонизација на волната, како и боење на руното
  • кардирање и чешлање на сите видови влакна без разлика дали се од животинско, растително или од вештачко потекло
- предење и производство на предиво и конец за ткаење или шиење, за продажба или за понатамошна обработка:
  • чукање лен
  • текстурирање, намотување, свиткување, врзување и перење (натопување) предиво од синтетички или вештачки влакна
- предење рециклирани влакна од секундарна суровина

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потклаcа | НАЗИВ |
|---|---|
| | Оваа поткласа, исто така, вклучува:<br> - производство на предиво од хартија<br>Оваа поткласа исклучува:<br> - подготвителни операции извршени во комбинација со земјоделството, види оддел 01<br> - натопување во вода на растенија што се одгледуваат за растителни текстилни влакна (јута, лен, влакно од кокосов орев итн.), види 01.16<br> - пречистување памук, види 01.63<br> - производство на синтетички или вештачки влакна, производство на едножичени предива (вклучувајќи и предива со голема јачина и предива за теписи) од синтетички или вештачки влакна, види 20.60<br> - производство на стаклени влакна, види 23.14<br> - преработка на текстилен отпад во секундарни суровини, види 38.21 |
| **13.2** | **Ткаење текстил** |
| **13.20** | **Ткаење текстил** |
| **13.200** | **Ткаење текстил** |
| | Оваа поткласа вклучува ткаење текстил. Тоа може да се прави од различни материјали, без разлика дали се нови или рециклирани текстилни материјали, како што се свила, памук, волна, растителни или вештачки влакна или хартија, обновени текстилни отпадни материјали.<br><br>Оваа поткласа вклучува:<br> - производство на широки ткаенини од памучен, волнен тип, волнена или свилена ткаенина, вклучувајќи мешавина, како и од вештачки или синтетички предива (полипропилен итн.)<br> - производство на други широки ткаенини со користење лен, коноп, јута, лико влакна и специјални предива<br>- изработка на широки ткаенини, од секундарни суровини<br>Оваа поткласа, исто така, вклучува:<br> - производство на ткаено букле, жанил ткаенини, фротир, газа итн.<br> - производство на ткаенини од арамиден конец<br> - производство на имитација на крзно со ткаење<br>Оваа поткласа исклучува:<br> - производство на плетени и хеклани ткаенини, види 13.91<br> - производство на подни покривки од текстил, види 13.93<br> - производство на неткаени ткаенини, види 13.95<br> - производство на тесни ткаенини, види 13.96<br> - производство на церади, шатори, производи за кампување од текстилни материјали, едра за сурфање на ветер и бродови, ролетни за сонце, покривки за автомобили, машини или мебел, падобрани, види 13.96<br> - производство на ткаенини од стаклени влакна, види 13.96<br> - производство на неткаена ткаенина и филц, види 13.99<br> - производство на јаглеродни влакна и производи од јаглеродни влакна, за неелектрични цели, види 23.99 |

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потткласа | НАЗИВ |
| --- | --- |
| 13.3 | **Довршување текстил** |
| 13.30 | **Довршување текстил** |
| 13.300 | **Довршување текстил** |

Оваа потткласа вклучува довршување текстил и облека, т.е. белење, боење, доработка и слични дејности.

Оваа потткласа вклучува:
- белење и боење текстилни ткаенини, предива и текстилни артикли, вклучувајќи и облека
- доработка, сушење, парење, собирање, крпење и мерцеризирање текстилни ткаенини и текстилни артикли, вклучувајќи и облека

Оваа потткласа, исто така, вклучува:
- белење џинс
- правење набори и слични работи на текстилот
- хидроизолација, боење, гумирање или импрегнирање купена облека
- печатење на текстилни ткаенини како среден процес во производството на текстил

Оваа потткласа исклучува:
- печатење, вклучително и сито печатење со свила, на текстил и облека, а не како меѓуфазен процес во производството на текстил, види 18.12
- ласерско гравирање на текстил, види 18.12
- производство на текстилни ткаенини, импрегнирани, пресвлечени, прекриени или ламинирани со гума, при што составен дел е главно гумата, види 22.19

| | |
| --- | --- |
| 13.9 | **Производство на останат (друг) текстил** |

Оваа група вклучува производство на производи од текстил, освен облека, како што се готови текстилни предмети, теписи и подни прекривки, коноп, тесни ткаенини, текстилни предмети итн.

| | |
| --- | --- |
| 13.91 | **Производство на плетени и хеклани ткаенини** |
| 13.910 | **Производство на плетени и хеклани ткаенини** |

Оваа потткласа вклучува:
- производство и преработка на плетени и хеклани ткаенини:
  - букле и фротир ткаенини
  - мрежести ткаенини и завеси, плетени на рахел или слични машини
  - други плетени или хеклани ткаенини

Оваа потткласа, исто така, вклучува:
- производство на имитација на крзно со плетење

Оваа потткласа исклучува:
- производство на мрежести ткаенини и завеси од чипка, плетени на рахел или слични машини, види 13.99
- производство на плетена и хеклана облека, види 14.10

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потклаcа | НАЗИВ |
|---|---|

**13.92** **Производство на текстилни производи за домаќинство и готови производи за домаќинство**

**13.920** **Производство на текстилни производи за домаќинство и готови производи за домаќинство**

Оваа потклаcа вклучува:
- производство на готови производи од кој било текстилен материјал, вклучувајќи и плетени или хеклани ткаенини:
  - ќебиња, вклучувајќи и ќебиња за патување
  - постелнина, прекривки, тоалетни и кујнски крпи
  - јоргани, перници, перничиња, перничиња за седење, вреќи за спиење итн.
- производство на готови производи за опремување:
  - завеси, прекривки за корнизи, креветски прекривки
  - знамиња, бајраци, стегови итн.
  - крпи за прашина, крпи за садови и слични производи

Оваа потклаcа, исто така, вклучува:
- производство на текстилниот дел од електричните ќебиња
- производство на рачно ткаени таписерии

Оваа потклаcа исклучува:
- производство на текстилни производи за техничка употреба, види 13.96
- производство на ролетни и ролетни за сонце, види 13.96
- производство на пелени и облоги за пелени за бебиња, менструални гаќички и слични производи од текстилни материјали, види 17.22

**13.93** **Производство на теписи и килими**

**13.930** **Производство на теписи и килими**

Оваа потклаcа вклучува:
- производство на текстилни подни прекривки:
  - теписи, черги и асури, прекривки

Оваа потклаcа, исто така, вклучува:
- производство на филцувани прекривки за под изработени со игла
- производство на вештачка трева (синтетичка трева)

Оваа потклаcа исклучува:
- производство на асури и прекривки од плетачки материјал, види 16.28
- производство на подни прекривки од плута, види 16.28
- производство на еластични подни прекривки, како што се винил, линолеум, види 22.24

**13.94** **Производство на јажиња, конопи, плетенки и мрежи**

**13.940** **Производство на јажиња, конопи, плетенки и мрежи**

Оваа потклаcа вклучува:
- производство на плетенки, јажиња, конопи и кабли од текстилни влакна или ленти или сличен материјал, без оглед дали се или не се импрегнирани, пресвлечени, прекриени или обложени со гума или пластика
- производство на јазлести мрежи од плетенки, јажиња или конопи
- производство на производи од коноп или мрежа: рибарски мрежи, одбојници за бродови, перници за истовар, јажиња за товарење, јажиња и кабли со метални прстени итн.

Оваа потклаcа исклучува:
- производство на мрежи за коса, види 14.29
- производство на жичен коноп (јаже), види 25.93
- производство на мрежи за спортски риболов, види 32.30

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потквласа | | НАЗИВ |
|---|---|---|
| 13.95 | | **Производство на неткаен текстил и неткаени производи** |
| | 13.950 | **Производство на неткаен текстил и неткаени производи** |

Оваа потквласа ги вклучува дејностите во врска со производството на неткаен материјал, без разлика дали е импрегниран или не, обложен, покриен или ламиниран со пластика или гума. Исто така го вклучува и производство на неткаен материјал во кој пластиката или гумата ја формираат супстанцијата за поврзување.

Оваа потквласа, исто така, вклучува:

- производство на неткаени листови што се користат за производство на облоги за нега на рани
- производство на неткаен материјал што се користи за производство на бебешки шамивчиња

Оваа потквласа исклучува:

- производство на производи од неткаен материјал, на пр.:
  - постелнина, покривки за маса, текстил за тоалет и кујна, од неткаен материјал, види 13.92
  - завеси од неткаен материјал, види 13.92
  - крпи за под, крпи за садови, бришачи и слични ткаенини за чистење, од неткаен материјал, види 13.92
  - облека составена од неткаен материјал, види 14.29
  - производство на пелени и облоги за пелени за бебиња, менструални гаќички, види 17.22
  - производство на текстилни тапети, види 17.24
  - завеси за еднократна употреба што се користат за време на хируршки процедури, составени од неткаен материјал, види 32.50
  - производство на индивидуални заштитни маски, на пр. FFP2, FFP3, хируршки маски, види 32.50

| Сектор / Оддел / Група / Класа | Потткласа | НАЗИВ |
|---|---|---|
| 13.96 | | **Производство на друг технички и индустриски текстил** |
| | 13.960 | **Производство на друг технички и индустриски текстил** |

Оваа потткласа вклучува:
- производство на тесни ткаенини, вклучувајќи ги и оние без потка, составени со лепило (адхезив)
- производство на етикети (налепници) и беџови
- производство на декоративни украси: плетенки, реси, волнени украсни пуфки (прикачени на облека) итн.
- производство на импрегнирани ткаенини, пресвлечени, прекриени или ламинирани со пластика
- производство на метализирано предиво и обвиткано предиво, гумен конец и корд прекриен со текстилен материјал, текстилно предиво или лента, прекриено, импрегнирано, пресвлечено или обложено со гума или пластика
- производство на корд ткаенина за автогуми од вештачко предиво со голема цврстина
- производство на разновидни текстилни производи, на пр. текстилни фитили, огноотпорни наметки за плин и цврст гас
- производство на текстил за обложување, црева, преносни или подвижни ленти или појаси (без разлика дали се зацврстени или не со метал или друг материјал), мрежи за филтрирање, мрежи за цедење
- производство на текстилни производи за опремување автомобили
- изработка на сликарски платна и ткаенина за обележување
- производство на церади, шатори, пневматски душеци од текстилни материјали, едра, падобрани, текстил за ролетни и ролетни за сонце, покривки за автомобили, машини или мебел

Оваа потткласа, исто така, вклучува:
- производство на ткаенини од стаклени влакна

Оваа потткласа исклучува:
- производство на пелени и облоги за пелени за бебиња и слични производи од текстилни материјали, види 17.22
- производство на медицински текстил импрегниран или покриен со фармацевтски супстанции, на пр. газа, завои, види 21.20
- производство на преносни или подвижни ленти или појаси, предиво или јаже, импрегнирани, пресвлечени, прекриени или ламинирани со гума, при што гумата е главен составен дел, види 22.12
- производство на пневматски душеци од вулканизирана гума, види 22.12
- производство на плочи и фолии од целуларна гума или пластика комбинирана со текстил само заради зајакнување, види 22.12, 22.21
- производство на ткаенини од плетена метална жица, види 25.93
- производство на хируршки завеси за еднократна употреба што се користат за време на хируршки процедури направени од неткаен материјал, види 32.50

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потключа | | | | | НАЗИВ |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | 13.99 | | **Производство на друг текстил, н.д.м.** |
| | | | | 13.990 | **Производство на друг текстил, н.д.м.** |

Оваа потпласа включува:
- производство на филц
- производство на тул и други мрежести ткаенини, парчиња, ленти, тантела и вез со мотиви
- производство на ленти од ткаенина со пресија (превиткување)
- производство на врвки за чевли од текстил
- изработка на мрежи и завеси од тантела

Оваа потпласа исклучува:
- производство на филцувани прекривки за под изработени со игла, види 13.93
- производство на текстилна вата и производи од вата: санитарни крпи, тампони итн., види 17.22

**14 Производство на облека**

Овој оддел го вклучува шиењето (конфекциско или по мерка) од сите материјали (на пример, кожа, ткаенина, плетена или хеклана ткаенина итн.) на сите видови облека (на пример, горна и долна облека за мажи, жени или деца; работна облека, облека за излегување или секојдневна облека итн.) и прибори за облека. Не се прави разлика помеѓу облека за возрасни и облека за деца.

Овој оддел, исто така, вклучува:
- производство на артикли од облека, додатоци за облека и други производи од кожа од крзно

Овој оддел исклучува:
- поправка на облека, види 95.29

**14.1 Производство на плетена и хеклана облека**

**14.10 Производство на плетена и хеклана облека**

**14.100 Производство на плетена и хеклана облека**

Оваа потпласа вклучува:
- производство на трикотажа, вклучувајќи чорапи и хулахопки
- производство на плетена или хеклана облека за носење, на пр., пуловери, кардигани, џемпери, кошули, маици, блузи, елеци, ноќна облека, долна облека, вклучително и облека за бебиња
- изработка на плетена и хеклана спортска облека и костими за капење

Оваа потпласа, исто така, вклучува:
- изработка на медицински чорапи и хулахопки
- изработка на обувки без нанесени ѓонови, плетени или хеклани

Оваа потпласа исклучува:
- производство на плетени и хеклани ткаенини, види 13.91
- производство на плетени и хеклани градници и корсети, види 14.22

**14.2 Производство на друга облека и додатоци**

Оваа група вклучува производство на облека, освен плетена или хеклана. Употребениот материјал може да биде од секаков вид и може да биде обложен, импрегниран или гумен.

Оваа група исклучува:
- поправка на облека, види 95.29

| Сектор / Оддел / Група / Класа | Потткласа | НАЗИВ |
|---|---|---|
| 14.21 | | **Производство на горна облека** |
| | 14.210 | **Производство на горна облека** |
| | | Оваа потткласа вклучува:<br>- производство на горна облека, освен плетена или хеклана, на пр., пуловери, кардигани, џемпери, палта, костуми, јакни, панталони, здолништа, кошули, маици, блузи, горна облека за бебиња<br>Оваа потткласа, исто така, вклучува:<br>- невестински фустани и друга облека за свечености<br>- кроење по мерка<br>Оваа потткласа исклучува:<br>- производство на плетена или хеклана облека за носење, на пр., пуловери, кардигани, џемпери, кошули, маици, блузи, елеци, ноќна облека, долна облека, вклучително и облека за бебиња<br>- униформи и слична службена облека, види 14.23<br>- производство на облека од гума или пластика, види 22.12, 22.26 |
| 14.22 | | **Производство на долна облека** |
| | 14.220 | **Производство на долна облека** |
| | | Оваа потткласа вклучува:<br>- производство на ткаена долна облека и ноќна облека, освен плетена или хеклана, на пр., долги гаќи, гаќички, пижами, ноќници, фустани, комбинеа, костими за капење, долна облека за бебиња<br>Оваа потткласа, исто така, вклучува:<br>- изработка на градници и корсети од сите видови текстилни материјали |
| 14.23 | | **Производство на работна облека** |
| | 14.230 | **Производство на работна облека** |
| | | Оваа потткласа, исто така, вклучува:<br>- производство на униформи и слична службена облека, на пр., судиски наметки, свештенички одежди<br>Оваа потткласа исклучува:<br>- производство на обувки, види 15.20<br>- производство на противпожарна облека, види 32.99 |

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потклаcа | | НАЗИВ |
|---|---|---|
| 14.24 | | **Производство на кожна облека и производи од крзно** |
| | 14.240 | **Производство на кожена облека и производи од крзно** |

Оваа потклаcа вклучува:
- производство на облека за носење, вклучително и работна облека, изработена од кожа или композитна кожа, на пр., палта, капути, јакни, панталони, престилки
- производство на производи од кожи од крзно:
  - облека за носење од крзно и додатоци за облека
  - составени крзна како што се парченца, плочи и ленти
  - разновидни производи од кожи од крзно: килими, табуретки, индустриски платна за полирање

Оваа потклаcа исклучува:
- производство на сурово крзно, види 01.48, 01.70
- производство на сурови кожи, види 10.11
- производство на имитација на крзно (материјал со долги влакна добиен со ткаење или плетење), види 13.20, 13.91
- производство на горна облека од синтетичка кожа, види 14.21
- производство на облека украсена со крзно, види 14.21
- производство на работна облека што не е изработена од кожа или композитна кожа, види 14.23
- производство на капи од крзно, види 14.29
- доработка и боење крзно, види 15.11
- производство на чизми и чевли што содржат крзнени делови, види 15.20
- производство на специјално дизајнирани ракавици од кожа или составена кожа за употреба во спортот, види 32.30

| | | |
|---|---|---|
| 14.29 | | **Производство на друга облека и додатоци, н.д.м.** |
| | 14.290 | **Производство на друга облека и додатоци, н.д.м.** |

Оваа потклаcа вклучува:
- производство на спортска облека од широки ткаенини, на пр., тренерки, скијачки одела, друга техничка спортска облека
- производство на шапки и капи
- производство на друг прибор за облекување: ракавици, појаси, шалови, машни, вратоврски, мрежи за коса итн.

Оваа потклаcа, исто така, вклучува:
- производство на обувки од текстил без ѓон, освен плетени или хеклани

Оваа потклаcа исклучува:
- производство на плетени или хеклани обувки без ѓон, види 14.10
- производство на плетени и хеклани костими за капење, види 14.10
- производство на костими за капење, види 14.22
- производство на додатоци за облека од крзно, види 14.24
- производство на пластични штитници за глава, освен заштитна опрема за глава, види 22.26
- производство на заштитна опрема за глава, види 32.99

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потткласа | НАЗИВ |
|---|---|

| Код | НАЗИВ |
|---|---|
| 15 | **Производство на кожа и слични производи од други материјали** |

Овој оддел вклучува доработка и боење крзно, како и преработка на крзно и кожа со штавење или сушење и преработка на кожа во производи за финална потрошувачка.

Овој оддел, исто така, вклучува производство на слични производи од други материјали (имитација на кожа или замена за кожа (сурогат), како обувки од гума, куфери од текстилна ткаенина итн. Производите направени од замена (сурогат) за кожа се вклучени во овој оддел бидејќи тие се направени на сличен начин како и производите од кожа (на пр., куфери) и често се произведени во иста единица.

**15.1 Штавење, боење, доработка на кожа и крзно; производство на патни и рачни торби, седларски и сарачки производи**

Оваа група вклучува производство на кожа и крзно и нивни производи.

**15.11 Штавење, доработка, боење кожа и крзно**

**15.110 Штавење, доработка, боење кожа и крзно**

Оваа поткласа вклучува:
- штавење, боење и доработка на кожа
- производство на антилопски обработена, пергаментно обработена, лакирана или метализирана кожа
- производство на композитна кожа
- стружење, четкање (чистење), штавење, белење, потскратување (стрижење) и влачење (чешлање) и боење на кожа со крзно и сурова кожа со влакна

Оваа поткласа исклучува:
- производство на сурова кожа како дел од одгледувањето животни, види 01.4
- производство на кожи како дел од кланиците, види 10.11
- производство на кожена облека, види 14.24
- производство на имитација на кожа што не се базира на природна кожа, види 22.12, 22.26

**15.12 Производство на патни и рачни торби, седларски и сарачки производи од секаков материјал**

**15.120 Производство на патни и рачни торби, седларски и сарачки производи од секаков материјал**

Оваа поткласа вклучува:
- производство на куфери, рачни торби и слично, од кожа, составена кожа или од кој било друг материјал, при што е применета иста технологија како за кожа
- производство на седла и сарачки производи
- производство на неметални каивчиња за рачни часовници (од ткаенина, кожени, пластични)
- производство на разни производи од кожа или парчиња од составена кожа: појаси за возење, прибор за пакување итн.
- производство на кожени врвки за чевли
- производство на камшици за коњи и камшици за јавање

Оваа поткласа, исто така, вклучува:
- изработка на кожена облека за животни

Оваа потткласа исклучува:
- производство на кожена облека, види 14.24
- производство на кожени ракавици и капи, види 14.29
- производство на обувки, види 15.20
- производство на седла за велосипеди, види 30.92
- производство на каивчиња за рачни часовници од скапоцени метали, види 32.12
- производство на каивчиња за рачни часовници од нескапоцени метали, види 32.13
- сериско производство на безбедносни појаси и други појаси за професионална употреба, види 32.99

**15.2 Производство на обувки**

**15.20 Производство на обувки**

**15.200 Производство на обувки**

Оваа потткласа вклучува:
- производство на обувки за сите намени, од сите видови материјали и по сите постапки, вклучувајќи и лиење во калапи
- производство на делови од кожа за обувки: горни и долни делови, надворешни и внатрешни ѓонови, потпетици итн.
- производство на гамаши, каубојски панталони и слични производи

Оваа потткласа, исто така, вклучува:
- изработка на гумени, дрвени или пластични делови од обувки

Оваа потткласа исклучува:
- производство на плетени или хеклани обувки без ѓон, види 14.10
- производство на обувки од текстил без ѓон, освен плетени или хеклани, види 14.29
- производство на чевли за скијање, види 32.30
- производство на ортопедски чевли, види 32.50

**16 Преработка на дрво и производство на производи од дрво и плута, освен мебел; производство на предмети од слама и плетачки материјал**

Овој оддел вклучува производство на производи од дрво, како што се градежно дрво, шпер-плочи, фурнири, дрвена амбалажа, граѓа за подови, дрвени снопови и монтажни куќи од дрво, производство на цврсти горива од растителна биомаса, доработка на дрвени производи. Производствениот процес вклучува пилење, обликување, ламинирање и монтажа на дрвените производи почнувајќи од трупци што се сечат во цепеници,кои може да се сечат понатаму или да бидат обликувани со струг или други алатки за обликување. Дрвениот материјал или другите трансформирани дрвени облици може, исто така, дополнително да бидат рамнети и вградени во финалните производи како што е дрвената амбалажа.

Со исклучок на пилењето, овој оддел е поделен на пододдели кои, главно, се базираат на специфичните производи што се преработуваат.
Овој оддел го исклучува производството на мебел (види 31.00) и вградувањето на столарија (дограма) и сл., види 43.32, 43.33. 43.35.

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потакласа | | | НАЗИВ |
|---|---|---|---|
| 16.1 | | | **Пилење и стружење дрво; обработка и доработка на дрво** |
| | 16.11 | | **Пилење и стружење дрво** |
| | | 16.110 | **Пилење и стружење дрво** |

Оваа потакласа вклучува:
- пилење, рамнење и машинска обработка на дрво
- сечење (на парчиња), лупење и стружење трупци
- производство на дрвени железнички прагови
- производство на несоставена дрвена граѓа за подови
- производство на дрвена волна, дрвено брашно, деланки, ленти

Оваа потакласа исклучува:
- сечење на дрвото на трупци и производство на грубо обработено дрво, види 02.20
- сушење дрво, види 16.12
- производство на тенки фурнир листови за употреба кај шпер-плочи, табли и панели, види 16.21
- производство на паркетни плочи и други составени подни плочи од дрво или бамбус, види 16.22
- производство на шиндра, профилирани ленти и калапи, види 16.23
- производство на трупци за огрев и пресувано дрво, види 16.26

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 16.12 | | **Обработка и доработка на дрво** |
| | | 16.120 | **Обработка и доработка на дрво** |

Оваа потакласа вклучува општи активности за преработка и доработка на дрво, кои вообичаено се вршат врз основа на хонорар или договор:
- активности што најчесто се вршат врз основа на хонорар или договор:
  • дупчење, вртење, глодање, брусење, израмнување, стружење, полирање, спојување дрво итн.
- сушење дрво
- импрегнација или хемиска обработка на дрво
- обработка на грубо дрво со боја, дамки или други конзерванси
- други активности на преработка и доработка на дрво

Оваа потакласа исклучува:
- производство на несоставени дрвени подни плочи, види 16.11
- обложување, импрегнација или хемиска обработка на дрвени производи, види 16.27
- услуги за дезинфекција, дезинсекција и дератизација во згради итн., види 81.23
- обложување, доработка и поправка на мебел, види 95.24

| | | | |
|---|---|---|---|
| 16.2 | | | **Производство на производи од дрво, плута, слама и плетачки материјал** |

Оваа група вклучува производство на производи од дрво, плута, слама или плетачки материјал, вклучувајќи основни облици, како и составени производи.

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 16.21 | | **Производство на фурнир и други плочи од дрво** |
| | | 16.210 | **Производство на фурнир и други плочи од дрво** |

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потккласа | | НАЗИВ |
|---|---|---|

Оваа потккласа вклучува:
- производство на тенки фурнир листови за употреба како фурнири за правење шпер-плочи, плочи и панели и за други намени:
  • израмнување, боење, пресвлекување, импрегнирање, зацврстување (со хартија или текстилна поткрепа од ткаенина)
  • правење облици (форми) со мотиви
- производство на шпер-плочи, фурнирани панел-плочи и слични ламинирани дрвени табли и листови
- производство на т.н. ориентирани иверки, како и други видови иверки и плочи-влакнатици
- производство на средно густи плочи-влакнатици и други плочи-влакнатици
- производство на збиени (густи) дрва
- производство на залепени (прицврстени) ламинирани дрва и ламиниран фурнир

Оваа потккласа, исто така, вклучува:
- производство на изолациони плочи-влакнатици од дрво или други дрвени материјали, без разлика дали се врзани со смоли или со други органски материи.

**16.22 Производство на составени паркетни плочи**

**16.220 Производство на составени паркетни плочи**

Оваа потккласа вклучува:
- производство на дрвени паркетни блокови, ленти итн., споени во панели

Оваа потккласа исклучува:
- производство на неспоени дрвени подни плочи, види 16.11

**16.23 Производство на друга градежна столарија и елементи**

**16.230 Производство на друга градежна столарија и елементи**

Оваа потккласа вклучува:
- производство на производи од дрво наменети првенствено за употреба во градежништвото:
  • греди, коси греди за покриви, покривни потпорни греди
  • залепени (прицврстени), ламинирани и метално поврзани, како монтажни дрвени покривни потпирачи (главни греди)
  • скали, огради
  • дрвени декоративни елементи, интарзија, шиндра
- производство на монтажни згради и нивни елементи претежно од дрво, на пр., сауна
- производство на мобилни домови и приколки за живеење
- производство на дрвени прегради (освен самостоечки)

Оваа потккласа, исто така, вклучува:
- изработка на дрвени штандови

Оваа потккласа исклучува:
- врати, прозорци, ролетни и нивните рамки, види 16.25
- изработка на дрвени прегради, слободно стоечки, види 31.00
- производство на гардеробери, види 31.00
- инсталација на врати, прозорци и скали, види 43.32
- монтажа на кујни, гардеробери, опрема за продавници итн., види 43.32
- подигнување покривни рамки, види 43.41

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потклаcа | | НАЗИВ |
|---|---|---|
| 16.24 | | **Производство на дрвена амбалажа** |
| | 16.240 | **Производство на дрвена амбалажа** |

Оваа потклаcа вклучува:
- производство на сандаци за пакување, кутии, гајби, барабани и слична амбалажа од дрво
- производство на палети, палети во вид на сандаци и други товарни табли од дрво
- производство на буриња, бочви, каци и други бочварски производи од дрво
- производство на барабани (калеми) за кабли од дрво

Оваа потклаcа исклучува:
- производство на куфери, види 15.12
- производство на сандаци од плетачки материјал, види 16.28

| | | |
|---|---|---|
| 16.25 | | **Производство на дрвени врати и прозори** |
| | 16.250 | **Производство на дрвени врати и прозорци** |

Оваа потклаcа вклучува:
- изработка на врати и нивни рамки и прагови од дрво
- изработка на прозорци, ролетни и француски прозорци и нивни рамки, од дрво
- изработка на врати и прозорци од повеќе материјали со рамка од дрво

| | | |
|---|---|---|
| 16.26 | | **Производство на цврсти горива од растителна биомаса** |
| | 16.260 | **Производство на цврсти горива од растителна биомаса** |

Оваа потклаcа вклучува:
- производство на брикети, трупци и пелети од агломерирана пилевина, дрвен отпад и отпадоци, слама или друга растителна биомаса

Оваа потклаcа исклучува:
- производство на добиточна храна од отпад од соја, види 10.9
- сечење, лупење или цепење трупци, види 16.11
- производство на брикети од тресет, види 19.20

| | | |
|---|---|---|
| 16.27 | | **Доработка на производи од дрво** |
| | 16.270 | **Доработка на производи од дрво** |

Оваа потклаcа вклучува:
- процес на рафинирање или заштита на дрвени површини, на пр., премачкување, импрегнирање, доработка, полирање, флексирање, подмачкување, премачкување со восок, белење, боење, бојадисување или лакирање дрвени производи

Оваа потклаcа исклучува:
- обложување, доработка и поправка на мебел, види 95.24

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потткласа | | НАЗИВ |
|---|---|---|
| 16.28 | | **Производство на останати производи од дрво и плута, слама и плетачки материјал** |
| | 16.280 | **Производство на останати производи од дрво и плута, слама и плетачки материјал** |

Оваа потткласа вклучува:
- производство на разновидни производи од дрво:
  - дрвени дршки и куќишта за алат, метли, четки
  - дрвени калапи за чизми и чевли, закачалки за облека
  - предмети за домаќинство и кујнски прибор од дрво
  - дрвени статуи и украси, дрвена интарзија и инкрустрирано дрво
  - дрвени ковчежиња и кутии за накит, прибори за јадење и слични производи
  - дрвени калапи, капачиња, бобини (вретена), калеми за конец и слични производи од свиткано дрво
  - останати производи од дрво
- изработка на дрвени рамки за сликарски платна
- преработка на природна плута, произведена од агломерирана плута
- производство на плута за шишиња
- производство на артикли од природна и агломерирана плута, вклучувајќи подни прекривки
- производство на плетени работи и производи од плетачки материјали: подлошки, простирки, завеси итн.
- производство на кошничарски производи и плетарска стока
- изработка на дрвени рамки за огледала и слики
- производство на рачки за чадори, стапови и сл.
- производство на калапи за изработка на лулиња за пушење

Оваа потткласа исклучува:
- производство на подлошки и простирки од текстилен материјал, види 13.93
- производство на куфери, види 15.12
- производство на дрвени обувки или дрвени делови од обувки, види 15.20
- производство на кибрити, види 20.59
- производство на кутии за часовници, види 26.52
- производство на дрвени калеми и вретена што се дел од машините за текстил, види 28.94
- производство на мебел, види 31.00
- производство на играчки од дрво, види 32.40
- производство на четки и метли, види 32.91
- производство на мртовечки сандаци, види 32.99
- производство на појаси за спасување, види 32.99

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потклаcа | | | | НАЗИВ |
|---|---|---|---|---|
| 17 | | | | **Производство на хартија и производи од хартија** |

Овој оддел го вклучува производството на целулоза, хартија или трансформирани производи од хартија и производство на рециклирани производи од дрво, хартија, картон и брановиден картон.

Производството на овие производи е групирано бидејќи тие составуваат низа од вертикално поврзани процеси. Често, во една единица се изведува повеќе од една активност.

Производството на целулоза вклучува одвојување на целулозните влакна од другите материјали во дрвото или растворање и одмастување користена хартија и мешање мали количества реагенси за поврзување на влакната.

Трансформираните производи од хартија се прават од хартија и други материјали со разновидни техники.

Производите од хартија можат да бидат печатени (на пр., тапети, украсна хартија итн.) ако печатењето информации не е главната цел.

Производството на целулоза, хартија и картон во неспакувана состојба е вклучено во групата 17.1, додека преостанатите класи вклучуваат натамошна преработка за производство на хартија и производи од хартија.

**17.1 Производство на целулоза (пулпа), хартија и картон**

**17.11 Производство на целулоза (пулпа)**

**17.110 Производство на целулоза (пулпа)**

Оваа потклаcа вклучува:
- производство на белена, полубелена и небелена дрвна целулоза со механичка, хемиска (со растворање или без растворање) или полухемиска постапка
- производство на целулоза од памучен линтер
- отстранување печатарски бои и производство на целулоза од стара хартија

**17.12 Производство на хартија и картон**

**17.120 Производство на хартија и картон**

Оваа потклаcа вклучува:
- производство на хартија и картон наменети за понатамошна индустриска обработка

Оваа потклаcа, исто така, вклучува:
- понатамошна преработка на хартија и картон:
  - боење, пресвлекување, прекривање и импрегнирање хартија и картон
  - производство на крепирана и плисирана хартија
  - производство на ламинати и фолии, ако ламинирањето е со хартија или картон
- производство на рачно изработена хартија
- производство на новинска или друга печатена хартија или хартија за пишување
- производство на целулозна вата и ткаенина од целулозни влакна
- производство на карбон хартија и хартија на матрица во ролни или големи листови

Оваа поткласа исклучува:
- производство на брановидна хартија и картон, види 17.21
- производство на производи од хартија, картон или целулоза што се предмет на натамошна преработка, види 17.22 до 17.25
- печатење и услужни активности поврзани со печатење, види 18.1
- производство на абразивна хартија, види 23.91
- издавање книги, весници и други издавачки активности, освен издавање софтвер, види 58.1
- производство на пресвлечена или импрегнирана хартија, при што пресвлекувачот или импрегнаторот е главна состојка, види ги класите во кои е класифицирано производството на пресвлекувачи или импрегнатори

**17.2 Производство на предмети од хартија и картон**

**17.21 Производство на брановидна хартија и картон и амбалажа од хартија и картон**

**17.210 Производство на брановидна хартија и картон и амбалажа од хартија и картон**

Оваа поткласа вклучува:
- производство на брановидна хартија и картон
- производство на амбалажа од брановидна хартија и картон
- производство на картонски кутии на склопување
- производство на амбалажа од цврсти блокови
- производство на останата амбалажа од хартија и картон
- производство на вреќи и ќеси од хартија
- производство на канцелариски фасцикли и сл. производи

Оваа поткласа исклучува:
- производство на пликови, види 17.23
- производство на калапи или пресувани производи од целулозна хартија (на пр., кутии за пакување јајца, обликувани чинии од целулоза), види 17.25

**17.22 Производство на предмети за санитарни и тоалетни потреби за домаќинствата**

**17.220 Производство на предмети за санитарни и тоалетни потреби за домаќинствата**

Оваа поткласа вклучува:
- производство на производи од хартија за домаќинствата и за лична употреба и производи од целулозна вата:
  • шамивчиња за бришење
  • шамивчиња, крпи, салфети
  • тоалетна хартија
  • санитарни крпи и тампони, пелени и облоги за пелени за бебиња
  • чаши, чинии и послужавници
- производство на текстилна вата и на производи од вата: санитарни крпи, тампони итн.

Оваа поткласа исклучува:
- производство на целулозна вата, види 17.12

| Сектор | Оддел | Група | Класа | Потkласа | НАЗИВ |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | 17.23 | | **Производство на канцelариски материјал од хартија** |
| | | | | 17.230 | **Производство на канцелариски материјал од хартија** |
| | | | | | Оваа поткласа вклучува:<br> - производство на хартија за печатење и пишување, готова за употреба<br> - производство на хартија за компјутерско печатење, готова за употреба<br> - производство на самокопирачка хартија, готова за употреба<br> - производство на матрици за умножување и карбон хартија, готова за употреба<br> - производство на гумирана и леплива хартија, готова за употреба<br> - производство на пликови и дописни картички<br> - производство на канцелариски материјал за образование и комерција (нотес бележник, подврзувачи на книги, регистри, сметководствени книги, деловни обрасци итн.), во случаите кога печатената информација не е главна карактеристика<br> - производство на кутии, торби, паричници, сетови што содржат одреден асортиман на хартија за пишување<br>Оваа поткласа исклучува:<br> - печатење на производи од хартија, види 18.1 |
| | | | 17.24 | | **Производство на ѕидни тапети** |
| | | | | 17.240 | **Производство на ѕидни тапети** |
| | | | | | Оваа поткласа вклучува:<br> - производство на ѕидни тапети и слични покривки за ѕидови, вклучувајќи и ѕидни тапети пресвлечени со винил и ѕидни тапети од текстил<br>Оваа поткласа исклучува:<br> - производство на хартија и картон во неспакувана состојба, види 17.12<br> - производство на пластични ѕидни тапети, види 22.26 |
| | | | 17.25 | | **Производство на други предмети од хартија и картон** |
| | | | | 17.250 | **Производство на други предмети од хартија и картон** |
| | | | | | Оваа поткласа вклучува:<br> - производство на етикети<br> - производство на филтер хартија и картон<br>- производство на хартија за цигари<br> - производство на бобини, шпулни, поклопци итн., од хартија и картон<br> - кутии од пакувања за јајца и други обликувани целулозни производи за пакување итн.<br> - производство на играчки од хартија<br> - производство на картички од хартија или картон за употреба на жакард машини<br>Оваа поткласа исклучува:<br> - печатење етикети, не од сопствено производство, види 18.12<br> - производство на карти за играње, види 32.40<br> - производство на игри и играчки од хартија и картон, види 32.40<br> - издавање книги, весници и други издавачки активности, освен софтверско издавање, види 58.1 |

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потекласа | НАЗИВ |
|---|---|
| 18 | **Печатење и репродукција на снимени медиуми (записи)** |

Овој оддел вклучува печатење производи како што се весници, книги, периодични изданија, деловни обрасци, честитки, печатење на маици и други видови материјали и придружни активности за поддршка, на пр., книговрзување, услуги за правење плочи, отсликување податоци. Помошните дејности вклучени тука се составен дел од печатарската дејност и од овие операции речиси секогаш се добива производ (плоча за печатење, укоричена книга или компјутерски диск или датотека) што е интегрален дел на печатарската дејност.

Сопственоста на влезниот материјал е ирелевантна за класификација на дејностите за печатење и репродукција на снимени медиуми. Одделот 18 ги вклучува експлицитно дејностите за преработка.

Процесите користени во печатењето вклучуваат разновидни методи за префрлање на сликата од плоча, сито или компјутерска датотека на медиум, како што е хартија, пластика, метал, текстилни производи или дрво. Најважен од овие методи е пренесувањето на сликата од плоча или сито на медиум со трансфер (префрлање) преку литографија, гравирање, сито и флексографско печатење. Често се користи компјутерска датотека за директно придвижување на механизмот за печатење за да се создаде слика или електростатска и друга опрема (дигитално печатење).

Иако печатењето и објавувањето може да се вршат од иста единица (на пр., весник), сѐ поретко се случува овие различни активности да се извршуваат на иста физичка локација.
Овој оддел, исто така, вклучува:
- репродукција на снимени медиуми, како што се компакт дискови/CD, видеозаписи, софтвер на диск или лента, плочи итн.
Овој оддел не ги вклучува:
 дејностите на издавање (сектор J/S)
- изработка на производи со 3D-печатач, кои се класифицирани според производот и употребениот материјал

| | |
|---|---|
| 18.1 | **Печатење и услужни дејности во врска со печатење** |

Оваа група го вклучува печатењето  производи како што се весници, книги, периодични изданија, деловни обрасци, честитки, печатење на маици и други видови материјали и придружни активности за поддршка, на пр., книговрзување, услуги за правење плочи, отсликување податоци. Печатењето може да се врши со употреба на разновидни техники и со различни материјали.

| Сектор / Оддел / Група / Класа | Потткласа | НАЗИВ |
|---|---|---|
| 18.11 | | **Печатење весници** |
| | 18.110 | **Печатење весници** |
| 18.12 | | **Друго печатење** |
| | 18.120 | **Друго печатење** |

Оваа потткласа вклучува:
- печатење списанија и останати периодични изданија што излегуваат помалку од четири пати неделно
- печатење книги и брошури, музички дела и музички ракописи, мапи, атласи, постери, рекламни каталози, проспекти и други печатени реклами, поштенски марки, таксени марки, лични документи, чекови и други хартии од вредност, паметни картички, албуми, дневници, календари и други комерцијални печатени материјали, подлошки за пиво, персонализирани канцелариски материјали и други печатени материјали со печатење, офсет, фотогравир, флексографски, ситопечатење и друго печатење со втиснување, машини за копирање, компјутерски печатачи, печатачи итн. вклучувајќи брзо печатење директно на текстил, пластика, стакло, метал, дрво и керамика
- дигитално печатење
- сериграфија на текстил и облека
- фотокопирање документи
- украсно печатење, на пр., печатење обвивки за подароци, тапети, материјали за пренос
- печатење во голем формат, на пр., печатење знамиња, банери, ролни, постери.

Печатените материјали вообичаено имаат авторско право.

Оваа потткласа вклучува исклучиво дејности за печатарски услуги, а не стоки.
Оваа потткласа, исто така, вклучува:
- печатење етикети и привезоци (литографика, печатење гравура, флексографско печатење, печатење знаци)
- ласерско гравирање на текстил
- активности на печатење фотографии

Оваа потткласа исклучува:
- печатење на текстилни ткаенини како меѓуфазен процес во производството на текстил, види 13.30
- производство на канцелариски материјал (нотеси, фасцикли, регистри, сметководствени книги, деловни обрасци итн.), во случаите кога печатената информација не е главна карактеристика, види 17.23
- издавање печатени материјали, види 58.1
- активности на рекламирање, види 73.11
- работа на машини за фотокопирање како самопослужување, види 82.10
- гравирање на метал, стакло, дрво итн., види ја соодветната потткласа според употребениот материјал

**18.13 Услуги за подготовка на печатење и објавување**

**18.130 Услуги за подготовка на печатење и објавување**

Оваа потткласа вклучува:
- подготовка на печатарскиот формат, прилагодување на изгледот на текстот, прилагодување на изгледот на сликата, внес на податоци за печатењето, вклучувајќи скенирање и оптичко препознавање на карактери, електронска структура на текст/илустрација
- подготвување на датотека за апликации на разни медиуми (печатење на хартија, CD-ROM, интернет)
- услуги за припремање на плочата за печатење, вклучувајќи приспособување на плочи за процес на обично и офсетпечатење
- подготовка на цилиндрите: гравирање или клиширање на цилиндрите за печатена гравура
- непосредна обработка на графички плочи: "од компјутер на плоча" (CTP), исто така и фотополимерна плоча
- подготовка на плочи и матрици за релјефно втиснување или печатење
- подготовка на:
  - уметничка работа од технички карактер, како што е подготовка на литокамен и готови дрвени блокови
  - медиуми за презентација
  - скици, планови, макети итн.
  - производство на копии од печатен текст

Оваа потткласа исклучува:
- графички дизајн на визуелна содржина за комуникација на информации што не се наменети за печатење, види 74.1

**18.14 Книговезничарски и сродни услуги**

**18.140 Книговезничарски и сродни услуги**

Оваа потткласа вклучува:
- укоричување, изработка на пробен примерок и помошни услуги на печатарските дејности, на пр., укоричување и завршни работи на книги, брошури, списанија, каталози, итн., со виткање, сечење и потсекување, составување, лепење, прошивање, лепливо врзување, сечење и покривање со лепење, редење, составување, златопечатење; спирално и пластично спојување и спојување со пластична жица
- укоричување и завршни работи на печатење хартија и картон, со виткање, печатење, дупчење, перфорирање, релјефно печатење, лепење, ламинирање
- завршни услуги за CD-ROM
- завршни услуги за пошта, како што е приспособување, подготовка на коверти
- останати завршни дејности како што се втиснување, потопување и печатење, копирање Брајово писмо

| Сектор | Оддел | Група | Класа | Потткласа | НАЗИВ |
|---|---|---|---|---|---|
| | | 18.2 | | | **Репродукција на снимени медиуми** |
| | | | 18.20 | | **Репродукција на снимени медиуми** |
| | | | | 18.200 | **Репродукција на снимени медиуми** |
| | | | | | Оваа потткласа вклучува:<br>- репродукција од мастеркопии од грамофонски плочи, компакт-дискови и ленти со музички или други звучни записи<br>- репродукција од мастеркопии од плочи, компакт-дискови и видеоленти или други видеозаписи<br>- репродукција од мастеркопии од софтвер и податоци на дискови и ленти<br>Оваа потткласа исклучува:<br>- репродукција на печатени материјали, види 18.11, 18.12<br>- издавање софтвер, види 58.2<br>- производство и дистрибуција на снимени слики, видеоленти и филмови на DVD или слични медиуми, види 59.11, 59.12, 59.13<br>- репродукција на снимени филмови за јавна дистрибуција, види 59.12<br>- производство на мастеркопии на записи и аудиоматеријали, види 59.20 |
| | 19 | | | | **Производство на кокс и рафинирани нафтени производи** |
| | | | | | Овој оддел вклучува трансформација на сурова нафта и јаглен во употребливи производи. Главниот процес е рафинирање на нафтата што вклучува сепарација на суровата нафта во составни производи низ соодветни техники како што се кршење (дробење) и дестилација.<br><br>Овој оддел вклучува производство на гасови, како што се етан, пропан и бутан како производи на рафинираната нафта.<br>Овој оддел, исто така, го вклучува сопственото производство на карактеристичните производи (на пр., кокс, бутан, пропан, бензини, керозин, мазут, итн.), како и преработувачките услуги (на пр., рафинирање по нарачка).<br>Овој оддел го исклучува производството на овие гасови во други единици (види 20.14), производство на индустриски гасови (види 20.11), екстракција (вадење) на природен гас (метан, етан, бутан и пропан) (види 06.20) и производство на гориво различно од нафтените гасови (на пр., јагленов гас, воден гас, производствен гас, плинарски гас) (види 35.21).<br><br>Производството на нафтени хемикалии од рафинираната нафта и производството на течни биогорива се класифицирани во одделот 20. |
| | | 19.1 | | | **Производство на производи од печка за коксирање** |
| | | | 19.10 | | **Производство на производи од печка за коксирање** |
| | | | | 19.100 | **Производство на производи од печка за коксирање** |
| | | | | | Оваа потткласа вклучува:<br>- работи на печките за коксирање<br>- производство на кокс и полукокс<br>- производство на катран и катран од кокс<br>- производство на гас во печка за коксирање<br>- производство на катран од суров јаглен и лигнит<br>- агломерација на кокс<br>Оваа потткласа исклучува:<br>- производство на брикети од јаглен, види 19.20 |

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потклаcа | | | | | НАЗИВ |
|---|---|---|---|---|---|
| | | 19.2 | | | **Производство на рафинирани нафтени производи и производи од фосилни горива** |
| | | | 19.20 | | **Производство на рафинирани нафтени производи и производи од фосилни горива** |
| | | | | 19.200 | **Производство на рафинирани нафтени производи и производи од фосилни горива** |

Оваа потклаcа вклучува производство на течно или гасовито гориво и други производи од сурова нафта, битуминозни минерали и производи од нивни фракции. Рафинирањето на нафтата вклучува една или повеќе од следните дејности: фракционирање; директна дестилација на суровата нафта; крекирање.

Оваа потклаcа вклучува:
- производство на моторни горива: бензин, керозин итн.
- производство на горива: лесни, средни и тешки горива, масла, рафинериски гасови како што се етан, пропан, бутан итн.
- производство на масла и масти за подмачкување, вклучувајќи и од отпадни масла
- производство на производи за петрохемиската индустрија и производство на облоги за покривање патишта
- производство на разновидни производи: шпиритус, вазелин, парафин, згусната нафта итн.
- производство на нафтени брикети
- мешање на биогорива, т.е. мешање на алкохол со нафта (на пр., гас алкохол – гасохол)
- производство на производи од нафтени отпадни материјали, на пр., отпадни нафтени масла за подмачкување

Оваа потклаcа, исто така, вклучува:
- производство на брикети од тресет
- производство на брикети од суров јаглен и лигнит

Оваа потклаcа исклучува:
- производство на цврсти горива од биомаса, види 16.26
- производство на течни биогорива, види 20.51

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 20 | | | | **Производство на хемикалии и хемиски производи** |

Овој оддел вклучува трансформирање органски и неоргански сурови материјали со хемиски процес и создавање производи. Производството на основните хемикалии што ја составуваат првата индустриска група се разликува од производството на полупроизводи и крајни производи, произведени со натамошна преработка на основните хемикалии кои се содржани (опфатени) во останатите класи на индустријата.

Овој оддел, исто така, вклучува:
- производство на течни биогорива

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | 20.1 | | | **Производство на основни хемикалии, ѓубрива и азотни соединенија, пластика и синтетички каучук во примарни облици** |

Оваа група го вклучува производството на основни хемиски производи, вештачки ѓубрива и азотни соединенија, како што се пластика и синтетички каучук во примарни облици.

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Поткласа | | НАЗИВ |
|---|---|---|
| 20.11 | | **Производство на индустриски гас** |
| | 20.110 | **Производство на индустриски гас** |

Оваа потккласа вклучува:
- производство на течни или компримирани неоргански индустриски или медицински гасови:
  - елементарни гасови
  - течен или компримиран воздух
  - мешани индустриски гасови
  - инертни гасови како што е јаглен диоксид
  - гасови за изолација

Оваа потккласа, исто така, вклучува:
- производство на водород, не за снабдување со енергија преку мрежа

Оваа потккласа исклучува:
- вадење метан, етан, бутан и пропан, види 06.20
- втечнување и регасификација на природен гас за транспорт, на локацијата на наоѓалиштето, види 09.10
- производство на запаливи гасови како што се етан, бутан и пропан во рафинериите за нафта, види 19.20
- производство на гасови за ладење од халогени јаглеводороди, види 20.14
- производство на запаливи гасови од јаглен, отпад итн., види 35.21
- производство на водород како гасно гориво преку постојана мрежа за снабдување, види 35.21

**20.12** **Производство на бои и пигменти**

**20.120** **Производство на бои и пигменти**

Оваа потккласа вклучува:
- производство на бои и пигменти од какво било потекло, во основниот облик или во облик на концентрат
- производство на чист калциум оксид и калциум хидроксид

Оваа потккласа, исто така, вклучува:
- производство на производи што се користат како флуоресцентни средства за осветлување или како луминофори

Оваа потккласа исклучува:
- производство на готови бои и пигменти, види 20.30

**20.13** **Производство на други основни неоргански хемикалии**

**20.130** **Производство на други основни неоргански хемикалии**

Оваа потккласа вклучува производство на хемикалии употребувајќи основни процеси. Производите на овие процеси вообичаено се издвоени хемиски елементи или издвоени хемиски соединенија.

Оваа потккласа вклучува:
- производство на хемиски елементи (освен индустриски гасови и основни метали)
- производство на неоргански киселини, освен азотна киселина
- производство на бази, лужини и други неоргански бази, освен амонијак
- производство на други неоргански соединенија
- пржење железен пирит
- производство на дестилирана вода

Оваа потокласа, исто така, вклучува:
- збогатување руди на уран и ториум
- производство на литиум хидроксид
- производство на средства за обезбојување

Оваа потокласа исклучува:
- производство на индустриски гасови, види 20.11
- производство на азотни вештачки ѓубрива и азотни соединенија, види 20.15
- производство на амонијак, види 20.15
- производство на амониум хлорид, види 20.15
- производство на нитрити и нитрати на калиум, види 20.15
- производство на амониум карбонат, види 20.15
- производство на ароматизирана дестилирана вода, види 20.59
- производство на основни метали, види оддел 24

**20.14 Производство на други основни органски хемикалии**

**20.140 Производство на други основни органски хемикалии**

Оваа потокласа вклучува производство на хемикалии употребувајќи основни процеси, како што е топлотно (термичко) крекирање и дестилирање. Производите на овие процеси вообичаено се издвоени хемиски елементи или издвоени хемиски соединенија.

Оваа потокласа вклучува:
- производство на основни органски хемикалии:
  • заситени и незаситени ациклични јаглеводороди
  • заситени и незаситени циклични јаглеводороди
  • ациклични и циклични алкохоли
  • монокарбонски и поликарбонски киселини, вклучувајќи ја и оцетната киселина
  • други соединенија со кислородна функција вклучувајќи ги и алдехидите, кетоните, хиноните и органските соединенија со други функции или со повеќе кислородни функции
  • синтетички глицерин
  • органски соединенија со азотна функција, вклучувајќи ги и амините
  • ферментација на шеќерна трска, пченка и сл. за производство на алкохол и естри
  • други органски соединенија вклучувајќи ги и производите на сувата дестилација на дрвото (на пр., дрвен јаглен) итн.
- производство на синтетички ароматични производи
- производство на метан, не за обезбедување како гасно гориво преку постојана мрежа за снабдување
- дестилација на јагленов катран
- производство на етил алкохол, освен за биоетанолско гориво
- производство на гасови за ладење

Оваа поткласа исклучува:
- екстракција на природен гас, кој се состои претежно од метан, види 06.20
- производство на пластични маси во примарни облици, види 20.16
- производство на синтетички каучук во примарни облици, види 20.17
- производство на суров глицерин, види 20.41
- производство на течни биогорива, на пр., биоетанолско гориво, види 20.51
- производство на природни етерични масла, види 20.59
- производство на салицилна и О-ацетилсалицилна киселина, види 21.10
- производство на етанол од биомаса, види 20.51
- производство на метан за добивање гасно гориво преку постојана мрежа за снабдување, види 35.21

**20.15 Производство на вештачки ѓубрива и азотни соединенија**

**20.150 Производство на вештачки ѓубрива и азотни соединенија**

Оваа поткласа вклучува:
- производство на вештачки ѓубрива:
  - основни или сложени азотни, фосфорни или калиумови вештачки ѓубрива
  - уреа, сурови природни фосфати и сурови природни калиумови соли
- производство на производи на азотни соединенија:
  - азотни и сулфоазотни киселини, амонијак, амониум хлорид, амониум карбонат, нитрити и нитрати на калиум

Оваа поткласа, исто така, вклучува:
- производство на почвен супстрат од смеси (мешавина) на природна земја, тресет, песок, глина и минерали, со азот, фосфор или калиум како неопходна состојка
- производство на други ѓубрива со мешање или хемиски третман на животински или растителни производи

Оваа поткласа исклучува:
- вадење гвано, види 08.91
- производство на агрохемиски производи, како што се пестициди, види 20.20
- производство на варовнички средства, види 20.59
- производство на отпаден компост, види 38.21

**20.16 Производство на пластични маси во примарни облици**

**20.160 Производство на пластични маси во примарни облици**

Оваа поткласа вклучува производство на смоли, пластични материјали и невулканизирани термопластични еластомери, мешавини и смеси на смоли по нарачка, како и производство на синтетичка смола.

Оваа поткласа вклучува:
- производство на пластични маси во примарни облици:
  - полимери, вклучувајќи и полимери на етилен, пропилен, стирен, винил хлорид, винил ацетат и акрилати
  - полиамиди
  - фенолни и епоксидни смоли и полиуретани
  - алкидни и полиестерски смоли и полиетри
  - изменувачи на јони врз база на полимери
- производство на силикони во примарни форми
- активности за мешање пластика

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Поткласа | НАЗИВ |
- топење и рафинирање уран

Оваа потткласа исклучува:
- збогатување руди на уран и ториум, види 20.13

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | 24.5 | | | **Леење метали** |

Оваа група вклучува активности на леарници што користат различни процеси на леење за производство на одливки со сите легури на црни и обоени метали. Може да биде вклучено последователно отсекување или отстранување на одливките, но без дополнителна обработка.

Оваа група вклучува производство на одливки што се користат во различни индустрии.

Оваа група исклучува:
- производство на производи добиени со производствени процеси различни од одливки, на пр., како ковани, пресувани, извлечени и втиснати делови, валани прстени или металуршки производи во прав, види оддел 25
- производство на готови производи со понатамошна обработка на одливките, на пр.:
  - котли и радијатори, види 25.21
  - леени предмети за домаќинството, сидра, пропелери и ѕвона на бродови, види 25.99

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потекласа | НАЗИВ |
| --- | --- |

Сектор
Оддел
Група
Класа
Потокласа

**НАЗИВ**

**24.51 Леење железо**

**24.510 Леење железо**

Оваа потокласа вклучува дејности на леарници на железо.

Оваа потокласа вклучува:
- леење одливки од сиво железо
- леење нодуларни (топчести) графитни одливки од железо
- леење производи од ковлива одливка

**24.52 Леење челик**

**24.520 Леење челик**

Оваа потокласа вклучува:
- леење одливки изработени од легури или слични одливки од челик
- леење одливки изработени од јаглерод или комерцијални одливки од челик
- леење одливки изработени од легури и високолегирани одливки
- леење одливки изработени од не'рѓосувачки челик

**24.53 Леење лесни метали**

**24.530 Леење лесни метали**

Оваа потокласа вклучува:
- дејности на леарници на лесни метали
- леење одливки изработени од алуминиум
- леење одливки изработени од магнезиум
- леење одливки изработени од титаниум

Оваа потокласа, исто така, вклучува:
- леење забни помагала и сл. од лесни метали

Оваа потокласа исклучува:
- леење метали што не се сметаат за лесни метали, види 24.51, 24.52, 24.54

**24.54 Леење други обоени метали**

**24.540 Леење други обоени метали**

Оваа потокласа вклучува:
-дејности на леарници на други обоени метали
- леење одливки од бакар, цинк, олово или легури на никел
- леење одливки од други легури на обоени метали

Оваа потокласа, исто така, вклучува:
- леење забни помагала и сл. од други обоени метали

**25 Производство на фабрикувани метални производи, освен машини и опрема**

Овој оддел вклучува производство на „чисти“ метални производи (како што се делови, контејнери и конструкции), вообичаено со статични, неподвижни функции, наспроти одделите од 26 до 30, кои вклучуваат производство на комбинација или монтажа (составување) на овие метални производи (понекогаш со други материјали) во повеќе комплексни единици кои, ако не се чисто електрични, електронски или оптички, работат со подвижни делови.

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потткласа | | | | | НАЗИВ |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Овој оддел, исто така, вклучува и производство на производи од композитни материјали во кои металите се доминантен материјал.<br><br>Производството на оружје и муниција, исто така, е вклучено во овој оддел.<br>Овој оддел исклучува:<br>- специјализирани дејности за поправка и одржување фабрикувани метални производи, машини и опрема, види 33.1<br>- специјализирана инсталација на произведени стоки од овој оддел во згради, како што се бојлери за централно греење, види 43.22 |
| | | 25.1 | | | **Производство на метални конструкции** |
| | | | | | Оваа група вклучува производство на метални конструкции (како што се метални рамки или делови за градежништво). |
| | | | 25.11 | | **Производство на метални конструкции и делови на конструкции** |
| | | | | 25.110 | **Производство на метални конструкции и делови на конструкции** |
| | | | | | Оваа поткласа вклучува:<br>- производство на метални рамки и скелиња за градежништвото и нивни делови (кули, јарболи, бали (главни греди), мостови итн.)<br>- производство на опрема за скелиња, оплата, потпирачи или јамски потпирачи<br>- производство на метални конструкции за индустрија (конструкции за високи печки, опрема за кревање и ракување итн.)<br>- производство на монтажни згради, главно од метал:<br>• бараки на градилишта, модуларни изложбени штандови итн.<br>Оваа поткласа, исто така, вклучува:<br>- изработка на потпорни конструкции од метал, на пр., за светла или звучници<br>Оваа поткласа исклучува:<br>- производство на делови за бродски или други котли, види 25.21<br>- производство на прицврстувачи за составување железнички шини, види 25.99<br>- производство на каросерии, види 29.20<br>- производство на делови за бродови, види 30.11, 30.13 |
| | | | 25.12 | | **Производство на врати и прозорци од метал** |
| | | | | 25.120 | **Производство на врати и прозорци од метал** |
| | | | | | Оваа поткласа вклучува:<br>- производство на метални врати и прозорци, рамки за врати и прозорци, капаци и порти (капии)<br>- метални делови за катно припојување<br>- изработка на метални ролетни, метални ролетни за сонце и паравани за инсекти<br>Оваа поткласа, исто така, вклучува:<br>- изработка на привремени просторни доградби од метал |
| | | 25.2 | | | **Производство на цистерни, резервоари и садови од метал** |
| | | | | | Оваа група вклучува производство на цистерни, радијатори и котли за централно греење, парни или други котли за генерирање пареа (освен котлите за централно греење). |

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потткласа | | НАЗИВ |
|---|---|---|
| 25.21 | | **Производство на радијатори, парни котли и котли за централно греење** |
| | 25.210 | **Производство на радијатори, парни котли и котли за централно греење** |

Оваа поткласа вклучува:
- изработка на радијатори за централно греење што не користат електрична енергија
- производство на парни или други котли за генерирање пареа
- производство на помошни постројки за употреба со парни или други котли за генерирање пареа, на пр. економајзери, супергреалки, колектори на пареа и акумулатори
- производство на кондензатори или други енергетски единици за пареа
- производство на нуклеарни реактори, освен изотопски сепаратори
- производство на морски или енергетски котли

Оваа поткласа исклучува:
- производство на електрични печки и грејачи за вода, види 27.51
- производство на сетови на котли – турбини, види 28.11
- производство на опрема за греење на домаќинствата, види 28.21
- производство на сепаратори на изотопи, види 28.99

| | | |
|---|---|---|
| 25.22 | | **Производство на други цистерни, резервоари и садови од метал** |
| | 25.220 | **Производство на други цистерни, резервоари и садови од метал** |

Оваа поткласа вклучува:
- производство на резервоари, цистерни и слични метални контејнери, со капацитет поголем од 300 литри, без разлика дали се обложени или не
- производство на метални контејнери за компримиран или течен гас

Оваа поткласа исклучува:
- производство на метални буриња, резервоари, канти, кутии и др. што се користат за чување и пакување стоки, со капацитет што не надминува 300 литри, види 25.91 и 25.92
- производство на транспортни контејнери, види 29.20
- производство на тенкови (воени оклопни возила), види 30.40

| | | | |
|---|---|---|---|
| 25.3 | | | **Производство на оружје и муниција** |
| | 25.30 | | **Производство на оружје и муниција** |
| | | 25.300 | **Производство на оружје и муниција** |

Оваа поткласа вклучува:
- производство на тешко оружје (артилерија, топови, ракетни лансери, пламенофрлачи, лансери на гранати, цевки за торпеда, тешки митралези)
- производство на лесно оружје (револвери, пушки, лесни митралези)
- производство на пиштоли за воздух и гас (воздушни и гасни пиштоли)
- производство на боева муниција
- производство на патрони за пушки, револвери и пиштоли
- производство на бомби, гранати, торпеда, мини, проектили и слична воена муниција

Оваа поткласа, исто така, вклучува:
- производство на оружје за лов, спортско или огнено оружје за самоодбрана и соодветна муниција

| Сектор Оддел Група Класа Потткласа | НАЗИВ |
|---|---|

Оваа потткласа исклучува:
- производство на ударни игли, детонатори или светлечки ракети, види 20.59
- производство на сечила, мечеви, бајонети, итн., види 25.61
- производство на опрема за оптички нишани за оружје (пушки и пиштоли), види 26.70
- производство на каросерии за оклопни возила, види 29.20
- изградба на воени бродови и пловни објекти, види 30.13
- производство на воени вселенски возила, види 30.32
- производство на тенкови и други борбени возила, види 30.40

**25.4** **Ковање и обликување метал и металургија на прав**

**25.40** **Ковање и обликување метал и металургија на прав**

**25.400** **Ковање и обликување метал и металургија на прав**

Оваа потткласа вклучува, главно, дејности за обработка на метал

Оваа потткласа вклучува:
- ковање, пресување, штанцување и валање метали
- металургија на прав: производство на метални предмети непосредно од метален прав со загревање (синтерување) или под притисок

Оваа потткласа, исто така, вклучува:
- последователно отсекување или отстранување на металот, без понатамошна обработка

Оваа потткласа исклучува:
- производство на метален прав, види 24.10, 24.2

**25.5** **Обработка и пресвлекување метали; општи машински работи**

Оваа група вклучува основни дејности на обработка на метали, како што се пресвлекување, гравирање, дупчење, полирање, заварување итн. што се вршат врз база на договор или со надомест.

**25.51** **Пресвлекување метали**

**25.510** **Пресвлекување метали**

Оваа потткласа вклучува:
- галванизирање, вкл. општо (сериско) топло галванизирање
- хромирање и фосфатирање
- обложување, галванизација, анодизирање итн. на метали
- боење и гравирање метали
- пресвлекување метал со неметални материјали:
  - пластифицирање, емајлирање, лакирање итн.

Оваа потткласа исклучува:
- дејности на потковувачи, види 01.62
- печатење метал, види 18.12
- пресвлекување пластични маси со метал, види 22.25
- валање со благородни метали на основни метали или други метали, види 24.41,
- термичка обработка на метали, види 25.52
- стврднување метали, види 25.52
- бојадисување метали на згради и градежни објекти, види 43.34
- услуги на „брзо“ гравирање, види 95.29

| Сектор Оддел Група Класа Потклаcа | | | | НАЗИВ |
|---|---|---|---|---|
| | | 25.52 | | **Топлинска обработка на метали** |
| | | | 25.520 | **Топлинска обработка на метали** |
| | | | | Оваа потклаcа вклучува:<br>- општи активности за термичка обработка на метали<br>- термомеханичка термичка обработка на метали, на пр., претходно загревање, жарење, стврднување, калење, гаснење, длабоко замрзнување метал<br>- термохемиска термичка обработка на метали, на пр., карбонизирање, карбонитририрање, нитрокарбонизирање, нитририрање, оксидирање, сулфидирање, боридирање |
| | | 25.53 | | **Машинска обработка на метали** |
| | | | 25.530 | **Машинска обработка на метали** |
| | | | | Оваа потклаcа вклучува:<br>- дупчење, стругање, глодање, еродирање, рендање, длетување, развртување, рамнење, пилење, острење, брусење, заварување, спојување итн. метални парчиња<br>- сечење и пишување на метал со ласерски зраци<br>Оваа потклаcа исклучува:<br>- дејности на ковачи на коњи, види 01.62 |
| | 25.6 | | | **Производство на кујнски прибор и сечила, алати и метална опрема за општа намена**<br>Оваа група вклучува производство на сечила, метални рачни алати и метална опрема за општа намена. |
| | | 25.61 | | **Производство на кујнски прибор и сечила** |
| | | | 25.610 | **Производство на кујнски прибор и сечила** |
| | | | | Оваа потклаcа вклучува:<br>- производство на прибор за домаќинствата како што се ножеви, вилушки, лажици итн.<br>- производство на останати артикли за сечење:<br>• секачи и секирчиња<br>• бричеви и ножиња за бричење<br>• ножички за сечење, поткастрување и потстрижување<br>- производство на сечила, мечеви, бајонети итн.<br>Оваа потклаcа исклучува:<br>- производство на ножеви и сечила за индустриски машини, види 25.63<br>- производство на прибор за јадење и садови (тенџериња, котли, чаши, чинии, тацни итн.), види 25.99<br>- производство на прибор за јадење од благородни метали, види 32.12 |
| | | 25.62 | | **Производство на брави и шарки** |
| | | | 25.620 | **Производство на брави и шарки** |
| | | | | Оваа потклаcа вклучува:<br>- производство на катанци, брави, клучеви, шарки и сл. и метални предмети за згради, мебел, возила итн.<br>Оваа потклаcа исклучува:<br>- поправка на брави и обезбедување услуги за дуплирање (копирање) клучеви, види 95.29 |

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потклаcа | НАЗИВ |
|---|---|

**25.63** **Производство на алати**

**25.630** **Производство на алати**

Оваа потклаcа вклучува:
- производство на ножеви и сечила за машини или за механички апарати
- производство на рачен алат како што се: клешти, шрафцигери итн.
- производство на нееклектричен рачен алат за земјоделството
- производство на пили и сечила за пили, вклучувајќи и сечила за кружни и верижни пили
- производство на потрошни алати за рачен алат, без оглед дали се електрични или не, производство на потрошни алати за машини алатки: бургии, пробивачи, ножеви за глодање итн.
- производство на алати за преси
- производство на ковачки алат: чекани, наковални итн.
- производство на моделирани кутии и калапи (освен калапи за инготи)
- производство на менгемиња, алати за стегање

Оваа потклаcа исклучува:
- производство на рачен алат на електричен погон, види 28.24
- производство на калапи за инготи (шипки), види 28.91

**25.9** **Производство на останати фабрикувани метални производи**

Оваа група вклучува производство на разновидни метални производи како што се канти и кофи; шајки, завртки и наврткi; метални предмети за домаќинствата; метални уреди; пропелери и котви за бродови; составени железнички шински уреди итн. за различна употреба во домаќинствата и индустријата

**25.91** **Производство на челични буриња и слични садови**

**25.910** **Производство на челични буриња и слични садови**

Оваа потклаcа вклучува:
- производство на канти, бочви, кофи, кутии
- производство на железни или челични резервоари, канти, бочви, кофи, кутии, кофи, кутии и слични контејнери, со капацитет што не надминува 300 литри

Оваа потклаcа исклучува:
- производство на цистерни и резервоари од метал, за компримиран или течен гас, со капацитет поголем од 300 литри, види 25.22

**25.92** **Производство на амбалажа за пакување од лесни метали**

**25.920** **Производство на амбалажа за пакување од лесни метали**

Оваа потклаcа вклучува:
- производство на лимени кутии од железо или челик, кои треба да се затворат со лемење или стегање, со капацитет помал од 50 литри
- производство на алуминиумски буриња, канистери, конзерви, кутии и слични контејнери, со капацитет што не надминува 300 литри
- производство на лименки и конзерви за пакување на производи за исхрана, туби (за пакување) и кутии на расклопување
- производство на метални затворачи

Оваа потклаcа исклучува:
- производство на цистерни и резервоари од метал, за компримиран или течен гас, со капацитет поголем од 300 литри, види 25.22

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потркласа | | НАЗИВ |
|---|---|---|
| 25.93 | | **Производство на жичени производи, синџири и пружини** |
| | 25.930 | **Производство на жичени производи, синџири и пружини** |

Оваа потркласа вклучува:
- производство на метални кабли, плетени јажиња и слични производи
- производство на неизолиран метален кабел и изолиран кабел што не може да се користи како спроводник на електрична енергија
- производство на пресвлечена жица и жица со јадро
- производство на производи изработени од жица: бодликава жица, огради од жица, решетки, мрежи, ткаенини (платна) и др.
- пресвлечени електроди за електролачно заварување
- производство на шајки и игли
- производство на пружини (освен пружини за часовници):
  • лиснати пружини, спирални пружини, пружини за торзиски лостови
  • листови за пружини
- производство на синџири, освен преносни погонски синџири

Оваа потркласа исклучува:
- производство на пружини за часовници, види 26.52
- производство на жица и кабел за пренос на електрична енергија, види 27.32
- производство на преносни погонски синџири, види 28.15

| | | |
|---|---|---|
| 25.94 | | **Производство на сврзувачки елементи и завртни машински производи** |
| | 25.940 | **Производство на сврзувачки елементи и завртни машински производи** |

Оваа потркласа вклучува:
- производство на нитни, шајбни и други производи без навои
- производство на завртни машински производи
- производство на завртки, шрафови, навртки и слични производи со навои

| Сектор / Оддел / Група / Класа / ПотКласа | НАЗИВ |
|---|---|
| 25.99 | **Производство на други фабрикувани метални производи, н.д.м.** |
| 25.990 | **Производство на други фабрикувани метални производи, н.д.м.** |

Оваа поткласа вклучува:
- производство на производи од метал за домаќинствата:
  - рамни производи: чинии, тацни итн.
  - шупливи производи: тенџериња, котли итн.
  - производи за послужување храна: чинии, послужавници итн.
  - тенџериња, тави и други неелектрични садови за користење на трпеза или во кујна
  - мали рачни кујнски уреди и прибор
  - метален прибор за чистење
- производство на вградливи елементи од цинк: жлебови за покриви, кади, лавабоа, садови за перење и слични производи
- производство на метални производи за канцелариска употреба, освен мебел
- производство на сефови, каси, армирани врати итн.
- производство на различни производи од метал:
  - производство на бродски пропелери и перки
  - котви
  - ѕвона
  - прицврстувачи за составување  железнички шини
  - спојки, копци и куки
  - метални скали
  - метални знаци, вклучувајќи и знаци за патишта
- производство на украси за чанти
- производство на перманентни метални магнети
- производство на метални значки и метални војнички симболи
- производство на метални виклери, метални рачки и други делови од метал за чадори, чешли

Оваа поткласа исклучува:
- производство на мечеви, бајонети итн., види 25.61
- производство на колички за пазарување, види 30.99
- производство на мебел од метал, види 31.00
- производство на спортски предмети, види 32.30
- производство на игри и играчки, види 32.40

| | |
|---|---|
| 26 | **Производство на компјутерски, електронски и оптички производи** |

Овој оддел вклучува производство на компјутери, компјутерска периферна опрема, опрема за комуникација и слични електронски производи, како и компоненти за овие производи. Производниот процес на овој оддел се карактеризира со изработка и употреба на интегрирани кола и високоспецијализирана технологија.
Овој оддел, исто така, содржи производство на електроника за широка потрошувачка, опрема за мерење, тестирање и навигација, опрема за зрачење, електромедицинска и електротерапевтска опрема, оптички инструменти и опрема и производство на магнетни и оптички медиуми.
Овој оддел не вклучува производство на проводници за електронска употреба и кабли со оптички влакна, види оддел 27

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потклаcа | НАЗИВ |
|---|---|
| 26.1 | **Производство на електронски составни делови (компоненти) и електронски плочи** |
| 26.11 | **Производство на електронски составни делови (компоненти)** |
| 26.110 | **Производство на електронски составни делови (компоненти)** |

Оваа потклаcа вклучува производство на полупроводници и останати компоненти за електронска употреба.

Оваа потклаcа вклучува:
- производство на електронски кондензатори
- производство на електронски отпорници
- производство на микропроцесори
- производство на електронски цевки
- производство на кабли, кабли за печатачи, кабли за монитор, USB-кабли
- производство на празни плочи за печатени кола, составени само од проводнички елементи и контакти
- производство на интегрирани кола (аналогни, дигитални и хибридни)
- производство на диоди, транзистори и слични посебни елементи
- производство на индуктори (на пр., придушувачи, навои, трансформатори), разни видови електронски компоненети
- производство на електронски кристали и кристални склопови
- производство на калеми, прекинувачи и мерни претворувачи за електронска употреба
- производство на коцки или плочки од хемиски елементи (на пр., силициум), со селективно допингување (додавање примеси) или дифузија, за да се создадат одделни региони за целите на нивната примена во електрониката
- производство на компоненти за екрани (плазма, полимер, LCD)
- производство на светлечки диоди (LED)
- производство на фотоволтаични ќелии, модули и панели

Оваа потклаcа исклучува:
- печатење смарт картички, види 18.12
- производство на печатени кола составени од спроводнички елементи, контакти и други пасивни елементи, види 26.12
- производство на компјутерски и телевизиски монитори, види 26.20, 26,40
- производство на модеми (придружна опрема), види 26.30
- производство на рендгенски цевки и слични уреди за зрачење, види 26.60
- производство на оптичка опрема и инструменти, види 26.70
- производство на слични елементи за електронска употреба, види оддел 27
- производство на флуоресцентни баласти, види 27.11
- производство на соларни генератори што може да се користат директно за снабдување со електрична енергија, на пр., мотор или електролизатор, види 27.11
- производство на електрични релеи, види 27.12
- производство на електрични жичени уреди, види 27.33
- производство на склопени електрични проводници, изолирани и опремени со конектори, види 27.90
- производство на соларни бојлери, види 28.21
- инсталација на соларни панели, види 43.21
- инсталација на соларни системи за греење, види 43.22

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Поткласа | | | | | НАЗИВ |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | 26.12 | | **Производство на полни електронски плочи** |
| | | | | 26.120 | **Производство на полни електронски плочи** |

Оваа потклаcа вклучува:
 - производство на полни плочи за печатени кола, составени од спроводнички елементи, контакти и други пасивни елементи
 - полнење на компонентите на плочите на печатените кола
 - производство на интерфејс картички (на пр., звучни, видео, контролни, мрежни, модеми)

Оваа потклаcа исклучува:
 - печатење смарт картички, види 18.12
 - производство на празни плочи за печатени кола, види 26.11

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | 26.2 | | | **Производство на компјутери  и периферна опрема** |
| | | | 26.20 | | **Производство на компјутери  и периферна опрема** |
| | | | | 26.200 | **Производство на компјутери и периферна опрема** |

Оваа потклаcа вклучува производство и/или составување електронски компјутери, како што се мејнфрејм комјутери (централна единица), десктоп компјутери, лаптоп компјутери, компјутерски сервери; компјутерска периферна опрема, како што се уреди за складирање, влезно-излезни уреди (печатачи, монитори, тастатури). Компјутерите може да бидат аналогни, дигитални и хибридни. Дигиталните компјутери, како најчест вид, се уреди што го работат следново: (1) ги складираат процесната програма или програми и податоците потребни за извршување на програмата; (2) може да бидат програмирани според барањата на корисникот; (3) вршат аритметичка пресметка специфицирана од корисникот и (4) ја вршат, без човечка интервенција, процесната програма со приспособување на барањата за нивно исполнување во текот на процесот. Аналогните компјутери се способни за претворање на математичките модели и содржат барем најмалку аналогна контрола и елементи за програмирање.

Оваа потклаcа вклучува:
 - производство на десктоп компјутери
 - производство на лаптоп компјутери
 - производство на мејнфрејм компјутери (централни единици)
 - производство на рачни компјутери
 - производство на магнетни дискови, преносна флеш меморија и други уреди за складирање
 - производство на оптички дискови
 - производство на печатачи
 - производство на монитори
 - производство на тастатури
 - производство на сите типови глувчиња, џојстици и подвижни топчиња (тракбол)
 - производство на компјутерски терминали за посебна намена
 - производство на компјутерски сервери
 - производство на скенери, вклучувајќи баркод скенери
 - производство на читачи на смарт картички
 - производство на компјутерски проектори (видеобимови)
 - производство на кертриџи за тонери

Оваа потклаcа, исто така, вклучува:
- производство на компјутерски терминали, како банкомати, терминали за плаќање со картичка (POS-point-of-sale), без механичко ракување
- производство на повеќефункционална опрема за извршување две или повеќе од следните функции: печатење, скенирање, копирање, факс
- полнење кертриџи со мастило

Оваа потклаcа исклучува:
- репродукција на снимени медиуми (компјутерски, звучни, видео итн.), види 18.20
- производство на електронски компоненти за компјутери и периферна опрема, види 26.1
- производство на внатрешни и надворешни компјутерски модеми, види 26.12
- производство на интерфејс картички, модули и составни делови, види 26.12
- производство на полни електронски плочи, види 26.12
- производство на опрема за модеми и придружна опрема, види 26.30
- производство на дигитални прекинувачи за комуникација, опрема за размена на податоци (на пр., премостувачи, рутери, излези), види 26.30
- производство на електронски делови за широка потрошувачка, како што се CD-плеери, DVD-плеери, Blu-ray плеери, види 26.40
- производство на телевизиски монитори и екрани, види 26.40
- производство на конзоли за видеоигри, види 26.40
- производство на празни оптички и магнетни медиуми за компјутери и други уреди, види 26.70
- полнење кертриџи со мастило и тонер од продавачи на мало, види 47.40

| Сектор Оддел Група Класа Потткласа | НАЗИВ |
|---|---|
| 26.3 | **Производство на опрема за комуникација** |
| 26.30 | **Производство на опрема за комуникација** |
| 26.300 | **Производство на опрема за комуникација** |

Оваа потткласа вклучува производство на телефонска опрема и опрема за комуникација која се користи за пренос на електричните сигнали преку жици и воздух како што е радио и телевизиско емитување и опрема за безжична комуникација.

Оваа потткласа вклучува:
- производство на опрема за телефонски централи
- производство на безжични телефони
- производство на уреди за изградба на главна централа (Private Branche Exchange Equipment-PBX)
- производство на телефонска и телефакс опрема, вклучувајќи и автоматска телефонска секретарка
- производство на опрема за комуникација на податоците (на пр., премостувачи, рутери, излези)
- производство на антени за пренос и прием на сигнали
- производство на опрема за кабелска телевизија
- производство на пејџери
- производство на мобилни телефони
- производство на опрема за мобилна комуникација
- производство на опрема за радио и телевизиски студија и емитување, вклучувајќи телевизиски камери
- производство на модеми (опрема за пренос на податоци) и придружна опрема
- производство на радио и телевизиски предаватели
- производство на комуникациски уреди што користат инфрацрвени зраци (на пр., далечински управувачи)

Оваа потткласа, исто така, вклучува:
- производство на смарт часовници

Оваа потткласа исклучува:
- производство на електронски компоненти и поткомпоненти што се користат во комуникациската опрема, вклучувајќи и внатрешни/надворешни компјутерски модеми, види 26.12
- производство на полни електронски плочи, види 26.12
- производство на компјутери и компјутерска периферна опрема, види 26.20
- производство на аудио- и видеоопрема за широка потрошувачка, види 26.40
- производство на алармни системи против ограбувачи (крадци) и аларми за пожар, испраќање сигнали до контролна станица, види 26.51
- производство на уреди за глобално позиционирање (GPS), види 26.51
- производство на електронски семафори (за спортски натпревари), види 27.90
- производство на сообраќајни семафори, види 27.90

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Поткласа | НАЗИВ |
|---|---|
| 26.4 | **Производство на електроника за широка потрошувачка** |
| 26.40 | **Производство на електроника за широка потрошувачка** |
| 26.400 | **Производство на електроника за широка потрошувачка** |

Оваа поткласа вклучува производство на електронска аудио- и видеоопрема за домашна забава, моторни возила, за јавен разглас и засилувачи за музички инструменти.

Оваа поткласа вклучува:
- производство на видеокасети за рекордери и опрема за умножување (копирање)
- производство на телевизори
- производство на телевизиски монитори и екрани
- производство на аудиорекордери и системи за умножување (копирање)
- производство на мултимедијални проектори погодни за употреба исклучиво или претежно со апарати за пренос и прием за телевизиско емитување
- производство на стереоопрема
- производство на радиоприемници
- производство на звучници
- производство на видеокамери за домашна употреба
- производство на џубокси
- производство на засилувачи за музички инструменти и системи за јавни настапи
- производство на микрофони
- производство на оптички медијаплеери со оптички систем за читање
- производство на караоке-машини
- производство на слушалки (на пр., радио, стерео, компјутер)
- производство на конзоли за видеоигри
- производство на лични аудио- и видеослушалки со микрофони, вклучувајќи уреди за виртуелна реалност
- производство на аудио- и видеоопрема за домашно кино

Оваа поткласа исклучува:
- репродукција на снимени записи (компјутерски, звучни, видео итн.), види 18.20
- производство на компјутерски периферни елементи и компјутерски монитори, види 26.20
- производство на апарати за одговарање на телефонски повици (телефонски секретарки), види 26.30
- производство на опрема за пејџери, види 26.30
- производство на опрема за далечинско управување (радиско и инфрацрвено), види 26.30
- производство на опрема за студиско емитување, како што е опрема за репродукција, пренос и антенски прием, комерцијални видеокамери, види 26.30
- производство на антени, види 26.30
- производство на дигитални камери, види 26.70
- производство на електронски игри со фиксиран (а не заменлив) софтвер, види 32.40

| | |
|---|---|
| 26.5 | **Производство на мерни инструменти за тестирање, часовници и рачни часовници** |

Оваа група вклучува производство на опрема за мерење, испитување и навигација за разновидни индустриски и неиндустриски цели, вклучувајќи и елементи за мерење на времето како што се саати и часовници и сл.

| Сектор | Оддел | Група | Класа | Потткласа | НАЗИВ |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | 26.51 | | **Производство на инструменти и апарати за мерење, испитување и навигација** |
| | | | | 26.510 | **Производство на инструменти и апарати за мерење, испитување и навигација** |

Оваа поткласа вклучува системи и инструменти за испитување, детекција, навигација, водење, воздухопловни и поморски системи и инструменти; автоматска контрола и регулатори за примена, како што се грејачи, разладни (клима) уреди, фрижидери и апарати (опрема); инструменти и средства за мерење, прикажување, индицирање (најавување), забележување, пренос и контрола на температурата, влажноста, притисокот, вакуумот, согорувањето, протокот, нивото, вискозноста, густината, киселоста, концентрацијата и ротацијата; уреди за сумирање (на пр., регистрирање) на мерките за течност и инструментите за сметање; инструменти за мерење и испитување на карактеристиките на електрицитетот и електричните сигнали; инструменти и инструментациски систем за лабораториска анализа на хемискиот и физичкиот состав или концентрацијата на примероци од цврст, течен, гасовит и композитен материјал; други инструменти за мерење и испитување и нивни делови.

Оваа поткласа го вклучува и производството на неелектрична опрема за мерење, испитување и навигација (освен едноставните механички алатки).

Оваа поткласа вклучува:

- производство на инструменти за мотори на воздухоплови
- производство на опрема за испитување автомобилски издувни гасови
- производство на метеоролошки инструменти
- производство на опрема за испитување на физичките својства и инспекциска опрема
- производство на полиграфски машини
- производство на детектори за радијација (зрачење) и мониторинг инструменти
- производство на инструменти за истражување
- производство на термометри од видот течност во стакло и биметални термометри (освен медицински)
- производство на инструменти за регулирање на влажноста
- производство на инструменти за контрола на хидроничко ограничување
- производство на апарати за контрола на пламен и оган
- производство на спектрометри
- производство на мерачи за воздушен притисок (манометри)
- производство на мерачи за потрошувачка (на пр., за вода, гас, електрична енергија)
- производство на мерачи на проток и сметачки инструменти
- производство на броила
- производство на детектори за мини, сигнални генератори; детектори на метал

- производство на опрема за испитување, детекција, навигација, воздухопловна и поморска опрема, вклучувајќи и соно-пловка (појас за спасување)
- производство на радарска опрема
- производство на уреди за глобално позиционирање (GPS)
- производство на опрема за контрола на животната средина и автоматска контрола на приборот
- производство на опрема за мерење и регистрирање (на пр., записи за летање)
- производство на детектори за движење
- производство на радари
- производство на инструменти за лабораториски анализи (на пр., опрема за анализа на крвта)
- производство на лаборатиски мерачи (ваги), инкубатори и разновидни лабораториски апарати за мерење, испитување итн.
- производство на сензори и сензорска опрема

Оваа поткласа исклучува:

- производство на апарати за одговарање на телефонски повици (телефонски секретарки), види 26.30
- производство на опрема за медицинско испитување и зрачење, види 26.60
- производство на опрема за оптичко позиционирање, види 26.70
- производство на машини за диктирање (диктафони), види 28.23
- производство на инструменти за мерење тежина (освен лабораториските), либели, кројачки метра итн., види 28.29
- производство на медицински термометри, види 32.50
- инсталирање на опрема за контрола на индустриските процеси, види 33.20

**26.52 Производство на часовници и рачни часовници**

**26.520 Производство на часовници и рачни часовници**

Оваа поткласа вклучува производство на рачни часовници, часовници, механизми за мерење на времето и нивни делови.

Оваа поткласа вклучува:

- производство на рачни часовници и часовници од сите видови, вклучувајќи и часовници за инструмент-табли
- производство на кутии и орманчиња за рачни часовници и часовници, вклучувајќи ги и оние од благородни метали
- производство на апарати за бележење на времето и опрема за мерење, бележење и прикажување на временските интервали на друг поинаков начин со помош на механизам на часовникот или со синхрон мотор, како што се:
  - паркинг-часовници
  - часовници за евиденција на работното време
  - мерачи на време и датум
  - мерачи на процесите
- производство на временски и други уреди за придвижување на работата на рачни часовници и часовници или со синхрон мотор:
  - временски брави
- производство на компоненти за рачни часовници и часовници:
  - делови за сите видови рачни часовници и часовници
  - федери, лежиштен камен, бројченици, стрелки, плочи, мостови и други делови
  - кутии и орманчиња за саати и часовници од сите материјали

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потклаcа | НАЗИВ |
|---|---|
| | Оваа потклаcа исклучува:<br>- производство на неметални ремчиња за часовници (ткаенина, кожа, пластика), види 15.12<br>- производство на смарт часовници, види 26.30<br>- производство на ремчиња за часовници од благородни метали, види 32.12<br>- производство на ремчиња за часовници од неблагородни метали, види 32.13 |
| 26.6 | **Производство на опрема за зрачење, електромедицинска и електротерапевтска опрема** |
| 26.60 | **Производство на опрема за зрачење, електромедицинска и електротерапевтска опрема** |
| 26.600 | **Производство на опрема за зрачење, електромедицинска и електротерапевтска опрема**<br>Оваа потклаcа вклучува:<br>- производство на апарати и цевки за зрачење (на пр., индустриски, медицинско-дијагностички, медицинско-терапевтски, истражувачки, научни):<br>• алфа, бета, гама, икс-зраци и друга опрема за зрачење<br>- производство на скенери за компјутерска томографија (CT)<br>- производство на скенери за позитронска емисиона томографија (PET)<br>- производство на опрема за магнетна резонанца (MRI)<br>- производство на медицинска ултразвучна опрема<br>- производство на електрокардиографи<br>- производство на електромедицинска ендоскопска опрема<br>- производство на медицинска ласерска опрема<br>- производство на апарати за вештачко дишење или терапевтско-респираторни апарати<br>- производство на пејсмејкери<br>- производство на помошни апарати за слушање<br>Оваа потклаcа, исто така, вклучува:<br>- производство на опрема за стерилизирање храна и млеко со зрачење<br>Оваа потклаcа исклучува:<br>- производство на кревети за сончање (во солариуми), види 27.90 |

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потекласа | НАЗИВ |
|---|---|
| 26.7 | **Производство на оптички инструменти, магнетни и оптички медиуми и фотографска опрема** |
| 26.70 | **Производство на оптички инструменти, магнетни и оптички медиуми и фотографска опрема** |
| 26.700 | **Производство на оптички инструменти, магнетни и оптички медиуми и фотографска опрема** |

Оваа поткласа вклучува производство на оптички инструменти и леќи, како што се двогледи, микроскопи (освен електронски, протонски), телескопи, призми и леќи (освен офталмички); пресвлекување и полирање леќи (освен офталмички); монтирање леќи (освен офталмички) и производство на фотографска опрема како што се камери и мерачи на осветленост.

Оваа поткласа вклучува:
- производство на оптички огледала
- производство на оптички нишани
- производство на оптичка опрема за позиционирање
- производство на оптички инструменти за зголемување
- производство на оптички уреди со прецизни алати
- производство на оптички компаратори
- производство на филмски и дигитални камери
- производство на проектори за филмови и слајдови
- производство на графоскопи
- производство на оптички средства и инструменти за мерење и проверка (на пр., опрема за контрола на оган, мерачи на осветленост, мерачи на растојание)
- производство на леќи, оптички микроскопи, двогледи и телескопи
- производство на ласерски делови
- производство на леќи за објективи за фотоапарати, проектори или фотографски зголемувачи или редуктори
- изработка на неснимени магнетни аудио- и видеоленти
- изработка на неснимени оптички дискови

Оваа поткласа исклучува:
- репродукција на снимени медиуми (компјутерски медиуми, звук, видео итн.), види 18.20
- производство на компјутерски проектори, види 26.20
- производство на опрема за телевизиски студија и емитување, вклучувајќи и телевизиски камери, види 26.30
- производство на видеокамери за домаќинствата, види 26.40
- производство на аларми за пожар, види 26.51
- производство на комплетна опрема со употреба на ласерски компоненти, види ги класите за производство според типот на машини (на пр., медицинска ласерска опрема), види 26.60
- производство на фотокопирни машини, види 28.23
- производство на офталмолошки производи, види 32.50

| | |
|---|---|
| 27 | **Производство на електрична опрема** |

Овој оддел вклучува производство на производи што создаваат, дистрибуираат и употребуваат електрична енергија.

Овој оддел, исто така, вклучува производство на електрично осветлување, сигнална опрема и електрични апарати за домаќинството.

Овој оддел не го вклучува производството на електронски производи (види оддел 26).

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потклаcа | НАЗИВ |
|---|---|
| 27.1 | **Производство на електромотори, генератори, трансформатори и уреди за дистрибуција и контрола на електрична енергија** |
| | Оваа група вклучува производство на енергетски, дистрибутивни (преносни) и специјални трансформатори; електромотори, генератори и моторгенераторски комплети. |
| 27.11 | **Производство на електромотори, генератори и трансформатори** |
| 27.110 | **Производство на електромотори, генератори и трансформатори** |

Оваа потклаcа го вклучува производството на секакви видови електрични мотори и трансформатори: AC, DC и AC/DC.

Оваа потклаcа вклучува:
- производство на електромотори (со исклучок на стартните мотори на моторите со внатрешно согорување)
- производство на трансформатори за дистрибуција на електрична енергија
- производство на трансформатори за електролачно заварување
- производство на флуоросцентни баласти (на пр., трансформатори)
- производство на потстанични трансформатори за дистрибуција на електрична енергија
- производство на напонски регулатори за пренос и дистрибуција
- производство на инвертери, исправувачи и конвертори
- производство на електрични линеарни актуатори
- производство на генератори за струја (освен алтернатори за полнење на акумулаторите кај моторите со внатрешно согорување)
- производство на моторгенераторски комплети  (со исклучок на комплети на турбински генератори)
- премотување арматура на фабрички начин
- производство на соларни генератори што може да се користат директно за снабдување со електрична енергија, на пр., мотор или електролизатор

Оваа потклаcа исклучува:
- производство не електронски компоненти: одредени видови трансформатори и прекинувачи, види 26.11
- производство на фотоволтаични ќелии, модули и панели, види 26.11
- производство на опрема за електрозаварување и лемење, види 27.90
- производство на комплети турбински генератори, види 28.11
- производство на електрични мотори за моторни возила, види 29.10
- производство на стартни мотори и генератори за моторите со внатрешно согорување, види 29.31

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потклаcа | НАЗИВ |
|---|---|
| **27.12** | **Производство на апарати за дистрибуција и контрола на електричната енергија** |
| **27.120** | **Производство на апарати за дистрибуција и контрола на електричната енергија** |

Оваа потклаcа вклучува:
- производство на прекинувачи на струјни електрични кола
- производство на напонски придушници (за дистрибуција на одреден напон)
- производство на контролни панели за дистрибуција на електрична енергија
- производство на електрични релеи
- производство на канали за водовите кај елетричните разводни уреди
- производство на електрични осигурувачи
- производство на опрема за прекинување енергија
- производство на електрични прекинувачи (освен соленоиди, одредени видови механизми, тастери)

Оваа потклаcа исклучува:
- производство на опрема за контрола на животната средина и контролни инструменти за индустриски процеси, види 26.51
- производство на сетови за моторни генератори (освен единици за турбински генератори), види 27.11
- производство на прекинувачи на електрични струјни кола, како што се прекинувачи и склопки, види 27.33

| | |
|---|---|
| **27.2** | **Производство на батерии и акумулатори** |
| **27.20** | **Производство на батерии и акумулатори** |
| **27.200** | **Производство на батерии и акумулатори** |

Оваа потклаcа вклучува производство на батерии што се полнат и што не се полнат.

Оваа потклаcа вклучува:
- производство на примарни ќелии и примарни батерии:
  - ќелии што содржат манган диоксид, живин диоксид, сребрен оксид итн.
- производство на електрични акумулатори, вклучувајќи нивни делови:
  - сепаратори, контејнери, покривачи
- производство на оловни батерии
- производство на никел-кадмиумски (NiCad) батерии
- производство на никел-метал-хидридни (NiMH) батерии
- производство на литиумски батерии
- производство на батерии со суви ќелии
- производство на батерии со влажни ќелии
- производство на батерии за возила, велосипеди и сл.
- производство на батериски системи за складирање енергија

Оваа потклаcа исклучува:
- производство на инсталации за полнење автомобили, види 27.90
- инсталација на системи за складирање електрична енергија за згради, види 43.21

| | |
|---|---|
| **27.3** | **Производство на кабли и електроинсталациски материјал** |

Оваа група го вклучува производството на електроинсталациски материјали за спроведување струја, како и на електроинсталациски материјали што не спроведуваат струја без оглед на материјалот.
Оваа група, исто така, вклучува изолација на жици и производство на кабли од оптички влакна.

| Сектор / Оддел / Група / Класа | Потткласа | НАЗИВ |
|---|---|---|
| 27.31 | | **Производство на кабли од оптички влакна** |
| | 27.310 | **Производство на кабли од оптички влакна** |
| | | Оваа потткласа вклучува:<br>- производството на кабли од оптички влакна за пренос на податоци или слики во живо, без разлика дали се опремени со конектори или не<br>Оваа потткласа исклучува:<br>- производство на стаклени влакна или нишки, види 23.14<br>- производство на конектори за оптички влакна, снопови и кабли со оптички влакна, види 27.33<br>- инсталација на оптички влакна и други кабли за згради, види 43.21 |
| 27.32 | | **Производство на други електронски и електрични жици и кабли** |
| | 27.320 | **Производство на други електронски и електрични жици и кабли** |
| | | Оваа потткласа вклучува:<br>- производство на изолирани жици и кабли изработени од челик, бакар, алуминиум<br>Оваа потткласа исклучува:<br>- производство (влечење) на жица, види 24.34, 24.41, 24.42, 24.43, 24.44, 24.45<br>- производство на електрични кабли со изолирани жици и конектори, види 27.90<br>- производство на кабелски комплети, жичена опрема и слични кабловски комплети или склопови за примена во автомобилската индустрија, види 29.31 |
| 27.33 | | **Производство на електроинсталациски материјал** |
| | 27.330 | **Производство на електроинсталациски материјал** |
| | | Оваа потткласа вклучува производство на жичени уреди што пренесуваат и што не пренесуваат струја за електрични струјни кругови независно од видот на материјалот.<br><br>Оваа потткласа вклучува:<br>- производство на збирни шипки, електрични проводници (со исклучок на проводниците од типот на преклопници)<br>- производство на GFCI (уреди за заземјување)<br>- производство на држачи за светилки<br>- производство на осигурувачи и индуктивни намотки за осветлување<br>- производство на прекинувачи за електрична инсталација (на пр., на притисок, копчиња за придвижување на механизмот, федери, преклопници)<br>- производство на електрични приклучоци и приклучници<br>- производство на кутии за електрични жици (на пр., за спојување, за излез, кутии за прекинувач)<br>- производство на електрични водови и опрема<br>- производство на преносни столбови и линиски склопови<br>- производство на пластични уреди што не пренесуваат струја вклучувајќи пластични разводни кутии, површински плочи и слична пластична инсталациска опрема<br>Оваа потткласа исклучува:<br>- производство на керамички изолатори, види 23.43 |

| Сектор<br>Оддел<br>Група<br>Класа<br>Потклаcа | НАЗИВ |
|---|---|

**27.4** **Производство на опрема за осветлување**

**27.40** **Производство на опрема за осветлување**

**27.400** **Производство на опрема за осветлување**

Оваа потклаcа вклучува производство на електрични светилки и цевки и нивни делови и компоненти (освен празните стаклени форми за електричните светилки), електрични уреди за осветлување и нивните компоненти (освен уредите за пренос на струја).

Оваа потклаcа вклучува:
- производство на светилки со празнење, жаречки, флуоресцентни, ултравиолетови, инфрацрвени, светлечки диоди (LED) и др. расветни тела и светилки
- производство на тавански светилки, лустери
- производство на ламби за маса и подни ламби
- производство на новогодишни комплети на светилки
- производство на електрични камини
- производство на рачни батериски светилки
- производство на електрични ламби за инсекти
- производство на фенери (карбидни, електрични, гасни, бензински, керозински)
- производство на рефлектори
- производство на улични расветни тела (освен сообраќајна сигнализација)
- производство на светлосна опрема како дел од транспортната опрема (на пр., за моторни возила, авиони, чамци)
- производство на опрема за соларно осветлување

Оваа потклаcа исклучува:
- производство на стаклени производи и стаклени делови за расветни тела, види 23.19
- производство на светлечки диоди (LED), види 26.1
- производство на жичани уреди со спроведување на струја за расветни тела, види 27.33
- производство на тавански и бањски вентилатори со интегрирани светлосни уреди, види 27.51
- производство на електрична сигнална опрема како што е опремата за сообраќајни светлосни и пешачки сигнални уреди, види 27.90
- производство на електрични знаци, види 27.90

**27.5** **Производство на уреди за домаќинството**

Оваа група вклучува производство на мали електрични апарати и електрични уреди за домаќинството, вентилатори за домаќинство, правосмукалки за домаќинство, електрични машини за одржување подови, апарати за готвење во домаќинството, опрема за перење алишта за домаќинството, фрижидери за домаќинството, вертикални и хоризонтални замрзнувачи и останати електрични и неелектрични апарати за домаќинството, како што се машини за миење садови, грејачи за вода и апарати за отстранување ѓубре. Оваа група вклучува производство на апарати што за напојување користат струја, гас и сл.

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Поткласа | | НАЗИВ |
|---|---|---|
| 27.51 | | **Производство на електрични апарати за домаќинството** |
| | 27.510 | **Производство на електрични апарати за домаќинството** |

Оваа потkласа вклучува:
- производство на електротермички апарати за домаќинствата:
  - фрижидери
  - замрзнувачи
  - машини за миење садови
  - машини за перење и сушење алишта
  - правосмукалки
  - апарати за полирање подови
  - уреди за отстранување отпадоци
  - машини за сечење, миксери, соковници
  - отворачи на конзерви
  - електрични апарати за бричење, електрични четки за заби и други електрични уреди за лична употреба
  - острачи на ножеви
  - аспиратори или апарати за рециклирање
- производство на електротермички уреди за домаќинствата:
  - електрични грејачи за вода
  - електрични ќебиња
  - електрични фенови за сушење коса, чешли, четки, виклери
  - електрични пегли
  - електрични апарати за загревање простории и домашни вентилатори, преносни
  - електрични печки
  - микробранови печки
  - шпорети, решоа
  - тостери
  - електрични скари
  - апарати за подготвување кафе и чај
  - фритези, фурни за месо, аспиратори
  - електрични грејни тела итн.
  - вентилатори за на маса, под, ѕид, прозорци, плафон или покрив

Оваа потkласа исклучува:
- производство на неелектрични грејачи на простор, види 27.52
- производство на комерцијални и индустриски фрижидери и замрзнувачи, разладни (клима) уреди, тавански вентилатори, грејачи на простории за трајно монтирање, комерцијални вентилатори и всмукувачи на воздух, комерцијална опрема за готвење; комерцијална опрема за перење алишта, хемиско чистење и пеглање; комерцијални и индустриски правосмукалки, види оддел 28
- производство на опрема за централно греење за трајно монтирање, види 28.21
- производство на машини за шиење за домашна употреба, види 28.94
- инсталирање на централен систем за всмукување, види 43.29

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потклаcа | | | | | НАЗИВ |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | 27.52 | | **Производство на неелектрични апарати за домаќинството** |
| | | | | 27.520 | **Производство на неелектрични апарати за домаќинството** |
| | | | | | Оваа потклаcа вклучува:<br> - производство на неелектрична опрема за готвење и греење во домаќинството:<br> • неелектрични апарати за греење простории, шпорети, скари, печки, грејачи за вода, апарати за готвење, уреди за подгревање<br>Оваа потклаcа исклучува:<br>- производство на котли за централно греење и соларни бојлери, види 28.21 |
| | | 27.9 | | | **Производство на друга електрична опрема** |
| | | | 27.90 | | **Производство на друга електрична опрема** |
| | | | | 27.900 | **Производство на друга електрична опрема** |
| | | | | | Оваа потклаcа вклучува производство на разновидна електрична опрема во која не спаѓаат мотори, генератори и трансформатори, батерии и акумулатори, жици и жичени уреди, опрема за осветлување и апарати за домаќинството.<br><br>Оваа потклаcа вклучува:<br> - производство на фиксни полначи за батерии<br> - производство на електрични уреди за отворање и затворање врати<br> - производство на електрични ѕвона<br> - производство на продолжни кабли (изработени) од купена изолирана жица<br> - производство на ултразвучни машини за чистење (освен лабораториските и стоматолошките)<br> - производство на кревети за сончање (солариуми)<br> - производство на горивни ќелии, регулирани и нерегулирани уреди за напојување<br> - производство на уреди за непрекинато напојување (UPS)<br> - производство на потиснувачи на напонски удари, освен за оние за примена во дистрибуцијата на електричната енергија<br> - производство на кабли за апарати, продолжни кабли и останати електрични кабли со изолирана жица и конектори<br> - производство на јаглеродни и графитни електроди, контакти и други електрични јаглеродни и графитни производи<br> - производство на акцелератори на честички<br> - производство на електрични кондензатори, отпорници и сл. компоненти<br> - производство на електромагнети<br> - производство на сирени<br> - производство на електрични семафори за спортски натпревари (на пр., за запишување резултати од натпревар)<br> - производство на електрични знаци<br> - производство на електрични сигнални уреди како што е сообраќајната и пешачката сигнализација<br> - производство на електрични изолатори (освен стакло или порцелан), проводници и опрема изработени од неблагороден метал<br> - производство на електрична опрема за заварување и средства за лемење, вклучувајќи и рачни уреди за лемење<br>- производство на вградени полначи за моторни возила<br>- производство на склопени кабли, опремени со конектори<br>- производство на инсталации за полнење автомобили |

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потткласа | НАЗИВ |
|---|---|
| | Оваа потткласа исклучува:<br>- производство на стаклени електрични изолатори, види 23.15<br>- производство на порцелански електрични изолатори, види 23.43<br>- производство на производи од јаглеродни и графитни влакна (освен електроди и оние за примена во електрични уреди), види 23.99<br>- производство на електронски компоненти за исправање и регулирање на напонот, струјно конвертирање (преобразување) интегрирани кола за претворање струја, електронски кондензатори, електронски отпорници и слични уреди, види 26.11<br>- производство на фотоволтаични ќелии, модули и панели, види 26.11<br>- производство на трансформатори, мотори, генератори, прекинувачи, релеи и индустриски контроли, види 27.1<br>- производство на батерии, види 27.20<br>- производство на жици за комуникација и енергија, струјни и неструјни жичени уреди, види 27.3<br>- производство на опрема за осветлување, види 27.40<br>- производство на апарати за домаќинството, види 27.5<br>- производство на неелектрична опрема за заварување и средства за лемење, види 28.29<br>- производство на електрична опрема за моторни возила, како што се генератори, алтернатори, свеќички, комплет кабли за системот на палење, за електричните системи за прозорци и врати, регулатори на напон, види 29.31<br>- производство на инвертер-модули и ќелии за гориво за автомобили, види 29.31 |
| **28** | **Производство на машини и уреди, н.д.м.** |
| | Овој оддел вклучува производство на машини и уреди што самостојно дејствуваат врз материјалите, дали механички или термички, или извршуваат операции на материјалите (како што се ракување, распрскување, мерење или пакување), вклучувајќи ги нивните механички компоненти што произведуваат и применуваат сила и какви било посебно произведени примарни делови. Ова вклучува производство на фиксни и мобилни или рачни уреди, без оглед дали се тие наменети за употреба во индустријата, градежништвото, земјоделството или за домашна употреба. Производството на специјална опрема за патнички или товарен транспорт во рамките на определни граници, исто така, припаѓа во овој оддел.<br><br>Овој одел го разликува производството на машини за специјална намена, т.е. машини што се користат исклучиво во конкретна дејност од Националната класификација на дејностите (НКД) или во мали групи дејности од класификацијата НКД, како и машини од општа намена, т.е. кои се користат во најразлични дејности од класификацијата НКД.<br>Овој оддел, исто така, вклучува машини за останата посебна намена, кои не се опфатени на друго место во Класификацијата, без оглед дали се користат во производниот процес или не, како што се опрема за забавни паркови, автоматска опрема за куглани итн.<br>Овој оддел не вклучува производство на метални производи за општа употреба (оддел 25), контролни инструменти, компјутерска опрема, опрема за мерење и тестирање, електрична дистрибуција и контролни апарати (оддел 26 и 27) и моторни возила за општа намена (оддел 29). |

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потокласа | | | НАЗИВ |
|---|---|---|---|
| 28.1 | | | **Производство на машини за општа намена** |
| | 28.11 | | **Производство на мотори и турбини, освен мотори за авиони и моторни возила** |
| | | 28.110 | **Производство на мотори и турбини, освен мотори за авиони и моторни возила** |

Оваа потокласа вклучува:
- производство на клипни мотори со внатрешно согорување, освен за моторни возила, авиони, млазни мотори:
  - бродски мотори
  - мотори за локомотиви
- производство на делови погодни за употреба исклучиво или главно во мотори со внатрешно согорување, на пр., клипови, клипни прстени, карбуратори и слично, освен за моторни возила
- производство на влезни и издувни вентили за мотори со внатрешно согорување
- производство на турбини и нивни делови:
  - турбини на водена пареа и останати парни турбини
  - хидраулични турбини, водени тркала и нивни регулатори
  - тубини на ветер и мелници
  - гасни турбини за авиони, освен турбомлазни и турбопропелерски за погон на авиони
- производство на комплети бојлер-турбини
- производство на комплети турбински генератори
- производство на мотори за индустриска употреба
- фабрички ремонт на мотори на бродови и чамци

Оваа потокласа исклучува:
- производство на електрогенератори (освен турбинско-генераторски комплети), види 27.11
- производство на основни мотори за стартување на генераторски агрегати (освен генераторски агрегати од турбински тип), види 27.11
- производство на делови за моторни возила со внатрешно согорување, види 29.10
- производство на електрична опрема и компоненти за мотори со внатрешно согорување за моторни возила, види 29.3
- производство на клипови, клипни прстени и карбуратори за моторни возила, види 29.32
- производство на клипни мотори со внатрешно согорување за авиони, види 30.3
- производство на авионски мотори, турбомлазни и турбо пропелери, види 30.31, 30.32
- производство на погонски мотори за мотоцикли, види 30.91
- производство на клипови, клипни прстени и карбуратори за мотоцикли, види 30.91

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 28.12 | | **Производство на хидраулични погонски уреди (хидраулична опрема)** |
| | | 28.120 | **Производство на хидраулични погонски уреди (хидраулична опрема)** |

Оваа потокласа вклучува:
- производство на хидраулични и пневматски мотори, цилиндри и вентили
- производство на хидраулични погонски системи
- производство на опрема за хидрауличен пренос
- производство на опрема за хидростатички пренос

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потикласа | | НАЗИВ |
|---|---|---|

Оваа потикласа исклучува:
- производство на хидраулични или пневматски цевки, цевководи и црева од гума, види 22.12
- производство на хидраулични или пневматски цевки, цевководи и црева од пластика, види 22.21
- производство на компресори, види 28.13
- производство на пумпи, освен хидраулични пумпи, види 28.13
- производство на вентили за нехидраулична погонска примена, види 28.14
- производство на опрема за пренос на механичка енергија, види 28.15

**28.13** **Производство на други пумпи и компресори**

**28.130** **Производство на други пумпи и компресори**

Оваа потикласа вклучува:
- производство на воздушни или вакуумски пумпи, воздушни или други гасни компресори
- производство на пумпи за течност без оглед дали се или не се опремени со мерни инструменти
- производство на пумпи дизајнирани за примена кај мотори со внатрешно согорување, пумпи на нафта, вода и гориво за моторни возила итн.

Оваа потикласа, исто така, вклучува:
- производство на рачни пумпи

Оваа потикласа исклучува:
- производство на хидраулични пумпи, види 28.12

**28.14** **Производство на други славини и вентили**

**28.140** **Производство на други славини и вентили**

Оваа потикласа вклучува:
- производство на индустриски славини и вентили, вклучувајќи ги и вентилите за регулирање и славините за доток
- производство на санитарни славини и вентили
- производство на славини и вентили за централно греење

Оваа потикласа исклучува:
- производство на вентили од нестврдната вулканизирана гума, стакло или керамички материјал, види 22.12, 23.15 или 23.44
- производство на влезни и издувни вентили за мотори со внатрешно согорување, види 28.11
- производство на хидраулични и пневматски вентили и уреди за подготовка на воздухот за примена во пневматски системи, види 28.12

**28.15** **Производство на лежишта, преносници, како и преносни и погонски елементи**

**28.150** **Производство на лежишта, преносници, како и преносни и погонски елементи**

Оваа потикласа вклучува:
- производство на лагерски и валчести лежишта и нивни делови
- производство на уреди за механички пренос:
  - преносни осовини и колена: запчести осовини и коленести осовини итн.
  - лизгачки лежишта и нивни куќишта
- производство на запченици, степени на пренос и други менувачи на брзина
- производство на квачила и спојки
- производство на замајци и каишници
- производство на зглобници за синџир
- производство на преносни погонски синџири

Оваа потккласа исклучува:
- производство на други синџири, види 25.93
- производство на опрема за хидрауличен пренос, види 28.12
- производство на опрема за хидростатички пренос, види 28.12
- производство на спојки (квачила) за моторни возила, види 29.31
- производство на запченици, менувачи и нивни делови за моторни возила, види 29.32
- производство на одделни делови на трансмисиската опрема за употреба исклучиво или претежно кај моторни возила и авиони, види оддел 29 и 30

**28.2 Производство на други машини за општа намена**

**28.21 Производство на печки, горилници и опрема за греење на домаќинствата**

**28.210 Производство на печки, горилници и опрема за греење на домаќинствата**

Оваа потккласа вклучува:
- производство на електрични и други индустриски и лабораториски печки, вклучувајќи и печки за уништување отпад
- производство на пламеници
- изработка на котли за централно греење, соларни бојлери и слична опрема
- производство на опрема за ладење и вентилација на домаќинствата

Оваа потккласа, исто така, вклучува:
- производство на механички уреди за ложење, решетки за печки, отстранувачи на пепел итн.
- производство на генерално неповратни топлински пумпи (работат само во еден правец), кои главно се користат за греење на просторот или за снабдување со топла вода во домаќинствата

Оваа потккласа исклучува:
- производство на електрични печки за домаќинството, види 27.51
- производство на вентилатори за маса, под, ѕид, прозорец, таван или покрив, види 27.51
- производство на земјоделски сушилки, види 28.93
- производство на пекарски печки (фурни), види 28.93
- производство на сушилки за дрво, хартиена каша, хартија и хартиена амбалажа, види 28.99
- производство на медицински, хируршки и лабораториски стерилизатори, види 32.50
- производство на стоматолошки лабораториски печки, види 32.50

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Поткласа | | НАЗИВ |
|---|---|---|
| 28.22 | | **Производство на уреди за кревање и пренесување** |
| | 28.220 | **Производство на уреди за кревање и пренесување** |

Оваа потккласа вклучува:

- производство на машини со рачно управување или механички погон, за кревање, пренесување, товарање и растоварање:
  - уреди за кревање базирани на макари, чекреци, бродски чекреци, дигалки
  - различни типови кранови, подвижни платформи за кревање, специфични типови дигалки
  - работни возила, без разлика на тоа дали се опремени со уреди за кревање или пренесување, дали се или не се на сопствен погон, кои се користат во фабриките (вклучувајќи и рачни колички)
  - механички манипулатори и индустриски роботи специјално дизајнирани за кревање, пренесување, товарање и растоварање
  - автоматизирани и роботски виљушкари и товарачи/растоварачи на палети
- производство на транспортни ленти, жичници итн.
- производство на лифтови, ескалатори и подвижни патеки за движење
- производство на специјализирани делови на уреди (опрема) исклучиво или претежно за кревање и ракување

Оваа потккласа, исто така, вклучува:

- производство на автоматска опрема за подигање и ракување за магацини

Оваа потккласа исклучува:

- производство на машини за вертикално земјоделство, види 28.30
- производство на бесконечни ленти и елеватори, како и транспортни ленти за користење под земја, види 28.92
- производство на машини за ископ, багери и натоварувачи, види 28.92
- производство на индустриски роботи за повеќенаменска употреба, види 28.99
- производство на камион-кранови, пловечки кранови и шински кранови, види 29.10, 30.11, 30.20
- инсталирање лифтови и елеватори, види 43.24

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потекласа | | НАЗИВ |
|---|---|---|
| 28.23 | | **Производство на канцелариски машини и опрема, освен производство на компјутери и периферна опрема** |
| | 28.230 | **Производство на канцелариски машини и опрема, освен производство на компјутери и периферна опрема** |

Оваа поткласа вклучува:
- производство на машини за сметање
- производство на фискални каси
- производство на калкулатори
- производство на поштенски ваги, машини за обработка на пошта (машини за пополнување на пликовите, запечатување и адресирање; отворање, сортирање, прегледување), машини за класирање
- производство на машини за пишување (дактилографски машини)
- производство на стенографски машини
- канцелариска опрема за подврзување (на пр., пластично подврзување и подврзување со лента)
- производство на машини за броење и пакување метални пари
- производство на машини за острење моливи
- производство на хефталки и отстранувачи на хефт-игли
- производство на машини за гласање
- производство на диспанзери за самолеплива лента
- производство на дупчалки (перфоратори)
- производство на машини за копирање
- производство на училишни табли; црни, бели и табли за маркери
- производство на диктафони

Оваа поткласа исклучува:
- производство на острилки за моливи, види 25.61
- производство на компјутерска и периферна опрема, види 26.20

| | | |
|---|---|---|
| 28.24 | | **Производство на механизирани рачни алати** |
| | 28.240 | **Производство на механизирани рачни алати** |

Оваа поткласа вклучува:
- производство на рачни алатки, со електричен/неелектричен мотор или пневматски, како што се:
  - кружни или реципрочни пили
  - моторни пили
  - бормашини и ударни бормашини (хилти)
  - рачни брусилки
  - пневматски чекани
  - машини за полирање
  - фреза
  - брусилка
  - хефталки
  - пневматски пиштол за поп-нитни
  - рамналка
  - клешти за сечење
  - ударен одвртувач
  - специјални уреди за забивање шајки

Оваа поткласа исклучува:
- производство на рачни алати и заменливи делови за пневматски и електрични алати, види 25.63
- производство на електрична рачна опрема за заварување и лемење, види 27.90

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потткласа | НАЗИВ |
|---|---|
| 28.25 | **Производство на опрема за климатизација која не е за примена во домаќинството** |
| 28.250 | **Производство на опрема за климатизација која не е за примена во домаќинството** |

Оваа поткласа вклучува:
- производство на индустриски фрижидери или замрзнувачи
- производство на уреди за климатизација, освен за моторни возила
- производство на вентилатори што не се предвидени за домашна употреба
- производство на изменувачи на топлина
- производство на машини за претворање воздух и гас во течна состојба
- производство на вентилатори за тавански простории, калкански вентилатори, вентилатори за поткровје итн.
- производство на испарувачи и кондензатори за фрижидери што не се за домаќинство

Оваа поткласа, исто така, вклучува:
- производство на реверзибилни топлински пумпи со моторизиран вентилатор и уреди за менување на температурата и влажноста на воздухот

Оваа поткласа исклучува:
- производство на фрижидери и замрзнувачи за домаќинствата, види 27.51
- производство на вентилатори за домаќинствата, види 27.51
- производство на опрема за ладење на домаќинствата, види 28.21
- производство на машини за климатизација за моторни возила, види 29.32

| Сектор / Оддел / Група / Класа | Потткласа | НАЗИВ |
|---|---|---|
| 28.29 | | **Производство на други машини за општа намена, н.д.м.** |
| | 28.290 | **Производство на други машини за општа намена, н.д.м.** |

Оваа поткласа вклучува:

- производство на уреди за мерење (освен прецизни лабораториски ваги), вклучувајќи ваги за трговија и домаќинство, ваги платформи, ваги за континуирано мерење, тегови итн.
- производство на машини и апарати за филтрирање и прочистување течности
- производство на опрема за исфрлување, дисперзија или распрснување течности и прашоци:
  - пиштоли за прскање, апарати за гаснење пожари, машини за чистење со песочен млаз, машини за чистење со пареа итн.
- производство на машини за пакување и обвиткување:
  - машини за полнење, затворање, затнување, капислирање или означување итн.
- производство на машини за чистење (вклучувајќи машини за миење садови), за индустриска употреба
- производство на машини за миење или сушење шишиња и за газирање пијалаци
- производство на постројки за дестилација или пречистување за рафинерии на нафта, за хемиската индустрија, индустријата за пијалаци итн.
- производство на гасни генератори
- производство на машини за валање и нивни цилиндри (освен за метал и стакло)
- производство на центрифуги (освен сепаратори на млеко, сушилки за алишта и лабораториски центрифуги)
- производство на дихтунзи и слични семеринзи изработени од комбиниран или истороден материјал
- производство на автомати за продажба на стоки
- производство на либели, мерни уреди и слични рачни алатки, алати за прецизна механика (освен оптички)
- производство на неелектрична опрема за заварување и лемење
- производство на разладни кули или слично за директно разладување со помош на вода што циркулира

Оваа поткласа исклучува:

- производство на дихтунзи од вулканизирана гума, види 22.12
- производство на прецизни (лабораториски) ваги, види 26.51
- производство на фрижидери и замрзнувачи за домаќинствата, види 27.51
- производство на вентилатори за домаќинствата, види 27.51
- производство на електрична опрема за заварување и лемење, види 27.90
- производство на земјоделски машини за прскање, види 28.30
- производство на машини и цилиндри за валање метал или стакло, види 28.91, 28.99
- производство на сушилки за земјоделството, види 28.93
- производство на машини за филтрирање и прочистување  храна, види 28.93
- производство на сепаратори на павлака, види 28.93
- производство на комерцијални машини за сушење алишта, види 28.94
- производство на машини за печатење текстил, види 28.94
- производство на лабораториски центрифуги, види 32.50

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потткласа | НАЗИВ |
|---|---|
| 28.3 | **Производство на машини за земјоделството и шумарството** |
| 28.30 | **Производство на машини за земјоделството и шумарството** |
| 28.300 | **Производство на машини за земјоделството и шумарството** |

Оваа потткласа вклучува:
- производство на трактори што се користат во земјоделството и шумарството
- производство на трактори гасеничари
- производство на мотокултиватори
- производство на косилки, вклучувајќи и косилки за трева
- производство на земјоделски самотоварни и саморастоварни приколки и полуприколки
- производство на земјоделски машини за подготовка на земјиштето, за сеидба или ѓубрење:
  • плугови, растурачи на ѓубриво, машини за сеење, за дробење и израмнување на земјата итн.
- производство на машини за жетва и вршење:
  • жетварки, вршалки, сортирки итн.
- производство на машини за молзење
- производство на машини за прскање во земјоделството (земјоделски прскалки)
- производство на разновидни земјоделски машини:
  • машини за одгледување живина, опрема за пчеларство, опрема за подготовка на крма итн.
  • машини за чистење, сортирање или класирање јајца, овошје итн.
- производство на машини за вертикално земјоделство

Оваа потткласа исклучува:
- производство на неелектричен рачен алат за земјоделството, види 25.63
- производство на транспортни ленти за употреба во земјоделството, види 28.22
- производство на електричен рачен алат, види 28.24
- производство на земјоделски машини за отстранување земја, види 28.92
- производство на сепаратори за павлака, види 28.93
- производство на машини за чистење, сортирање и класирање семе, зрна или сув легуминозен зеленчук, види 28.93
- производство на влечни возила за приколки или полуприколки, види 29.10
- производство на приколки или полуприколки, види 29.20

| | |
|---|---|
| 28.4 | **Производство на машини за обликување метали и алатни машини** |

Оваа група вклучува производство на алатни машини за обработка на метали и машински алати, на пр., производство на машински алати за обработка на метали и други материјали (дрво, коска, камен, тврда гума, тврда пластика, ладно стакло итн.), вклучувајќи ги и оние што користат ласерски зраци, ултразвучни бранови, плазмен лак, магнетски пулс итн.

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потклаcа | | НАЗИВ |
|---|---|---|
| 28.41 | | **Производство на машини за обликување метали и алатни машини за обработка на метал** |
| | 28.410 | **Производство на машини за обликување метали и алатни машини за обработка на метал** |

Оваа потклаcа вклучува:

- производство на алатни машини за обработка на метал, вклучувајќи ги и оние што користат ласерски зраци, ултразвучни бранови, плазмен лак, магнетски пулс итн.
- производство на алатни машини за стругање, дупчење, глодање, обликување, рамнење, фрезирање, брусење итн.
- производство на алатни машини за бришење, острење, брусење, обложување, полирање или доработка на метал или кермет на друг начин со помош на брусни камења, абразиви или производи за полирање
- производство на машински центри и машини со повеќе станици за обработка на метал
- производство на алатни машини за израмнување, обликување, жлебување, гребење, сечење запченици, брусење запченици или завршна обработка, сечење, отсекување и други машински алати што отстрануваат метал или кермет
- производство на алатни машини за печатење и пресување
- производство на преси за дупчење, хидраулични преси, хидраулични сопирачки, чекан за обликување, машини за ковање итн.
- производство на машини за извлекување метал, ваљаци за жица или машини за обработка на жица
- производство на машини за стругање, поставување нитни, секачи за лим

Оваа потклаcа исклучува:

- производство на различни заменливи делови за рачен алат, види 25.63
- производство на машини (опрема) за заварување и лемење, види 27.90
- производство на машини за адитивно производство, види 28.97

| | | |
|---|---|---|
| 28.42 | | **Производство на други алатни машини** |
| | 28.420 | **Производство на други алатни машини** |

Оваа потклаcа вклучува:

- производство на алатни машини за обработка на дрво, плута, коска, камен, тврда гума, тврда пластика, керамика, бетон, ладно стакло или слични тврди неметални материјали
- производство на држачи за алатни машини
- производство на разделни глави и други посебни додатоци за алатни машини
- производство на стационарни машини за заковување, захефтување, лепење и составување на друг начин дрво, плута, коска, тврда гума или тврда пластика итн.
- производство на стационарни ротирачки или ротирачки ударни дупчалки итн.
- производство на преси за обработка на иверка итн.

Оваа потклаcа, исто така, вклучува:

- производство на делови и додатоци за наведените машини и алатки

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потклаcа | НАЗИВ |
|---|---|
| | Оваа потклаcа исклучува:<br> - производство на дополнителни алати за алатни машини: бургии, пробивачи, калапи, приклучоци, ножеви за глодање, алати за струг, сечила за пили, ножеви за сечење итн., види 25.63<br> - производство на електрични рачни лемила и пиштолски лемила, види 27.90<br> - производство на електрични рачни алатки, види 28.24<br>- производство на машини за стругање (со турпија), поставување нитни, секачи за лим, види 28.41<br> - производство на машини што се користат во валалниците и леарниците, види 28.91<br> - производство на машини за рудници и каменоломи, види 28.92<br>- производство на машини за адитивно производство, види 28.97 |
| **28.9** | **Производство на други машини за посебни намени** |
| | Оваа група вклучува производство на машини за специјални намени, т.е. машини што се користат исклучивово конкретна дејност од НКД или во мала група дејности од НКД.<br>Повеќето од овие машини се користат во други производствени процеси, како што е производството на храна или текстил. Оваа група, исто така, вклучува и производство на специфични (посебни) машини (за непроизводствената индустрија), како што е воздухопловна опрема за лансирање авиони или опрема за забавни паркови. |
| **28.91** | **Производство на машини за металургијата** |
| **28.910** | **Производство на машини за металургијата** |
| | Оваа потклаcа вклучува:<br> - производство на машини и опрема за ракување со врел метал:<br>  • конвертори, кокили (метални калапи за леење), лонци за леење, машини за одливки<br> - производство на линии за валање метал и ваљаци за тие линии<br>Оваа потклаcа исклучува:<br> - производство на кутии и калапи за леење (освен калапи за инготи), види 25.63<br> - производство на машини за влечење метали, види 28.41<br> - производство на машини за формирање калапи за леарница, види 28.99 |

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потклаца | НАЗИВ |
|---|---|
| 28.92 | **Производство на машини за рударство, вадење камен и градежништво** |
| 28.920 | **Производство на машини за рударство, вадење камен и градежништво** |

Оваа потклаца вклучува:
- производство на бесконечни ленти и елеватори за работа под земја
- производство на машини за дупчење, пресекување, машини за прокопување тунели (без оглед дали се за работа под земја или не)
- производство на машини за обработка на минерали преку просејување, сортирање, сепарација, миење, кршење руди итн.
- производство на мешалки за бетон и малтер
- производство на машини за отстранување земја:
  • булдожери, израмнувачи, машини за рамнење, утоварувачи, лопати за товарање итн.
- производство на машини за набивање и вадење столбови, орудија за нанесување малтер, битумен и машини за рамнење на површинскиот слој на бетон
- производство на машини за мешање минерални материи со битумен
- производство на машини за поставување пруги и трактори за градежништво и рударство
- производство на сите видови рала за булдожери и англдозери
- производство на теренски камиони (кипери)
- производство на теренски дампинг-камиони
- производство на плугови и дувалки за снег

Оваа потклаца исклучува:
- производство на опрема за кревање и ракување, види 28.22
- производство на останати трактори, види 28.30, 29.10
- производство на алатни машини за обработка на камен, вклучувајќи и машини за сечење и брусење камен, види 28.42
- производство на камиони бетон-мешалки, види 29.10

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потклаcа | НАЗИВ |
|---|---|
| 28.93 | **Производство на машини за индустријата за храна, пијалаци и тутун** |
| 28.930 | **Производство на машини за индустријата за храна, пијалаци и тутун** |

Оваа потклаcа вклучува:
- производство на сушилки за земјоделството
- производство на машини за млекарската индустрија:
  - сепаратори на павлака
  - машини за обработка на млекото (на пр., хомогенизатори)
  - машини за производство на путер (на пр., миксери за путер, машини за обработка и обликување путер)
  - машини за изработка на сирење (на пр., хомогенизатори, калапи, преси итн.)
- производство на машини за мелничката индустрија:
  - машини за чистење, сортирање и градирање на семето, зрното или сушеното зрнесто растение (вршилки, сита за просејување, сепаратори, машини за лупење)
  - машини за производство на брашно и крма: мелнички камења, мелнички тркала или валјаци за мешање тесто, водови, сита, сепаратори на трици, мешалки, машини за лупење ориз, за чистење мешунки итн.
- производство на преси, машини за мелење итн. за производство на вино, јаболковина, сокови итн.
- производство на машини за пекарската индустрија или за изработка на макарони, шпагети и слични производи:
  - пекарски печки, уреди за мешање тесто, разделување, обликување и истенчување на тестото, машини за правење кекси итн.
- производство на машини и опрема за преработка на разновидна храна:
  - машини за изработка на слатки, какао или чоколада; за производство на шеќер; пиво; за обработка на месо или живина, за подготвување овошје, ореви или зеленчук; за подготвување риба, школки и друга морска храна
  - други машини за индустриска подготовка или производство на храна или пијалаци
- производство на машини за филтрирање или прочистување храна и пијалоци
- производство на машини за екстракција или преработка на животински или растителни масти или масла
- производство на машини за преработка на тутун и изработка на цигари и пури, тутун за луле или џвакање или бурмут
- производство на машини за подготовка на храна во хотели и ресторани

Оваа потклаcа исклучува:
- производство на опрема за зрачење храна (намирници) и млеко, види 26.60
- производство на машини за пакување, завиткување и мерење, види 28.29
- производство на машини за чистење, сортирање или класирање јајца, овошје или други плодови (освен семе, зрна и сув легуминозен зеленчук), види 28.30

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Поткласа | | НАЗИВ |
|---|---|---|
| 28.94 | | **Производство на машини за индустријата за текстил, облека и кожа** |
| | 28.940 | **Производство на машини за индустријата за текстил, облека и кожа** |

Оваа поткласа вклучува:
- производство на текстилни машини:
  - машини за подготовка, производство, извлекување, влачење, текстурирање и/или сечење рачно изработени текстилни влакна, материјали или предива
  - машини за подготовка на текстилни влакна: за чистење памук, раскинување бали, собирање и растресување памук, чистење и карбонизација на волна, за чешлање и влачење, лентести влачарки итн.
  - машини за предење
  - машини за подготвување текстилна преѓа (предива): машини за намотување, сновење и слични машини
  - машини за ткаење (разбои), вклучувајќи и машини за рачно ткаење
  - машини за плетење
  - машини за изработка на јазлести мрежи, тул, чипка, плетенки итн.
- производство на помошни уреди или опрема за текстилни машини:
  - доби, жакард, автоматски запирачи на движењето, механизми за заменување на ткајачките совалки, вретена и делови за вретена итн.
- производство на машини за печатење текстил
- производство на машини за обработка на ткаенини:
  - машини за перење, белење, бојадисување, декорирање, финална обработка, премачкување или импрегнација на текстилните ткаенини
  - производство на машини за намотување, одмотување, свиткување, сечење или перфорирање на текстилните влакна
- производство на машини за перење:
  - машини за пеглање, вклучувајќи и топли преси
  - машини за перење и сушење алишта во перални (комерцијални)
  - машини за хемиско чистење
- производство на машини за шиење, глави и игли за машини за шиење (без оглед дали се или не за домашна употреба)
- производство на машини за изработка или финална обработка на филц или неткаен текстил
- производство на машини за кожа:
  - машини за подготовка, штавење или обработка на кожа (сурова и со влакна)
  - машини за обработка или поправка на обувки, како и на други производи од крзно, сурова кожа и обработена кожа

Оваа поткласа исклучува:
- производство на дупчени картички од хартија или картон што се користат на жакард-машините, види 17.25
- производство на машини за перење и сушење во домаќинствата, види 27.51
- производство на машини за валање (валјаци), види 28.29
- производство на машини за книговезници, види 28.99

**28.95** **Производство на машини за индустријата за хартија и картон**

**28.950** **Производство на машини за индустријата за хартија и картон**

Оваа поткласа вклучува:
- производство на машини за изработка на хартиена целулоза (пулпа)
- производство на машини за изработка на хартија и картон
- производство на машини за изработка на производи од хартија и картон, вклучувајќи машини за сечење хартија од секаков вид

**28.96** **Производство на машини за обработка на пластика и гума**

**28.960** **Производство на машини за обработка на пластика и гума**

Оваа поткласа вклучува:
- производство на машини за преработка на мека гума или пластика, како и машини за изработка на производи од тие материјали:
  • екструдери, калапи, машини за изработка на пневматици и протектирање гуми и други машини за изработка на посебен вид производи од гума и пластика

Оваа поткласа исклучува:
- производство на машини за адитивно производство, види 28.97

**28.97** **Производство на машини за адитивно производство**

**28.970** **Производство на машини за адитивно производство**

Оваа поткласа вклучува:
- производство на машини за адитивно производство од метал, пластика, гума, гипс, цемент, керамички наслаги и др.

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потткласа | | НАЗИВ |
|---|---|---|
| 28.99 | | **Производство на други машини за посебни намени, н.д.м.** |
| | 28.990 | **Производство на други машини за посебни намени, н.д.м.** |

Оваа потткласа вклучува:
- производство на сушилки за дрво, хартиена пулпа, хартија и картон и други материјали (освен за земјоделски и текстилни производи)
- производство на машини за печатење и книговезни машини и машини што овозможуваат печатење врз разновидни материјали
- производство на машини за изработка на керамички плочки, различни керамички форми, цевки, графитни електроди, креди за табла итн.
- производство на машини за производство на полупроводници
- производство на машини за формирање калапи за леење
- производство на индустриски роботи за извршување разновидни задачи за специјални намени
- производство на разновидни специјални машини и опрема:
  • машини за составување електрични и електронски ламби, цевки или светилки
  • машини за производство или топла обработка на стакло или стаклени садови, стаклени влакна или стаклено предиво
  • машини или апарати за сепарација на изотопи
- производство на уреди за центрирање и балансирање гуми; опрема за балансирање (освен балансирање тркала)
- производство на централни системи за подмачкување
- производство на опрема за катапултирање авиони, катапулти за носачи на авиони и сл. опрема
- производство на опрема за автоматизирана куглана (на пр., машина за поставување кегли)
- производство на вртелешки, лулашки, стрелишта и друга опрема за забавни паркови
- производство на машини за компресирање отпад
- изработка на машини за малтерисување
- производство на ротирачки порти што пропуштаат само едно лице .
- производство на системи за намотување, кои се користат за контролирање на едрата

Оваа потткласа исклучува:
- производство на апарати за домаќинството, види 27.5
- производство на машини за фотокопирање итн., види 28.23
- производство на уреди и опрема за работа со тврда гума, тврда пластика или ладно стакло, види 28.42
- производство на калапи за инготи, види 28.91
- производство на машини за адитивно производство, види 28.97

**29** **Производство на моторни возила, приколки и полуприколки**

Овој оддел вклучува производство на моторни возила за превоз на патници или товар. Производството на разновидни делови и дополнителен прибор, како и производството на приколки и полуприколки, исто така, е вклучено во овој оддел.

Одржувањето и поправката на возилата произведени во овој оддел се класифицирани во 95.31.

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потткласа | НАЗИВ |
|---|---|
| 29.1 | **Производство на моторни возила** |
| 29.10 | **Производство на моторни возила** |
| 29.100 | **Производство на моторни возила** |

Оваа потткласа вклучува производство на електрични возила, возила со внатрешно согорување и хибридни мотори и на автономни возила.

Оваа потткласа вклучува:
- производство на патнички возила
- производство на комерцијални возила:
  • камионети, камиони, влечни возила за полуприколки итн.
- производство на автобуси, тролејбуси и вагони
- производство на мотори за моторни возила, вклучувајќи и електрични мотори
- производство на други моторни возила:
  • возила за снег, возила за голф, возила амфибии
  • возила за чистење улици
- возила за секаков терен, картинзи и сл., тркачки возила

Оваа потткласа, исто така, вклучува:
- фабричко ремонтирање мотори за моторни возила
- производство на шасии за моторни возила

Оваа потткласа исклучува:
- производство на светлосна опрема за моторни возила, види 27.40
- производство на клипови, клипни прстени и карбуратори, освен за моторни возила и мотоцикли, види 28.11
- производство на камиони опремени со дигалка, види 28.22
- производство на трактори за земјоделство и шумарство, види 28.30
- производство на трактори гасеничари, види 28.30
- производство на кипери, види 28.92
- производство на каросерии за моторни возила, на пр. за противпожарни возила, библиобуси, камиони со бетонски мешалки, види 29.20
- производство на каросерии за оклопни возила, види 29.20
- производство на електрични делови за моторни возила, види 29.31
- производство на делови и дополнителна опрема за моторни возила, види 29.32
- производство на тенкови и други воени возила, види 30.40
- поправка и одржување моторни возила, види 95.31

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потклaса | НАЗИВ |
|---|---|
| 29.2 | **Производство на каросерии за моторни возила; производство на приколки и полуприколки** |
| 29.20 | **Производство на каросерии за моторни возила; производство на приколки и полуприколки** |
| 29.200 | **Производство на каросерии за моторни возила; производство на приколки и полуприколки** |

Оваа потклаcа вклучува:
- производство на каросерии, вклучувајќи и кабини за моторни возила
  - противпожарни возила, библиобуси (патувачки библиотеки), оклопни возила
  - камиони со мешалка за бетон
- опремување секакви видови моторни возила, приколки и полуприколки
- производство на приколки и полуприколки:
  - цистерни, приколки со отворени и затворени каросерии
  - камп-приколки итн.
- реконструкција и приспособување на моторните возила
- производство на транспортни контејнери за одреден или за повеќе видови превоз
- изработка на шасии за приколки

Оваа потклаcа исклучува:
- производство на приколки и полуприколки специјално изградени за употреба во земјоделството, види 28.30
- производство на делови и прибор за каросерии на моторни возила, види 29.32
- производство на возила влечени од животни, види 30.99

**29.3** **Производство на делови и дополнителен прибор за моторни возила**

Оваа група вклучува производство на делови за моторни возила и додатоци од сите материјали.

**29.31** **Производство на електрична и електронска опрема за моторни возила**

**29.310** **Производство на електрична и електронска опрема за моторни возила**

Оваа потклаcа вклучува:
- производството на електрична опрема за моторни возила, како што се генератори, алтернатори, свеќички, комплет жици за системот за палење, системи за отворање и затворање на прозорците и вратите, вградување мерни инструменти во инструмент-таблата, регулатори на напон
- изработка на (електромагнетни) спојки (квачила) за моторни возила

Оваа потклаcа, исто така, вклучува:
- производство на инвертер-модули и горивни ќелии за автомобили
- производство на комплети кабли, изолирани жици и слични комплети или склопови за автомобилска примена

Оваа потклаcа исклучува:
- производство на батерии за возила, види 27.20
- производство на светлосна опрема за моторни возила, види 27.40
- производство на пумпи за мотори и моторни возила, види 28.13

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потекласа | | | | | НАЗИВ |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | 29.32 | | **Производство на други делови и дополнителен прибор за моторни возила** |
| | | | | 29.320 | **Производство на други делови и дополнителен прибор за моторни возила** |

Оваа поткласа вклучува:
- производство на разновидни делови и дополнителен прибор за моторни возила:
  • сопирачки, менувачи на брзини, спојки (квачила), осовини, тркала, амортизери
- производство на делови и прибор за каросерии на моторни возила:
  • сигурносни ремени, воздушни перничиња, ретровизори, браници
- производство на седишта за возила вклучувајќи седишта за бебиња и деца
- производство на машини за климатизација за моторни возила

Оваа поткласа исклучува:
- производство на гуми, види 22.11
- производство на гумени црева, ремени, како и други гумени производи, види 22.12
- производство на клипови, клипни прстени и карбуратори, кои не се за моторни возила или мотоцикли, види 28.11
- производство на пумпи за моторни возила и мотори, види 28.13
- одржување, поправка и преправка на моторни возила, види 95.11

**30 Производство на останата опрема за транспорт**

Овој оддел вклучува производство на транспортна опрема како што се производството на чамци, бродови, производството на шински возила и железнички локомотиви, воздухопловни и вселенски летала, како и производството на нивни делови.

**30.1 Изградба на чамци и бродови**

Оваа група вклучува изградба на чамци, бродови и други пловечки објекти за транспорт и други комерцијални цели, како и за спортски и рекреациски цели.

**30.11 Изградба на цивилни бродови и пловни објекти**

**30.110 Изградба на цивилни бродови и пловни објекти**

Оваа поткласа го вклучува производството на бродови, со исклучок на чамците за спорт и рекреација, како и изградбата на пловечки објекти.

Оваа поткласа вклучува:
- изградба на комерцијални бродови:
  • патнички бродови, траекти, товарни бродови, танкери, реморкери итн.
- изградба на рибарски бродови и бродови фабрики за преработка на риба

Оваа поткласа, исто така, вклучува:
- изградба на ховеркрафти (лебдилки) со исклучок на ховеркрафтите за рекреациски цели
- изградба на платформи за дупчење, пловечки или подводни
- изградба на пловечки објекти:
  • пловечки докови, кесони, пловки, платформи за истоварување, пловни знаци, пловечки танкери, баржи, светилници, пловечки дигалки, гумени чамци на дување што не се користат во рекреациски цели итн.
- производство на елементи за бродови, како и пловечки објекти
- производство на подводни дронови
- фабричка пренамена на бродови
- поставување технички ентериер на чамци

| Сектор | Оддел | Група | Класа | Потккласа | НАЗИВ |
|---|---|---|---|---|---|

Оваа потккласа исклучува:
- производство на делови за пловила кои не се дел од главните делови на трупот:
  • производство на едра, види 13.96
  • производство на бродски пропелери, види 25.99
  • производство на железни и челични сидра, види 25.99
  • производство на бродски мотори, види 28.11
- производство на инструменти за навигација, види 26.51
- производство на светлосна опрема за бродови, види 27.40
- фабрички ремонт на мотори на цивилни бродови и чамци, види 28.11
- производство на амфибиски возила, види 29.10, 30.40
- производство на рекреациони чамци или сплавови на надувување, види 30.12
- изградба на јахти, види 30.12
- изградба на воени бродови и пловни објекти, види 30.13
- специјализирана поправка и одржување на бродови и пловечки објекти, види 33.15
- демолирање на бродови, види 38.31
- внатрешна инсталација на бродови, види 43.3

**30.12 Изградба на чамци за рекреација и спортски чамци**

**30.120 Изградба на чамци за рекреација и спортски чамци**

Оваа потккласа вклучува:
- производство на чамци и сплавови на надувување за спорт и рекреација
- изградба на едрилици со или без помошен мотор
- изградба на моторни чамци
- изградба на рекреативни ховеркрафти
- изградба на јахти
- изработка на лични пловила
- изградба на други чамци за спорт и рекреација:
  • кануа, кајаци, чамци за веслање, скифови

Оваа потккласа, исто така, вклучува:
- преправки на чамци за рекреација и спорт

Оваа потккласа исклучува:
- производство на делови за рекреативни и спортски чамци:
  • производство на едра, види 13.96
  • производство на железни и челични сидра, види 25.99
  • производство на бродски мотори, види 28.11
- фабрички ремонт на мотори на бродови и чамци за спорт и рекреација, види 28.11
- производство на даски за едрење и сурфање, види 32.30
- одржување и поправка на чамци за рекреација, види 33.15
- изнајмување чамци за рекреација и едреници со екипаж, види 50.10, 50.30
- изнајмување чамци за рекреација и јахти без екипаж, види 77.21

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потукласа | | | НАЗИВ |
|---|---|---|---|
| | 30.13 | | **Изградба на воени бродови и пловни објекти** |
| | | 30.130 | **Изградба на воени бродови и пловни објекти** |

Оваа потукласа вклучува изградба на воени бродови и пловни објекти, на пр., борбени бродови опремени со различно офанзивно и одбранбено оружје и со заштитни уреди од гранатирање и изградба на воени пловечки конструкции, на пр.
- носачи на авиони
- амфибиски воени и јуришни бродови
- крстосувачи
- уништувачи
- подморници
- десантни бродови
- шлепери за транспорт на муниција или мини

Оваа потукласа, исто така, вклучува:
- преправки на воени бродови, пловни објекти и пловечки конструкции

Оваа потукласа исклучува:
- производство на оружје и муниција, на пр., торпедни цевки, торпеда, види 25.30
- фабрички ремонт на воени бродови и мотори на бродови, види 28.11
- изградба на цивилни бродови и пловечки конструкции, види 30.11
- производство на чамци или сплавови на дување за задоволство и спорт, види 30.12

| | | | |
|---|---|---|---|
| 30.2 | | | **Производство на железнички локомотиви и шински возила** |
| | 30.20 | | **Производство на железнички локомотиви и шински возила** |
| | | 30.200 | **Производство на железнички локомотиви и шински возила** |

Оваа потукласа вклучува:
- производство на локомотиви: електрични, дизел, парни и други видови локомотиви
- производство на самодвижечки железнички или трамвајски вагони, приколки и товарни вагони, сервисни возила и возила за одржување
- производство на возила за железнички и трамвајски шински возила без сопствен погон:
  - патнички вагони, вагони за транспорт на стоки, вагони цистерни, вагони со автоматско истоварување, вагони работилници, вагони кревалки, вагони за набавки
- производство на специјализирани делови за железнички и трамвајски локомотиви и шински возила:
  - подвозја, осовини и тркала, кочници и делови за кочење, спојувачки уреди меѓу вагоните, одбојници и нивни делови; амортизери; шасии за вагони и локомотиви; каросерии; споеви меѓу платформи итн.

Оваа потукласа, исто така, вклучува:
- производство на локомотиви и шински возила за рударство
- производство на механички и електромеханички уреди за сигнализација, безбедност и опрема за контрола на сообраќајот за железница, трамваи, воден сообраќај, патишта, опрема за паркинг, аеродроми итн.
- производство на седишта за шински возила

Оваа потткласа исклучува:
- производство на несоставени шини, види 24.10
- производство на прицврстувачи за поставување шини, види 25.99
- производство на електромотори, види 27.11
- производство на електрични уреди за сигнализација, безбедност и контрола на сообраќајот за железници или трамваи, види 27.90
**35.230** **Трговија на гас преку дистрибутивните системи**

Оваа потокласа вклучува:
- продажба на гасовити горива преку дистрибутивните системи за сопствена сметка

Оваа потокласа исклучува:
- продажба на гасовити горива преку дистрибутивни системи за сметка на други, види 35.40
- трговија на големо со гасовити горива во боци, види 46.81
- трговија на мало со гасовити горива за моторни возила и мотоцикли, види 47.30
- трговија на мало со мазут за домаќинство и гас во боци, види 47.78

**35.24** **Складирање гас како дел од услугите за снабдување преку мрежа**

**35.240** **Складирање гас како дел од услугите за снабдување преку мрежа**

Оваа потокласа вклучува:
- складирање гасовити горива
- складирање хидроген во гасовита состојба

Оваа потокласа исклучува:
- втечнување гас за транспорт од рудникот, види 09.10
- складирање гасовити горива што не се дел од мрежните услуги за снабдување со енергија, види 52.10

**35.3** **Снабдување со пареа и климатизација**

**35.30** **Снабдување со пареа и климатизација**

**35.300** **Снабдување со пареа и климатизација**

Оваа потокласа вклучува:
- производство, собирање и дистрибуција на пареа и топла вода за греење, електрична енергија и други намени
- производство и дистрибуција на ладен воздух, на пр., за снабдување со климатизација
- производство и дистрибуција на разладена вода за ладење
- производство на мраз од природна вода за ладење

Оваа потокласа исто така вклучува:
- складирање топлинска енергија

Оваа потокласа исклучува:
- производство на мраз за јадење, види 10.52
- производство на топлина/пареа со конверзија на отпадни материјали, види 38.22

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потkласа | НАЗИВ |
|---|---|
| **35.4** | **Дејности на брокери и застапници за електрична енергија и гас** |
| **35.40** | **Дејности на брокери и застапници за електрична енергија и гас** |
| **35.400** | **Дејности на брокери и застапници за електрична енергија и гас** |

Оваа поткласа вклучува:
- активности на посредници или застапници, кои организираат продажба на електрична енергија преку системи за дистрибуција на електрична енергија управувани од други
- активности на посредници или застапници за гас што организираат продажба на гасовити горива преку системи за дистрибуција на гас управувани од други
- активности на посредници и застапници на берзи за стоковни и дистрибутивни капацитети за гасовити горива
- активности на посредници и застапници за работа на берзите за електрична енергија, дистрибутивни и преносни капацитети за електрична енергија

Оваа поткласа исклучува:
- складирање и дистрибуција или обезбедување електрична енергија на корисникот (преку систем на електрична мрежа) од производителот (за сопствена сметка), види 35.1
- складирање и дистрибуција или обезбедување гасовити горива до корисникот преку систем на електрична мрежа од страна на производителот (за сопствена сметка), види 35.2
- услужни активности за посредување за транспорт на гасовити горива, види 52.31

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потокласа | НАЗИВ |
| --- | --- |
| **Е/Д** | **СНАБДУВАЊЕ СО ВОДА; ОТСТРАНУВАЊЕ ОТПАДНИ ВОДИ, УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД И ДЕЈНОСТИ ЗА САНАЦИЈА НА ОКОЛИНАТА** |

Овој сектор вклучува дејности што се однесуваат на управувањето, на пр., собирање, претходна обработка, обновување и отстранување различни форми на отпад, на пр., цврст или нецврст индустриски отпад или отпад од домаќинствата, како и неговата организација.

Произведеното количество од процесот на постапување со отпадот или отпадните води може да биде отстрането или да стане влез во други производствени процеси. Секундарните суровини се материјали и производи што може да се користат како суровини со едноставна повторна употреба или преку рециклирање и обновување на отпадот. Во овој сектор се групирани и активностите за водоснабдување бидејќи тие често се спроведуваат во врска со или од единици што исто така се занимаваат со обработка на отпадни води.

Активностите, исто така, вклучуваат санација на контаминирани згради и места, почва, површински и подземни води (на пр., океани, мангрови шуми, мориња) итн.

Единиците што вообичаено ги преземаат процедурите за отпад на своите клиенти и стануваат клиенти на превозникот на отпад, а потоа за возврат наплаќаат на нивните клиенти за услугата со отпад, се класифицирани во одделот 38. Дури и ако овие единици не ги даваат соодветните услуги самите, тие се одговорни за нивно исполнување. Оваа активност се смета како комплетен аутсорсинг на услуга.

Овој сектор исклучува:

- активности за трговија со отпад како агенти, види 46.18
- активности за трговија со отпад како трговци на големо, види 46.87

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потkласа | НАЗИВ |
|---|---|
| 36 | **Собирање, обработка и снабдување со вода** |
| | Овој оддел вклучува собирање, постапување и дистрибуција на вода до крајните корисници. Во овој оддел се вклучени собирањето вода од различни извори, како и дистрибуцијата со различни средства. |
| 36.0 | **Собирање, обработка и снабдување со вода** |
| 36.00 | **Собирање, обработка и снабдување со вода** |
| 36.000 | **Собирање, обработка и снабдување со вода** |
| | Оваа поткласа вклучува:<br>- собирање вода од реки, езера и подземни води<br>- постапување со вода за водоснабдување<br>- отсолување морска вода или подземна вода за производство на вода како главен продукт на интерес<br>- дистрибуција на вода со посредство на мрежа, со камиони или други средства<br>- собирање дождовница<br>Оваа поткласа исто така вклучува:<br>- операции на каналите за наводнување<br>- изнајмување и давање под закуп на дистрибутивни мрежи за вода<br>Оваа поткласа исклучува:<br>- обезбедување услуги за наводнување за земјоделски цели, види 01.61<br>- производство на природни минерални води и други води во шишиња, види 11.07<br>- постапување со отпадни води со цел да се спречи загадување, види 37.00<br>- инсталација на водомери, види 43.22<br>- транспорт на вода преку цевководи, а не преку  мрежа, види 49.50<br>- читање водомери од трети лица, види 82.99 |
| 37 | **Отстранување отпадни води** |
| | Овој оддел ги вклучува операциите на системите за канализација или инсталациите за постапување со отпадните води што собираат, третираат и испуштаат отпадни води во водни тела или работат со површинско блокирање.<br><br>Овој оддел  исто така ги вклучува дејностите на објектите за постапување со отпадни води за повторна употреба, на пр., земјоделски, индустриски, отпадни води за чистење патишта или собрана дождовница. |
| 37.0 | **Отстранување отпадни води** |
| 37.00 | **Отстранување отпадни води** |
| 37.000 | **Отстранување отпадни води** |
| | Оваа поткласа вклучува:<br>- операции  за постапување со отпадни води за повторна употреба, на пр., земјоделски, индустриски, отпадни води за чистење патишта или собрана дождовница или за вештачко полнење или зголемување на подземните водни тела<br>- собирање и транспортирање отпадни води од корисниците, на пр., домаќинства или индустриски единици<br>- собирање и транспортирање дождовница преку канализациски мрежи, колектори, цистерни и други транспортни средства (канализациски возила и сл.)<br>- одржување и чистење канализација и одводни канали, вклучувајќи деблокирање одводи |

Оваа поткласа исто така вклучува:
- замрзнато сушење на тињата од отпадни води од пречистителни станици
- празнење и чистење базени и септички јами, мијалници и јами од канализација
- сервисирање хемиски тоалети

Оваа поткласа исклучува:
- понатамошно постапување со тињата извлечена од отпадните води, види оддел 38
  - анаеробна дигестија, види 38.2
  - аеробно постапување како компостирање, види 38.21
  - согорување со обновување енергија, види 38.22
  - согорување без обновување на енергија, види 38.31
- деконтаминација на површинските и подземните води на местото на загадување, види 39.00
- изградба или поправка на канализациски системи, види 42.21
- чистење и деблокирање одводни цевки во згради, види 43.22
- изнајмување преносни тоалети, види 77.39

**38 Дејности за собирање, обновување и отстранување на отпадот**

Овој оддел вклучува собирање, претходна обработка за обновување или отстранување, обновување и отстранување на отпадните материјали и нивна организација. Собирањето отпад, кое единствено го поддржува последователното обновување или отстранување на собраниот отпад од истата единица, треба да се смета како искористување на отпадот или како активност за отстранување.

Овој оддел исто така вклучува:
- локален превоз на отпадни материјали и дејности на објектите за обновување материјали, т.е. објекти што го трансформираат отпадот, вклучувајќи крш, без разлика дали е сортиран или не, во секундарни суровини
- дејности на единиците што ги спроведуваат обврските за одговорност на производителот за управување со отпад од името на оригиналните производители на отпад. Овие организации обично ја сносат одговорноста за постапување со отпадот што им е доделено од оригиналните производители на производи или пакување.

Активностите може да вклучуваат дејности на системите за враќање, собирање и обновување искористено пакување или отпад од пакување или за прифаќање и постапување со вратени или искористени производи.

Овој оддел исклучува:
- трговија на големо со отпад, види оддел 46

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потклаcа | | | | | НАЗИВ |
|---|---|---|---|---|---|
| | | 38.1 | | | **Собирање отпад** |

Оваа група вклучува собирање отпад од домаќинствата и деловните субјекти, на пр., со средства како што се канти, контејнери. Тоа вклучува собирање безопасен и опасен отпад, на пр., пелени, искористени батерии, отпад од уривање, отпадни масла од домаќинства и бродови.

**38.11 Собирање безопасен отпад**

**38.110 Собирање безопасен отпад**

Оваа потклаcа вклучува:
- собирање цврст безопасен отпад (т.е. смет) во рамките на локално подрачје, на пр. од домаќинствата и деловните субјекти, со средства како што се канти за смет, канти за смет на тркала и контејнери, кои може да содржат мешани материјали што може да се обновуваат
- собирање материјали што може да се рециклираат (одвоени или не)
- собирање безопасен отпад од животинско или од растително потекло
- собирање искористени масла и масти за готвење
- собирање отпад на јавни места
- собирање отпад од дворови

Оваа потклаcа исто така вклучува:
- собирање градежен отпад и отпад од уривање
- собирање и отстранување отпадоци
- собирање отпад од индустриски фабрики
- дејности на објектите за отстранување безопасен отпад

Оваа потклаcа исклучува:
- собирање отпадни води, види оддел 37
- собирање опасен отпад, види 38.12
-дејности на објектите за селектирање на отпадот што може да се обнови, види 38.2
- дејности на објектите за обновување, види 38.2
- дејности на депониите за отстранување безопасен отпад и трајно складирање на безопасниот отпад, види 38.32

| Сектор Оддел Група Класа Поткласа | | НАЗИВ |
|---|---|---|
| 38.12 | | **Собирање опасен отпад** |
| | 38.120 | **Собирање опасен отпад** |

Оваа потквласа вклучува собирање опасен отпад, на пр., експлозивни, оксидирачки, запаливи токсични, иритирачки, канцерогени, корозивни, инфективни и други супстанции и препарати штетни за здравјето на луѓето и по животната средина. Активностите исто така може да вклучуваат идентификација, обработка, пакување и етикетирање на отпадот за потребите на превозот.

Оваа потквласа вклучува:
- собирање опасен отпад, како што се:
  - икористени масла од бродови или гаражи
  - бои и лакови
  - биоопасен отпад
  - опасен отпад од животинско потекло
  - нуклеарен отпад
  - собирање фармацевтски препарати со поминат рок
  - искористени батерии

Оваа потквласа исто така вклучува:
- дејности на објектите за отстранување опасен отпад

Оваа потквласа исклучува:
- собирање безопасен отпад, види 38.11
- дејности на депонии за отстранување опасен отпад и трајно складирање опасен отпад, види 38.32
- ремедијација и чистење контаминирани згради, рудници, почва или подземни води, на пр., отстранување азбест, види 39.00

| | | |
|---|---|---|
| 38.2 | | **Обновување на отпадот** |

Оваа група вклучува претходен третман на отпадот и искористување и на безопасниот и на опасниот отпад. Вклучени се обновување на материјалите, обновување на енергијата што произлегува од термичкиот третман на отпадот и други форми на обновување на отпадот. Во групата е вклучена и обработката пред обновувањето на различни форми отпад со различни средства.

Оваа група исклучува:
- обработка и отстранување на отпадните води, види 37.00
- депонирање на отпадот без обновување, види 38.3

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потткласа | НАЗИВ |
|---|---|
| 38.21 | **Обновување материјали од отпадот** |
| 38.210 | **Обновување материјали од отпадот** |

Оваа потткласа вклучува преработка на метален и на неметален отпад, вклучувајќи крш и други производи во секундарни суровини.

Исто така, вклучено е и обновувањето на материјалите од отпадните текови во форма на (1) одвојување и сортирање на материјалите што може да се обноват од тековите на безопасен отпад или (2) одвојување и сортирање измешани материјали што може да се обноват, на пр., хартија, пластика, искористени лименки за пијалаци и метали, во различни категории.

Примери за механички или хемиски процеси на трансформација што се преземаат се:
- механичко дробење и распарчување отпад од метал, на пр., од искористени возила, машини за перење или мотоцикли
- механичко редуцирање големи парчиња железо, на пр., железнички вагони
- обновување железо од клинкер
- повлекување метали од отпад од фотографска дејност, на пр., раствор за фиксирање или фотографски филмови и хартија
- демонтирање остатоци од секаков вид (автомобили, бродови, компјутери, телевизори и друга опрема) за обновување материјали
- производство на гумен прав од гумен отпад и крш, вклучувајќи деконтаминација, поделба (елиминација) на фракции и девулканизација
- сортирање и механичка обработка (на пр., чистење, мелење) на пластика за производство на секундарна суровина
- преработка (стареење, чистење, сортирање) на пепелта од дното за согорување во секундарни суровини (метали, агрегати)
- дробење, чистење и сортирање стакло
- дробење, чистење и селектирање друг отпад, на пр., отпад од уривање за да се добие секундарна суровина

Оваа потткласа исклучува:
- производство на нови финални производи од секундарни суровини (без разлика дали се или не се самопроизведени), на пр., предење предиво од скубени текстилни материјали, правење пулпа од отпадоци од хартија, претовар на гуми или производство на метал од метален крш, види соодветни класи во сектор C/В
- преработка на нуклеарни горива, види 20.13
- претопување пластика за производство на гранулати или соединенија, види 20.16
- претопување железен отпад и крш, види 24.10
- производство на биогас од отпад за снабдување со гас, види 35.21
-обновување на енергијата при термичка обработка на отпадот, види 38.22
- депонирање на отпадот без обновување и обработка пред отстранување, види 38.3
- трговија на големо со материјали што може да се обновуваат, види 46.87

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потклаcа | | | | | НАЗИВ |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | 38.22 | | **Обновување енергија од отпадот** |
| | | | | 38.220 | **Обновување енергија од отпадот** |

Оваа потклаcа вклучува претходна обработка на отпадот за обновување енергија, претворање на отпадните материјали во на пр., употреблива топлина или електрична енергија преку различни процеси што вклучуваат термичка обработка.

Оваа потклаcа, исто така, ги вклучува активностите на фабриките за претворање на отпадот во енергија.

Оваа потклаcа исклучува:
- искористување на депонискиот гас за снабдување со гас, види 35.21

**38.23 Друго обновување на отпадот**

**38.230 Друго обновување на отпадот**

Оваа потклаcа вклучува:
- подготовка на отпадна тиња за обработка на земјиштето што резултира со полза за земјоделството или еколошко подобрување
- подготовка на безопасен отпад за мелиорација во ископани области или за инженерски цели во уредување на земјиштето

Оваа потклаcа исклучува:
- производство на биогас од отпадна тиња, види 35.21
- затрупување без сродни подготвителни активности, на пр., подготовка на безопасен отпад за инженерски цели при уредување на земјиштето, види оддел 42

**38.3 Отстранување отпад без обновување**

Оваа група вклучува отстранување и неопасен и опасен отпад. Вклучени се термичка обработка без обновување енергија, депонирање, ослободување во водни тела и трајно складирање отпад. Обработка пред отстранување различни форми отпад со различни средства, на пр., обработка на органски отпад со цел отстранување; обработка и отстранување токсични живи или мртви животни и друг контаминиран отпад; обработката и отстранувањето на транзицискиот радиоактивен отпад од болниците итн. се исто така вклучени во оваа група.

Оваа група исто така вклучува и закопување или заорување под отпадот; отстранување на искористената стока за елиминирање на штетниот отпад.

Оваа група исклучува:
- обработка и отстранување отпадни води, види 37.00
- обновување на отпадот, види 38.2

| Сектор<br>Оддел<br>Група<br>Класа<br>Потткласа | НАЗИВ |
|---|---|
| 38.31 | **Согорување отпад без обновување енергија** |
| 38.310 | **Согорување отпад без обновување енергија** |
| | Оваа потткласа вклучува отстранување и обработка пред отстранување на отпадот со согорување или термичка обработка без обновување на енергијата.<br>Оваа потткласа исклучува:<br>- термичка обработка со добиеното производство на енергија, види 38.22 |
| 38.32 | **Отстранување или трајно складирање на отпадот** |
| 38.320 | **Отстранување или трајно складирање на отпадот** |
| | Оваа потткласа вклучува отстранување и обработка пред депонирање на безопасниот или опасниот отпад, без разлика дали отпадот е цврст или не, на или во земјата (т.е. под земја), или во трајни објекти или места за складирање отпад.<br><br>Оваа потткласа вклучува:<br>- дејности на депонии за депонирање отпад<br>- обработка на органски отпад за депонирање или трајно складирање<br>- депонирање споредни производи од животинско потекло на депонии<br>Оваа потткласа исто така вклучува:<br>- трајно подземно складирање отпад во длабока геолошка празнина, на пр., во рудници за сол или калиум<br>- складирање заробен јаглерод диоксид<br>Оваа потткласа исклучува:<br>- дејности на објекти каде што отпадот се истоварува за понатамошен транспорт, види 38.1<br>- дејности на објекти каде што се сортираат материјалите што може да се обноват, види 38.21<br>- деконтаминација, чистење земја, вода и намалување токсични материјали, види 39.00 |
| 38.33 | **Друго отстранување отпад** |
| 38.330 | **Друго отстранување отпад** |
| | Оваа потткласа вклучува:<br>- ослободување течен отпад во морињата/океаните или во други водни тела, вклучувајќи и вметнување на морското дно<br>- инјектирање отпад со пумпи во бунари, куполи од сол или природни складишта<br>Оваа потткласа исклучува:<br>-дејности на објекти каде што се сортираат материјалите што може да се обноват, види 38.21<br>- обновување енергија со термичка обработка на отпадот, види 38.22<br>- деконтаминација, чистење земја, вода и намалување  токсични материјали, види 39.00 |
| 39 | **Дејности за санација и останати услуги на управување со отпад** |
| | Овој оддел вклучува обезбедување услуги за санација, на пр., чистење контаминирани згради, места, почва, површинска или подземна вода. |

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потткласа | | | НАЗИВ |
|---|---|---|---|
| 39.0 | | | **Дејности за санација и останати услуги на управување со отпад** |
| | 39.00 | | **Дејности за санација и останати услуги за управување со отпад** |
| | | 39.000 | **Дејности за санација и останати услуги за управување со отпад** |

Оваа потткласа вклучува:
- деконтаминација на почвите и подземните води на местото на загадување, било на самото место или надвор од него, со употреба, на пр., на механички, хемиски или биолошки методи
- деконтаминација на индустриски фабрики или места, вклучувајќи ги и нуклеарните фабрики и места
- деконтаминација и чистење на површинските води по случајно загадување, на пр., преку собирање на загадувачите или со примена на хемикалии
- чистење нафтени дамки и други загадувања на земјата, на површинските води, во океаните и морињата, вклучувајќи го крајбрежјето
- намалување азбест, оловни бои и други токсични материјали
- расчистување нагазни мини итн., вклучувајќи детонација на местото
- останати специјализирани дејности за контрола на загадувањето
- дејности за зафаќање јаглерод
- санација на рударски места

Оваа потткласа исто така вклучува:
- услуги за ремедијација, контрола и мониторинг на местото

Оваа потткласа исклучува:
- контрола на штетници во земјоделството, види 01.61
- пречистување на водата за потребите на снабдувањето со вода, види 36.00
- обработка на отпад со обновување, види 38.2
- обработка на отпад за депонирање, види 38.3
- складирање заробен јаглерод диоксид (CO2), види 38.32
- градежни проекти за рехабилитација на рударски места, види сектор F/Ѓ
- надворешно чистење и миење улици, види 81.23

**F/Ѓ** **ГРАДЕЖНИШТВО**

Овој сектор ги вклучува општите градежни работи и специјализираните градежни работи за објектите од високоградба и нискоградба. Тоа вклучува новоградби, доградби и надградби, поправки, подигање објекти или градби од префабрикувани елементи на градилиште (монтажни објекти), како и објекти од привремен карактер.

Општите градежни работи вклучуваат изградба на целосни објекти, на пр., станови (домови), административни згради, продавници и други јавни и комунални објекти, фарми итн. или објекти од нискоградба како што се автопати, улици, мостови, тунели, железници, аеродромски писти, пристаништа и други хидрообјекти, системи за наводнување, одводни системи, индустриски инфраструктурни објекти, цевководи и електрични водови, спортски терени итн.

Оваа работа може да биде извршена на своја сметка или врз основа на договор. Делови од работата или понекогаш целокупната работа може да биде изведувана од подизведувачи. Во овој сектор се класифицирани изведувачите што ја сносат целокупната одговорност за градежниот проект.

Во овој сектор, исто така, е вклучена и поправката на објектите од високоградбата и нискоградбата. Оддржувањето, поправките и инсталирањето на опремата како интегрален дел од објектите, како на пр. лифтови или системи за климатизација, се класифицирани како градежништво во секторот F/Ѓ ако се изведува на градилиштето.

Овој сектор вклучува целосна изградба на објекти од високоградба (оддел 41), целосна изведба на објекти од нискоградба (оддел 42), како и специјализирани градежни активности доколку се изведуваат како дел од градежниот процес (оддел 43).

Изнајмувањето на градежна опрема со оператор е класифицирано според специјализираните градежни дејности извршени со оваа опрема.
Овој сектор исто така вклучува:
 - реновирање, обнова и реконструкција на историски и археолошки локалитети и згради
Овој сектор исклучува:
 - производни операции што не се изведувани на градилиштето, види сектор C/В Преработувачка индустрија
 - производство и доставување структури и елементи и префабрикувани градежни делови од дрво или метал со минимална работа на градилиштето, види оддел 16.25
 - археолошки ископувања, види 72.2
 - конзерваторски, реставраторски и други помошни дејности од областа на културното наследство, види 91.30

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потокласа | НАЗИВ |
|---|---|
| 41 | **Изградба на станбени и нестанбени згради** |

Овој оддел вклучува, генерално, изградба на згради од сите видови и големини (високоградба). Тоа вклучува новоградби, поправки, доградби и надградби, подигање згради од префабрикувани елементи на градилиштето, како и изградба на објекти од привремен карактер.

Во овој оддел е вклучена и изградбата на целосни објекти, на пр., станови (домови), административни згради, продавници и други згради за јавна и општа употреба, фарми итн.

**41.0 Изградба на станбени и нестанбени згради**

**41.00 Изградба на станбени и нестанбени згради**

**41.000 Изградба на станбени и нестанбени згради**

Оваа потокласа вклучува целосна изградба на станбени и на нестанбени згради, како и доградби и надградби. Притоа е можно склучување договор за изградба на делови или целосна изградба на објектите. Ако се извршува исклучиво само специјализиран дел од градежниот процес, тогаш дејноста е класифицирана во одделот 43.

Оваа потокласа вклучува:
- изградба на сите видови згради (објекти):
  - станбени објекти (и згради за повеќесемејно домување и индивидуални објекти)
  - згради за индустриско производство, на пр., фабрики, работилници, погони итн.
  - болници, училишта, административни згради
  - хотели, продавници, трговски центри, ресторани
  - аеродромски згради
  - спортски објекти од затворен тип
  - катни гаражи, вклучувајќи и подземни паркинг-простори
  - магацини
  - религиозни објекти
- монтирање и подигање на конструкции од префабрикувани елементи на градилиште (монтажни објекти)

Оваа потокласа исто така вклучува:
- целосно реновирање и ремоделирање на постојните станбени или нестанбени згради вклучувајќи неколку специјализирани градежни активности
- изградба на воздушно поддржани згради, на пр., воздушни куполи

Оваа потокласа исклучува:
- изградба на индустриски објекти, освен згради, види 42.99
- развој на градежни проекти, за подоцнежна продажба, види 68.12
- архитектонски и инженерски дејности, види 71.1
- проектно менаџирање на градежната дејност, види 71.1

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потткласа | НАЗИВ |
|---|---|

**42** **Нискоградба**

Овој оддел вклучува градење објекти од нискоградба. Тоа вклучува новоградби, поправки, доградби и надградби, подигање структури од префабрикувани елементи на градилиште, како и изградба на објекти од привремен карактер.

Во овој оддел е вклучено и градењето објекти од нискоградба како што се автопатишта, улици, енергетски постројки, мостови, тунели, железнички пруги, аеродромски писти, пристаништа и други хидрообјекти, системи за наводнување, одводни системи, индустриски инфраструктурни постројки, цевководи и електрични линии, отворени спортски терени, итн. Оваа работа може да биде извршена на своја сметка или врз основа на договор. Делови од работата или понекогаш и целокупната работа може да бидат изведувани од подизведувачи.

**42.1** **Изградба на патишта и железници**

**42.11** **Изградба на патишта и автопати**

**42.110** **Изградба на патишта и автопати**

Оваа потткласа вклучува:
- изградба на автопати, улици, патишта и други велосипедски и пешачки патеки
- површински работи, на пр., изградба на коловозна конструкција на улици, патишта или мостови со асфалт, бетон, камен
- изградба на аеродромски писти
- изградба на груби непополочени планински велосипедски патеки и стази

Оваа потткласа исклучува:
- поставување улично осветлување и електрични сигнали, види 43.21
- работи на боење ознаки на патиштата и други обележувања на улиците, види 43.50
- инсталирање заштитни огради, сообраќајни знаци и сл, види 43.50
- проектно менаџирање на градежната дејност, види 71.1
- архитектонски и инженерски дејности, види 71.12

**42.12** **Изградба на железници и подземни железници**

**42.120** **Изградба на железници и подземни железници**

Оваа потткласа вклучува:
- изградба на железници и подземни железници
- изградба на надземни електрични инсталации за потребите на железниците

Оваа потткласа исклучува:
- поставување осветлување и електрични сигнали, види 43.21
- проектно менаџирање на градежната дејност, види 71.1
- архитектонски и инженерски дејности, види 71.12

**42.13** **Изградба на мостови и тунели**

**42.130** **Изградба на мостови и тунели**

Оваа потткласа вклучува:
- изградба на мостови и надвозници и вијадукти
- изградба на тунели, вклучително и тие за патиштата и железниците

Оваа потткласа исклучува:
- изградба на железници, види 42.12
- поставување на осветлување и електрични сигнали, види 43.21
- проектно менаџирање на градежната дејност, види 71.1
- архитектонски и инженерски дејности, види 71.12

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потккласа | НАЗИВ |
|---|---|

| | |
|---|---|
| 42.2 | **Изградба на комунални објекти** |
| 42.21 | **Изградба на комунални објекти за течности** |
| 42.210 | **Изградба на комунални објекти за течности** |

Оваа потккласа вклучува изградба на дистрибуциски цевководи за транспорт на течности, вклучително и гасови и придружни објекти и структури што се составен дел на овие системи.

Оваа потккласа вклучува:
- изградба на објекти од нискоградба:
  - водови на големи далечини, подводна и разводна градска мрежа
  - главна водоводна цевка и разводна мрежа
  - системи за наводнување (канали)
  - резервоари
- изградба на:
  - канализациски системи, вклучувајќи и поправка
  - колектори за отпадни води
  - пумпни станици

Оваа потккласа исто така вклучува:
- дупчење (бушење) бунари за вода
- геотермални дупчења (бушења)

Оваа потккласа исклучува:
- инсталирање водоводни и канализациски цевки во зградите, види 43.22
- проектно менаџирање на градежните дејности во нискоградба, види 71.12
- инспекции со камера во отпадните, водоводните и цевките за гас што не се поврзани со поправка или инсталирање, види 71.20

| | |
|---|---|
| 42.22 | **Изградба на електрични водови и телекомуникациски линии** |
| 42.220 | **Изградба на електрични водови и телекомуникациски линии** |

Оваа потккласа вклучува изградба на дистрибуциски електрични водови и телекомуникациски линии и придружни објекти и структури што се составен дел од овие системи.

Оваа потккласа вклучува:
- изградба на објекти од нискоградба за:
  - далноводи и градски мрежи за снабдување со струја и телекомуникациски линии
  - енергетски централи, на пр., соларни централи и ветерници
- изградба на станици за дистрибуција на електрична енергија, на пр., за електрични возила

Оваа потккласа исклучува:
- изградба на електрични надземни водови и спроводнички шини за железници, види 42.12
- изградба на брани и насипи за хидроелектрични централи, види 42.91
- изградба на фотоволтаични системи на зградите, види 43.21
- електрична инсталација за полначи на акумулатори, на пр., за електрични возила, види 43.21
- проектно менаџирање на градежните дејности во нискоградба, види 71.12

| Сектор | Оддел | Група | Класа | Потркласа | НАЗИВ |
|---|---|---|---|---|---|
| | | **42.9** | | | **Изградба на други објекти од нискоградба** |
| | | | **42.91** | | **Изградба на хидроградежни објекти** |
| | | | | **42.910** | **Изградба на хидроградежни објекти** |

Оваа потркласа вклучува:
- изградба и реконструкција, на пр.:
  • водени текови, пристаништа, реки, пристаништа за мали бротчиња (марини)
  • хидромеханички структури, на пр., лифтови, брави, подводници, лизгалки
  • брани и насипи
- дренирање подводни ископи, пристанишни басени, реки

Оваа потркласа исклучува:
- изградба на подводни цевоводи, види 42.21
- положување подводни кабли, види 42.22
- проектно менаџирање на градежните дејности во нискоградба, види 71.12

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **42.99** | | **Изградба на други објекти од нискоградба, н.д.м.** |
| | | | | **42.990** | **Изградба на други објекти од нискоградба, н.д.м.** |

Оваа потркласа вклучува:
- изградба на индустриски објекти, освен згради, како што се:
  • рудници и рударски капацитети, на пр., шахти, кули, тунели
  • рафинерии
  • хемиски фабрики
  • капацитети за складирање жито (силоси)
- изградба на други капацитети, освен изградба на згради, на пр:
  • спортски објекти на отворено
- изградба на игралишта
- изградба на отворени базени (немонтажни)

Оваа потркласа исклучува:
- инсталирање индустриска машинерија и опрема, види 33.20
- изградба на згради за спортски активности во затворен простор, види 41.00
- поделба и подобрување на сопствено земјиште наменето за подоцнежна продажба, види 68.12
- проектно менаџирање на градежните дејности во нискоградба, види 71.12

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потклаtotals | НАЗИВ |
|---|---|
| 43 | **Специјализирани градежни (активности) дејности** |

**43 Специјализирани градежни (активности) дејности**

Овој оддел вклучува специјализирани градежни активности за изградба на објекти од високоградба и нискоградба или претходни подготовки за истите. Овие дејности вообичаено се специјализирани во еден аспект, заеднички за различни објекти, кои бараат специјализирани искуства или опрема. Специјализираните градежни работи, главно, се изведуваат од страна на подизведувачи на сметка на изведувачите чии активности спаѓаат во одделите 41 и 42. Поправка на објектите вообичаено се врши без подизведувачи.

Овој оддел ги вклучува и инсталатерските работи од секаков вид што прават објектот да функционира. Овие дејности вообичаено се изведуваат на градилиштето иако делови од работата може да бидат изведени во работилница.

Во овој оддел се вклучени електричарски, заварувачки и други инсталатерски градежни активности на пловечки платформи на отворено море.

Изнајмувањето градежна опрема со оператори е класифицирано со придружната градежна активност.

Овој оддел исто така вклучува:
- специјализирани градежни активности како поправки и редовно оддржување
- финиширање на изградбата на згради и други конструкции

**43.1 Уривање и подготвителни работи на градилиште**

Оваа група вклучува подготовка на градилиштето за идните градежни дејности, вклучувајќи го отстранувањето на претходно постојните објекти.

**43.11 Уривање**

**43.110 Уривање**

Оваа потkласа вклучува:
- уривање, демонтажа или рушење згради и други објекти

**43.12 Подготвителни работи на градилиште**

**43.120 Подготвителни работи на градилиште**

Оваа потkласа вклучува:
- расчистување на градилиштето
- земјени работи: ископување, насипување, нивелирање и градација на градежното земјиште, ископ на јама, минирање

Оваа потkласа, исто така, вклучува:
- подготовка на теренот за рударство, на пр.:
  • отстранување на површинскиот слој и друга подготовка на минералните наоѓалишта, со исклучок на наоѓалиштата на нафта и гас
- дренажни работи на градилиштата
- дренажни работи на земјоделско или шумско земјиште
- подготовка на градилиштето за археолошки ископувања

Оваа потkласа исклучува:
- дупчење експлоатациони извори на нафта и гас, види 06.10, 06.20
- пробно дупчење, поврзано со вадење нафта и гас, види 09.10
- услуги на пробно дупчење и сондирање во рударството, види 09.90
- деконтаминација на почвата, види 39.00
- дупчење бунари за вода, види 42.21
- ископ на окна, види 43.50

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потккласа | НАЗИВ |
|---|---|

**43.13** **Пробно дупчење и сондирање**

**43.130** **Пробно дупчење и сондирање**

Оваа потткласа вклучува:
- пробно дупчење, сондирање и земање примероци за градежни, геофизички, геолошки, геомеханички и слични испитувања

Оваа потткласа исклучува:
- дупчење експлоатациони извори на нафта и гас, види 06.10, 06.20
- пробно дупчење, поврзано со вадење нафта и гас, види 09.10
- услуги на пробно дупчење и сондирање во рударството, види 09.90
- дупчење бунари за вода, види 42.21
- геотермално дупчење, види 42.21
- ископ на окна, види 43.50
- истражување на наоѓалишта на нафта и гас, геофизички, геолошки и сеизмички истражувања, види 71.12

**43.2** **Електроинсталатерски, водоинсталатерски и други градежни инсталатерски работи**

Оваа група вклучува инсталатерски дејности во контекст на функционирање на зградите, вклучувајќи и инсталирање електрични системи, водоводни, канализациски и гасни инсталации, системи за греење и климатизација, лифтови итн.

**43.21** **Електроинсталатерски работи**

**43.210** **Електроинсталатерски работи**

Оваа потткласа вклучува инсталирање, поправка и одржување електрични системи во сите објекти од високоградба и нискоградба.

Оваа потткласа вклучува:
- инсталирање:
  - електрична мрежа
  - телекомуникациски инсталации
  - инсталации за компјутерска мрежа и кабелска телевизија, вклучувајќи и оптички кабел
  - сателитски антени
  - осветлувачки системи
  - противпожарни аларми
  - алармни системи против кражби
  - улично осветлување и електрични сигнализација
  - осветлување на аеродромски писти
  - фотоволтаични системи на згради
  - системи за складирање енергија
- инсталирање полначи за електрични возила

Оваа потткласа, исто така, вклучува:
- поврзување електрични апарати и опрема за домаќинствата, вклучувајќи и системи за подно греење

Оваа поткласа исклучува:
- изградба на дистрибуциски електрични водови и телекомуникациски линии, види 42.22
- изградба на соларни централи и ветерници, види 42.22
- изградба на станици за дистрибуција на електрична енергија, на пр., за електрични возила, види 42.22
- инсталирање громобрани, види 43.24
- мониторинг и мониторинг на далечина на електронски безбедносни системи, на пр., аларми против кражба и противпожарни аларми, вклучувајќи нивно монтирање и одржување, види 80.09

**43.22 Поставување водоводни и канализациски инсталации и инсталации за греење и клима-уреди**

**43.220 Поставување водоводни и канализациски инсталации и инсталации за греење и клима-уреди**

Оваа поткласа вклучува инсталирање, поправка и одржување водоводни и канализациски инсталации, системи за греење и климатизација, вклучувајќи и доградби и надградби

Оваа поткласа вклучува:
- инсталирање, одржување и поправка на:
  • системи за греење, на пр., пумпи, соларни термални колектори
  • печки, разладни системи
  • водоводни и канализациски инсталации и санитарна опрема
  • опрема и цевки за вентилација и климатизација
  • инсталација за гас
  • цевки (цевковод) за пареа
  • системи за распрскување, на пр., противпожарни распрскувачи и за прскање тревник
- изградба или монтажа на ѕидарски грејни печки
- инсталациски канали

Оваа поткласа, исто така, вклучува:
- инсталација на системи за дистрибуција на медицински гас во болниците

Оваа поткласа исклучува:
- поставување системи за подно греење, види 43.21
- проверки со камера на цевки за воздух, вода и гас и останати течности без нивна поправка или инсталирање, види 71.20

**43.23 Работи за поставување изолација**

**43.230 Работи за поставување изолација**

Оваа поткласа вклучува:
- работи на поставување топлотна изолација, на пр., на цевки, бојлери и одводни канали
- работи на поставување звучна изолација
- работи на поставување изолација против вибрирање
- работи на поставување противпожарна изолација
- работи на поставување хидроизолација
- работи на поставување внатрешна изолација на покриви

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потткласа | НАЗИВ |
|---|---|
| | Оваа потткласа исклучува:<br>- поставување надворешна изолација на покриви, види 43.41<br>- поставување хидроизолација на покриви, види 43.41 |
| 43.24 | **Други градежни инсталатерски работи** |
| 43.240 | **Други градежни инсталатерски работи** |
| | Оваа потткласа вклучува инсталирање опрема различна од електроинсталатерски, водоводни, инсталации за греење и клима-уреди или индустриски машини во објектите од високоградба и нискоградба.<br><br>Оваа потткласа вклучува:<br>- инсталирање во згради и други објекти:<br>• лифтови, ескалатори (подвижни скали), вклучувајќи и подвижни рампи<br>• автоматски врати и врати на сензори<br>• громобрани<br>• системи за централно вакуумско чистење<br>• топлинска, звучна и вибрациска изолација<br>• ролетни и тенди<br>- инсталирање огради, држачи и скали за излез во случај на пожар<br>- инсталирање знаци, без разлика дали се осветлени или не<br>- инсталирање и замена на брави<br>- инсталирање автоматски системи на зградите, на пр., за отворање врати и прозорци<br>Оваа потткласа, исто така, вклучува:<br>- инсталација на опрема за лична заштита на градителите (мајсторите), на пр., безбедносна опрема<br>Оваа потткласа исклучува:<br>- инсталирање индустриска машинерија, види 33.20 |
| 43.3 | **Завршни работи во градежништвото** |
| 43.31 | **Малтерисување** |
| 43.310 | **Малтерисување** |
| | Оваа потткласа вклучува:<br>- малтерисување згради и други објекти со малтер за надворешни и внатрешни површини, вклучувајќи и слични материјали<br>- поставување суви ѕидови и тавани со плочи од гипс |
| 43.32 | **Поставување столарија** |
| 43.320 | **Поставување столарија** |
| | Оваа потткласа вклучува:<br>- поставување врати (освен автоматски и врати на сензори), прозорци, рамки за врати и прозорци, од дрво или од друг материјал<br>- вградување готови кујни, ормани, скали, опрема за продавници и слично<br>- внатрешни завршни работи како што се тавани, подвижни преградни ѕидови итн.<br>- инсталатерски работи за стакленици (зимски градини), чардаци, тераси од дрво или од други материјали<br>- поставување штандови и тезги, на пр., во продавници, за изложби, саеми |

Оваа поткласа исклучува:
- вградување автоматски врати и врати на сензори, види 43.24
- изнајмување и лизинг на штандови и тезги, на пр., за изложби и саеми, види 77.39

**43.33** **Поставување подни и ѕидни облоги**

**43.330** **Поставување подни и ѕидни облоги**

Оваа поткласа вклучува:
- обложување, поплочување, поставување или опремување згради и други објекти со:
  - ѕидни или подни керамички плочки, бетонски плочки или плочки од обработен камен, керамички печки
  - паркети и други дрвени подни и ѕидни облоги
  - подови од теписон и линолеум, вклучувајќи и подови од гума и пластика
  - подни и ѕидни облоги од терацо, мермер, гранит и плочи од шкрилци
  - тапети

Оваа поткласа, исто така, вклучува:
- брусење, полирање и лепење паркет и други дрвени подни облоги

Оваа поткласа исклучува:
- обложување на надворешните ѕидови, види 43.35

**43.34** **Бојадисување (молерисување) и застаклување**

**43.340** **Бојадисување (молерисување) и застаклување**

Оваа поткласа вклучува:
- внатрешно и надворешно бојадисување (молерисување) згради
- бојадисување објекти од нискоградба
- застаклување и поставување огледала итн.

Оваа поткласа, исто така, вклучува:
- бојадисување метални делови кај зградите и објектите од нискоградба

Оваа поткласа исклучува:
- поставување хидроизолација на покривите, види 43.41
- поставување прозорци, види 43.32
- бојадисување на патиштата и останато обележување на улиците, види 43.50

**43.35** **Други завршни градежни работи**

**43.350** **Други завршни градежни работи**

Оваа поткласа ги вклучува завршните градежни работи што ја финишираат изградбата на објектот.

Оваа поткласа вклучува:
- монтажа на префабрикувани метални облоги, челични делови, профили и сл.
- украсни монтажни работи на фасадите на зградите
- обложување на надворешните зидови
- поставување вентилирани фасади
- останати завршни градежни работи, неспоменати на друго место

Оваа потткласа исклучува:
- поставување големи тезги или штандови, на пр., во продавници или магацини (кои не се составен дел од зградата), види 33.20
- поставување (инсталирање) акустични панели, плочки и слични материјали, види 43.22
- активности поврзани со внатрешно уредување, види 74.13
- внатрешно чистење згради и други објекти, види 81.21
- специјализирано чистење на внатрешноста и надворешноста на зградите, види 81.22
- чистење под пареа, чистење со песок (пескарење) и слични активности на надворешноста на зградите, види 81.22

**43.4** **Специјализирани градежни работи во изградба на објекти**

**43.41** **Покривни работи**

**43.410** **Покривни работи**

Оваа потткласа вклучува:
- изведба на покривни конструкции
- поставување рамки на покривите
- поставување надворешна изолација на покривите
- поставување покривни конструкции
- поставување изолација на покривите
- поставување хидроизолација на покривите
- поставување олуци (одводи), стреи сливници и цевки за дождовница
- поставување прозорци на покривите и отвори за пристап на покривите
- поставување заштитници за снег на косите покриви
- поставување заштитна опрема на покривите

Оваа потткласа исклучува:
- работи на поставување внатрешна изолација на покриви, види 43.23

**43.42** **Други специјализирани градежни работи во изградба на објекти од високоградба**

**43.420** **Други специјализирани градежни работи во изградба на објекти**

Оваа потткласа вклучува:
- специјализирани градежни дејности што се заеднички за различни видови објекти од високоградба, а кои бараат посебна вештина и опрема:
  - изградба на темели (фундирање), вклучувајќи и набивање шипови за темели
  - отстранување влага од зградите
  - монтирање готови префабрикувани челични конструкции и елементи за згради
  - ѕидање оџаци и индустриски печки

Оваа потткласа исклучува:
- изградба или монтажа на ѕидарски грејни печки, види 43.22

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потокласа | | | НАЗИВ |
|---|---|---|---|
| 43.5 | | | **Специјализирани градежни работи во нискоградба** |
| | 43.50 | | **Специјализирани градежни работи во нискоградба** |
| | | 43.500 | **Специјализирани градежни работи во нискоградба** |

Оваа потокласа вклучува:
- специјализирани градежни дејности што се заеднички за различни видови објекти од нискоградба, а кои бараат посебна вештина и опрема:
  - изградба на темели (фундирање) на објекти од нискоградба, вклучувајќи и набивање шипови за темели
  - ископ на окна
  - монтирање челични елементи за објекти од нискоградба
  - поставување заштитни огради, сообраќајни знаци и сл.
- подигнување ѕидови за заштита од звук по должината на патиштата
- поставување улична опрема
- поставување готови базени за пливање
- бојодисување на патиштата и останато обележување на улиците
- подигнување заштитни камени ѕидови и мрежи за заштита од ронење камен

Оваа потокласа исклучува:
- површински работи, на пр., поплочување патишта (асфалт, бетон, камен итн.), види 42.11
- изградба на немонтажни базени, види 42.99

| | | | |
|---|---|---|---|
| 43.6 | | | **Дејности за посредување при обезбедување специјализирани градежни услуги** |
| | 43.60 | | **Дејности за посредување при обезбедување специјализирани градежни услуги** |
| | | 43.600 | **Дејности за посредување при обезбедување специјализирани градежни услуги** |

Ова потокласа вклучува услужни активности при посредување за специјализирани градежни активности со спојување на клиентите и давателите на услуги за одредена провизија или надоместок, без посредно да се обезбеди услугата за која се посредува. Овие посредни услужни активности може да се извршуваат на дигитални платформи или преку недигитални канали (вклучувајќи лице в лице, врата до врата, телефон, пошта и сл). Надоместокот или провизијата може да биде добиена или од клиентот или од давателот на услугата за специјализираните градежни работи. Приходите од посредничките услуги може да вклучуваат и други извори на приходи, на пр., приходи од продажба на рекламен простор.

| | | | |
|---|---|---|---|
| 43.9 | | | **Други специјализирани градежни работи** |
| | 43.91 | | **Ѕидарски работи** |
| | | 43.910 | **Ѕидарски работи** |

Оваа потокласа вклучува:
- ѕидање, поставување камени блокови и други ѕидарски работи

| | |
|---|---|
| **43.99** | **Други специјализирани градежни работи, н.д.м.** |
| **43.990** | **Други специјализирани градежни работи, н.д.м.** |

Оваа потkласа вклучува:
- специјализирани градежни дејности што се заеднички за различни видови објекти од нискоградба, а кои бараат посебна вештина и опрема:
  - виткање арматура, на градилиштето
  - монтажа и демонтажа на скелиња и работни платформи
- подигнување заштитна опрема на градилиштето
- работа со стручни барања за пристап што бараат неопходни вештини за качување и употреба на соодветна опрема, на пр., работа на високи градежни објекти
- изнајмување кранови и друга градежна опрема со оператор која не може да се определи (дефинира) за одреден вид изградба
- поправка на армиранобетонски структури, на пр., греди, столбови
- подигнување билборди и рекламни паноа
- бетонски работи

Оваа потkласа, исто така, вклучува:
- реновирање, обнова и реконструкција на историски и археолошки локалитети и згради

Оваа потkласа исклучува:
- изнајмување скелиња и работни платформи, без нивна монтажа и демонтажа, види 77.32
- изнајмување градежна машинерија и опрема без оператор, види 77.32

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Поткласа | НАЗИВ |
|---|---|
| G/E | **ТРГОВИЈА НА ГОЛЕМО И НА МАЛО** |

Овој сектор вклучува трговија на големо и трговија на мало (т.е. продажба без преработка) на кој било вид стока и давање повремени услуги при продажба на трговска стока. Стоките се физички, произведени предмети за кои постои побарувачка, врз кои може да се воспостават сопственички права и чија сопственост може да се пренесе од една единица во друга со вклучување во трансакции на пазарите. Ова е во согласност со дефинициите и концептите што се применуваат во доменот на платниот биланс, Работната група за дигитална економија на Г20, Прирачникот за мерење на дигиталната трговија итн. Продажбата на големо и на мало се последните чекори во дистрибуцијата на стоки. За таа цел се спроведуваат помошни активности (види воведни упатства, поглавје xx), кои вклучуваат голем број вообичаени операции (или манипулации) поврзани со трговијата, без трансформација на стоката. Овие операции (или манипулации) вклучуваат, на пример, сортирање, раздвојување и составување на производите, мешање на производите (на пр., песок), пакување во шишиња (со или без претходно чистење на шишињата), пакување, распакување и препакување за дистрибуција во помали пакувања, складирање (без оглед дали е или не е замрзнато или разладено). Ако не се спроведуваат како вообичаени операции (или манипулации) поврзани со трговијата, споменатите активности може да се спроведат како главни, секундарни или помошни активности во други сектори на НКД.

Разликата помеѓу одделот 46 (трговија на големо) и одделот 47 (трговија на мало) се базира на претежниот вид на потрошувачот (купувачот). Трговија на големо е препродавање (продажба без преработка) на нови и употребени производи на трговците на мало, на индустриските, трговските или професионалните корисници и установи или на други трговци на големо; вклучувајќи ги дејностите за посредување во купувањето, односно продажбата на стоки на трети лица. Карактеристични трговци на големо се оние кои полагаат право на стоката која ја продаваат како што се: трговци на големо со трговска стока или посредници-препродавачи, индустриски дистрибутери, извозници, увозници и посреднички асоцијации, трговски претставништва и трговски канцеларии (но не продавници на мало), со кои управуваат производни или рударски единици, но кои се издвоени од фабриките или рудниците заради пласирање на своите производи и кои не ги преземаат само оние нарачки кои се извршуваат со директни испораки од фабриките или рудниците. Исто така, вклучени се и дејностите на разни посредници со трговска стока и производи, комисиони трговци и агенти и задружни организации за пласирање на земјоделските производи.
Ако трговецот на големо не ја преземе сопственоста на стоката со која тргува, трговецот на големо се класифицира во групата 46.1. Ако трговецот на големо ја преземе сопственоста на стоката, дури и ако трговецот на големо дејствува во име на трето лице, трговецот на големо е класифициран во групите 46.2 до 46.9.

| Сектор<br>Оддел<br>Група<br>Класа<br>Потткласа | НАЗИВ |
|---|---|

Трговијата на мало е препродавање (продажба без преработка) на нови и користени производи, главно на населението за лична потрошувачка и потрошувачка во домаќинствата или употреба, која се одвива во продавници, стоковни куќи, на штандови, по пат на пошта и интернет, преку улични продавачи, продажба од врата на врата, трговци на ситна стока, потрошувачки задруги, акционерски куќи итн. Вклучува продажба на стоки преку салони (каде што може да се купи изложената стока), преку привремени продажни места (на пример, поп-ап продавници) како и во автоматизирани продавници за малопродажба.

Повеќето трговци на мало имаат право на производот што го продаваат, а некои работат како посредници во име на сопствениците на стоката и вршат продажба врз основа на консигнација или провизија. Ако трговецот на мало не ја преземе сопственоста на стоките со кои тргува трговецот на мало, трговецот на мало е класифициран во групата 47.9. Ако трговецот на мало ја преземе сопственоста на стоката, дури и ако трговецот на мало дејствува во име на трето лице, трговецот на мало е класифициран во групите 47.1 до 47.8.

НКД не прави никаква разлика на ниво на група и поткласа помеѓу продажбата на мало во продавница и онлајн продажбата на мало. Повеќето од активностите за продажба на мало функционираат и во продавницата и преку Интернет (како и други канали за дистрибуција) и тешко е да се направи разлика помеѓу двата канали за дистрибуција/продажба врз основа на примарните методи на продажба. Уделот на продажбата преку интернет и во продавницата може да варира со текот на времето и да влијае врз стабилноста на Класификацијата. Главните критериуми за класификација за продажбата на мало во НКД се засноваат на она што се продава, а не на каналите на продажба.

Продажбата на мало преку нарачка по пошта или преку интернет се класифицира според видот на продадената стока.

Разликата помеѓу продажбата на големо и на мало не се заснова врз количеството продадени стоки бидејќи големопродажбата може да се врши врз поединечна основа, исто како што продажбата на мало може да се врши рефус. Наместо тоа, примарната разлика помеѓу продажбата на големо и на мало е типот клиент. Трговијата на големо обично вклучува деловни субјекти како клиенти, а малопродажбата обично вклучува крајни клиенти, како што се домаќинствата. Ако трговецот продава и на деловни и на крајни клиенти без разлика и практично е невозможно да се разликува мнозинскиот тип клиенти, тогаш се препорачува да се третира продавачот како трговец на мало.

Мешањето пијалаци од страна на производителот или изведувачот се класифицира во преработувачката индустрија (сектор C/B). Ако се врши како вообичаена операција (или манипулација) поврзана со трговијата, таа се смета за помошна активност и е интегрирана во секторот G/E.

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потткласа | НАЗИВ |
| --- | --- |
| | Овој сектор исто така вклучува:<br>- транзитни трговски активности што се состојат од купување стоки, нивно транспортирање од едно на друго царинско подрачје. Транзитната трговија претставува тројна трансакција во која транзитниот трговец врши извозни и увозни трансакции помеѓу две или повеќе различни земји надвор од неговата економска територија. Транзитниот трговец ја поседува стоката при нејзиниот транспорт (разлика од посредниците што не ја преземаат сопственоста на посредуваната стока)<br>- специјализирани и неспецијализирани услужни активности за посредување за продажба на мало, види 47.9<br>- продажба на храна или/и пијалаци преку автомати или автоматизирани продажни места<br>Овој сектор исклучува:<br>- трговија со електрична енергија, види 35.15<br>- трговија со гасовити горива за снабдување со енергија преку електрична мрежа, види 35.23<br>- трговија со дигитални добра, стриминг и преземање содржини на дигитални платформи, на пр. е-книги, аудио, види сектор J/S<br>- активности на препродавачи на припејд телефонски картички и услуги, види 61.20<br>- поправка на моторни возила и мотоцикли, види оддел 95<br>- кооперативните здруженија се класифицирани според нивната доминантна дејност |
| **46** | **Трговија на големо** |
| | Овој оддел ги вклучува продажбата на големо на физички стоки за сопствена сметка или врз основа на надомест или договор (провизија) поврзана со домашната (национална) трговија на големо, како и меѓународната трговија на големо (увоз/извоз), вклучително и на интернет.<br><br>Трговија на големо за сопствена сметка значи поседување на стоката со која се тргува, додека сопственоста не се пренесе на купувачот. Во случај на транзитна трговија, стоката е нарачана од купувач, но агентот ја поседува стоката додека е во транзит, но и двата случаи се класифицирани на ист начин (групи 46.2 до 46.9).<br><br>Овој оддел вклучува трговија на големо со надомест или договор (група 46.1), специјализирана трговија на големо (групи 46.2-46.7) и неспецијализирана трговија на големо (група 46.9); потткласа 46.39 е исклучок бидејќи вклучува неспецијализирана трговија на големо со храна, пијалаци и тутун.<br><br>Правилата за дефинирање специјализирани и неспецијализирани активности на големо се опишани во параграфите xx-xx од Воведните упатства.<br>Овој оддел, исто така, вклучува:<br>- трговија на големо со моторните возила и мотоцикли, на делови и прибор за моторни возила и мотоцикли<br>- транзитни трговски активности |

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потткласа | НАЗИВ |
|---|---|

Овој оддел исклучува:
- трговија со електрична енергија, види 35.15
- трговија со гасовити горива за снабдување со енергија преку електрична мрежа, види 35.23
- изнајмување и лизинг на стоки, види оддел 77
- пакување цврсти производи, пакување течни или гасовити стоки во шишиња или боци, вклучувајќи мешање и филтрирање за трети лица, види 82.92

**46.1 Трговија на големо со надомест или врз основа на договор**

Оваа група вклучува активности на услуги за посредување, т.е. олеснување на трансакциите помеѓу продавачите и купувачите за нарачка на стоки за надомест или провизија без преземање сопственост на стоките со кои се посредува, вклучувајќи:
- активности на комисиско посредување (трговски посредници), стоковни посредници и други трговци на големо што тргуваат за сметка на други лица без да ги поседуваат посредуваните стоки во секое време
- активности на зближување на продавачите и купувачите
- активности на преземање комерцијални трансакции за сметка на налогодавачот, вклучително и на интернет

Оваа група исто така вклучува:
- активности на централните куповни единици ако се само посредници и не ја поседуваат стоката
- активности на големопродажните аукциски куќи на стоки од трети страни, вклучително и интернетски аукции на големо

Оваа група исклучува:
- продажба на големо за сопствена сметка, види 46.2 до 46.9
- активности на посредници кои ја преземаат сопственоста на стоката, дури и ако дејствуваат во име на трето лице, види 46.2 до 46.9
- услужни активности за посредување за продажба на мало, види 47.9
- услужни активности за посредување за активности со недвижен имот, види 68.31
- работење на веб-страници што обезбедуваат пребарувања за стоки што ги поврзуваат клиентите со продавачите, види ги соодветните класи за активности на услуги за посредување
- активности на рекламирање, истражување на пазарот и односи со јавноста, види оддел 73

**46.11 Посредување во трговијата на големо со земјоделски суровини, живи животни, текстилни суровини и полупроизводи**

**46.110 Посредување во трговијата на големо со земјоделски суровини, живи животни, текстилни суровини и полупроизводи**

Оваа потткласа вклучува:
- активности на агенти вклучени во трговијата на големо со добиточна храна
- активности на агенти вклучени во аукциите на големо за крзно

Оваа потткласа исклучува:
- активности на посредници вклучени во трговија на големо со храна за домашни миленици, види 46.17
- трговија на големо за сопствена сметка, види од 46.2 до 46.9
- активности на трговски посредници што ја преземаат сопственоста на стоката, дури и ако дејствуваат во име на трето лице, види 46.2 до 46.9

**46.12 Посредување во трговијата на големо со горива, руди, метали и индустриски хемикалии**

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потткласа | | НАЗИВ |
|---|---|---|
| | 46.120 | **Посредување во трговијата на големо со горива, руди, метали и индустриски хемикалии** |
| | | Оваа потткласа вклучува посредници вклучени во продажба на:<br>- горива, руди, метали и индустриски хемикалии, вклучувајќи и ѓубрива (вештачки)<br>Оваа потткласа исклучува:<br>- трговија на големо за сопствена сметка, види од 46.2 до 46.9<br>- активности на трговски посредници кои ја преземаат сопственоста на стоката, дури и ако дејствуваат во име на трето лице, види 46.2 до 46.9 |
| 46.13 | | **Посредување во трговија на големо со дрво и градежни материјали** |
| | 46.130 | **Посредување во трговија на големо со дрво и градежни материјали** |
| | | Оваа потткласа исто така вклучува:<br>- активности на посредници вклучени во трговијата на големо со:<br>• монтажни објекти и градежна опрема<br>• палети и дрвени контејнери и нивни делови<br>• санитарна опрема<br>Оваа потткласа исклучува:<br>- трговија на големо за сопствена сметка, види од 46.2 до 46.9<br>- активности на трговски посредници кои ја преземаат сопственоста на стоката, дури и ако дејствуваат во име на трето лице, види 46.2 до 46.9 |
| 46.14 | | **Посредување во трговијата на големо со машини, индустриска опрема, бродови и авиони** |
| | 46.140 | **Посредување во трговијата на големо со машини, индустриска опрема, бродови и авиони** |
| | | Оваа потткласа вклучува посредување во продажба на:<br>- машини, вклучувајќи канцелариски машини и компјутери, индустриска опрема, бродови и воздухопловни средства<br>- телефонска и комуникациска опрема, вклучувајќи мобилни телефони, модеми итн.<br>Оваа потткласа исто така вклучува:<br>- активности на агенти вклучени во трговија на големо со земјоделска опрема вклучувајќи трактори<br>- активности на агенти вклучени во трговија на големо со јахти и чамци за рекреација<br>Оваа потткласа исклучува:<br>- дејности на трговски посредници во продажба на моторни возила, види 46.18<br>- активности на големопродажните аукциски куќи на стоки од трети лица на моторни возила, вклучувајќи интернет аукции на големо на моторни возила, види 46.18<br>- трговија на големо за сопствена сметка, види од 46.2 до 46.9<br>-активности на трговски посредници кои ја преземаат сопственоста на стоката, дури и ако дејствуваат во име на трето лице, види 46.2 до 46.9 |
| 46.15 | | **Посредување во трговијата на големо со мебел, производи за домаќинството и железарија** |
| | 46.150 | **Посредување во трговијата на големо со мебел, производи за домаќинството и железарија** |
| | | Оваа потткласа исклучува:<br>- трговија на големо за сопствена сметка, види од 46.2 до 46.9<br>- активности на трговски посредници кои ја преземаат сопственоста на стоката, дури и ако дејствуваат во име на трето лице, види 46.2 до 46.9 |

| Сектор / Оддел / Група / Класа | Потткласа | НАЗИВ |
|---|---|---|
| **46.16** | | **Посредување во трговијата на големо со текстил, облека, крзно, обувки и производи од кожа** |
| | **46.160** | **Посредување во трговијата на големо со текстил, облека, крзно, обувки и производи од кожа**<br>Оваа поткласа исклучува:<br>- трговија на големо за сопствена сметка, види од 46.2 до 46.9<br>- активности на трговски посредници кои ја преземаат сопственоста на стоката, дури и ако дејствуваат во име на трето лице, види 46.2 до 46.9 |
| **46.17** | | **Посредување во трговијата на големо со храна, пијалаци и тутун** |
| | **46.170** | **Посредување во трговијата на големо со храна, пијалаци и тутун**<br>Оваа поткласа вклучува:<br>- активности на посредници вклучени во трговијата на големо со додатоци на храна за човечка исхрана<br>Оваа поткласа исто така вклучува:<br>- активности на агенти вклучени во трговија на големо со храна за домашни миленици<br>- активности на агенти вклучени во трговијата на големо со додатоци на исхраната за животни<br>Оваа поткласа исклучува:<br>- трговија на големо за сопствена сметка, види од 46.2 до 46.9<br>- активности на трговски посредници што ја преземаат сопственоста на стоката, дури и ако дејствуваат во име на трето лице, види 46.2 до 46.9 |
| **46.18** | | **Посредување во трговијата на големо со останати посебни производи** |
| | **46.180** | **Посредување во трговијата на големо со останати посебни производи**<br>Оваа поткласа вклучува:<br>- активности на посредници вклучени во трговија на големо со фармацевтски и медицински стоки, парфимерија и тоалетни производи и материјали за чистење<br>- активности на посредници вклучени во трговијата на големо со игри и играчки, спортски производи, велосипеди, книги, весници, списанија и канцелариски материјал, музички инструменти, часовници, часовници и накит, и фотографска и оптичка опрема<br>- активности на посредници вклучени во трговијата на големо со автомобили и лесни моторни возила, камиони, приколки и полуприколки, возила за кампување, на пр., приколки и моторни куќи, мотоцикли, вклучувајќи мопеди, моторизирани уреди за персонален транспорт и возен парк; овие моторни возила вклучуваат електрични возила<br>- активности на посредници вклучени во трговијата на големо со делови и прибор за моторни возила и делови и додатоци за мотоцикли, моторизирани уреди за персонален транспорт и возен парк<br>- активности на посредници вклучени во трговијата на големо со отпад<br>- активности на големопродажните аукциски куќи на стоки од трети лица на моторни возила, вклучувајќи интернет аукции на големо на моторни возила<br>Оваа поткласа исклучува:<br>- трговија на големо за сопствена сметка, види од 46.2 до 46.9<br>- активности на трговски посредници што ја преземаат сопственоста на стоката, дури и ако дејствуваат во име на трето лице, види 46.2 до 46.9<br>- дејности на агенти за осигурување, види 66.22<br>- дејности на агенти за недвижен имот, види 68.31 |

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Поткласа | | НАЗИВ |
|---|---|---|
| 46.19 | | **Посредување во неспецијализирана трговија на големо** |
| | 46.190 | **Посредување во неспецијализирана трговија на големо** |

Оваа поткласа исклучува:
- трговија на големо за сопствена сметка, види од 46.2 до 46.9
- активности на трговски посредници што ја преземаат сопственоста на стоката, дури и ако дејствуваат во име на трето лице, види 46.2 до 46.9
- активности на агенти за недвижности, види 68.31
- активности на агенти вклучени во продажба на услуги за стоки (транспорт, осигурување, огласување), види ги соодветните класи од НКД според конкретната услуга

**46.2 Трговија на големо со земјоделски суровини и живи животни**

Оваа група исклучува:
- активности на трговците на големо што не ја преземаат сопственоста на стоките со кои тргуваат, види 46.1

**46.21 Трговија на големо со жита, суров тутун, семе и добиточна храна**

**46.210 Трговија на големо со жита, суров тутун, семе и добиточна храна**

Оваа поткласа вклучува:
- трговија на големо со жита и семе
- трговија на големо со маслодајни плодови
- трговија на големо со суров тутун
- трговија на големо со храна за животни и земјоделски суровини

Оваа поткласа исклучува:
- трговија на големо со семиња од цвеќиња и растенија, види 46.22
- трговија на големо со храна за домашни миленици, види 46.38
- трговија на големо со ѓубрива и агрохемиски производи, види 46.85
- трговија на големо со текстилни влакна, види 46.86

**46.22 Трговија на големо со цвеќе и садници**

**46.220 Трговија на големо со цвеќе и садници**

Оваа поткласа вклучува:
- трговија на големо со цвеќиња, растенија и главици
- трговија на големо со семиња од цвеќиња и растенија

**46.23 Трговија на големо со живи животни**

**46.230 Трговија на големо со живи животни**

Оваа поткласа вклучува:
-трговија на големо со домашни миленици

**46.24 Трговија на големо со сурова, недовршена и довршена кожа**

**46.240 Трговија на големо со сурова, недовршена и довршена кожа**

Оваа поткласа вклучува:
- трговија на големо со кожа, сурови и преработени кожи и кожи од крзно

Оваа поткласа исклучува:
- активности на агенти вклучени во аукциите на големо за кожа од крзно, види 46.11

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потткласа | НАЗИВ |
|---|---|
| 46.3 | **Трговија на големо со храна, пијалаци и тутун** |

**46.3 Трговија на големо со храна, пијалаци и тутун**

Оваа група вклучува:
- трговија на големо со свежа, конзервирана и замрзната храна
- специјализирана и неспецијализирана трговија на големо со храна, пијалаци и тутун

Оваа група исклучува:
- активности на трговците на големо што не ја преземаат сопственоста на стоките со кои тргуваат, види 46.1

**46.31 Трговија на големо со овошје и зеленчук**

**46.310 Трговија на големо со овошје и зеленчук**

Оваа поткласа вклучува:
- трговија на големо со свежо овошје и зеленчук
- трговија на големо со мешунки
- трговија на големо со сушено овошје и зеленчук
- трговија на големо со конзервирано овошје и зеленчук
- трговија на големо со замрзнато овошје и зеленчук

Оваа поткласа исто така вклучува:
- трговија на големо со печурки

Оваа поткласа исклучува:
- трговија на големо со сокови од овошје и зеленчук, види 46.34
- трговија на големо со готови оброци, види 46.38

**46.32 Трговија на големо со месо, производи од месо, риба и производи од риба**

**46.320 Трговија на големо со месо, производи од месо, риба и производи од риба**

Оваа поткласа вклучува:
- трговија на големо со месо и месни производи
- трговија на големо со живина и дивеч
- трговија на големо со риба и производи од риба
- трговија на големо со морска храна

Оваа поткласа исто така вклучува:
- трговија на големо со чкембе, сувомесни производи, посолено месо
- трговија на големо со полжави
- трговија на големо со алги

Оваа поткласа исклучува:
- трговија на големо со храна за добиток, види 46.21
- трговија на големо со готови оброци, види 46.38
- трговија на големо со храна за домашни миленици, види 46.38

**46.33 Трговија на големо со млечни производи, јајца и масла и масти за јадење**

**46.330 Трговија на големо со млечни производи, јајца и масла и масти за јадење**

Оваа поткласа вклучува:
- трговија на големо со млечни производи
- трговија на големо со јајца и производи од јајца
- трговија на големо со масла за јадење и масти од животинско и растително потекло

Оваа поткласа исто така вклучува:
- трговија на големо со млеко во прав
- трговија на големо со сладоледи и слатки

| Сектор / Оддел / Група / Класа | Потткласа | НАЗИВ |
|---|---|---|

**46.34** **Трговија на големо со пијалаци**

**46.340** **Трговија на големо со пијалаци**

Оваа потткласа вклучува:
- трговија на големо со алкохолни пијалаци
- трговија на големо со безалкохолни пијалаци
- трговија на големо со сокови од овошје и зеленчук
- трговија на големо со готови пијалаци во лименки или шишиња

Оваа потткласа, исто така, вклучува:
- купување вино на големо (рефус) и пакување во шишиња без претходна доработка

Оваа потткласа исклучува:
- мешање на вино, дестилирани алкохолни пијалаци и други пијалаци (со цел да се добие нов производ), види 11.01, 11.02, 11.07

**46.35** **Трговија на големо со производи од тутун**

**46.350** **Трговија на големо со производи од тутун**

Оваа потткласа вклучува:
- трговија на големо со тутун и производи и додатоци за пушење, вклучувајќи запалки, лулиња, опрема за виткање цигари итн.

Оваа потткласа исто така вклучува:
-трговија на големо со електронски цигари (вејп)

Оваа потткласа исклучува:
- трговија на големо со е-течности за електронски цигари, види 46.85

**46.36** **Трговија на големо со шеќер, чоколада и слатки од шеќер**

**46.360** **Трговија на големо со шеќер, чоколада и слатки од шеќер**

Оваа потткласа вклучува:
- трговија на големо со шеќер, вклкучувајќи шеќер во коцки, меласа, чоколада и слатки од шеќер
- трговија на големо со пекарски производи

Оваа потткласа исклучува:
- трговија на големо со сладолед, види 46.33

**46.37** **Трговија на големо со кафе, чај, какао и зачини**

**46.370** **Трговија на големо со кафе, чај, какао и зачини**

Оваа потткласа исклучува:
- преработка на чај и кафе, види 10.83
- трговија на големо со подготвени пијалаци во лименки или шишиња, види 46.34

**46.38** **Трговија на големо со друга храна**

**46.380** **Трговија на големо со друга храна**

Оваа потткласа вклучува друга специјализирана трговија на големо со храна што не е веќе класифицирана во претходните класи 46.31 до 46.37, на пр., трговија на големо со сол, оцет, брашно, квасец, мед.

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потласа | НАЗИВ |
|---|---|

Сектор
Оддел
Група
Класа
Поткласа

НАЗИВ

Оваа поткласа исто така вклучува:
-трговија на големо со готови оброци
- трговија на големо со хомогенизирани прехранбени препарати и диетална храна
- трговија на големо со храна за домашни миленици
- трговија на големо со додатоци во исхраната за човечка исхрана
- трговија на големо со инсекти, на пр., штурци, кои се преработени и подготвени за јадење

Оваа поткласа исклучува:
- трговија на големо со добиточна храна, види 46.21

**46.39 Неспецијализирана трговија на големо со храна, пијалаци и тутун**

**46.390 Неспецијализирана трговија на големо со храна, пијалаци и тутун**

Оваа поткласа вклучува трговија на големо со храна, пијалаци и тутунски производи што се продаваат во пет или повеќе класи од групата 46.3. Ако производите што се продаваат вклучуваат најмногу четири класи во групата 46.3, единицата се смета за специјализирана трговија и се класифицира според основната дејност дефинирана врз основа на додадената вредност, во класите 46.31 до 46.38.

**46.4 Трговија на големо со предмети за домаќинствата**

Оваа група вклучува трговија на големо со предмети за домаќинства, вклучувајќи и текстил.

Оваа група исклучува:
- активности на трговците на големо што не ја преземаат сопственоста на стоките со кои тргуваат, види 46.1
- трговија на големо со градинарска опрема и опрема за уредување, на пр., косилки за трева, види 46.61

**46.41 Трговија на големо со текстил**

**46.410 Трговија на големо со текстил**

Оваа поткласа вклучува:
- трговија на големо со предиво
- трговија на големо со ткаенини
- трговија на големо со платно за домаќинствата итн.
- трговија на големо со галантерија и прибор: игли, конец за шиење итн.
- трговија на големо со чадори за сонце, церади, едра, падобрани и сл.

Оваа поткласа исклучува:
- трговија на големо со облека, види 46.42
- трговија на големо со шатори и вреќи за спиење, види 46.49
- трговија на големо со текстилни влакна, види 46.86

**46.42 Трговија на големо со облека и обувки**

**46.420 Трговија на големо со облека и обувки**

Оваа поткласа вклучува:
- трговија на големо со облека, вклучувајќи и спортска облека
- трговија на големо со додатоци за облека, како што се ракавици, вратоврски и трегери
- трговија на големо со обувки, вклучувајќи и неспецијализирани спортски обувки
- трговија на големо со крзнени производи
- трговија на големо со чадори

Оваа поткласа исто така вклучува:
- трговија на големо со работна облека, униформи, костими

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потклаcа | НАЗИВ |
|---|---|
| | Оваа потклаcа исклучува:<br> - трговија на големо со накит, види 46.48<br> - трговија на големо со предмети од кожа, со исклучок на облека и обувки, види 46.49<br> - трговија на големо со специјализирани спортски обувки што се користат само за спорт, како што се чизми за скијање, фудбалски чевли, лизгалки, балетски чевли, види 46.49<br>- трговија на големо со заштитна опрема за мотоциклисти, види 46.73 |
| **46.43** | **Трговија на големо со електрични апарати за домаќинствата** |
| **46.430** | **Трговија на големо со електрични апарати за домаќинствата** |
| | Оваа потклаcа вклучува:<br> - трговија на големо со електрични апарати за домаќинствата<br> - трговија на големо со радио и телевизиски уреди<br> - трговија на големо со фотографски и оптички предмети, освен корективни очила, леќи и очила за сонце<br> - трговија на големо со опрема за греење со користење на обновливи извори на енергија<br> - трговија на големо со опрема за греење, вентилација и климатизација<br>- трговија на големо со машини за шиење за домаќинствата<br>- трговија на големо со безбедносни системи и аларми<br>Оваа потклаcа исклучува:<br>- трговија на големо со корективни очила, леќи и очила за сонце, види 46.46<br>- трговија на големо со снимени медиуми, види 46.49<br>- трговија на големо со медиуми за снимање, види 46.50<br>- трговија на големо со машини за шиење, освен оние за домаќинства, види 46.64<br>- трговија на големо со железарија, опрема и прибор за водовод и греење, види 46.84<br>- трговија на големо со опрема за греење, вентилација и климатизација, освен за домаќинствата, види 46.84 |
| **46.44** | **Трговија на големо со порцелан, стакларија и средства за чистење** |
| **46.440** | **Трговија на големо со порцелан, стакларија и средства за чистење** |
| | Оваа потклаcа вклучува:<br> - трговија на големо со порцелан и стакларија<br> - трговија на големо со средства за чистење<br> - трговија на големо со прибор за домаќинство, садови и керамика<br>Оваа потклаcа исклучува:<br>- трговија на големо со тенџериња и тави, види 46.49 |
| **46.45** | **Трговија на големо со парфимериски и козметички препарати** |
| **46.450** | **Трговија на големо со парфимериски и козметички препарати** |
| | Оваа потклаcа вклучува:<br> - трговија на големо со парфимериски и козметички препарати, сапуни и тоалетна хартија |

| Сектор / Оддел / Група / Класа | Поткласа | НАЗИВ |
|---|---|---|
| **46.46** | | **Трговија на големо со фармацевтски и медицински производи** |
| | **46.460** | **Трговија на големо со фармацевтски и медицински производи** |
| | | Оваа поткласа вклучува:<br>- трговија на големо со фармацевтски, медицински и ортопедски производи<br>- трговија на големо со ветеринарни лекови<br>- трговија на големо со корективни очила, леќи и очила за сонце<br>- трговија на големо со медицински и хируршки инструменти<br>- трговија на големо со болничка опрема<br>Оваа поткласа исто така вклучува:<br>- трговија на големо со некорективни очила за сонце<br>Оваа поткласа исклучува:<br>- трговија на големо со здрава храна и диететски производи, види 46.38<br>- трговија на големо со мебел за медицински установи и болници, види 46.47 |
| **46.47** | | **Трговија на големо со мебел за домаќинства, канцеларии и продавници, теписи и опрема за осветлување** |
| | **46.470** | **Трговија на големо со мебел за домаќинства, канцеларии и продавници, теписи и опрема за осветлување** |
| | | Оваа поткласа вклучува:<br>- трговија на големо со мебел за домаќинствата<br>- трговија на големо со подни прекривки<br>- трговија на големо со опрема за осветлување<br>- трговија на големо со душеци и пружини<br>Оваа поткласа исто така вклучува:<br>- трговија на големо со мебел за магацини, цркви, медицински установи и болници и сл. |
| **46.48** | | **Трговија на големо со рачни часовници и накит** |
| | **46.480** | **Трговија на големо со рачни часовници и накит** |
| | | Оваа поткласа исто така вклучува:<br>- трговија на големо со обработени скапоцени, природни, синтетички или реконструирани камења<br>Оваа поткласа исклучува:<br>- трговија на големо со имитација на накит, види 46.49<br>- трговија на големо со сурови скапоцени камења, види 46.86<br>- трговија на големо со необработени синтетички или реконструирани скапоцени или полускапоцени камења, види 46.86 |

**46.49** **Трговија на големо со друга стока за домаќинствата**

**46.490** **Трговија на големо со друга стока за домаќинствата**

Оваа потткласа вклучува:
- трговија на големо со предмети од дрво, прачки, плута итн.
- трговија на големо со велосипеди, електрични велосипеди, моноцикли, ховерборди, тротинети, вклучувајќи и делови и прибор
- трговија на големо со канцелариски прибор, книги, списанија и весници
- трговија на големо со кожни производи, со исклучок на облека и обувки, и предмети за патувања
- трговија на големо со музички инструменти
- трговија на големо со снимени медиуми
- трговија на големо со игри и играчки, вклучувајќи и предмети за забава и магија
- трговија на големо со спортски предмети, вклучувајќи и специјални спортски обувки како што се чизми за скијање, фудбалски чевли, лизгалки, балетски чевли
- трговија на големо со чамци за рекреација
- трговија на големо со бебешка опрема, на пр. колички за бебиња, дубалки, носачи за бебиња, детски седишта за автомобил
- трговија на големо со медали и спортски пехари

Оваа потткласа исто така вклучува:
- трговија на големо со шатори и вреќи за спиење
- трговија на големо со промотивни артикли
- трговија на големо со тенџериња и тави
- трговија на големо со прибор за јадење
- трговија на големо со имитација на накит

Оваа потткласа исклучува:
- трговија на големо со електронски цигари, види 46.35
- трговија на големо со маски, види 46.42
- трговија на големо со оружје и муниција, види 46.64
- трговија на големо со е-течности за електронски цигари, види 46.85

**46.5** **Трговија на големо со информатичка и комуникациска опрема**

Оваа група исклучува:
- активности на трговците на големо што не ја преземаат сопственоста на стоките со кои тргуваат, види 46.1

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потукласа | НАЗИВ |
|---|---|

**46.50** **Трговија на големо со информатичка и комуникациска опрема**

**46.500** **Трговија на големо со информатичка и комуникациска опрема**

Оваа поткласа ја вклучува трговијата на големо со опрема за информатичка и комуникациска технологија (ИКТ).

Оваа поткласа вклучува:
- трговија на големо со компјутери, компјутерска периферна опрема и делови
- трговија на големо со паметни табли
- трговија на големо со неприспособен софтвер, вклучувајќи видеоигри, обезбедени на физички медиум, со право на постојана употреба
- трговија на големо со електронски вентили и цевки
- трговија на големо со полупроводнички уреди
- трговија на големо со микрочипови и интегрирани кола
- трговија на големо со печатени кола
- трговија на големо со медиуми за снимање
- трговија на големо со телефонска и комуникациска опрема, на пр., мобилни телефони, модеми
- трговија на големо со канцелариски машини и опрема

Оваа поткласа исклучува:
- трговија на големо со снимени медиуми, види 46.49
- трговија на големо со машини за производство на адитиви (3Д-печатачи итн.), види 46.64
- издавачка дејност, види оддел 58

**46.6** **Трговија на големо со други машини, опрема и прибор**

Во оваа група спаѓаат трговијата на големо со специјализирани машини, опрема и материјали за сите видови индустрии и машини за општа намена и нивни делови.

Оваа група исклучува:
- активности на трговците на големо што не ја преземаат сопственоста на стоките со кои тргуваат, види 46.1

**46.61** **Трговија на големо со земјоделски машини, опрема и прибор**

**46.610** **Трговија на големо со земјоделски машини, опрема и прибор**

Оваа поткласа вклучува:
- трговија на големо со земјоделски и шумарски машини и опрема:
  - плугови, растурачи на ѓубриво, сеалки
  - жетварки
  - вршалки
  - машини за молзење
  - машини за чување живина, опрема за чување пчели
  - трактори за земјоделство и шумарство

Оваа поткласа, исто така, вклучува:
- трговија на големо со опрема за градина и уредување, на пр., косилки за трева

Оваа поткласа исклучува:
- трговија на големо со добиточна храна, види 46.21
- трговија на големо со ѓубрива и агрохемиски производи, види 46.85

| Сектор / Оддел / Група / Класа | Поткласа | НАЗИВ |
|---|---|---|
| 46.62 | | **Трговија на големо со алатни машини** |
| | 46.620 | **Трговија на големо со алатни машини** |

Оваа потkласа вклучува:
- трговија на големо со машински алати од секаков вид и за секаков материјал
Оваа потkласа исто така вклучува:
- трговија на големо со компјутерски управувани машински алати

**46.63 Трговија на големо со машини за рударството и градежништвото**

**46.630 Трговија на големо со машини за рударството и градежништвото**

Оваа потkласа вклучува:
- трговија на големо со машини и опрема за рударство, градежништво и нискоградба, на пр., машини за ископување
Оваа потkласа исклучува:
- трговија на големо со скелиња, види 46.83
- трговија на големо со рачен алат, железарија, опрема и прибор за водовод и греење, види 46.84

**46.64 Трговија на големо со други машини и опрема**

**46.640 Трговија на големо со други машини и опрема**

Оваа потkласа вклучува:
- трговија на големо со машини за текстилната индустрија и машини за шиење и плетење
- трговија на големо со роботи за производна линија
- трговија на големо со машини за храна, пијалаци и тутунска индустрија
- трговија на големо со транспортна опрема, на пр., локомотиви, вагони, освен моторни возила, мотоцикли и велосипеди
- трговија на големо со бродови и чамци
- трговија на големо со оклопни возила
- трговија на големо со авиони, беспилотни летала и системи за авиони без екипаж
- трговија на големо со опрема за одгледување риба
- трговија на големо со атракции за забавни и тематски паркови, на пр., механички реквизити
- трговија на големо со опрема за фризери, теретани, солариуми и центри за убавина
- трговија на големо со технолошка опрема за настани, саеми и изложби
- трговија на големо со други машини н.д.м. за употреба во индустријата, трговијата и навигацијата и други услуги
- трговија на големо со друг електричен материјал, на пр., електромотори, трансформатори
- трговија на големо со батерии и акумулатори за домашна употреба
- трговија на големо со жици и прекинувачи и друга инсталациска опрема
- трговија на големо со фотоволтаични панели
- трговија на големо со оружје, системи за оружје и муниција
- трговија на големо со кутии од палети (бокс-палети)
- трговија на големо со резервоари, цистерни, буриња и слични контејнери, со капацитет поголем од 300 литри, од пластика, за индустриска употреба
Оваа потkласа исто така вклучува:
- трговија на големо со мерни инструменти и опрема
- трговија на големо со машини за адитивно производство (3Д-печатачи итн.)

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потткласа | НАЗИВ |
|---|---|

Оваа потткласа исклучува:
- трговија на големо со машини за шиење за домаќинствата, види 46.43
- трговија на големо со медицинска опрема што не е за домаќинствата, види 46.46
- трговија на големо со чамци за рекреација, види 46.49
- трговија на големо со велосипеди, види 46.49
- трговија на големо со машини за рударство, градежништво и нискоградба, види 46.63
- трговија на големо со моторни возила, вклучувајќи приколки, види 46.71
- трговија на големо со делови за моторни возила, види 46.72
- трговија на големо со батерии и акумулатори за моторни возила, види 46.72
- трговија на големо со мотоцикли, види 46.73
- трговија на големо со скелиња, види 46.83
- одржување и поправка на моторни возила, види 95.31
- одржување и поправка на мотоцикли, види 95.32

**46.7 Трговија на големо со моторни возила, мотоцикли и нивни делови и прибор**

Оваа група исклучува:
- активности на трговците на големо што не ја преземаат сопственоста на стоките со кои тргуваат, види 46.1
- одржување и поправка на моторни возила, види 95.31
- одржување и поправка на мотоцикли, види 95.32

**46.71 Трговија на големо со моторни возила**

**46.710 Трговија на големо со моторни возила**

Оваа потткласа вклучува:
- трговија на големо со нови и користени моторни возила, вклучувајќи и електрични возила:
  • патнички моторни возила, вклучувајќи специјализирани патнички моторни возила, на пр., амбулантни возила, минибуси
  • камиони, приколки и полуприколки
  • возила за кампување, на пр., приколки, моторни куќи

Оваа потткласа исто така вклучува:
- трговија на големо со теренски моторни возила

Оваа потткласа исклучува:
- активности на агенти вклучени во трговија на големо со автомобили и лесни моторни возила, види 46.18
- трговија на големо со електрични велосипеди и нивни сродни делови и додатоци, види 46.49
- трговија на големо со моторизирана транспортна опрема на пр., бродови, јахти, авиони, возови, види 46.64
- трговија на големо со делови и прибор за моторни возила, види 46.72
- услужни активности за превоз на патници на барање со возило со возач, види 49.33
- изнајмување и лизинг на автомобили и лесни моторни возила без возач, види 77.11
- одржување и поправка на моторни возила, види 95.31

**46.72 Трговија на големо со делови и прибор за моторни возила**

**46.720 Трговија на големо со делови и прибор за моторни возила**

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Поткласа | | НАЗИВ |
|---|---|---|
| | | Оваа потkласа вклучува:<br>- трговија на големо со нови и користени делови за моторни возила, опрема и сродни додатоци како гуми итн.<br>- трговија на големо со батерии и акумулатори за моторни возила<br>Оваа потkласа исклучува:<br>- активности на посредници вклучени во трговијата на големо со делови и додатоци за автомобили и лесни моторни возила, види 46.18<br>- трговија на големо со чамци, авиони, возови, вклучувајќи делови и додатоци, види 46.64 |
| 46.73 | | **Трговија на големо со мотоцикли и делови и прибор за мотоцикли** |
| | 46.730 | **Трговија на големо со мотоцикли и делови и прибор за мотоцикли** |
| | | Оваа потkласа вклучува:<br>- трговија на големо со нови и користени мотоцикли, вклучувајќи и мопеди<br>- трговија на големо со делови и прибор за мотоцикли<br>- трговија на големо со заштитна опрема за мотоциклисти<br>Оваа потkласа исклучува:<br>- активности на агенти специјализирани за трговија на големо со мотоцикли, види 46.18<br>- трговија на големо со велосипеди, електрични велосипеди и нивни сродни делови и додатоци, види 46.49<br>- издавање мотоцикли, види 77.11<br>- поправка и одржување велосипеди, види 95.32 |
| 46.8 | | **Друга специјализирана трговија на големо** |
| | | Оваа група вклучува:<br>- други специјализирани дејности на трговијата на големо што не се класифицирани во групите 46.2 до 46.7 од овој оддел.<br>- трговија на големо со меѓупроизводи, освен земјоделски, вообичаено не за употреба во домаќинството<br>Оваа група исклучува:<br>- активности на трговците на големо што не ја преземаат сопственоста на стоките со кои тргуваат, види 46.1<br>- трговија на големо со батерии и акумулатори што не се за моторни возила, види 46.64<br>- неспецијализирана трговија на големо, види 46.90 |

| Сектор / Оддел / Група / Класа | Потткласа | НАЗИВ |
|---|---|---|

**46.81** **Трговија на големо со цврсти, течни и гасовити горива и слични производи**

**46.810** **Трговија на големо со цврсти, течни и гасовити горива и слични производи**

Оваа потткласа вклучува:
- трговија на големо со фосилни горива и горива со малку или без јаглерод, мазива, средства за подмачкување, масла како што се:
  • дрвен јаглен – ќумур, јаглен, кокс, дрва за огрев, пелети од дрво или биомаса, нафта
  • сурова нафта, сурово масло, дизел-гориво, бензин, мазут, масло за ложење, керозин, биогорива, рециклирани јаглеродни горива, синтетички горива, во мешавина или чист облик
  • течен нафтен гас (ТНГ), течен природен гас (ТПГ), бутан и пропан гас и нивните сродни био- и обновливи форми, во мешавина или чист облик
  • масла и масти за подмачкување, рафинирани нафтени производи

Оваа потткласа исклучува:
- трговија на големо со водород, види 46.85

**46.82** **Трговија на големо со метали и метални руди**

**46.820** **Трговија на големо со метали и метални руди**

Оваа потткласа вклучува:
- трговија на големо со руди на железо и руди на обоени метали
- трговија на големо со железо и обоени метали во примарна форма
- трговија на големо со злато и други благородни метали
- трговија на големо со полупроизводи од метал и метални руди
- трговија на големо со полупроизводи од железо и обоени метали, неспоменати на друго место

Оваа потткласа исто така вклучува:
- трговија на големо со челични лимови за сопствена сметка, вклучувајќи и вообичаени операции на сечење поврзани со трговијата, кои не вклучуваат производство на нови стоки
- трговија на големо со злато и други благородни метали, купени од домаќинства или претпријатија и продадени на трговци на мало, на индустриски, комерцијални, институционални или професионални корисници или на други трговци на големо

Оваа потткласа исклучува:
- трговија на големо со метални остатоци, види 46.87
- продажба на златни шипки, види сектор L/J

| Сектор / Оддел / Група / Класа | Потткласа | НАЗИВ |
|---|---|---|

Сектор
Оддел
Група
Класа
Потткласа
НАЗИВ

**46.83** **Трговија на големо со дрва, градежен материјал и санитарна опрема**

**46.830** **Трговија на големо со дрва, градежен материјал и санитарна опрема**

Оваа поткласа вклучува:
- трговија на големо со дрво во необработена состојба
- трговија на големо со производи од примарната обработка на дрво
- трговија на големо со палети, други товарни даски од дрво и буриња
- трговија на големо со необработени и монтажни подни облоги
- трговија на големо со градежен материјал:
  • песок, чакал, цемент, цигли, итн.
- трговија на големо со скелиња
- трговија на големо со бои и лакови
- трговија на големо со тапети и подни облоги, на пр., ламинат, плочки, под од винил
- трговија на големо со рамно стакло
- трговија на големо со санитарна опрема:
  • кади, лавабоа, WC-школки, тоалетни и други санитарни предмети од порцелан
- трговија на големо со врати, прозорци и ролетни (од секаков материјал)

Оваа поткласа исто така вклучува:
- трговија на големо со користени мермерни тули, скали, ќерамиди
- трговија на големо со уличен мебел, т.е. клупи, сообраќајни бариери, столпчиња, улични светилки, семафори, сообраќајни знаци, автобуски и трамвајски постојки
- трговија на големо со монтажни објекти
- трговија на големо со материјал за топлинска изолација
- трговија на големо со резервоари, цистерни, буриња и слични контејнери од пластика за градежништво

**46.84** **Трговија на големо со метална стока, цевки, уреди и опрема за водовод и централно греење**

**46.840** **Трговија на големо со метална стока, цевки, уреди и опрема за водовод и централно греење**

Оваа поткласа вклучува:
- трговија на големо со железа и слична опрема за домаќинство
- трговија на големо со оков
- трговија на големо со грејачи за вода, радијатори и бојлери
- трговија на големо со опрема за санитарна инсталација:
  • цевки, оков, чешми, приклучоци, гумени цевки итн.
- трговија на големо со алати, на пр., чекани, пили, шрафцигери и други рачни алатки, вклучително и електрични рачни алатки
- трговија на големо со опрема за греење, вентилација и климатизација, освен за домаќинствата

Оваа поткласа исклучува:
- трговија на големо со опрема за греење, вентилација и климатизација, за домашна употреба, види 46.43
- трговија на големо со машини за рударство, градежништво и нискоградба, види 46.63
- трговија на големо со санитарна опрема, види 46.83

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потокласа | | НАЗИВ |
|---|---|---|
| 46.85 | | **Трговија на големо со хемиски производи** |
| | 46.850 | **Трговија на големо со хемиски производи** |

Оваа потокласа вклучува:
- трговија на големо со индустриски хемикалии, на пр., анилин, есенцијални масла, хемиски лепила, метанол, парафин, мириси и ароми, сода, индустриска сол, киселини и сулфури, деривати на скроб, индустриски гасови, бои и пигменти, други органски и неоргански основни хемикалии, глазури, мастила за печатење и лепила
- трговија на големо со експлозиви и пиротехнички производи
- трговија на големо со ѓубрива и агрохемиски производи
- трговија на големо со водород

Оваа поткласа исто така вклучува:
- трговија на големо со е-течности за електронски цигари

Оваа поткласа исклучува:
- продажба на гасовити горива преку мрежа за сметка на други, види 35.40

**46.86** **Трговија на големо со останати полупроизводи**

**46.860** **Трговија на големо со останати полупроизводи**

Оваа поткласа вклучува:
- трговија на големо со пластични материјали во примарни форми
- трговија на големо со гума
- трговија на големо со текстилни влакна
- трговија на големо со артикли за пакување
- трговија на големо со сурови скапоцени камења
- трговија на големо со необработени синтетички или реконструирани скапоцени или полускапоцени камења
- трговија на големо со неметални руди
- трговија на големо со хартија на големо и со хартиена маса

Оваа поткласа исклучува:
- трговија на големо со земјоделски сурови производи, види 46.21
- трговија на големо со обработени скапоцени камења, види 46.48
- трговија на големо со канцелариски материјал, види 46.49

**46.87** **Трговија на големо со отпадоци и остатоци**

**46.870** **Трговија на големо со отпадоци и остатоци**

Оваа поткласа вклучува:
- трговија на големо со метални и неметални отпадоци и остатоци за рециклирање, вклучувајќи собирање, сортирање, одделување искористени производи како што се автомобили со цел да се добијат повторно употребливи делови, пакување и препакување, складирање и испорака, но без процес на трансформација. Притоа, купените и продадените отпадоци ја задржуваат преостанатата вредност.
- трговија на големо со употребливи стоки (метал, пластика), по демонтирање автомобили, компјутери, телевизори и друга опрема за сопствена сметка од страна на единицата без понатамошна трансформација на стоката
- трговија на големо со неупотребливи автомобили

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Поткла|са | НАЗИВ |
|---|---|---|
| | | Оваа поткласа исклучува:<br>- собирање отпад од домаќинствата и индустриски отпад, види 38.1<br>- обработка на отпадоци, остатоци и други производи во секундарни суровини кога е потребен трансформациски процес (секундарните суровини се подготвени за директна употреба во индустрискиот производствен процес, но не се финален производ), види 38.21<br>- демонтирање автомобили, компјутери, телевизори и друга опрема за обновување на материјалите, види 38.21<br>- демонтирање бродови, види 38.31<br>- дробење автомобили со употреба на механички процес, види 38.32<br>- третирање отпад за отстранување без обновување, види 38.3<br>- трговија на мало со половна стока, види 47.79 |
| **46.89** | | **Друга специјализирана трговија на големо, н.д.м.** |
| | **46.890** | **Друга специјализирана трговија на големо, н.д.м.** |
| | | Оваа поткласа вклучува други специјализирани активности на големо што не се класифицирани во другите класи од овој оддел. |
| **46.9** | | **Неспецијализирана трговија на големо** |
  - префрлање филм/лента
  - конверзија во формати на видеостриминг
- активности на лаборатории за филмски ленти и активности на специјални лаборатории за анимирани филмови:
  - развивање и обработка на филмски ленти
  - репродукција на филмски ленти за кинодистрибуција

Оваа поткласа исто така вклучува:
- активности на филмски архиви итн.

Оваа потккласа исклучува:
- дуплирање филмови и репродукција на аудио- и видеоснимки од главните копии, види 18.20
- трговија на големо со снимени медиуми, види 46.49
- продажба на мало на снимени медиуми, види 47.69
- продукција на анимација, види 59.11
- обработка на филмови, не за филмската индустрија, види 74.20
- изнајмување снимени медиуми на пошироката јавност, види 77.22
- директно (симултано) титлување, види 82.99
- активности на независни актери, карикатуристи, режисери, сценографи и други активности за поддршка на изведувачките уметности, види оддел 90

**59.13 Дистрибуција на филмови и видео**

**59.130 Дистрибуција на филмови и видео**

Оваа потккласа вклучува:
- стекнување авторски права или права на дистрибуција, на пр., филмски и аудиовизуелни дела
- дистрибуција на продукции, на пр., филмски и аудиовизуелни дела во кина, на телевизиски мрежи и станици и изложувачи

Оваа потккласа исклучува:
- дуплирање филмови и репродукција на аудио- и видеоснимки од главните копии, види 18.20
- трговија на големо со снимени медиуми, види 46.49
- продажба на мало на снимени медиуми, види 47.69
- репродукција на филмски ленти за театарска дистрибуција, види 59.12
- дистрибуција на видеостриминг и услужни активности за преземања од интернет што не се поврзани со неговото објавување, види 60.20
- управување со авторските права и правата за дистрибуција на филмови, види 74.91
- изнајмување снимени медиуми, види 77.22

**59.14 Дејности за прикажување филмови**

**59.140 Дејности за прикажување филмови**

Оваа потккласа вклучува:
- активности на филмска или аудиовизуелна проекција во кина, на отворено или други места за проекција

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потккласа | | | | | НАЗИВ |
|---|---|---|---|---|---|
| | | 59.2 | | | **Дејности за снимање звучни записи и издавање музички записи** |
| | | | 59.20 | | **Дејности за снимање звучни записи и издавање музички записи** |
| | | | | 59.200 | **Дејности за снимање звучни записи и издавање музички записи** |

Оваа поткласа вклучува:
- производство на оригинални (звучни) мастерснимки, вклучително и дигитални снимки, достапни онлајн или преку која било тврда копија
- услужни активности за снимање звук, вклучително и производство на снимени (т.е. не во живо) радиопрограми, аудиопоткасти, како и аудио за филм, телевизија, книги итн.
- музичко издаваштво, односно активности на:
  • стекнување и регистрирање авторски права за музички композиции
  • промовирање, авторизирање и користење на овие композиции во снимки, радио, телевизија, филмови, настапи во живо, печатени и други медиуми
  • заедничко објавување и дистрибуција на звучни снимки преку стриминг и преземања од интернет

Објавувањето, промовирањето и дистрибуирањето на звучни снимки до трговците на големо, трговците на мало или директно до јавноста може да вклучи производство на главни снимки или добивање на правата за репродукција и дистрибуција на главните снимки.

Оваа поткласа исто така вклучува:
- конверзија на звучни снимки во формати на аудиостриминг
- издавање на музички книги и партитури

Оваа поткласа исклучува:
- репродукција од мастеркопии на музика или други звучни записи, види 18.20
- трговија на големо со снимени медиуми, види 46.49
- продажба на мало на снимени медиуми, види 47.69
- услужни дејности за дистрибуција на аудиостриминг и преземања од интернет што не се поврзани со неговото објавување, види 60.10
- активности на музичарите, види 90.20

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 60 | | | | **Дејности за емитување радио и телевизиски програми, дејности на новински агенции и други дејности за дистрибуција на содржини** |

Овој оддел ги вклучува активностите на создавање содржина или стекнување право на дистрибуција на содржина и последователно емитување или дистрибуирање на таа содржина. Содржините произведени или дистрибуирани во овој оддел се радио, телевизија, аудио- и аудиовизуелна забава, вести, разговори итн., вклучувајќи програми што вообичаено се наменети за специјализирана публика (програми кои се привлечни за одреден сегмент од населението, како на пр., вести, спорт, образование, програми ориентирани кон млади). Емитувањето или дистрибуцијата на содржина може да се врши со користење различни технологии, преку воздух, преку сателит, преку кабелска мрежа или преку интернетско емитување, стриминг или преземања од интернет. Овој оддел вклучува и емитување на поткасти во живо, дистрибуција на снимени објави и преземања по барање од трета страна, како и активности на новински агенции, страници на социјалните мрежи, блогови и вики-страници и страници за онлајн игри/видеоигри. Содржината може да биде слободно достапна за корисниците или може да биде достапна само врз основа на претплата или надомест.

| Сектор<br>Оддел<br>Група<br>Класа<br>Поткласа | НАЗИВ |
|---|---|
| | Овој оддел го исклучува работењето на мрежи за пренос на кабелска или сателитска телевизија (оддел 61); производство на аудио- и аудиовизуелни снимки (вклучувајќи снимени поткасти), активности на влог-страници и дистрибуција на филмови, видеа или аудиовизуелни дела и слични продукции на кина, телевизиски мрежи и станици и изложувачи (оддел 59); трговија на големо/мало на аудио- и видеоснимки на физички медиуми (оддели 46 и 47); малопродажни места на весници (оддел 47); изнајмување видеодискови (оддел 77); активности на независни актери (вклучувајќи инфлуенсери што се појавуваат во влогови) и независни блогери (оддел 90); објавување видеоигри и друг софтвер (оддел 58); обезбедување компјутерска инфраструктура и активности за хостирање и активности на веб-портали за пребарување (оддел 63); активности на места за коцкање (оддел 92). |
| **60.1** | **Дејности за емитување радиопрограма и дистрибуција на аудиосодржина** |
| **60.10** | **Дејности за емитување радиопрограма и дистрибуција на аудиосодржина** |
| **60.100** | **Дејности за емитување радиопрограма и дистрибуција на аудиосодржина** |
| | Оваа потксласа вклучува:<br>- емитување аудиосигнали, преку радиостудија и објекти за пренос на звучна програма до јавноста, до подружници или до претплатници<br>- услуги за стриминг и преземање аудио на барање од страна на трети дистрибутери со права на дистрибуција<br>- емитување поткаст во живо<br>Оваа потксласа исто така вклучува:<br>- активности на радиомрежи, т.е. составување и пренос на звучна програма до подружници или претплатници со емитување преку воздух, кабел или сателит<br>- радиоемитување преку интернет (интернетски радиостаници)<br>- емитување радиопрограма и истовремено снимање за видеоемитување<br>Оваа потксласа исклучува:<br>- трговија на големо со аудиоснимки на физички медиуми, види 46.49<br>- продажба на мало на аудиоснимки на физички медиуми, види 47.69<br>- објавување аудиокниги, поврзано со услуги за стриминг и преземања од интернет на издавачите на книги, види 58.11<br>- објавување музика и други звучни снимки, поврзано со услуги за стриминг и преземање од интернет на издавачи на музички и други звучни записи, види 59.20<br>- производство на радиопрограмирање и аудиопоткасти, види 59.20<br>- обезбедување услуги за техничка инфраструктура поврзани со услуги за аудиостриминг без стекнување на правата на аудиосодржината, види 63.10 |

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потокласа | | | НАЗИВ |
|---|---|---|---|
| 60.2 | | | **Дејности за емитување телевизиски програми и дистрибуција на видеосодржина** |
| | 60.20 | | **Дејности за емитување телевизиски програми и дистрибуција на видеосодржина** |
| | | 60.200 | **Дејности за емитување телевизиски програми и дистрибуција на видеосодржина** |

Оваа поткласа вклучува создавање комплетна програма на телевизиски канал, од купени програмски компоненти (на пр., филмови, документарни филмови), програмски компоненти произведени самостојно (на пр., локални вести, репортажи во живо) или нивна комбинација.

Оваа комплетна телевизиска програма може да се емитува или од продуцентската единица или да се произведува за пренос од трета страна – дистрибутери, на пр., кабелски компании, сателитски телевизиски провајдери.

Програмата може да биде од општа или специјализирана природа (формати наменети за одредена публика, на пр., вести, спорт, образование, програми наменети за младите), може да биде слободно достапна за корисниците или достапна само врз основа на претплата.

Оваа поткласа исто така вклучува:
- програмирање канали за видео на барање
- услужни активности за стриминг и преземање видео од интернет, кои не се поврзани со неговото објавување
- пренос на настапи и настани во живо
- работа на страници за стриминг на видеоигри

Оваа поткласа исклучува:
- издавачи на видеоигри, активности за услуги за дистрибуција на стриминг и преземање од интернет на издавачите на видеоигри, види 58.21
- продукција на телевизиски програмски елементи (филмови, документарни филмови, ток-шоуа, реклами итн.), види 59.11
- склопување пакет-канали и пренос на тој пакет, од оператори на кабелска или сателитска преносна мрежа до гледачот, види 61.10
- обезбедување техничка инфраструктура поврзана со услуги за видеостриминг, услуги за обработка на податоци и сродни активности, види 63.10
- изнајмување снимени видеа на физички медиуми на пошироката јавност, види 77.22

| | | | |
|---|---|---|---|
| 60.3 | | | **Дејности на новински агенции и други дејности за дистрибуција на содржини** |

Оваа група ги вклучува активностите на новинските агенции и страниците за дистрибуција на содржини, на пр., социјални мрежи, вики-страници, страници за онлајн игри/видеоигри.

Оваа група ги исклучува:
- активностите на библиотеки и архиви, види 91.1

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Поткласа | НАЗИВ |
|---|---|

**60.31** **Дејности на новински агенции**

**60.310** **Дејности на новински агенции**

Оваа потласа вклучува:
- активности на новински здруженија и новински агенции што обезбедуваат вести, слики и содржини за медиумите, издавачите и радиодифузерите

Оваа потласа исклучува:
- трговија на мало со весници, види 47.62
- издавачки активности, види 58.1
- емитување и аудио- или видеостриминг активности (со права на дистрибуција), види 60.10, 60.20
- обезбедување техничка инфраструктура поврзана со услуги за аудио- или видеостриминг, услуги за обработка на податоци и сродни активности, види 63.10
- активности на независни фоторепортери, види 74.20
- активности на независни новинари, види 90.11

**60.39** **Други дејности за дистрибуција на содржини**

**60.390** **Други дејности за дистрибуција на содржини**

Оваа потласа вклучува:
- услуги за дистрибуција на страници за споделување содржина, на пр., вики-страници, страници на социјални мрежи што објавуваат содржини произведени и уредени од корисници и не се под уредувачка одговорност и контрола
- работа на страници за онлајн игри/видеоигри, независно од објавувањето на игрите
- обезбедување е-книги како услуга за стриминг или преземање од интернет што не е поврзана со објавување
- онлајн обезбедување софтвер што не е поврзан со објавување
- дистрибуција на содржини преку блогови

Оваа потласа исклучува:
- услужни активности за посредување во трговијата на мало, види 47.9
- услужни активности за посредување при превоз на патници, види 52.32
- услужни активности за посредување за сместување, види 55.40
- издавање е-книги, види 58.11
- објавување видеоигри и друг софтвер, види 58.2
- аудиовизуелни производствени активности, види 59.11
- активности на музички платформи, види 60.10
- активности на страници за стриминг на видеоигри само за гледање, види 60.20
- активности на новински агенции, види 60.31
- обезбедување хостирање аудио или видеоподатоци за услуги за стриминг или преземање од интернет (т.е. особено складирање и испраќање податоци) без стекнување на правата за аудио- или видеосодржина, види 63.10
- обезбедување компјутерска инфраструктура и услуги за хостирање, види 63.10
- активности на веб-порталите за пребарување, види 63.91
- активности на новинари и други писатели, чија содржина се објавува од трето лице, види 90.11
- активности на актери и други изведувачки уметници, види 90.20
- активности на библиотеки и архиви, види 91.1
- активности на места за коцкање, види 92.00

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Поткласа | НАЗИВ |
|---|---|
| К/И | **ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ, КОМПЈУТЕРСКО ПРОГРАМИРАЊЕ, КОНСУЛТАНТСКИ ДЕЈНОСТИ, КОМПЈУТЕРСКА ИНФРАСТРУКТУРА И ДРУГИ ИНФОРМАТИЧКИ ДЕЈНОСТИ** |

Овој сектор вклучува телекомуникациски и сродни услужни активности, т.е. пренос на глас, податоци, текст, звук и видео (оддел 61), компјутерско програмирање, консултантски услуги и сродни активности (оддел 62) и обезбедување компјутерска инфраструктура, обработка на податоци, хостирање и други дејности на информатички услуги (оддел 63).

Овој сектор исклучува:
- објавување, емитување и производство на содржини, вклучувајќи го и објавувањето софтвер, услуги на постпродукција за конверзија на аудио- и видеосодржини во стриминг-формати и обезбедување од страна на независни трети страни на услуги за аудио- и видео стриминг или услуги за дистибуција на симнување содржини, види сектор Ј/S
- обезбедување на финансиски и осигурителни услуги со користење објавени финансиски и осигурителни технологии и софтвер, види сектор L/J
- активности на страници за коцкање, види 92.00
- поправка и одржување компјутери и комуникациска опрема, види 95.10.

| | |
|---|---|
| 61 | **Телекомуникации** |

Овој оддел вклучува:
- активностите на обезбедување телекомуникациски и сродни услужни активности, т.е. пренос на глас, податоци, текст, звук и видео. Преносните капацитети што ги извршуваат овие активности може да се засноваат на една технологија или на комбинација од технологии. Заедничко за активностите класифицирани во овој оддел е преносот на содржини, без вклучување во нивното создавање или менување. Во случај на пренос на телевизиски сигнали, ова може да вклучува комплетни пакети и програмирани канали (произведени во оддел 60) во програмски пакети
- обезбедување услуги за комуникација машина-кон-машина
- пренос на аудио- или видеоподатоци без стекнување на правата на аудио- или видеосодржина

Овој оддел исклучува:
- производство и постпродукција на филмови, аудиовизуелни дела, телевизиски програми и снимање звук, вклучувајќи ги услугите за конверзија на аудио- и видеосодржини во стриминг-формати, види оддел 59
- активности на емитување и обезбедување услуги за аудио- и видеостриминг или услуги за дистибуција на симнување, види оддел 60

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потккласа | НАЗИВ |
|---|---|
| 61.1 | **Жичени, безжични и сателитски телекомуникациски дејности** |
| 61.10 | **Жичени, безжични и сателитски телекомуникациски дејности** |
| 61.100 | **Жичени, безжични и сателитски телекомуникациски дејности** |

Оваа потккласа вклучува:
- ракување, одржување или обезбедување пристап до опрема за пренос на глас, податоци, текст, звук и видео користејќи жична, безжична или сателитска телекомуникациска инфраструктура, вклучувајќи:
  • работа и одржување опрема за комутација и пренос за да се обезбеди комуникација од точка до точка преку фиксни, микробранови или комбинација од фиксни и сателитски врски
  • функционирање кабелски дистрибутивни системи (на пр., за дистрибуција на податоци и телевизиски сигнали) со или без обезбедување клиенти со услуги за видео на барање од трета страна
  • обезбедување пристап до интернет од страна на операторот на инфраструктурата
  • одржување и управување со мобилни и други безжични телекомуникациски мрежи (вклучувајќи пејџинг-системи)
  • испорака на визуелна, звучна или текстуална програма добиена од кабелски мрежи, локални телевизиски станици или радиомрежи до потрошувачите преку сателитски системи директно до дома или преку интернетски протокол ТВ (единиците класифицирани овде, генерално, не произведуваат програмски материјал)
  • обезбедување Voice Over Internet Protocol (VoIP) од страна на операторот на инфраструктурата

Преносните капацитети што ги вршат овие активности може да се засноваат на една технологија или на комбинација од технологии.

Оваа потккласа исклучува:
- инсталација на телекомуникациски, компјутерски мрежи и кабелска телевизија во згради, вклучувајќи и оптика без капацитети за трансмисија на податоци, види 43.21
- објавување апликации за инстант-пораки или сателитска геолокација, види 58.29
- активности на препродавање телекомуникациски услуги и услуги за посредување во телекомуникации, види 61.20
- обезбедување телефонски и интернетски пристап во објекти отворени за јавноста, на пр., интернетски кафулиња, види 61.20
- обезбедување услуги за пренос на глас преку интернет протокол (VOIP), без оперативни капацитети за пренос на податоци, види 61.90

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Поткласа | | | НАЗИВ |
|---|---|---|---|
| 61.2 | | | **Дејности на препродажба на телекомуникациски услуги и дејности за посредување во телекомуникациските дејности** |
| | 61.20 | | **Дејности на препродажба на телекомуникациски услуги и дејности за посредување во телекомуникациските дејности** |
| | | 61.200 | **Дејности на препродажба на телекомуникациски услуги и дејности за посредување во телекомуникациските дејности**<br>Оваа поткласа вклучува:<br>- препродажба на жичени, безжични и сателитски телекомуникации (т.е. купување и препродажба на мрежен капацитет), вклучувајќи активности на телекомуникациски брокери и препродавачи на припејд картички и услуги<br>- услуги за посредување за жичени, безжични и сателитски телекомуникациски активности, вклучувајќи:<br>• агентски активности за телекомуникациски оператори<br>• продажба на планови за услуги за мобилна телефонија врз агентска основа<br>• агентски активности за продажба на планови за безжични телефонски услуги, продажба во име на безжични телекомуникациски оператори<br>• агентски активности за мобилни виртуелни мрежни оператори (MVNO)<br>• обезбедување телефонски и интернетски пристап во објекти отворени за јавноста<br>Оваа поткласа исклучува:<br>- обезбедување телекомуникациски услуги од оператори на телекомуникациска инфраструктура, види 61.10 |
| 61.9 | | | **Други телекомуникациски дејности** |
| | 61.90 | | **Други телекомуникациски дејности** |
| | | 61.900 | **Други телекомуникациски дејности**<br>Оваа поткласа вклучува:<br>- обезбедување специјализирани телекомуникациски апликации, на пр., сателитско следење, комуникациска телеметрија, операции на радарска станица<br>- работа на сателитски терминални станици и придружни објекти оперативно поврзани со еден или повеќе копнени комуникациски системи и способни да пренесуваат или да примаат телекомуникации кон и од сателитски системи<br>- обезбедување интернетски пристап преку мрежи помеѓу клиентот и давателот на интернетски услуги што не се во сопственост или контролирани од давателот на интернетски услуги, на пр., интернетски пристап преку фиксен телефон<br>- пренос на текстуални пораки преку интернет (SMS)<br>- обезбедуваење Voice Over Internet Protocol (VOIP), текстуални пораки (SMS), напредни податочни услуги (SMS+, MMS+) и SMS push-услуги, без оперативни капацитети за пренос на податоци.<br>Оваа поткласа исто така вклучува:<br>- обезбедување услуги за известување (на пр., SMS-банкарско предупредување, рекламирање)<br>Оваа поткласа исклучува:<br>- обезбедување интернетски пристап од оператори на телекомуникациска инфраструктура, види 61.10<br>- препродавање телекомуникациски услуги и услуги за посредување во телекомуникации, види 61.20 |

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потекласа | НАЗИВ |
|---|---|
| 62 | **Компјутерско програмирање, консултантски и сродни дејности** |

Овој оддел вклучува:
- активности за обезбедување експертиза во областа на информатичките технологии, дизајнирање на структурата и содржината на, и/или пишување, модифицирање, приспособување, тестирање и поддршка на софтвер и апликации
- планирање и дизајнирање компјутерски системи што интегрираат компјутерски хардвер, софтвер и комуникациски технологии
- управување и работа на самото место со компјутерските системи на клиентите и/или капацитетите за обработка на податоци
- консултантски услуги за компјутерски хардвер, софтвер и системи

Овој оддел исклучува:
- објавување софтвер, види оддел 58
- обезбедување страници за онлајн игри/видеоигри што не се поврзани со нивното објавување, види оддел 60
- обезбедување компјутерска инфраструктура, обработка на податоци и хостинг, види оддел 63
- обезбедување финансиски и осигурителни услуги со користење објавени финансиски и осигурителни софтверски технологии, види сектор L/J
- активности на страници за коцкање, види 92.00
- поправка и одржување компјутери и комуникациска опрема, види 95.10

**62.1 Компјутерско програмирање**

**62.10 Компјутерско програмирање**

**62.100 Компјутерско програмирање**

Оваа поткласа вклучува
- дизајнирање на структурата и содржината на пишувањето, модифицирањето (вклучувајќи ажурирања и корекции), тестирањето и одржувањето софтвер и апликации, вклучувајќи:
  - системски софтвер
  - софтвер и апликации за видеоигри / апликации за игри
  - посреден софтвер за видеоигри
  - деловни и финансиски софтверски апликации
  - апликации за машинско учење
  - апликации за вештачка интелигенција / машински вид
  - апликации за сајбербезбедност
  - апликации за дистрибуирани записи
  - бази на податоци и веб-страници
- приспособување софтвер, т.е. модифицирање и конфигурирање постојна апликација за да биде функционална во околината на информацискиот систем на клиентите

Оваа поткласа исто така вклучува:
- развој на апликации

Оваа поткласа исклучува
- објавување софтвер или услуги за игри по нарачка, клауд софтвер и апликации за игри, види 58.2
- развој на софтвер поврзан со објавување, види 58.2
- преведување или адаптирање неприспособен софтвер за одреден пазар за сопствена сметка, види 58.29
- работа на страници за онлајн игри/видеоигри, види 60.39
- планирање и дизајнирање компјутерски системи што интегрираат компјутерски хардвер, софтвер и комуникациски технологии иако обезбедувањето софтвер може да биде интегрален дел, види 62.20
- активности на обработка на податоци, како што е користењето блокчејн/технологија на дистрибуирани записи (DLT), види 63.10
- работа на страници за коцкање, види 92.00
- поправка и одржување компјутери и комуникациска опрема, види 95.10

**62.2 Компјутерски конултантски дејности и дејности за управување со компјутерска опрема**

**62.20 Компјутерски конултантски дејности и дејности за управување со компјутерска опрема**

**62.200 Компјутерски конултантски дејности и дејности за управување со компјутерска опрема**

Оваа поткласа вклучува:
- консултантски активности за компјутерски хардвер, софтвер и системи, вклучувајќи и консултантски активности за сајбербезбедност
- планирање и дизајнирање на компјутерски системи што интегрираат компјутерски хардвер, софтвер и комуникациски технологии
- обезбедување теренско управување и работа со компјутерските системи на клиентите и/или капацитетите за обработка на податоци, како и поврзани услуги за поддршка
- инсталација на компјутерски системи и обезбедување обука и поддршка на корисниците на овие системи
- активности на ревизија и сертификација на инфраструктури и услуги за компјутерски пресметки и обработка на податоци

Оваа поткласа исто така вклучува:
- мониторинг, тестирање и анализа на мрежата за сајбербезбедност и системот
- давање совети за софтверски барања и набавка на хардверски и софтверски компоненти за компјутерски систем

Оваа поткласа исклучува:
- инсталација на главни компјутери и слични компјутери, види 33.20
- продажба на компјутерска опрема или софтвер на физички медиуми, види 46.50, 47.40
- објавување софтвер, види 58.2
- инсталација (поставување) на персонални компјутери, види 62.90
- инсталација на софтвер, види 62.90
- услуги за враќање во функција по компјутерски катастрофи, види 62.90
- општа обука за сајбербезбедност, види 85.59

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потклаcа | | | | | НАЗИВ |
|---|---|---|---|---|---|
| | | 62.9 | | | **Останати дејности поврзани со информатичка технологија и компјутери** |
| | | | 62.90 | | **Останати дејности поврзани со информатичка технологија и компјутери** |
| | | | | 62.900 | **Останати дејности поврзани со информатичка технологија и компјутери** |

Оваа потклаcа вклучува други активности поврзани со информатичката технологија и компјутерите што не се класифицирани на друго место, на пр.:
- услуги за враќање во функција по компјутерски катастрофи
- инсталација (поставување) на персонални компјутери
- услуги за инсталирање софтвер од трета страна

Оваа потклаcа исклучува:
- инсталација на главни и слични компјутери, види 33.20
- компјутерско програмирање, види 62.10
- компјутерско консултирање, види 62.20
- управување со компјутерска опрема, види 62.20
- обезбедување компјутерска инфраструктура, обработка на податоци и хостинг, види 63.10

**63 Компјутерска инфраструктура, обработка на податоци, серверски услуги и други информациски услужни дејности**

Овој оддел вклучува обезбедување компјутерска инфраструктура, обработка на податоци и активности за хостирање, како и активности на веб-портали за пребарување и други активности што примарно обезбедуваат информации.

Овој оддел исклучува:
- објавување софтвер, види оддел 58
- активности на новински агенции и обезбедување онлајн игри и страници за видеоигри што не се поврзани со објавување, види оддел 60
- телекомуникациски активности, види оддел 61
- компјутерско програмирање, дизајнирање компјутерски системи и активности за управување со компјутерска опрема, види оддел 62
- активности на страници за коцкање, види 92.00
- поправка и одржување компјутери и комуникациска опрема, види 95.10

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потекласа | | | НАЗИВ |
|---|---|---|---|
| 63.1 | | | **Компјутерска инфраструктура, обработка на податоци, серверски услуги и сродни дејности** |
| | 63.10 | | **Компјутерска инфраструктура, обработка на податоци, серверски услуги и сродни дејности** |
| | | 63.100 | **Компјутерска инфраструктура, обработка на податоци, серверски услуги и сродни дејности** |

Оваа потокласа вклучува:
- обезбедување компјутерска инфраструктура, вклучувајќи инфраструктура на облак и обезбедување платформа (IaaS, PaaS)
- компјутерска работа на облак (освен издавање софтвер и дизајн на компјутерски системи), без разлика дали е или не во комбинација со обезбедување инфраструктура
- обезбедување техничка инфраструктура поврзана со стриминг-услуги, услуги за обработка на податоци и сродни активности:
  • комплетна обработка на податоците доставени од клиентите
  • генерирање специјализирани извештаи од податоците доставени од клиентите
  • активности за обработка на податоци со блокчејн/технологија на дистрибуирани записи (DLT)
- специјализирани активности за хостирање, на пр.:
  • веб-хостирање
  • хостирање апликации
- општо делење на времето на капацитетите на главни компјутери за клиентите
- дигитализација на датотеки (за понатамошна обработка на податоци)
- обезбедување услуги за внесување податоци
- активности за колокација на центрите за податоци (т.е. изнајмување сервери и мрежен простор во центрите за податоци, вклучително и рутинско следење на серверите)
- складирање дигитални податоци
- издавање криптосредства без соодветна обврска (не од монетарен орган)

Оваа потокласа исклучува:
- објавување софтвер, види 58.2
- обезбедување апликации за преземање од интернет или стриминг, види 58.2
- услуги на постпродукција за конверзија на видеосодржини во стриминг-формати, види 59.12
- услуги на постпродукција за конверзија на аудиосодржини во стриминг-формати, види 59.20
- услужни активности на дистрибуција на аудиостриминг и преземање од интернет што не се поврзани со објавување, види 60.10
- услужни активности на дистрибуција на видеостриминг и преземање од интернет што не се поврзани со објавување, види 60.20
- дизајнирање компјутерски системи, види 62.20
- електронско складирање архивски материјали за кои има јавен пристап, види 91.12
- поправка и одржување компјутери и комуникациска опрема, види 95.10
- активности во кои давателот на услуги ги користи компјутерите само како алатка, се класифицираат според природата на обезбедените услуги

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Поткласа | НАЗИВ |
|---|---|
| 63.9 | **Дејности на интернетски портали и други информациски услужни дејности** |

Оваа група вклучува:
- работа на веб-страници што користат пребарувач за генерирање и одржување големи бази на податоци на интернетски адреси и содржини во формат што може да се пребарува лесно (веб-портали за пребарување)
- други активности на информациски услуги што не се класифицирани на друго место, на пр.:
  - информациски услуги базирани на телефон
  - услуги за пребарување информации врз основа на договор или надоместок
  - услуги за клипинг на вести, услуги за прес-клипинг

Примарниот извор на приходи од рекламирање нема влијание врз класификацијата на овие активности.

Оваа група исклучува:
- услужни активности на посредување во малопродажбата, види 47.9
- услужни активности на посредување во превозот на патници, види 52.32
- услужни активности на посредување за сместување, види 55.40
- објавување содржини, види оддел 58
- емитување содржини, види оддел 60
- активности на новински здруженија и новински агенции, види 60.31
- активности на контакт-центри, види 82.20

**63.91 Дејности на интернетски портали**

**63.910 Дејности на интернетски портали**

Оваа поткласа вклучува:
- работа на веб-страници што користат пребарувач за генерирање и одржување обемни бази на податоци на интернетски адреси и содржини во формат што лесно може да се пребарува; овие веб-портали за пребарување не се одговорни за содржината
- функционирање на веб-страници за споредба за цени, спецификација на производи и слично, со обезбедување линкови до други веб-страници

Оваа поткласа исклучува:
- активности на посредување во специјализирани градежни услуги, види 43.60
- активности на посредување во малопродажбата, види 47.9
- активности на посредување во превозот, види 52.3
- активности на посредување во поштенските и курирски активности, види 53.30
- активности на посредување во сместувањето, види 55.40
- активности на посредување во активностите за послужување храна и пијалаци, види 56.40
- објавување содржина, види оддел 58
- емитување содржина, види оддел 60
- активности на новински здруженија и новински агенции, види 60.31
- активности на посредување за телекомуникации, види 61.20
- активности на посредување во врска со недвижности, види 68.31
- активности на посредување за изнајмување и лизинг на материјални и нематеријални имоти што не се финансиски, види 77.5
- активности на контакт-центри, види 82.20
- активности на посредување за поддршка на бизнис н.д.м., види 82.40
- активности на посредување во курсеви и наставници, види 85.61
- активности на посредување за медицински, стоматолошки и други услуги за човечкото здравје, види 86.97
- активности на посредување за резиденцијална нега, види 87.91
- активности на посредување за поправка и одржување на компјутери, лични и домашни предмети, моторни возила и мотоцикли, види 95.40
- активности на посредување за лични услуги, види 96.40

**63.92 Други информациски услужни дејности**

**63.920 Други информациски услужни дејности**

Оваа поткласа вклучува:
- други активности на информациски услуги што не се класифицирани на друго место, на пр.:
  - услуги за пребарување информации врз основа на договор или надоместок (на пр., со екстракција на податоци од веб-страници (web scraping))
  - услуги за клипинг на вести, услуги за прес-клипинг
  - составување информации или адресари врз основа на надомест или договор

| Сектор<br>Оддел<br>Група<br>Класа<br>Потккласа | НАЗИВ |
|---|---|
| | Оваа потккласа исклучува:<br>- активности на посредување во специјализирани градежни услуги, види 43.60<br>- активности на посредување за малопродажбата, види 47.9<br>- активности на посредување во превозот, види 52.3<br>- активности на посредување на поштенските и курирските активности, види 53.30<br>- активности на посредување за сместувањето, види 55.40<br>- активности на посредување за послужување храна и пијалаци, види 56.40<br>- објавување содржина, види оддел 58<br>- емитување содржина, види оддел 60<br>- активности на новински здруженија и новински агенции, види 60.31<br>- активности на посредување за телекомуникации, види 61.20<br>- активности на посредување во врска со недвижности, види 68.31<br>- активности на посредување за изнајмување и лизинг на материјални и нематеријални имоти што не се финансиски, види 77.5<br>- активности на контакт-центри, види 82.20<br>- активности на посредување за поддршка на бизнис-активности н.д.м., види 82.40<br>- активности на посредување за курсеви и наставници, види 85.61<br>- активности на посредување во медицински, стоматолошки и други услуги за човечкото здравје, види 86.97<br>- активности на посредување за резиденцијална нега, види 87.91<br>- активности на посредување за поправка и одржување на компјутери, лични и домашни предмети, моторни возила и мотоцикли, види 95.40<br>- активности на посредување за лични услуги, види 96.40 |

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потклаcа | НАЗИВ |
|---|---|
| **L/J** | **ФИНАНСИСКИ И ОСИГУРИТЕЛНИ ДЕЈНОСТИ** |

Овој сектор ги вклучува финансиските услужни активности, осигурителните активности и финансиските помошни активности, без оглед на технологиите што се користат за спроведување на овие активности или услуги за поддршка. Во овој сектор се класифицирани три главни типа  активности: собирање, добивање и обезбедување средства (оддел 64); здружување ризик со преземање осигурување и ануитети (оддел 65); и обезбедување специјализирани услуги што ги олеснуваат или ги поддржуваат финансиските или осигурителните активности (оддел 66).

Овој сектор ги вклучува и дејностите на чување средства, на пр., дејности на холдинг-друштва и средства за финансирање и дејности на трустови, фондови и слични финансиски субјекти (оддел 64), како и дејностите на реосигурување и пензиски фондови (оддел 65).

Овој сектор ги исклучува дејностите за поддршка на финансиските услуги кои не се од финансиска природа (на пр., ИТ-услуги за поддршка на банкарски дејности).

**64** **Финансиско-услужни дејности, освен осигурување и пензиски фондови**

Овој оддел ги вклучува дејностите на обезбедување и прераспределба на финансиски средства, освен за осигурување, пензиски фондови и задолжително социјално осигурување.

Овој оддел вклучува и активности на чување финансиски средства, на пр., дејности на холдинг-друштва и канали за финансирање и дејности на трустови, фондови и слични финансиски субјекти, кои не се дејности според принципот на НКД во опфатот на економското производство. Единиците класифицирани во групите 64.2 и 64.3 обично немаат никаков приход од продажба на производи ниту вработуваат персонал (види параграфи xx-xx од Воведните упатства) и се интегрирани во НКД за да се олесни класификацијата на единиците во статистичките деловни регистри.

Овој оддел ги исклучува дејностите на промотивните институции за економски развој преку долгорочни инвестиции на локално, регионално и национално ниво, под услов тие да дејствуваат како рака на владата за извршување на мандатот на јавната политика, види 84.13.

**64.1** **Монетарно посредување**

Оваа група вклучува обезбедување финансиски средства во вид на преносливи (трансферабилни) депозити, т.е. средства што се непроменливи во парична смисла и кои се обезбедуваат врз дневна основа и дистрибуција на овие средства.

**64.11** **Дејност на централната банка**

**64.110** **Дејност на централната банка**

Оваа потклаcа вклучува:
- издавање и управување со банкноти и дигитални валути
- издавање и управување со националната валута
- водење на монетарната политика, вклучувајќи и мониторинг и контрола на паричната маса
- промовирање на финансиската стабилност
- земање депозити што се наменети за порамнување на сметките помеѓу финансиските институции
- супервизија на банкарски или небанкарски монетарни операции, освен ако не ги врши некој друг субјект
- управување со меѓународните резерви на државата
- вршење банкарски работи за државата

Оваа потокласа исто така, вклучува:
- активности на централните банки, валутните одбори и централните монетарни агенции

Оваа потокласа исклучува:
- работење и надзор на финансиските пазари, освен од централните банки и јавните власти, види 66.11
- финансиски супервизорски дејности за осигурување и пензиско финансирање (не од централната банка), види 66.29
- финансиска регулатива што се однесува на водењето на бизнисот и заштитата на потрошувачите и други пошироки финансиски регулаторни дејности, види 84.13
- дејности на меѓународни организации, на пр., Светската банка, види 99.00

**64.19 Друго монетарно посредување**

**64.190 Друго монетарно посредување**

Оваа потокласа вклучува примање депозити и/или супституту за депозити и одобрување кредити или други форми на заеми. Кредитирањето може да има различни форми, на пр., заеми, хипотеки, потрошувачки кредитни картички итн. Овие активности, генерално, ги вршат монетарни институции различни од централните банки, на пр.:
- банки
- штедилници
- кредитни задруги и друштва

Оваа потокласа исто така вклучува:
- активности на поштенски банки (на пр., за жиро (тековни) и штедни сметки)
- одобрување кредити од специјализирани институции за примање депозити, на пр., за купување куќи, земјоделство
- активности за налози за пари

-Оваа потокласа исклучува:
- одобрување кредити од специјализирани недепозитни институции, на пр., за купување куќи, види 64.92
- активности за обработка и порамнување трансакции со кредитна картичка, види 66.19

**64.2 Дејности на холдинг-друштва и канали за финансирање**

Оваа група ги вклучува дејностите на холдинг-друштвата и каналите за финансирање. Тоа се затворени финансиски субјекти на корпоративните групи, т.е. единици создадени од финансиска или нефинансиска групација за исполнување специфични финансиски дејности и чија главна дејност е поседување на групацијата или дејствување како средство за уредување и канализирање средства во рамките на групата, соодветно.

Оваа група исклучува:
- затворени компании за факторинг и фактурирање, види 64.92
- инвестициски активности за сопствена сметка, на пр., од компании за ризичен капитал, фирми со приватен капитал, види 64.99
- активно управување со компании и претпријатија, стратегиско планирање и решавање на компанијата, види 70.10
- други активности на затворени финансиски субјекти на корпоративните групи што се вклучени во соодветните класи на активност

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потклаcа | | НАЗИВ |
|---|---|---|
| 64.21 | | **Дејности на холдинг-друштва** |
| | 64.210 | **Дејности на холдинг-друштва** |

Оваа потклаcа ги вклучува активностите на холдинг-друштвата, т.е. единиците што ги поседуваат средствата (го имаат контролниот пакет на сопственичкиот капитал) на една или повеќе подружници и чија единствена цел е поседување подружници. Холдинг друштвата од оваа потклаcа не обезбедуваат друга услуга на претпријатијата во кои се чува капиталот, односно не раководат или управуваат со други единици.

Оваа потклаcа исклучува:
- активности на акционерски друштва што не поседуваат контролни нивоа на капитал, види 64.32
- работење на финансиски пазари за сопствена сметка, види 64.99
- активности на управување со средства врз основа на надомест или договор, види 66.30
- обезбедување менаџерски услуги, на пр. стратегиско планирање, решавање и административни услуги на седиштето, види 70.10
- активно управување со компании и претпријатија, стратегиско планирање и решавање на компанијата, види 70.10

| | | |
|---|---|---|
| 64.22 | | **Дејности на канали за финансирање** |
| | 64.220 | **Дејности на канали за финансирање** |

Оваа потклаcа ги вклучува активностите на каналите за финансирање, т.е. единици создадени од финансиска или нефинансиска групација за собирање или позајмување средства (често на отворен пазар) и за префрлање на тие средства на нивниот матичен или друг субјект во групата.
Оваа потклаcа исто така вклучува:
- активности на затворени финансиски институции вклучени во интрагрупно кредитирање
- субјекти со посебна намена (brass plate companies) што се занимаваат со прибирање средства и ги испраќаат тие средства до нивната матична компанија, т.е. единици што се во сопственост (директно или индиректно) на нерезидентна единица, чиј биланс на состојба во голем дел се состои од побарувања и обврски кон нерезиденти единици и кои имаат мал број или воопшто немаат вработени и мало или никакво физичко присуство во територијата на основањето
Оваа потклаcа исклучува:
- услуги за управување со јавни средства и јавен долг, види 84.11

| | |
|---|---|
| 64.3 | **Дејности на трустови, други фондови и слични финансиски субјекти** |

Оваа група вклучува правни лица организирани за здружување хартии од вредност или други финансиски средства, без да раководат или управуваат со нив, во име на акционери или корисници. Портфолијата се приспособени за да се постигнат специфични инвестициски карактеристики, на пр., диверзификација, ризик, стапка на принос, нестабилност на цените. Овие субјекти остваруваат камати, дивиденди и други приходи од имот, но имаат мал број или воопшто немаат вработени и немаат приходи од продажба на услуги.

Оваа група исклучува:
- активности на субјекти што остваруваат приходи од продажба на стоки или услуги. Затоа, овој тип субјекти се класифицирани според нивната главна дејност во други делови на НКД (како во оддел 66 за управување со фондови, оддел 68 за изнајмување и управување со недвижен имот или во оддел 77 за изнајмување и давање под закуп на бродови или авиони)
- извршување трансакции на секјуритизација со издавање финансиски инструменти, види 64.92
- трансакции на секјуритизација на средства, освен заеми со издавање финансиски инструменти, види 64.99
- трустови, имотни сметки и сметки за застапување што заработуваат приход од продажба на стоки или услуги, види потклаcа од НКД според нивната главна дејност

**64.31 Дејности на парични и непарични инвестициски фондови**

**64.310 Дејности на парични и непарични инвестициски фондови**

Оваа потклаcа ги вклучува активностите на паричните и непаричните инвестициски фондови, т.е. колективните инвестициски шеми што прибираат средства преку издавање акции или удели на јавноста, од кои приходите се инвестираат првенствено во финансиски средства (вклучувајќи краткорочни средства).

Оваа потклаcа вклучува:
- отворени инвестициски фондови
- затворени инвестициски фондови
- единични и инвестициски трустови

Оваа потклаcа исклучува:
- активности на холдинг-друштва, види 64.21
- активности на немнозински акционерски друштва што не поседуваат контролни нивоа на капитал, види 64.32
- трустови, имотни сметки и сметки за застапување што не дејствуваат како колективни инвестициски шеми, види 64.32
- активности на компаниите за ризичен капитал, види 64.99
- пензиско финансирање, види 65.30
- управување со средства, види 66.30

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потекласа | | НАЗИВ |
|---|---|---|
| 64.32 | | **Дејности на трустови, имотни сметки и сметки за застапување** |
| | 64.320 | **Дејности на трустови, имотни сметки и сметки за застапување** |

Оваа поткласа вклучува правни лица што не дејствуваат како колективни инвестициски шеми, организирани за здружување хартии од вредност, имот и други финансиски средства, без управување, во име на акционери или корисници. Портфолијата се приспособени за да се постигнат специфични инвестициски карактеристики, на пр., диверзификација, ризик, стапка на принос, нестабилност на цените. Овие субјекти заработуваат камати, дивиденди и други приходи од имот, но имаат мал број или воопшто немаат вработени и немаат приходи од продажба на услуги.

Оваа поткласа вклучува:
- трустови, имотни сметки и сметки за застапување, управувани во име на повеќе корисници според условите на договор за труст, тестамент или договор за сметка за застапување

Оваа поткласа исто така вклучува:
- активности на акционерски друштва што не поседуваат контролни нивоа на капитал
- компании за ризичен капитал каде што единственото финансирање е со акции и не се добива провизија

Оваа поткласа исклучува:
- собирање средства со издавање акции или удели и дејствување како колективни инвестициски шеми, види 64.31

**64.9 Други финансиско-услужни дејности, освен осигурување и пензиски фондови**

Оваа група ги вклучува финансиските услужни дејности, освен активностите за осигурување и пензиско финансирање, различни од оние што ги спроведуваат монетарните институции, холдинг-компаниите и каналите за финансирање, како и трустовите, фондовите и слични субјекти.

Оваа група исклучува:
- дејности за осигурување и пензиско финансирање, види оддел 65

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Поткласа | | НАЗИВ |
|---|---|---|
| 64.91 | | **Финансиски лизинг** |
| | 64.910 | **Финансиски лизинг** |

Оваа поткласа ги вклучува активностите на финансискиот лизинг, договор според кој закуподавачот како правен сопственик на средството ги пренесува ризиците и придобивките од сопственоста на средството на закупецот. Според финансискиот лизинг, се смета дека закуподавачот му дал заем на закупецот со кој закупецот ги стекнува сите економски придобивки и ризици од наемот. Потоа, изнајменото средство се прикажува во билансот на состојба на закупецот, а не на закуподавачот; соодветниот заем се прикажува како средство на закуподавачот и обврска на закупецот.

Оваа поткласа исто така вклучува:
- финансиски лизинг на трајни добра, на пр., возила

Оваа поткласа исклучува:
- оперативен лизинг, според видот на изнајмената стока, види оддел 77

| | | |
|---|---|---|
| 64.92 | | **Друго кредитно посредување** |
| | 64.920 | **Друго кредитно посредување** |

Оваа поткласа вклучува:
- финансиски услужни дејности што првенствено се однесуваат на посредување преку преземање обврски, во форми различни од валута, депозити или супститути за депозити, при што кредитирањето може да има различни форми, на пр., заеми, хипотеки, кредитни картички, давајќи ги следните видови услуги:
  • доделување потрошувачки кредит од недепозитни институции
  • финансирање на меѓународната трговија
  • обезбедување долгорочни финансии за индустријата
  • обезбедување банкарски услуги без банкарска лиценција, во соработка со лиценцирана банка
  • позајмување пари надвор од банкарскиот систем
  • одобрување кредити од специјализирани недепозитни институции, на пр., за купување куќи
  • секјуритизација на кредит
  • факторинг и активности за финансирање на синџирот на снабдување
  • активности на заложни куќи

Оваа поткласа исклучува:
- одобрување кредити од специјализирани институции за примање депозити, види 64.19
- финансиски лизинг, види 64.91
- секјуритизација на средства, освен заеми, види 64.99
- оперативен лизинг според видот на изнајмената стока, види оддел 77
- активности за давање грантови од членски организации, види 94.99

| Сектор / Оддел / Група / Класа | Потkласа | НАЗИВ |
|---|---|---|
| 64.99 | | **Други финансиско-услужни дејности, освен осигурување и пензиски фондови, н.д.м.** |
| | 64.990 | **Други финансиско-услужни дејности, освен осигурување и пензиски фондови, н.д.м.** |

Оваа поткласа вклучува:

- други финансиски услужни активности што првенствено се однесуваат на дистрибуција на средства, освен со давање заеми:
  - свопови, опции и други аранжмани за хеџинг (заштита од ризик)
  - активности на компаниите за порамнување
- инвестициски и трговски активности за сопствена сметка, на пр., компании за ризичен капитал, инвестициски клубови
- дејство како друга договорна страна за клиринг и порамнување трансакции

Оваа поткласа исто така вклучува:

- работење на финансиски пазари за сопствена сметка
- тргување со побарувања за сопствена сметка
- трговци со хартии од вредност и деривати (кои работат за сопствена сметка)
- активности на финансиски посредници, освен секјуритизација
- трансакции на секјуритизација на средства, освен заеми, со издавање финансиски инструменти
- тргување со свопови или опции за сопствена сметка
- тргување со стоковни договори за сопствена сметка
- издавање криптосредства со соодветна обврска (не од монетарен орган)
- тргување со криптосредства со соодветна обврска за сопствена сметка
- размена на валута за сопствена сметка

Оваа поткласа исклучува:

- издавање криптосредства без соодветна обврска (не од монетарен орган), види 63.10
- финансиски лизинг, види 64.91
- секјуритизација на кредити, види 64.92
- тргување со договори за хартии од вредност и стоки во име на други (посредување), види 66.12
- размена на валута врз основа на провизија, на пр., менувачници, види 66.12
- посредување со криптосредства, со обврски кои се квалификуваат како хартии од вредност, види 66.12
- посредување за хипотеки, види 66.19
- управување со инвестициски фондови, види 66.30
- трговија, давање под закуп и изнајмување недвижен имот, види оддел 68
- наплата на побарувања без откуп на долгови, види 82.91
- активности за давање грантови од членски организации, види 94.99

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потклаcа | НАЗИВ |
|---|---|
| 65 | **Осигурување, реосигурување и пензиски фондови, освен задолжително социјално осигурување** |
| | Овој оддел вклучува анутитети, полиси за осигурување, на пр., директно животно и неживотно осигурување и осигурителни премии за да се изгради портфолио на финансиски средства што ќе се користат против идните штети. Вклучени се обезбедување директно осигурување, пензиско финансирање и реосигурување.<br>Овој оддел исклучува:<br>- обезбедување услуги поврзани со осигурување врз основа на надоместок или договор, види оддел 66 |
| 65.1 | **Осигурување** |
| | Оваа група вклучува животно осигурување со или без значителен штеден елемент и неживотно осигурување.<br><br>Оваа група вклучува:<br>- животно осигурување и животно реосигурување со или без значителен штеден елемент и друго неживотно осигурување<br>- активности на осигурители за сопствена сметка<br>- здружување и преземање осигурителни ризици<br>Во оваа група спаѓаат и активностите за осигурување на осигурителни компании што осигуруваат ризици на своите матични компании<br>Оваа група исклучува:<br>- продажба на осигурување како брокер, види 66.22 |
| 65.11 | **Осигурување на живот** |
| 65.110 | **Осигурување на живот** |
| | Оваа потклаcа вклучува:<br>- животно осигурување за ограничен временски период<br>- трајно животно осигурување<br>- осигурување ануитети и полиси за животно осигурување, полиси за осигурување приходи од инвалидност, полиси за осигурување од случајна смрт, погреб и траен инвалидитет (со или без значителен штеден елемент)<br>Оваа потклаcа исто така вклучува:<br>- дополнително осигурување покрај животното осигурување, особено осигурување од лична повреда, вклучително и неспособност за работа, осигурување од смрт како резултат на несреќа и осигурување од инвалидитет како резултат на несреќа или болест<br>- видови на трајно здравствено осигурување што не подлежат на откажување |

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Поткласа | НАЗИВ |
|---|---|
| 65.12 | **Неживотно осигурување** |
| 65.120 | **Неживотно осигурување** |

Оваа потkласа вклучува:
- обезбедување осигурителни услуги, освен осигурување на животот:
  • осигурување од незгода
  • медицинско и здравствено осигурување
  • патничко осигурување
  • осигурување на имотот од пожар и природни непогоди
  • други штети на осигурувањето на имотот
  • осигурување моторни возила, железнички возен парк, бродови, авиони и друго транспортно осигурување
- товарно осигурување
  • осигурување на финансиска загуба и одговорност
- осигурување кредити
- осигурување правни трошоци
- осигурување за заштита на приходите
- работничко осигурување

Оваа потkласа исклучува:
- шеми за задолжително социјално осигурување, види 84.30

| | |
|---|---|
| 65.2 | **Реосигурување** |
| 65.20 | **Реосигурување** |
| 65.200 | **Реосигурување** |

Оваа потkласа вклучува:
- активности за преземање на целиот или на дел од ризикот поврзан со постојни полиси за осигурување првично издадени од други осигурители

Оваа потkласа исто така вклучува:
- дејности на ограничено реосигурување

| | |
|---|---|
| 65.3 | **Пензиски фондови** |
| 65.30 | **Пензиски фондови** |
| 65.300 | **Пензиски фондови** |

Оваа потkласа вклучува обезбедување бенефиции од приход од пензионирање исклучиво за вработените или членовите на спонзорот, како и други осигурителни производи регулирани како фондови поврзани со работодавачот. Ова ги вклучува пензиските планови со дефинирани бенефиции, како и дефинираните придонеси.

Оваа потkласа вклучува:
- обезбедување планови за бенефиции за вработените
- обезбедување пензиски фондови и планови
- обезбедување пензиски планови

Оваа потkласа исклучува:
- управување со пензиски фондови, види 66.30
- шеми за задолжително социјално осигурување, види 84.30

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потkласа | НАЗИВ |
|---|---|
| 66 | **Помошни дејности кај финансиските услуги и дејностите во осигурувањето** |
| | Овој оддел вклучува обезбедување услуги што се вклучени или поддржуваат финансиски трансакции со финансиски средства и обврски, без преземање сопственост на финансиските средства и обврски што се предмет на трансакцијата.<br><br>Овие услуги може да се обезбедат на различни начини, вклучително и преку интернет. |
| 66.1 | **Помошни дејности кај финансиските услуги, освен осигурување и пензиски фондови** |
| | Оваа група вклучува опремување физички или електронски пазари со цел да се олесни купувањето и продавањето  акции, опции за акции, обврзници или договори за стоки и тргување со криптосредства со обврски. Исто така, вклучува и други разни услуги, вклучително и давање финансиски советодавни услуги, управување со средства или обезбедување капитал и групно финансирање врз основа на долг. |
| 66.11 | **Управување со финансиски пазари** |
| 66.110 | **Управување со финансиски пазари** |
| | Оваа поткласа ги вклучува работењето и надзорот на финансиските пазари, освен од централните банки и јавните власти, на пр.:<br>- берзи на стоковни договори<br>- берзи на фјучерси за договори<br>- берзи на хартии од вредност<br>- берзи<br>- берзи со опции на акции или стоки<br>- берзи на криптосредства<br>- управување со финансиски пазари, освен осигурување и пензиско финансирање<br>- финансиски надзорни органи на финансиските услужни дејности, освен осигурување и пензиско финансирање (не од централната банка)<br>Оваа поткласа исклучува:<br>- енергетски берзи за електрична енергија, преносни или дистрибутивни капацитети, види оддел 35<br>- управување со финансиските пазари за осигурување и пензиско финансирање, види 66.29<br>- финансиски надзорен орган за осигурување и пензиско финансирање (не од централната банка), види 66.29<br>- финансиска и пазарна регулација што се однесува на водењето бизнис и заштитата на потрошувачите и други пошироки финансиски регулаторни активности, види 84.13 |

| Сектор / Оддел / Група / Класа | Потокласа | НАЗИВ |
|---|---|---|
| 66.12 | | **Дејности на посредување во работењето со хартии од вредност и стоковни договори** |
| | 66.120 | **Дејности на посредување во работењето со хартии од вредност и стоковни договори** |

Оваа потокласа вклучува:
- тргување на финансиските пазари во име на други (на пр.: посредување со акции) и сродни активности
- посредување со хартии од вредност
- посредување со акции на инвестициски фондови
- посредување со стандардизирани стоковни договори
- тргување со валути во име на други
- посредување со криптосредства со обврски кои се квалификуваат како хартии од вредност
- размена на валута врз основа на провизија, на пр.: менувачници
- групно финансирање базирано на капитал
- групно финансирање базирано на долгови што нуди заеми и хартии од вредност

Оваа потокласа исто така вклучува:
- посредување со хартии од вредност за инвестициски проекти, на пр., ветерни или соларни паркови

Оваа потокласа исклучува:
- работење на финансиските пазари за сопствена сметка, види оддел 64
- размена на валута за сопствена сметка, види 64.99
- управување со портфолио, врз основа на надомест или договор, види 66.30
- купување и продавање проекти за недвижнини, на пр., ветерни или соларни паркови, види оддел 68
- собирање средства засновано на донации, види 82.99
- тргување и посредување со криптосредства без обврски, види 82,99

| Сектор / Оддел / Група / Класа | Потокласа | НАЗИВ |
|---|---|---|
| 66.19 | | **Останати помошни дејности кај финансиските услуги, освен осигурување и пензиски фондови** |
| | 66.190 | **Останати помошни дејности кај финансиските услуги, освен осигурување и пензиски фондови** |

Оваа потокласа вклучува помошни финансиски услужни активности што не се класифицирани на друго место, на пр.:
- активности за обработка и порамнување финансиски трансакции, вклучително и дигитално (интернетско) плаќање и активности за порамнување трансакции со кредитна картичка
- инвестициски советодавни услуги, вклучително и робосоветодавни услуги
- дејности на советници за хипотеки и заеми и посредување
- активности на даватели на паричници за дигитални валути
- активности на финансиски советници во врска со услугите за спојување и преземање
- валидација и рударство за криптосредства што се сметаат за финансиски средства
- чување хартии од вредност
- токенизација на дигитални средства, вклучително токенизирани хартии од вредност (STO), иницијални понуди на монети (ICO)

Оваа потkласа исто така вклучува:
- активности на канцеларии за поврат на даноци
- посредување за потрошувачки кредити
- активности на давателите на услуги за плаќање, на пр.: услуги за електронски трансфер на средства, вклучително и услуги за плаќање peer-to-peer
- анализирање на финансиските пазари како советодавна услуга

Оваа потkласа исклучува:
- објавување анализи на финансиските пазари, види 58.19
- услуги за пребарување информации во врска со финансиските пазари, види 63.92
- размена на криптосредства, види 66.11
- брокерски активности, види 66.12
- активности на осигурителните агенти и брокери, види 66.22
- управување со средства, види 66.30
- активности на агенции за наплата на долгови и сервисери за нефункционални кредити, види 82.91
- посредување со криптосредства без обврски, види 82.99

**66.2 Помошни дејности во осигурувањето и пензиските фондови**

Оваа група вклучува дејности на застапници (т.е. брокери) во продажба на ануитети и полиси за осигурување или обезбедување други бенефиции за вработените и услуги поврзани со осигурување и пензиско осигурување, на пр., усогласување на побарувањата, надворешно управување.

Оваа група исклучува:
- здружување и преземање осигурителни ризици, види оддел 65

**66.21 Процена на ризици и штети**

**66.210 Процена на ризици и штети**

Оваа потkласа вклучува обезбедување административни услуги за осигурување, на пр.,:
- процена на штети од осигурување
  - приспособување на побарувањата
  - процена на ризик
  - процена на ризик и штета
  - процена на штети
- намирување штети од осигурување

Оваа потkласа исклучува:
- процена на недвижен имот, види 68.31
- процена за други цели, види 74.99
- истражни активности, види 80.01

**66.22 Дејности на застапници во осигурување и осигурителни посредници**

**66.220 Дејности на застапници во осигурување и осигурителни посредници**

Оваа потkласа вклучува:
- активности на осигурителни агенти и брокери (осигурителни посредници) во продажба, договарање или барање ануитети и полиси за осигурување и реосигурување.

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потклаcа | НАЗИВ |
|---|---|
| 66.29 | **Помошни дејности во осигурувањето и пензиските фондови, н.д.м.** |
| 66.290 | **Помошни дејности во осигурувањето и пензиските фондови, н.д.м.** |

Оваа потклаcа вклучува:
- активности вклучени или тесно поврзани со осигурување и пензиско финансирање, освен финансиско посредување, приспособување на побарувањата и активности на агентите за осигурување:
  • управување со спасување
  • актуарски услуги
  • советодавни активности за пензија и осигурување
  • управување со финансиски пазари за осигурително и пензиско финансирање

Оваа потклаcа исто така вклучува:
- финансиски супервизорски активности за осигурување и пензиско финансирање (не од централната банка)

Оваа потклаcа исклучува:
- поморски спасувачки активности, види 52.22
- објавување софтвер/апликации за осигурување, види 58.29

| | |
|---|---|
| 66.3 | **Дејности на управување со фондови** |
| 66.30 | **Дејности на управување со фондови** |
| 66.300 | **Дејности на управување со фондови** |

Оваа потклаcа вклучува активности за управување со портфолија и фондови, на пр., донесување одлуки кои инвестиции да се купат или да се продадат, врз основа на надомест или договор, за поединци, бизниси и други, на пр.:
- управување со заеднички фондови
- управување со други инвестициски фондови
- управување со пензиски фондови

Оваа потклаcа исто така вклучува:
- активности на управување со средства, врз основа на надомест или договор
- поверенички, доверителски и старателски услуги врз основа на надомест или договор

Оваа потклаcа исклучува:
- работење на финансиски пазари за сопствена сметка, види 64.99
- управување со недвижен имот, види оддел 68
- управување со јавни средства и услуги за јавен долг, види 84.11

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потккласа | НАЗИВ |
|---|---|

М/К **ДЕЈНОСТИ ПОВРЗАНИ СО НЕДВИЖЕН ИМОТ**

Овој сектор вклучува дејности на поседување, изнајмување, купување, продавање, развивање или обновување имот. Вклучува различни видови инвеститори во недвижности, на пр., инвестициски компании за недвижности, инвестициски фондови за недвижности (REITs), фирми за управување со недвижности, фондови за недвижности, компании за развој на недвижности или трговци со недвижности, станбени задруги.

Понатаму, вклучува агенти и/или брокери во една или повеќе од следниве активности: продажба или купување недвижен имот, изнајмување недвижен имот, обезбедување други услуги за недвижности, на пр., проценување недвижен имот или дејствување како заложни агенти. Активностите во овој сектор може да се вршат на сопствен или на изнајмен имот и може да се вршат врз основа на надомест или договор.
Овој сектор вклучува и развој на градежни проекти за сопствени објекти или нискоградба за подоцнежна продажба или изнајмување.
Овој сектор исклучува:
- општи градежни и специјализирани градежни активности за згради и нискоградба, види сектор F/Ѓ

68 **Дејности поврзани со недвижен имот**

68.1 **Купување и продажба на сопствен недвижен имот и изработка на градежни проекти**

Оваа група вклучува активности за купување, развој и продажба на сопствен недвижен имот.
Оваа група исклучува:
- општи градежни и специјализирани градежни активности за згради и нискоградба, види сектор F/Ѓ
- архитектонски и инженерски активности и поврзани технички консултантски услуги, види 71.1
- обезбедување услуги за управување со архитектонски или инженерски проекти за градежни проекти, види 71.1

68.11 **Купување и продажба на сопствен недвижен имот**

68.110 **Купување и продажба на сопствен недвижен имот**

Оваа потккласа вклучува:
- купување и продавање сопствен недвижен имот, на пр.:
  • станбени згради и станови
  • нестанбени згради, вклучувајќи канцелариски згради, индустриски згради, магацини, хотели и други објекти за рекреација, изложбени сали, објекти за самостојно складирање, продавници за малопродажба и трговски центри
  • центри за податоци
  • земјиште
Оваа потккласа исто така вклучува:
- поделба на недвижен имот на парцели, без подобрување на земјиштето
Оваа потккласа исклучува:
- поделба и подобрување сопствено земјиште за подоцнежна продажба, види 68.12
- развој на градежни проекти за продажба, види 68.12

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потклаcа | НАЗИВ |
|---|---|
| 68.12 | **Изработка на градежни проекти** |
| 68.120 | **Изработка на градежни проекти** |

Оваа потклаcа вклучува:
- изработка на градежни проекти за самостојни станбени и нестанбени згради или нискоградба со здружување финансиски, технички и физички средства за реализација на градежните проекти за подоцнежна продажба
- поделба и подобрување сопствено земјиште за подоцнежна продажба

Оваа потклаcа исто така вклучува:
- реизработка на градежни проекти за сопствени станбени и нестанбени објекти или нискоградба за реализација на градежни проекти за подоцнежна продажба

Оваа потклаcа исклучува:
- изградба на станбени и нестанбени згради, види оддел 41
- целосно ремоделирање или реновирање постојни станбени или нестанбени згради што вклучуваат неколку специјализирани градежни активности, види оддел 41
- активности за бојадисување и застаклување како дел од одржувањето, види 43.34
- градежни активности поврзани со подобрување на земјиштето, види сектор F/Ѓ
- изработка на градежни проекти за сопствено работење, односно за издавање на просторот во овие објекти, види 68.20
- архитектонски и инженерски активности, види 71.1
- обезбедување услуги за управување со архитектонски или инженерски проекти за градежни проекти, види 71.1

| | |
|---|---|
| 68.2 | **Изнајмување и управување со сопствен недвижен имот или недвижен имот под закуп (лизинг)** |
| 68.20 | **Изнајмување и управување со сопствен недвижен имот или недвижен имот под закуп (лизинг)** |
| 68.200 | **Изнајмување и управување со сопствен недвижен имот или недвижен имот под закуп (лизинг)** |

Оваа потклаcа вклучува:
- изнајмување и управување со сопствен недвижен имот или под закуп:
  • станбени згради и станови
  • нестанбени згради, вклучувајќи канцелариски згради, индустриски згради, магацини, хотели и други објекти за рекреација, изложбени сали, објекти за самостојно складирање, продавници и трговски центри за малопродажба
  • центри за податоци
  • земјиште, вклучувајќи земјоделско и шумско земјиште
- обезбедување домови и опремени или неопремени станови за постојана употреба, на годишно ниво или подолго
- управување со локации за мобилни станбени домови како главни живеалишта
- изработка на градежни проекти за сопствено работење, односно за издавање простор во овие објекти

Оваа потклаcа исто така вклучува:
- издавање покриви, на пр., за инсталации за соларна енергија
- изнајмување индустриски погони и фабрики, вклучувајќи машини и опрема
- обезбедување простор исклучиво за сместување животни

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потклаcа | НАЗИВ |
|---|---|
| | Оваа потклаcа исклучува:<br>- работа на хотели, хотели со апартмани, викендички, соби за издавање, кампови, паркови за приколки и други нестанбени или сместувачки капацитети за краток престој (вклучувајќи сместување за студенти), за сместување помалку од една година, види оддел 55<br>- изработка на градежни проекти за станбени и нестанбени згради, за подоцнежна продажба, види 68.12<br>- изнајмување машини, види 77.3<br>- активности за резиденцијална нега за постари лица или лица со телесен инвалидитет, вклучувајќи надзор и помош во секојдневниот живот, види 87.30 |
| **68.3** | **Дејности поврзани со недвижен имот врз основа на надомест или договор** |
| **68.31** | **Дејности за посредување во дејноста со недвижен имот** |
| **68.310** | **Дејности за посредување во дејноста со недвижен имот** |
| | Оваа потклаcа вклучува посредување при купување, продавање и изнајмување недвижен имот со здружување на клиентите и продавачите или давателите на услуги за надоместок или провизија. Овие активности за посредување може да се вршат на дигитални платформи или преку недигитални канали (вклучувајќи лице в лице, од врата на врата, телефон, пошта итн.). Надоместокот или провизијата може да се добијат или од клиентот или од продавачот на недвижноста или од давателот на услугата за недвижности. Приходите од активностите на посредување може да вклучуваат и други извори на приход, на пр., приходи од продажба на рекламен простор на трети лица.<br><br>Оваа потклаcа вклучува обезбедување активности за недвижности од страна на агенции за недвижности или независни агенти за недвижности:<br>- посредување при купување, продавање и изнајмување недвижен имот врз основа на надоместок или договор.<br>Оваа потклаcа исто така вклучува:<br>- услуга за огласување недвижен имот<br>Оваа потклаcа исклучува:<br>- активности на заложни агенти, види 68.32<br>- правни активности, види 69.10 |
| **68.32** | **Останати дејности поврзани со недвижен имот врз основа на надомест или договор** |
| **68.320** | **Останати дејности поврзани со недвижен имот врз основа на надомест или договор** |
| | Оваа потклаcа вклучува:<br>- активности на агенции за наплата на кирии<br>- управување со недвижен имот, на пр., управување со недвижен имот или станови во заедничка сопственост (најчесто врз основа на надоместок или договор)<br>- активности за вреднување недвижен имот<br>- активности на заложни агенти<br>- советодавни активности врз основа на надоместок или договор, во врска со купување, продавање и изнајмување недвижен имот |

Оваа поткласа исклучува:
- правни активности, види 69.10
- активности за управување со средства како дел од консалтинг за финансиски менаџмент, види 70.20
- комбинирани услуги за поддршка на објекти (обезбедување комбинација на услуги за поддршка, на пр., општо чистење на внатрешноста, одржување и мали поправки, фрлање ѓубре, заштита и обезбедување), види 81.10

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Поткласа | НАЗИВ |
|---|---|
| N/Л | **СТРУЧНИ, НАУЧНИ И ТЕХНИЧКИ ДЕЈНОСТИ** |
| | Овој сектор вклучува специјализирани стручни, научни и технички активности. Овие активности бараат висок степен на обука и им овозможуваат на корисниците специјализирани знаења и вештини. |
| 69 | **Правни и сметководствени дејности** |
| | Овој оддел вклучува правно застапување на интересите на една страна против друга страна, пред судовите или други судски тела, со или под надзор на лица што се членови на адвокатската комора, на пр., совети и застапување во граѓански предмети, совети и застапување во кривични предмети, совети и застапување во врска со работни спорови.<br><br>Активностите од овој оддел може да се вршат и преку интернет.<br>Овој одеел, исто така, вклучува подготовка на правни документи, на пр., основачки договори, договори за партнерство или слични документи во врска со формирање компанија, патенти и авторски права, подготовка на акти, тестаменти, трустови итн., како и други активности на јавни нотари, граѓански нотари, извршители, арбитри, вештаци и судии.<br><br>Вклучува и сметководствени и книговодствени услуги, на пр., ревизија на сметководствената евиденција, изготвување финансиски извештаи и книговодство. |
| 69.1 | **Правни дејности** |
| 69.10 | Правни дејности |
| | Оваа класа има 5 поткласи кои вклучуваат:<br> - правно застапување на интересите на една страна против интересите на друга страна пред судовите или другите правосудни органи со или под супервизија на лица што се членови на адвокатската комора:<br>• правни совети и застапување во граѓански предмети<br>• правни совети и застапување во кривични предмети<br>• правни совети и застапување во спорови што произлегуваат од работните односи<br> - правно советување, подготовка на правни документи:<br>• предмети за основање деловни субјекти, договори за партнерство или слични документи во врска со основање деловни субјекти<br>• индустриска сопственост и авторски и сродни права<br>• подготовка на предмети за подарок, тестаменти, старателства и др.<br> - останати дејности на јавни (државни) нотари и граѓански нотари, судски службеници, арбитри, ревизори и вештаци<br>Оваа класа вклучува и:<br>- правни активности за посредување<br>- активности на назначени законски старатели, без обезбедување сместување<br>Овие класа исклучува:<br>- правни судски активности, види 84.23<br>- социјално посредување, види 88.99 |

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потокласа | НАЗИВ |
|---|---|
| 69.101 | **Адвокатски дејности** |
| 69.102 | **Нотари** |
| 69.103 | **Извршители** |
| 69.104 | **Арбитри и медијатори** |
| 69.2 | **Сметководствени, книговодствени и ревизорски дејности; даночно советување** |
| 69.20 | **Сметководствени, книговодствени и ревизорски дејности; даночно советување** |
| 69.200 | **Сметководствени, книговодствени и ревизорски дејности; даночно советување** |

Оваа потокласа вклучува:
- книжење комерцијални трансакции на претпријатија или други
- книговодствени активности за финансиско сметководство и сметководство на плати и сл.
- подготовка или ревизија на финансиски сметки
- контрола и потврдување на исправноста на сметките
- подготовка на даночни пријави за физички лица или претпријатија
- сметководствени советодавни активности и застапување во име на клиентите пред јавната администрација, на пр., даночните власти и даночните судови
- услужни активности за пресметување давачки и даноци

Оваа потокласа исто така вклучува:
- активности на услуги за фактурирање

Оваа потокласа исклучува:
- објавување сметководствен софтвер, види 58.29
- компјутерско програмирање сметководствен софтвер, види 62.10
- советување за управување со сметководствени системи, процедури за буџетска контрола, види 70.20
- наплата на сметки, види 82.91

| | |
|---|---|
| 70 | **Управувачки дејности и советување во врска со управувањето** |

Овој оддел вклучува давање совети и помош на претпријатијата и другите организации за прашања во врска со управувањето, како што се стратегиски и организациски планирања; финансиски планирања и буџетирање; маркетиншки цели и политики; политики, практики и планирање поврзани со човечките ресурси; планирање на производството; планирање на контролата.

Овде, исто така, се вклучени и надзорот и управувањето над останатите единици во истото претпријатие или во група претпријатија, т.е. дејности на главните – матични единици.

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потткласа | | | НАЗИВ |
|---|---|---|---|
| **70.1** | | | **Управувачки дејности** |
| | **70.10** | | **Управувачки дејности** |
| | | **70.100** | **Управувачки дејности** |

Оваа потткласа вклучува надзор и управување со другите единици во компанијата или претпријатието; донесување стратегиски или организациски планови и решавачка улога на компанијата или претпријатието; извршување оперативна контрола и управување со дневните дејности на единиците со кои се поврзани.

Оваа потткласа вклучува дејности на:
- централизираните административни единици
- корпоративните единици
- локалните и регионалните канцеларии
- помошните управувачки канцеларии

Оваа потткласа исклучува:
- дејности на холдинг-компаниите што не се вклучени во управувањето, види 64.20

| | | | |
|---|---|---|---|
| **70.2** | | | **Советување во врска со работењето и со останатото управување** |
| | **70.20** | | **Дејности на советување во врска со работењето и останато управување** |
| | | **70.200** | **Дејности на советување во врска со работењето и останато управување** |

Оваа потткласа вклучува давање совети, насоки и оперативна помош за претпријатијата и други организации за прашања поврзани со управувањето, на пр., корпоративно стратегиско и организациско планирање, преосмислување на деловните процеси, управување со промени, намалување на трошоците и други финансиски прашања; маркетиншки цели и политики; политики, практики и планирање човечки ресурси; стратегии за компензација и пензионирање; планирање на производството и планирање на контролата.

Овие деловни услуги може да вклучуваат совети, насоки или оперативна помош за претпријатијата и јавната администрација во врска со:
- изработка на сметководствени методи или процедури
- програми за сметководство на трошоците
- процедури за буџетска контрола
- постапки за јавни набавки
- услужни активности за започнување бизнис
- планирање, организација, ефикасност и контрола
- информации за управување итн.

Оваа потткласа исто така вклучува:
- сертификација на раководството, на пр., со ревизии на раководството
- дејност на управување во функција на директор или управител

| Сектор | Оддел | Група | Класа | Потклаcа | НАЗИВ |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Оваа потклаcа исклучува:<br>- дизајн на компјутерски софтвер за сметководствени системи, види 62.10<br>- правно советување и застапување, види 69.10<br>- сметководствени, книговодствени и ревизорски активности, даночно советување, види 69.20<br>- надзорни активности и управување со други единици на претпријатието или со група претпријатија, види 70.10<br>- архитектонски и инженерски советодавни активности, види 71.11, 71.12<br>- давање совети, насоки и оперативна помош за односи со јавноста и комуникација, види 73.30<br>- еколошки, агрономски и слични консултантски активности, види 74.99<br>- консултантски активности за барање и вработување раководен кадар, види 78.10<br>- активности на кастинг-агенти, види 78.10<br>- активности за селекција на персонал, види 78.10<br>- образовни консултантски активности, види 85.69 |
| | **71** | | | | **Архитектонски и инженерски дејности; техничко испитување и анализа** |
| | | | | | Овој оддел вклучува давање архитектонски услуги, инженерски услуги, услуги поврзани со изработка на нацрти (проектирање), градежни инспекциски услуги и истражување и картографски услуги.<br>Исто така, вклучува и извршување физички, хемиски услуги и други аналитички испитувања и обезбедување  услуги за техничка сертифитикација. |
| | | **71.1** | | | **Архитектонски и инженерски дејности и поврзано техничко советување** |
| | | | | | Оваа група вклучува давање архитектонски услуги, инженерски услуги, услуги поврзани со изработка на нацрти (проектирање), градежни инспекциски услуги и истражување и картографски услуги итн. |
| | | | **71.11** | | **Архитектонски дејности** |
| | | | | **71.110** | **Архитектонски дејности** |
| | | | | | Оваа потклаcа вклучува:<br>- архитектонско-консултантски дејности:<br>• изработка на нацрти (проектирање) на згради<br>• урбанистичко и просторно планирање и уредување на животната средина<br>- архитектонски активности за поддршка на конзервација и реставрација на културното наследство<br>- внатрешна архитектура, односно редизајнирање<br>на внатрешната структура и распоред на зграда<br>та<br>Оваа потклаcа исклучува:<br>- реновирање, обновување, реконструкција и доградба на историски и археолошки локалитети и згради, види 43.99<br>- активности на компјутерски консултанти, види 62.20<br>- планирање или надгледување конзервација на историски градби од нискоградба, види 71.12<br>- внатрешно уредување, види 74.13<br>- конзерваторски, реставраторски и други помошни дејности од областа на културното наследство, види 91.30 |

| Сектор Оддел Група Класа Потркласа | НАЗИВ |
|---|---|
| 71.12 | **Инженерски дејности и поврзано техничко советување** |
| 71.120 | **Инженерски дејности и поврзано техничко советување** |

Оваа потркласа вклучува:

- техничко проектирање (примена на законите на физиката и принципите на инженерството во дизајнирањето машини, материјали, инструменти, структури, процеси и системи) и советодавни дејности за:
  - проекти за развој и изработка на постројки, индустриски процеси и индустриска опрема
  - проекти од областа на градежништвото, хидротехниката и сообраќајното инженерство
  - проекти за управување со водата
  - инфраструктура базирана на природата
- проектирање информациски системи за згради, на пр., поврзани со системи за греење, противпожарни апарати
- проектни елаборати и надзор поврзани со електрично и електронско инженерство, рударско инженерство, хемиско инженерство, машинско, индустриско и системско инженерство
- елаборација на проекти што користат климатизација, ладење, санитарна контрола и контрола на загадувањето, водоснабдување, третман на отпадни води, структурно инженерство, поморско инженерство, инженерство за здравје и безбедност, акустично инженерство итн.
- геофизички, геолошки и сеизмички снимања
- геодетско снимање
  - премерување на земјиштето и граници
  - хидролошко снимање
  - подземни геодетски активности
- картографски и просторни информациски активности
- инженерство на животната средина и поврзани консултантски активности
- инженерство на градилишта
- инженерство за намалување на бучавата
- инженерство на решенија за циркуларна економија
- дизајн на компјутерски планови за 3Д-печатење

Оваа потркласа исто така вклучува:

- активности на батиметрија
- активности на фотограметриско премерување, на пр., прибирање податоци со дронови
- подготовка и ревизија на карти
- надзор на градба
- активности за управување со проекти поврзани со инженерството

Оваа поткласа исклучува:
- пробно дупчење поврзано со рударски операции, види 09.10, 09.90
- издавање софтвер, види 58.2
- развој и програмирање софтвер, види 62.10
- активности на компјутерски консултанти, види 62.20
- развој на сопствени градежни проекти за станбени и нестанбени згради, за подоцнежна продажба, види 68.12
- техничко тестирање, види 71.20
- периодично тестирање моторни возила заради безбедност во сообраќајот и техничка исправност, види 71.20
- истражувачки и развојни активности поврзани со инженерството, види 72.10
- активности поврзани со други проектантски услуги, види 74.1
- воздушна фотографија, види 74.20
- активности на градежни проценители, види 74.99

**71.2 Техничко испитување и анализа**

**71.20 Техничко испитување и анализа**

**71.200 Техничко испитување и анализа**

Оваа поткласа вклучува:
- вршење физички, хемиски и други аналитички испитувања на сите видови материјали и производи, на пр.:
 • испитување акустика и вибрации
 • испитување на составот и чистотата на минералите
 • активности за испитување во областа на хигиената на храната, вклучувајќи испитување и контрола во однос на производството на храна, на пр., испитување животни пред колење
 • испитување на физичките карактеристики и перформансите на материјалите, на пр., цврстина, дебелина, издржливост, радиоактивност
 • испитување за издржливост
 • испитување перформанси на комплетни машини: мотори, автомобили, електронска опрема итн.
 • радиографско испитување на варови и споеви
 • анализа на грешки
 • испитување и мерење еколошки индикатори: загадување на воздухот и водата итн.
 • тестирање на квалитетот на горивата
- сертификација на производи, вклучувајќи стоки за широка потрошувачка, моторни возила, авиони, контејнери под притисок, нуклеарни постројки итн.
- периодично тестирање на моторните возила за употреба на патиштата
- тестирање со употреба на модели или макети (на пр. авиони, бродови, брани)
- работа на полициски или лаборатории за вештачење
- активности за проценка на потеклото и квалитетот на производот
Оваа поткласа исто така вклучува:
- испитување воздушни канали, цевки за вода и гас, кои не се поврзани со поправка или инсталација

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потклаcа | НАЗИВ |
|---|---|
| | Оваа потклаcа исклучува:<br>- испитување воздушни канали, цевки за вода и гас, поврзани со поправка или инсталација, види сектор F/Ѓ<br>- земање мостри и мерење како дел од операциите за ракување со стоки, види 52.25<br>- испитување пенетрација на компјутерски системи, етичко хакирање и сајбербезбедност, види оддел 62<br>- консултантски активности од компании или професионалци за да се добие сертификат, види 70.20<br>- секвенционирање ДНК за општо истражување на биолошките процеси, види 72.10<br>- испитување животински примероци, од санитарни причини и неповрзано со производството на храна, види 75.00<br>- дијагностичко снимање, испитување и анализа на медицински и стоматолошки примероци, види оддел 86<br>- секвенционирање ДНК за исклучување или лекување одредена болест, види 86.91 |
| 72 | **Научно истражување и развој** |
| | Овој оддел вклучува три вида дејности на полето на истражувањето и развојот:<br>1) основни истражувања: експериментална или теоретска работа што се презема првенствено заради стекнување ново знаење за основите на појавите и набљудуваните факти без одредена примена или употреба<br>2) применето истражување: оригинални истражувања за да се стекнат нови сознанија, првенствено насочени кон одредена практична цел<br>3) експериментален развој: систематска работа базирана на постојно знаење добиено од истражувања и/или практично искуство, насочена кон производство на нови материјали, производи и уреди, воведување нови процеси, системи и услуги за подобрување на оние што се веќе произведени или воведени.<br><br>Активностите за истражување и експериментален развој во овој оддел не треба да се сметаат како помошни активности. Тие се поделени во следните две категории: природни науки и инженерство; општествени и хуманистички науки.<br>Овој оддел вклучува :<br>- развивање и производство на прототипови со примарна цел да се направат дополнителни подобрувања, без разлика дали се поврзани со неговото производство или не.<br>Овој оддел исклучува: - истражување на пазарот и истражување на јавното мислење, види 73.20 |

| Сектор<br>Оддел<br>Група<br>Класа<br>Потокласа | | | | НАЗИВ |
|---|---|---|---|---|
| | 72.1 | | | **Истражување и експериментален развој во природните, техничките и технолошките науки** |
| | | 72.10 | | **Истражување и експериментален развој во природните, техничките и технолошките науки** |
| | | | 72.100 | **Истражување и експериментален развој во природните, техничките и технолошките науки** |

Оваа потокласа вклучува:
- истражување и експериментален развој на природните науки и инженерството
• истражување и развој на природните науки
• истражување и развој на инженерството и технологијата
• истражување и развој на медицинските, здравствените и ветеринарните науки
• истражување и развој на биотехнологијата
• истражување и развој на земјоделските, шумарските и рибарските науки
• интердисциплинарно истражување и развој, претежно за природните науки и инженерството

Оваа потокласа исто така вклучува:
- секвенционирање ДНК за општо истражување на биолошки процеси

Оваа потокласа исклучува:
- секвенционирање ДНК за исклучување или лекување на одредена болест, види 86.91

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 72.2 | | | **Истражувања и експериментален развој во општествените и хуманстички науки** |
| | | 72.20 | | **Истражувања и експериментален развој во општествените и хуманстички науки** |
| | | | 72.200 | **Истражувања и експериментален развој во општествените и хуманстички науки** |

Оваа потокласа вклучува:
- истражување и развој на општествените науки, на пр., економија и бизнис-администрација; психологија и когнитивни науки; образование; социологија; право политички науки; медиуми и комуникација
- истражување и развој на хуманистичките науки и уметностите (на пр., историја и археологија; литература и јазици; филозофија)
- интердисциплинарно истражување и развој, претежно на општествените и хуманистичките науки

Оваа потокласа исто така вклучува:
- истражување и развој на социоекономските односи

Оваа потокласа исклучува:
- истражување на пазарот и истражување на јавното мислење, види 73.20

| | | |
|---|---|---|
| 73 | | **Дејности за рекламирање, истражување на пазарот и односи со јавноста** |

Овој оддел вклучува создавање рекламни кампањи и објавување на рекламите во периодични списанија, весници, радио, телевизија, преку интернет или други медиуми, како и дизајнирање структури за рекламирање и локации за нивно поставување.

Овие рекламни активности често се обезбедуваат преку рекламни агенции и претставници на медиумите.

Овој оддел вклучува и истражување на пазарот и мислењата, на пр., за ставовите, вредностите и однесувањето на населението и на различни социодемографски и социоекономски групи во однос на економските, социјалните и политичките прашања. Вклучува и односи со јавноста и комуникациски активности.

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потткласа | НАЗИВ |
|---|---|

Овој оддел исклучува:
- активностите со кои се остварува приход од рекламирање се класифицираат според реалната дејност, на пр., издавање рекламни весници
- продажба на рекламно време или простор директно од сопствениците на времето или просторот (издавачи итн.), види ја соодветната потткласа

**73.1** **Рекламирање**

**73.11** **Дејности на рекламни агенции**

**73.110** **Дејности на рекламни агенции**

Оваа потткласа вклучува:
- обезбедување целосен опсег на рекламни услуги (со сопствените капцитети или врз основа на договор), вклучувајќи советување, креативни услуги, производство на рекламен материјал
- планирање и организирање рекламни и маркетиншки кампањи
- објавување огласи во медиумите
- осмислување на рекламни пораки
- управување со текот на рекламните кампањи
- креирање и реализација на рекламни кампањи:
  • креирање и поставување реклами и планирање кампањи за маркетинг на социјалните медиуми во весници, периодични изданија, радио, телевизија, преку интернет и други медиуми
  • креирање и поставување реклами на отворен простор, на пр., билборди, панели, излози, изложбени салони, на автомобили и автобуси
  • рекламирање од воздух
  • дистрибуција или испорака на рекламен материјал или примероци
  • дизајн на штандови и други изложбени структури и локации
- спроведување маркетиншки кампањи и други рекламни услуги
  • промоција на производи
  • мерчандајзинг
  • маркетинг на продажни места
  • рекламирање преку пошта
  • маркетиншки консултации
  • маркетинг преку инфлуенсери

Оваа потkласа исклучува:
- производство на рекламен материјал, види сектор С/В во зависност од видот на материјалот
- производство на штандови за саеми и изложби и изложби на производи, сектор С/В, во зависност од видот на материјалот
- поставување штандови за саеми и изложби, види 43.32
- објавување рекламен материјал, види 58.19
- производство на комерцијални пораки за телевизија и филм, види 59.11
- производство на видеа за комерцијални производи (вклучувајќи производство на видеа за социјални мрежи), види 59.11
- објавување содржини што вклучуваат видео, на пр., од инфлуенсери, блогери и влогери, види 59.11
- производство на комерцијални пораки за радио, види 59.20
- платформи за споделување содржини, вклучувајќи блогови и вики-страници, социјални мрежи и работа на интернетски страници за онлајн игри/видеоигри, независно од објавувањето на игрите, види 60.39
- истражување на пазарот и испитување на јавното мислење, види 73.20
- рекламна фотографија, види 74.20
- поштенски активности, види 82.10
- организатори на конвенции и саеми, види 82.30
- рекламни услуги што се користат за финансирање на претежната дејност на претпријатието што може да се обезбедат бесплатно, види претежна дејност

**73.12 Огласување преку медиуми**

**73.120 Огласување преку медиуми**

Оваа потkласа вклучува:
- медиумско претставување, т.е. продажба или препродажба на време и простор за различни медиумски барања за рекламирање

Оваа потkласа исто така вклучува:
- продажба на рекламен простор со посредници

Оваа потkласа исклучува:
- односи со јавноста и комуникациски активности, види 73.30
- продажба на рекламно време или простор директно од сопствениците на времето или просторот (издавачи итн.), види ја соодветната потkласа

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Поткласа | | | | | НАЗИВ |
|---|---|---|---|---|---|
| | | **73.2** | | | **Истражување на пазарот и испитување на јавното мислење** |
| | | | **73.20** | | **Истражување на пазарот и испитување на јавното мислење** |
| | | | | **73.200** | **Истражување на пазарот и испитување на јавното мислење** |

Оваа потокласа вклучува:
- спроведување истражувања на пазарот за свесноста, евалуацијата и користењето на стоките и услугите, за развојот и цените на производите, за употребата на медиумите и за влијанието на рекламирањето
- спроведување истражувања за мислењето за квалитетот на животот и начинот на живот, за општественото и политичкото учество, за политичките партии и однесувањето на гласачите

Оваа потокласа вклучува и научно спроведување на истражување на пазарот и мислењето со:
- квалитативна и квантитативна методолошка ориентација
- процедури за реактивни и нереактивни анкети
- собирање податоци од истражувањето преку прашалници, набљудување, мерење и броење
- лице в лице, поштенски, телефонски и онлајн интервјуа за прибирање податоци

Оваа потокласа исклучува:
- рекламирање, види 73.1
- односи со јавноста и комуникациски активности, види 73.30
- телефонски анкети за истражување на пазарот и мислењето врз основа на договор или надоместок, види 82.20

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | **73.3** | | | **Дејности за односи со јавноста и комуникации** |
| | | | **73.30** | | **Дејности за односи со јавноста и комуникации** |
| | | | | **73.300** | **Дејности за односи со јавноста и комуникации** |

Оваа потокласа вклучува давање совети, насоки и оперативна помош, вклучително и активности за лобирање, за претпријатија и други организации, за односи со јавноста и комуникација.

Оваа потокласа исто така вклучува:
- активности на застапници за продажба, за цели на промоција

Оваа потокласа исклучува:
- рекламни агенции и услуги за медиумско претставување, види 73.1
- истражување на пазарот и испитување на јавното мислење, види 73.20
- дизајн и консултации во однос на визуелната комуникација, види 74.12

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **74** | | | | **Останати стручни, научни и технички дејности** |

Овој оддел вклучува обезбедување професионални научни и технички услуги (освен правни и сметководствени активности; архитектура и инженерски активности; техничко испитување и анализа; управување и консултантски активности за управување; активности за истражување и развој и рекламирање).

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Поткласа | НАЗИВ |
|---|---|
| 74.1 | **Специјализирани дизајнерски дејности** |
| 74.11 | **Дејности за индустриски и моден дизајн** |
| 74.110 | **Дејности за индустриски и моден дизајн** |

Оваа потkласа вклучува:
- моден дизајн поврзан со текстил, облека, чевли, накит, мебел и друга внатрешна декорација и други модни стоки, како и други лични или предмети за домаќинството
- индустриски дизајн, спроведен и преку специјализиран софтвер, т.е. креирање и развивање дизајни и спецификации што ги оптимизираат употребата, вредноста, пакувањето и изгледот на производите, вклучително и одредување на материјалите, механизмот, обликот, бојата и завршните површини на производот, земајќи ги предвид човечките карактеристики и потреби, безбедноста, пазарната привлечност при дистрибуција, употреба и одржување

Оваа потkласа исклучува:
- инженерски дизајн, т.е. примена на физички закони и принципи на инженерството во дизајнот на машини, материјали, инструменти, структури, процеси и системи, види 71.12
- дизајн на компјутерски планови за 3Д-печатење, види 71.12

| | |
|---|---|
| 74.12 | **Дејности за графички дизајн и визуелни комуникации** |
| 74.120 | **Дејности за графички дизајн и визуелни комуникации** |

Оваа потkласа вклучува:
- активности на графички дизајнери
- графички дизајн на веб-страници
- активности на комуникациски дизајнери
- активности специјализирани за дизајнирање пораки и информации, земајќи ги предвид карактеристиките и потребите на луѓето, корпоративните цели, атрактивноста на пазарот и медиумите за дисеминација
- дизајн и консалтинг во содржината и надворешниот изглед на кампањите и комуникациските содржини, концепција и дизајн на визуелни слики (корпоративен дизајн) и медиуми на корпоративна комуникација, дизајн на бренд и ажурирање на брендот, определување визуелен јазик, форма, боја, типографија на публикации, дидактичка илустрација на сложени и апстрактни контексти

Оваа потkласа исклучува:
- дизајн на компјутерски произведени графики за анимации, види 59.11
- дизајнирање на структурата на веб-страниците со примена на принципите на софтверското инженерство, види 62.10
- веб-дизајн во комбинација со програмирање веб-страници, види 62.10

| | |
|---|---|
| 74.13 | **Дејности за внатрешен дизајн** |
| 74.130 | **Дејности за внатрешен дизајн** |

Оваа потkласа вклучува:
- активности на внатрешни декоратери
- услуги за внатрешен дизајн, на пр., планирање и дизајнирање внатрешни простори за да се задоволат естетските и функционалните потреби на луѓето што се фокусираат главно на завршна обработка, мебел и избор на бои
- изготвување дизајни за внатрешна декорација

Оваа потkласа исклучува
- активности за архитектонско дизајнирање, види 71.11

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потклаcа | НАЗИВ |
|---|---|

**74.14** **Други специјализирани дизајнерски дејности**

**74.140** **Други специјализирани дизајнерски дејности**

Оваа потклаcа исклучува:
- дизајн на компјутерски произведени графики за анимации, види 59.11

**74.2** **Фотографски дејности**

**74.20** **Фотографски дејности**

**74.200** **Фотографски дејности**

Оваа потклаcа вклучува:
- комерцијални и потрошувачки фотографии:
  • портрет-фотографија за пасоши, училишта, свадби итн.
  • фотографија за реклами, издавачи, модни цели, недвижнини или туристички цели
  • воздушна и подводна фотографија
  • видеоснимка на настани: свадби, состаноци итн.
- обработка на филм:
  • развивање, печатење и зголемување од негативи или кинофилмови од клиентот
  • лаборатории за развивање филмови и фотопечатење
  • фотостудија за брзо развивање фотографии (што не се дел од продавници за фотоапарати)
  • монтажа на дијапозитиви
  • копирање и обновување или ретуширање во врска со фотографии
- дејности на фоторепортери
- дејности на уметнички фотографии

Оваа потклаcа исто така вклучува:
- снимање документи на микрофилм
- дигитализирање фотографии, качување видео во облак
- скенирање објекти во 3Д

Оваа потклаcа исклучува:
- активности на печатење фотографии (од мобилни телефони, мемориски картички, USB и други електронски носачи), види 18.12
- обработка на филмски ленти поврзана со филмската и телевизиската индустрија, види 59.12
- картографски и просторни информациски активности, види 71.12
- фотограметриски геодетски активности, види 71.12
- работа на фотомашини со монети (самопослужување), види 96.99

**74.3** **Дејности за преведување и толкување**

**74.30** **Дејности за преведување и толкување**

**74.300** **Дејности за преведување и толкување**

Оваа потклаcа вклучува:
- преведување и толкување на сите јазици, вклучувајќи го и знаковниот јазик, без разлика дали е писмено или усно

Оваа потклаcа исклучува:
- издавање софтвер за преведување, види 58.29
- развој на алатки за преведување и софтвер за машинско преведување, види 62.10
- активности за јазична настава, види 85.59

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потекласа | | | НАЗИВ |
|---|---|---|---|
| 74.9 | | | **Останати стручни, научни и технички дејности, н.д.м.** |
| | 74.91 | | **Дејности за посредување и маркетинг на интелектуална сопственост** |
| | | 74.910 | **Дејности за посредување и маркетинг на интелектуална сопственост** |

Оваа поткласа вклучува:
- посредување и маркетиншки активности за патенти

Оваа поткласа исто така вклучува:
- услуги за управување со правата на индустриска сопственост (патенти, лиценции, трговски марки, франшизи итн.)
- активности на организациите за управување со колективни права
- управување со правата на интелектуална сопственост, на пр., авторските права и нивните приходи

Оваа поткласа исклучува:
- закуп на интелектуална сопственост и слични производи, види 77.40

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 74.99 | | **Сите останати стручни, научни и технички дејности, н.д.м.** |
| | | 74.990 | **Сите останати стручни, научни и технички дејности, н.д.м.** |

Оваа поткласа вклучува голема разновидност на услужни активности што генерално им се испорачуваат на комерцијални клиенти. Тоа се активности за кои се потребни понапредни професионални, научни и технички нивоа на вештини, но ги исклучува тековните, рутински деловни функции што обично се краткотрајни.

Оваа поткласа вклучува:
- деловни брокерски активности, т.е. организирање, купување и продажба на мали и средни бизниси, вклучувајќи професионални практики, но исклучувајќи посредување со недвижности
- активности за проценка, освен за недвижен имот и осигурување (за антиквитети, накит итн.)
- ревизија на сметки и информации за надоместоци за превоз на стока
- активности за прогнозирање на времето
- консултации во областа на безбедноста и здравјето при работа
- агрономски консултантски услуги
- консултантски активности за животната средина
- советодавни активности за заштеда на енергија
- друг технички консалтинг
- активности на градежни проценители

Оваа поткласа исто така вклучува:
- активности што ги спроведуваат агенти и агенции во име на поединци кои обично вклучуваат ангажмани во филмска, театарска продукција или други забавни или спортски атракции, како и пласирање книги, претстави, уметнички дела, фотографии итн., кај издавачи, продуценти итн.
- економски услуги за градежни проекти, на пр., од градежни економисти
- активности на надзорни одбори
- активности за планирање и изработка на проекти од областа на управувањето со ловството
- активности за проценка на бројот на дивеч

Оваа потткласа исклучува:
- активности на аукциски куќи (продажба на големо) и онлајн аукциски активности (на големо), види 46.1
- активности на аукциски куќи (продажба на мало) и онлајн аукциски активности (продажба на мало), види 47.9
- активности на брокерите за недвижности, види 68.31
- книговодствени активности, види 69.20
- активности на менаџмент-консултанти, види 70.20
- активности на архитектонски и инженерски консултанти, види 71.1
- еколошки инженерски активности, види 71.12
- активности на геодетско снимање, види 71.12
- индустриски и машински дизајн, види 71.12, 74.11
- ветеринарно испитување и контрола во однос на производството на храна, види 71.20
- прикажување реклами и други рекламни дизајни, види 73.11
- услужни активности за унапредување на продажбата, види 73.11
- брокерски активности за патенти, види 74.91
- услуги за управување со правата на индустриска сопственост, на пр., патенти, лиценции, трговски марки, франшизи, види 74.91
- консултантски активности за безбедност, види 80.09
- активности на организаторите на конвенции и саеми, види 82.30
- администрација на програми за лојалност, види 82.99
- консултации со лекари, види 86.2
- советување за потрошувачки кредит и долг, види 88.99

**75** **Ветеринарни дејности**

Овој оддел вклучува активности за здравствена заштита и контрола на домашни животни или домашни миленици. Овие активности ги спроведуваат квалификувани ветеринари во ветеринарни болници, како и при посета на фарми, одгледувачници или домови, во сопствени консултантски и хируршки сали или на друго место. Вклучува и активности за брза помош за животни.

**75.0** **Ветеринарни дејности**

**75.00** **Ветеринарни дејности**

**75.000** **Ветеринарни дејности**

Оваа потткласа вклучува:
- активности за здравствена заштита и контрола на домашни животни
- активности за здравствена заштита и контрола на домашни миленици

Овие активности се спроведуваат во ветеринарни болници, како и во фарми, одгледувачници или домови, во консултантски и хируршки сали или на друго место.

Оваа потткласа исто така вклучува:
- активности на ветеринарни помошници или друг помошен ветеринарен персонал
- клиничко-патолошки и други дијагностички активности што се однесуваат на животни
- активности на амбуланти за животни
- активности на киропрактичари за животни
- активности на диететичари за животни

Оваа поткласа исклучува:
- активности за сместување домашни животни без здравствена заштита, види 01.62
- стрижење овци, види 01.62
- услуги за испитување, чување и напасување стада, кастрација на живина, види 01.62
- активности поврзани со вештачко оплодување, види 01.62
- испитување и контрола на животни пред колење во врска со производството на храна, види 71.20
- научни истражувања за генетиката на животните, види 72.10
- активности за сместување домашни миленици без здравствена заштита, види 96.99

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Поткласа | НАЗИВ |
|---|---|
| О/Љ | **АДМИНИСТРАТИВНИ И ПОМОШНИ УСЛУЖНИ ДЕЈНОСТИ** |
| | Овој сектор вклучува различни активности што ги поддржуваат општите деловни операции. Овие активности се разликуваат од оние во сектор N/Л бидејќи нивната примарна цел не е пренос на специјализирано знаење. |
| 77 | **Дејности на изнајмување и давање под закуп (лизинг)** |
| | Овој оддел вклучува изнајмување и давање под закуп на материјални и нефинансиски нематеријални средства и активности за посредување за изнајмување и давање под закуп. За активностите на лизинг, во овој оддел е вклучено само обезбедувањето оперативни наеми. Закупецот или закуподавачот има економски ризик за обезбедените материјални добра и нефинансиски нематеријални средства, додека посредникот нема економски ризик за материјалните добра и нефинансиските нематеријални средства што се предмет на посредувањето. Во овој оддел се опфатени широк спектар материјални добра, на пр., автомобили, компјутери, стоки за широка потрошувачка, индустриски машини и опрема за клиентите во замена за периодично плаќање наемнина или закупнина.<br>Овој оддел исклучува:<br>- изнајмување опрема со оператор, види ги соодветните класи според активностите што се вршат со оваа опрема, на пр., изградба (сектор Ф/Ѓ), транспорт (сектор Н/Ж)<br>- стриминг на содржина, на пр., софтвер, книги, од издавачи на содржини, види оддел 58<br>- активности за стриминг на аудиокниги што не се поврзани со нивното објавување, види 60.10<br>- финансиски лизинг, види 64.91<br>- изнајмување недвижен имот, види сектор М/К |
| 77.1 | **Изнајмување и давање под закуп (лизинг) на моторни возила** |
| 77.11 | **Изнајмување и давање под закуп (лизинг) на автомобили и моторни возила од лесна категорија** |
| 77.110 | **Изнајмување и давање под закуп (лизинг) на автомобили и моторни возила од лесна категорија** |
| | Оваа поткласа вклучува:<br>- изнајмување и оперативно издавање моторни возила (со максимална дозволена тежина не поголема од 3,5 тони) без возач, без оглед на должината на периодот на изнајмување или начинот на плаќање, на пр., претплата:<br>• патнички автомобили, кампинг возила, други лесни моторни возила без возач<br>- изнајмување заеднички автомобили<br>Оваа поткласа исто така вклучува:<br>- изнајмување и оперативен лизинг на сопствен автомобил на физичко лице без возач<br>- изнајмување и лизинг на мотоцикли<br>Оваа поткласа исклучува:<br>- изнајмување или лизинг на патнички автомобили или лесни моторни возила со возач, види 49.33<br>- услужни активности за посредување за изнајмување и лизинг на патнички автомобили и лесни моторни возила, види 77.51 |

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потукласа | | НАЗИВ |
|---|---|---|
| 77.12 | | **Изнајмување и давање под закуп (лизинг) на камиони** |
| | 77.120 | **Изнајмување и давање под закуп (лизинг) на камиони** |
| | | Оваа поткласа вклучува:<br>- изнајмување и оперативен лизинг на следниве видови возила:<br>• камиони, кампинг возила, товарни приколки и тешки моторни возила (со максимална дозволена тежина поголема од 3,5 тони) без возач<br>Оваа поткласа исклучува:<br>- изнајмување или лизинг на тешки товарни возила или камиони со возач, види 49.41, 49.42<br>- изнајмување или лизинг на опрема за копнен транспорт (освен моторни возила) без возач, на пр. камп-приколки, види 77.39 |
| 77.2 | | **Изнајмување и давање под закуп (лизинг) предмети за лична употреба и за домаќинствата** |
| 77.21 | | **Изнајмување и давање под закуп (лизинг) опрема за рекреација и спорт** |
| | 77.210 | **Изнајмување и давање под закуп (лизинг) опрема за рекреација и спорт** |
| | | Оваа поткласа вклучува изнајмување рекреативна и спортска опрема, на пр.:<br>- рекреативни чамци, подвижни пловни домови, кануа, едрилици и јахти без оператор<br>- велосипеди, вклучително и велосипеди со електричен погон<br>- скии<br>Оваа поткласа исклучува:<br>- изнајмување рекреативни чамци и едрилици со екипаж, види 50.10, 50.30<br>- обезбедување краткорочно сместување во неподвижни пловни домови, види 55.20<br>- изнајмување неподвижни пловни домови како главни живеалишта, види 68.20<br>- изнајмување видеоленти и дискови, види 77.22<br>- изнајмување други лични предмети и покуќнина, види 77.22<br>- изнајмување и издавање опрема за воден транспорт на патници или товар, на пр., чамци, бродови, ховеркрафт, без оператор, види 77.34<br>- изнајмување опрема за одмор и разонода како составен дел на рекреативни објекти, види 93.29 |

| Сектор / Оддел / Група / Класа | Потткласа | НАЗИВ |
|---|---|---|
| 77.22 | | **Изнајмување и давање под закуп (лизинг) останати предмети за лична употреба и за домаќинствата** |
| | 77.220 | **Изнајмување и давање под закуп (лизинг) останати предмети за лична употреба и за домаќинствата** |

Оваа поткласа вклучува:
- изнајмување секаков вид стоки за домаќинство или лични предмети (освен рекреативна и спортска опрема), за домаќинства или индустрии:
  • текстил, облека и обувки, на пр., завеси, костими, венчални фустани и чевли
  • мебел, керамика и стакло, кујнски и прибор за јадење, електрични апарати и куќни производи
  • накит, музички инструменти, сценографија и костими
  • книги, весници и списанија
  • машини и опрема што ги користат аматери, на пр., алат за поправки во домаќинството
  • цвеќиња и растенија
  • електронска опрема за употреба во домаќинството
- изнајмување видеоигри, видеокасети, дискови, плочи и сл.
- изнајмување летниковци и затегнати конструкции (тенди) без дополнителни услуги

Оваа поткласа исклучува:
- обезбедување услуги за сместување во шатори, види 55.30
- обезбедување онлајн игри од страна на издавачот (не само еднократни купувања, туку и претплати, како и купувања во самата игра или апликација), види 58.21
- работа на страници за онлајн игри/видеоигри, независно од објавувањето на игрите, види 60.39
- изнајмување автомобили, мотоцикли, камиони, товарни приколки и рекреативни возила без возач, види 77.1
- изнајмување рекреативни и спортски добра, види 77.21
- изнајмување канцелариски мебел, види 77.33
- изнајмување камп-приколки, види 77.39
- изнајмување шатори за настани, види 77.39

| | | |
|---|---|---|
| 77.3 | | **Изнајмување и давање под закуп (лизинг) останати машини, опрема, како и материјални добра** |
| 77.31 | | **Изнајмување и давање под закуп (лизинг) земјоделски машини и опрема** |
| | 77.310 | **Изнајмување и давање под закуп (лизинг) земјоделски машини и опрема** |

Оваа поткласа вклучува:
- изнајмување и оперативен лизинг на земјоделски и шумарски машини и опрема без оператор:
  • изнајмување производи што се произведуваат во поткласа 28.30 (производство на машини за земјоделството и шумарството), на пр., земјоделски трактори

Оваа поткласа исклучува:
- изнајмување земјоделски и шумарски машини или опрема со оператор, види 01.61, 02.40

| Сектор Оддел Група Класа | Потткласа | НАЗИВ |
|---|---|---|
| 77.32 | | **Изнајмување и давање под закуп (лизинг) машини и опрема за градежништвото и инженерството** |
| | 77.320 | **Изнајмување и давање под закуп (лизинг) машини и опрема за градежништвото и инженерството**<br>Оваа поткласа вклучува:<br>- изнајмување и оперативен лизинг на градежни машини и опрема за нискоградба без оператор:<br>• камиони со кран<br>• скелиња и работни платформи, без поставување и демонтирање<br>Оваа поткласа исклучува:<br>- изнајмување градежни машини и опрема за нискоградба со оператор, види оддел 43<br>- изнајмување или оперативен лизинг на скелиња и работни платформи, вклучително поставување и демонтирање, види 43.99<br>- изнајмување или оперативен лизинг на рударски машини и опрема, види 77.39 |
| 77.33 | | **Изнајмување и давање под закуп (лизинг) канцелариски машини, опрема и компјутери** |
| | 77.330 | **Изнајмување и давање под закуп (лизинг) канцелариски машини, опрема и компјутери**<br>Оваа поткласа вклучува:<br>- изнајмување и оперативен лизинг на канцелариски машини и опрема без оператор:<br>• компјутери и компјутерска периферна опрема<br>• машини за копирање, машини за пишување и машини за обработка на текст<br>• сметководствени машини и опрема: каси, електронски калкулатори итн.<br>• канцелариски мебел |
| 77.34 | | **Изнајмување и давање под закуп (лизинг) водни превозни средства** |
| | 77.340 | **Изнајмување и давање под закуп (лизинг) водни превозни средства**<br>Оваа поткласа вклучува:<br>- изнајмување и оперативен лизинг на опрема за воден транспорт без оператор:<br>• комерцијални чамци, бродови и ховеркрафти<br>Оваа поткласа исклучува:<br>- изнајмување опрема за воден транспорт со оператор, види оддел 50<br>- изнајмување чамци за разонода без оператор, види 77.21 |
| 77.35 | | **Изнајмување и давање под закуп (лизинг) воздушни превозни средства** |
| | 77.350 | **Изнајмување и давање под закуп (лизинг) воздушни превозни средства**<br>Оваа поткласа вклучува:<br>- изнајмување и оперативен лизинг на опрема за воздушен транспорт без оператор:<br>• авиони<br>• балони со топол воздух<br>• хеликоптери<br>Оваа поткласа исклучува:<br>- изнајмување опрема за воздушен транспорт со оператор, види оддел 51 |

| Сектор Оддел Група Класа | Потткласа | НАЗИВ |
|---|---|---|
| 77.39 | | **Изнајмување и давање под закуп (лизинг) останати машини, опрема и материјални добра, н.д.м.** |
| | 77.390 | **Изнајмување и давање под закуп (лизинг) останати машини, опрема и материјални добра, н.д.м.** |

Оваа потткласа вклучува:

- изнајмување и оперативен лизинг, без оператор, на други машини и опрема што вообичаено се користат како капитални добра од страна на индустриите:
  - мотори и турбини
  - машински алатки
  - опрема за рударство и нафтени полиња
  - професионална радио, телевизиска и комуникациска опрема
  - опрема за производство на филмови
  - мерна и контролна опрема
  - други научни, комерцијални и индустриски машини
- изнајмување и оперативен лизинг на опрема за копнен транспорт (освен моторни возила) без возач:
  - камп-приколки
  - железнички возила
- лизинг на гуми
- изнајмување опрема за настани, саеми и изложби, на пр., за поставување електрична, светлосна, звучна и сценска опрема
- изнајмување мебел за настани, саеми и изложби
- изнајмување медицинска/болничка опрема
- изнајмување и лизинг на автомати за игри на среќа

Оваа потткласа исто така вклучува:

- изнајмување сместувачки или канцелариски контејнери
- изнајмување животни (на пр., стада, тркачки коњи)
- изнајмување други контејнери
- изнајмување палети

Оваа потткласа исклучува:

- изнајмување мотоцикли, види 77.11
- изнајмување велосипеди, види 77.21
- изнајмување на земјоделски и шумски машини и опрема, види 77.31
- изнајмување градежни машини и опрема за нискоградба, види 77.32
- изнајмување канцелариски машини и опрема, вклучувајќи компјутери, види 77.33

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Поткласа | НАЗИВ |
|---|---|
| 77.4 | **Давање под закуп (лизинг) на правото на користење интелектуална сопственост и слични производи, освен дела кои се заштитени со авторски права** |
| 77.40 | **Давање под закуп (лизинг) на правото на користење интелектуална сопственост и слични производи, освен дела кои се заштитени со авторски права** |
| 77.400 | **Давање под закуп (лизинг) на правото на користење интелектуална сопственост и слични производи, освен дела кои се заштитени со авторски права** |

Оваа потkласа вклучува дејности што им овозможуваат на другите да користат производи од интелектуална сопственост и слични производи за кои се плаќа соодветен надоместок за авторски права или за лиценција на сопственикот на производот. Закупот на овие производи може да биде во различна форма, на пр., дозвола за репродукција, користење за понатамошни процеси или производи, работење врз основа на франшиза. Производите може, но и не мора да бидат направени од моменталните сопственици.

Оваа потkласа вклучува:
- закуп на производи од интелектуална сопственост (освен дела заштитени со авторски права, на пр., книги, софтвер)
- примање надоместок за авторски права или за лиценција од користење:
  - патенти
  - трговски марки или услужни марки
  - имиња на брендови
  - истражување и евалуација на минерали
  - договори за франшиза
  - интернетски домени
  - права на дизајнирани или развиени друштвени игри

Оваа потkласа исто така вклучува:
- примање надоместоци за авторски права и за лиценција од употребата на резултати од научноистражувачка дејност

Оваа потkласа исклучува:
- стекнување права и објавување, види оддели 58, 59
- производство, репродукција и дистрибуција на дела заштитени со авторски права (книги, софтвер, филм), види оддели 58, 59
- стриминг на содржина, на пр., софтвер, книги, од издавачи на содржини, види оддел 58
- активности за стриминг на аудиокниги што не се поврзани со нивното објавување, види 60.10
- давање под закуп на недвижен имот, види 68.20
- лизинг на материјални производи (средства), види 77.1, 77.2, 77.3

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потклаcа | | | НАЗИВ |
|---|---|---|---|
| 77.5 | | | **Дејности за посредување при изнајмување и давање под закуп (лизинг) материјални добра и нефинансиски нематеријални средства** |
| | 77.51 | | **Дејности за посредување при изнајмување и давање под закуп (лизинг) автомобили, кампинг-возила и приколки** |
| | | 77.510 | **Дејности за посредување при изнајмување и давање под закуп (лизинг) автомобили, кампинг-возила и приколки** |

Оваа потклаcа вклучува посредување во изнајмувањето и лизингот на патнички автомобили, кампинг-возила, мотоцикли, камп-приколки итн., со здружување на клиентите и давателите на услуги за надомест или провизија, без посредникот да ги обезбедува услугите за изнајмување и лизинг што се предмет на посредувањето. Овие активности за посредување може да се спроведат на дигитални платформи или преку недигитални канали (вклучувајќи лице в лице, од врата на врата, телефон, пошта итн.). Надоместокот или провизијата може да се добијат или од клиентот или од давателот на услугата за изнајмување и лизинг. Приходите од активностите за посредување може да вклучуваат други извори на приход, на пр., приходи од продажба на рекламен простор.

Оваа потклаcа исто така вклучува:
- услуги за резервации за изнајмување автомобили

Оваа потклаcа исклучува:
- изнајмување лесни моторни возила, види 77.11
- изнајмување тешки моторни возила, на пр., кампинг-возила, види 77.12
- изнајмување камп-приколки, види 77.39

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 77.52 | | **Дејности за посредување при изнајмување и давање под закуп (лизинг) останати материјални добра и нефинансиски нематеријални средства** |
| | | 77.520 | **Дејности за посредување при изнајмување и давање под закуп (лизинг) останати материјални добра и нефинансиски нематеријални средства** |

Оваа потклаcа вклучува посредување при изнајмување и давање под закуп на други материјални добра и нефинансиски нематеријални средства, со здружување на клиентите и давателите на услуги за надомест или провизија, без посредникот да ги обезбедува услугите за изнајмување и лизинг што се предмет на посредувањето. Овие активности за посредување може да се спроведат на дигитални платформи или преку недигитални канали (вклучувајќи лице в лице, од врата на врата, телефон, пошта итн.). Надоместокот или провизијата може да се добијат или од клиентот или од давателот на услугата за изнајмување и лизинг. Приходите од активностите на посредување може да вклучуваат други извори на приход, на пр., приходи од продажба на рекламен простор.

Оваа потклаcа вклучува:
- обезбедување посредување помеѓу домаќинства што ги нудат своите стоки за изнајмување и домаќинства што ги изнајмуваат стоките, на пр., косилки за трева, скали, велосипеди

Оваа потклаcа исклучува:
- изнајмување и лизинг на предмети за лична употреба и за домаќинството, види 77.2
- единици што имаат сопственост на други машини, опрема и материјални добра и/или нефинансиски нематеријални средства што на крајот се изнајмени и дадени под закуп, види 77.3, 77.40

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потткласа | НАЗИВ |
|---|---|
| 78 | **Дејности на вработување** |

**78** **Дејности на вработување**

Овој оддел вклучува составување понуди за слободни работни места, упатување или вработување на кандидатите, при што кандидатите за работа не се вработени во агенциите за вработување, дејности на вработување работници на определено време поради потреба од дополнителна работна сила на клиентите и останато обезбедување човечки ресурси.

Овој оддел вклучува:
- активности за барање и вработување персонал
- активности на театарски кастинг-агенции
- активности на агенции за вработување
- активности за регрутирање раководен персонал (headhunting)

Овој оддел исклучува:
- активности на агенти за индивидуални уметници, види 74.99

**78.1** **Дејности на агенциите за вработување**

**78.10** **Дејности на агенциите за вработување**

**78.100** **Дејности на агенциите за вработување**

Оваа поткласа вклучува составување понуди за слободни работни места и упатување и вработување на кандидатите, при што кандидатите за работа не се вработени во агенцијата за вработување.

Оваа поткласа вклучува:
- активности за барање, избор и вработување кадри, вклучувајќи и вработување раководни кадри
- активности на кастинг-агенции и бироа, на пр., театарски кастинг и агенции за модели
- активности на агенции за вработување преку интернет

Оваа поткласа исто така вклучува:
- активности на ловци на таленти

Оваа поткласа исклучува:
- активности за услуги за фактурирање, види 69.20
- активности на агенти за индивидуални уметници, види 74.99
- активности на агенции што обезбедуваат лица за чување деца и помагање во домаќинствата, види 78.20

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потккласа | НАЗИВ |
|---|---|
| 78.2 | **Дејности на агенциите за привремени вработувања и друго обезбедување човечки ресурси** |
| 78.20 | **Дејности на агенциите за привремени вработувања и друго обезбедување човечки ресурси** |
| 78.200 | **Дејности на агенциите за привремени вработувања и друго обезбедување човечки ресурси** |

Оваа потккласа вклучува дејности на вработување работници на определено време заради привремена замена или потреба на клиентите од дополнителна работна сила. Во ваков аранжман за вработување, агенцијата за привремени вработувања е работодавец на работниците што се ангажирани. Сепак, клиентите се одговорни за надзор на привремениот персонал.

Со овие активности се обезбедуваат човечки ресурси за клиенти. Единиците класифицирани овде се официјалните работодавци на привремено вработените лица за прашања поврзани со плати, даноци и други фискални и кадровски прашања, но тие не се одговорни за управување и надзор на вработените. Единиците класифицирани овде извршуваат широк опсег должности за управување со човечки ресурси поврзани со оваа одредба.

Оваа потккласа исклучува:

- активности за услуги за фактурирање, види 69.20

**79** **Туристички агенции, организатори на патувања (туроператори) и останати резервациски услуги, како и дејности поврзани со нив**

Овој оддел вклучува дејности на агенции што првенствено се занимаваат со продажба на туристички пакет-аранжмани што вклучуваат превоз, сместување, разонода и забава, туристички водич и други услуги за индивидуални корисници и деловни странки, како и дејности на организирање туристички тури што се продаваат преку туристички агенции или директно преку агенти, како што се туроператорите, како и останати услуги поврзани со патувањата, вклучувајќи ги и резервациските услуги.

Овој оддел исто така вклучува:

- активности на туристички водичи и активности за промоција на туризмот
- услуги за посредување за патување

Овој оддел исклучува:

- услужни активности за посредување само за превоз на патници, види 52.32
- услужни активности за посредување само за сместување, види 55.40
- услужни активности за посредување за активности за услуги за храна и пијалаци, види 56.40
- услужни активности за посредување за изнајмување автомобили, кампинг-возила и приколки, види 77.51
- услужни активности за посредување за билети за забава, спорт и театар, види 82.40

**79.1** **Дејности на туристички агенции и организатори на патувања (туроператори)**

Оваа група вклучува дејности на агенции што првенствено се занимаваат со продажба на туристички пакет-аранжмани што вклучуваат превоз, сместување, туристички водич и други услуги за индивидуални корисници и деловни странки, како и дејности на организирање туристички тури што се продаваат преку туристички агенции или директно од агенти, како што се туроператорите. Во ваа група спаѓаат и активностите на туроператорите.

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потккласа | | НАЗИВ |
|---|---|---|
| 79.11 | | **Дејности на туристички агенции** |
| | 79.110 | **Дејности на туристички агенции** |

Оваа потккласа вклучува:
- дејности на агенции што првенствено се занимаваат со продажба на туристички пакет-аранжмани и крстарења за индивидуални корисници и деловни странки, со дополнителни совети или експертиза за сместување:
  - услуги за резервации за неперсонализирани пакет-аранжмани, домашни и меѓународни
  - услуги за резервации за персонализирани пакет-аранжмани за групи, домашни или меѓународни
- посреднички услужни активности за склучување договори за давање туристички услуги од туроператори

Оваа потккласа исто така вклучува:
- посредување за услуги од пакет-аранжмани во дестинацијата

Оваа потккласа исклучува:
- услужни активности за посредување само за превоз на патници, види 52.32
- услужни активности за посредување само за сместување, види 55.40
- активности на фактички и правни дејствија поврзани со склучување договори за давање туристички услуги, на барање на клиентот, види оддел 69
- продажба на одложени туристички услуги: распределба на услуги поврзани со патување, одложени услуги, кои може да бидат од која било природа: хотели, ресторани, лична нега, рекреативни активности итн., види 82.99

| | | |
|---|---|---|
| 79.12 | | **Дејности на организатори на патувања (туроператори)** |
| | 79.120 | **Дејности на организатори на патувања (туроператори)** |

Оваа потккласа вклучува:
- организирање, составување и маркетинг на туристички пакет-аранжмани:
  - неперсонализирани пакет-аранжмани, домашни и меѓународни
  - персонализирани пакет-аранжмани за групи, домашни и меѓународни

Пакет-аранжманите обично вклучуваат превоз на патници и багаж, сместување, исхрана и услуги за разгледување знаменитости. Туроператорите се занимаваат со управување на пакет-аранжманите што ги продаваат туристичките агенции, вклучувајќи и организирање и составување различни услуги во пакет-аранжманот.

Туроператорите може да бидат вработени или ангажирани од туристичка агенција врз основа на договор или може да работат како независни туроператори.

Оваа потккласа исклучува:
- продажба на пакет-аранжмани, види 79.11

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потклаcа | НАЗИВ |
|---|---|
| 79.9 | **Останати резервациски услуги и дејности поврзани со нив** |
| 79.90 | **Останати резервациски услуги и дејности поврзани со нив** |
| 79.900 | **Останати резервациски услуги и дејности поврзани со нив** |
| | Оваа потклаcа вклучува:<br>- услуги за помош на посетители:<br>• обезбедување информации за патување на посетителите<br>• активности на независни туристички водичи<br>- активности за промоција на туризмот<br>Оваа потклаcа исклучува:<br>- активности за резервации врз основа на надоместок за превоз на патници, види 52.32<br>- услуги за размена на сместувачки капацитети, види 55.40<br>- активности на туристички агенции, види 79.11<br>- активности на туроператори, види 79.12<br>- организација и управување со настани, на пр., состаноци, конвенции и конференции, вклучително превоз, сместување, издавање билети ако ги управува самиот организатор, види 82.30<br>- услужни дејности за посредување за билети за театарски, спортски и други забавни настани, види 82.40 |
| 80 | **Истражни и заштитни дејности** |
| | Овој оддел вклучува услуги поврзани со безбедноста:<br>- истражни услуги во приватно, трговско, корпоративно, осигурително и кривично право за остварување на правата пред суд<br>- стражарски и патролни услуги<br>- подигање и доставување пари, признаници или други вредни предмети со персонал и опрема за заштита на таквиот имот додека е во транзит<br>- услуги на безбедносни системи и работа на електронски безбедносни алармни системи, на пр., аларми против кражба и пожар, како и услуги за системи за далечинско следење и видеонадзор, при што што активноста се фокусира на далечинско следење на овие системи, но често вклучува и услуги за продажба, инсталација и поправка<br>Овој оддел исто така вклучува:<br>- безбедносни услуги поврзани со превенција и безбедност на луѓето на јавни настани и места отворени за јавноста<br>- безбедносни услуги што обезбедуваат заштита со блиндирани автомобили<br>Овој оддел исклучува:<br>- безбедносни активности за информатичка технологија, види оддел 62 |

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потокласа | | | НАЗИВ |
|---|---|---|---|
| 80.0 | | | **Истражни и заштитни дејности** |
| | | | Оваа група вклучува безбедносни активности што вообичаено ги вршат приватни оператори. |
| | 80.01 | | **Истражни дејности и дејности за приватна заштита** |
| | | 80.010 | **Истражни дејности и дејности за приватна заштита** |
| | | | Оваа потокласа вклучува:<br>- истражни услуги во приватната, комерцијалната, осигурителната и правната област<br>- стражарски, патролни или безбедносни услуги<br>- услуги за поддршка на услугите за собирање и депонирање готовина<br>- услуги за безбедно уништување податоци<br>- услуги за заштита со блиндирани автомобили<br>Оваа потокласа исто така вклучува:<br>- чуварски и безбедносни услуги, на пр., за продавници, трауматолошки центри<br>- проверка на багажот и патниците на аеродроми, железнички станици и други слични места<br>- активности на персонал за обезбедување за настани, концерти, саеми и изложби<br>Оваа потокласа исклучува:<br>- анализа на ризик, безбедносни совети и консултации, види 80.09<br>- активности за далечинско набљудување, види 80.09<br>- услуги на домари, рецепционери и вратари, види 81.10, 82.10<br>- активности за јавен ред и безбедност, види 84.24<br>- обуки за безбедност, вклучувајќи сајбербезбедност, види 85.59 |
| | 80.09 | | **Заштитни дејности, н.д.м.** |
| | | 80.090 | **Заштитни дејности, н.д.м.** |
| | | | Оваа потокласа вклучува обезбедување една или повеќе од следниве услуги: услуги на безбедносни системи како дел од центри за безбедносни услуги или центри за примање аларми (ARC); услуги на системи за далечинско следење и видеонадзор и, само ако се даваат во врска со понатамошни услуги за надзор и далечинско следење, инсталација, поправка и одржување електронски безбедносни системи.<br>Оваа потокласа исто така вклучува:<br>- активности на безбедносни консултанти<br>- активности во центри за итни повици и услуги или центри за примање аларми (ARC)<br>- надзор и далечинско следење електронски безбедносни системи, на пр., аларми против провалници, системи за видеонадзор, аларми за пожар<br>- надзор и далечинско следење на механички или електронски уреди за заклучување, сефови и трезори<br>- инсталација и одржување електронски безбедносни системи, на пр., аларми против провалници и кражби, системи за видеонадзор, аларми за пожар, ако се вршат во врска со понатамошни услуги за надзор и далечинско следење<br>- инсталација, поправка, модификација и адаптација на механички или електронски уреди за заклучување, електронски безбедносни системи, сефови и трезори, ако се вршат во врска со понатамошни услуги за надзор и далечинско следење |

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потткласа | НАЗИВ |
|---|---|
| | Оваа потткласа исклучува:<br>- инсталација на безбедносни системи, на пр., аларми против провалници, системи за надзор, аларми за пожар, без понатамошни услуги за надзор и далечинско следење, види 43.21<br>- малопродажба на електрични безбедносни алармни системи, механички или електронски уреди за заклучување, сефови и безбедносни трезори, без понатамошни услуги за надзор, инсталација или одржување, види 47.52<br>- консултантски активности за сајбербезбедност, види 62.20<br>- активности за јавен ред и безбедност, на пр., полициско работење, види 84.24<br>- обезбедување услуги за копирање клучеви, види 95.29 |
| 81 | **Услуги поврзани со одржување згради и дејности за уредување и одржување на животната средина**<br>Овој оддел вклучува обезбедување голем број општи услуги за поддршка, на пр.:<br>- обезбедување комбинација од помошни услуги во објектите на клиентите<br>- внатрешно и надворешно чистење згради од сите видови<br>- чистење индустриски машини, чистење возови, автобуси, авиони и сл.<br>- чистење на внатрешноста на цистерни и танкери<br>- активности за дезинфекција и уништување штетници во згради, бродови, возови итн.<br>- чистење шишиња<br>- метење улици<br>- отстранување снег и мраз<br>- услуги за уредување и одржување на околината |
| 81.1 | **Комбинирани помошни дејности на објектите** |
| 81.10 | **Комбинирани помошни дејности на објектите** |
| 81.100 | **Комбинирани помошни дејности на објектите** |
| | Оваа потткласа вклучува обезбедување комбинација од помошни услуги во објектите на клиентите. Овие услуги вклучуваат општо внатрешно чистење, одржување, фрлање ѓубре, портири, надзор, распределба на пошта, рецепција, перење алишта и слични помошни услуги во објектите. Овие помошни активности ги врши помошен персонал, кој не е вклучен или одговорен за главната дејност или за активностите на клиентот.<br>Оваа потткласа исклучува:<br>- обезбедување теренско управување и работа со компјутерските системи на клиентите и/или капацитетите за обработка на податоци, види 62.20<br>- управување со недвижен имот, на пр., управување со недвижен имот или станови во заедничка сопственост (најчесто врз основа на надоместок или договор), види 68.32<br>- чуварски и услуги за обезбедување, види 80.01<br>- функционирање на затвори врз основа на надоместок или договор, види 84.23<br>- давање само една од помошните услуги (на пр., услуга за внатрешно чистење) или само една функција (на пр., греење), види ја соодветната потткласа според видот на услугата<br>- обезбедување менаџерски и оперативен персонал за целосно функционирање на претпријатието на клиентот, на пр., хотел, ресторан, рудник, болница, види ја потткласата на дејноста на претпријатието |

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потксласа | | | НАЗИВ |
|---|---|---|---|
| 81.2 | | | **Дејности на чистење** |

Сектор
Оддел
Група
Класа
Потксласа

**НАЗИВ**

**81.2 Дејности на чистење**

Во оваа група спаѓаат: активности за општо, специјализирано и друго чистење. Разликата меѓу нив не е според видот на клиентите што се опслужувани, туку според видот на чистењето.

Оваа група вклучува активности за општо внатрешно чистење на сите видови згради, надворешно чистење згради, активности за специјализирано чистење згради или друго специјализирано чистење, чистење индустриски машини, чистење на внатрешноста на цистерни и танкери, активности за дезинфекција и уништување штетници во згради и за индустриски машини, чистење шишиња, метење улици, отстранување снег и мраз.
Оваа група исклучува:
- контрола на штетници во земјоделството, види 01.61
- шампонирање теписи и килими, чистење драперии и завеси, види 96.10

**81.21 Основно чистење згради**

**81.210 Основно чистење згради**

Оваа поткласа вклучува:
- општо (неспецијализирано) чистење на сите видови згради, на пр.:
  - канцеларии
  - приватни живеалишта, на пр., куќи или станови
  - фабрики
  - продавници
  - институции
- општо (неспецијализирано) чистење други деловни и професионални простории и станбени згради со повеќе станови

Овие активности за општо чистење претежно се однесуваат на внатрешно чистење иако може да вклучуваат чистење поврзани надворешни делови, на пр., прозорци, премини.
Оваа поткласа исклучува:
- активности за специјализирано чистење, на пр., чистење прозорци, оџаци, камини, котли, издувни единици, види 81.22

**81.22 Останати дејности на чистење згради и индустриско чистење**

**81.220 Останати дејности на чистење згради и индустриско чистење**

Оваа поткласа вклучува:
- надворешно чистење објекти од сите видови, на пр., канцеларии, фабрики, продавници, училишта и други институции, други деловни и професионални простории и станбени згради со повеќе станови
- специјализирано чистење за претпријатија во прехранбената индустрија, вклучително производство, продажба на мало, ресторани итн.
- специјализирано чистење згради, на пр., чистење фасади и прозорци, чистење оџаци, камини, разни видови печки, меѓу кои и печки за горење, котли, вентилациски канали и издувни единици
- специјализирано индустриско чистење, на пр., чистење индустриски машини
- чистење водоводни цевки
- чистење воздушни канали
- друго специјализирано чистење згради и индустриски објекти н.д.м.
- чистење нови згради веднаш по изградбата
- чистење со пареа, пескарење и слични дејности за надворешност на згради

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потткласа | НАЗИВ |
|---|---|
| 81.23 | **Останати дејности на чистење** |
| 81.230 | **Останати дејности на чистење** |

Оваа потткласа вклучува:
- активности за чистење и одржување базени
- чистење возови, автобуси, авиони и сл.
- чистење на внатрешноста на цистерни и танкери
- активности за санитизација, дезинфекција и уништување штетници
- чистење шишиња
- чистење улици и отстранување снег и мраз
- други активности за чистење н.д.м.

Оваа потткласа исклучува:
- контрола на штетници во земјоделството, види 01.61
- чистење моторни возила, вклучително и миење автомобили, види 95.31

| | |
|---|---|
| 81.3 | **Услужни дејности за уредување и одржување на животната средина** |
| 81.30 | **Услужни дејности за уредување и одржување на животната средина** |
| 81.300 | **Услужни дејности за уредување и одржување на животната средина** |

Оваа потткласа вклучува:
- уредување и одржување:
  • паркови и градини за:
  • приватни куќи и станбени згради
  • јавни и полујавни згради (училишта, болници, административни згради, црковни згради итн.)
  • јавни површини (паркови, зелени површини, гробишта итн.)
  • зеленило покрај сообраќајници (патишта, железнички и трамвајски шини, водни патишта, пристаништа)
  • индустриски и комерцијални згради
- уредување и одржување зеленило за:
  • згради (покривни градини, фасадно зеленило, внатрешни градини итн.)
  • спортски терени (фудбалски терени, терени за голф итн.), детски игралишта, тревници за сончање и други рекреативни паркови
  • неистечни и истечни води (басени, наизменични влажни подрачја, езерца, базени за пливање, канали, водотеци, канализациски системи)
- засадување вегетација за заштита од бучава, ветер, ерозија, видливост
- заштита и обновување на околината, на пр., за паркови, градини
- еколошки инженерски работи заради еколошко зачувување на просторот

Оваа потткласа исто така вклучува:
- реставрација на природни средини, на пр., растително инженерство, ренатурација на екосистемите
- активности за контрола на ерозија во планински средини, мрестилишта и речни брегови
- создавање и преместување живеалишта за животни, на пр., кутии за гнездење, засолништа, зимовници
- активности за спречување, контрола и справување со внес и ширење инвазивни видови во фауната или флората
- управување со животната средина, на пр., извршување мерки за заштита и одржување песочни дини, блата, моклишта или други чувствителни подрачја, екопасење

Оваа поткласа исклучува:
- активности за заштита или реставрација на земјоделско и шумско земјиште, види оддели 01 и 02
- комерцијално одгледување и садење за комерцијално одгледување растенија, дрвја, види оддели 01 и 02
- расадници и шумски расадници, види 01.30, 02.10
- одржување на земјиштето во добра еколошка состојба за земјоделска употреба, види 01.61
- реставрација на морски екосистеми, види 03.30
- градежни активности за потребите на уредување и одржување на околината, види сектор F/Ѓ
- активности за пејзажна архитектура и дизајн, види 71.11
- функционирање на национални паркови, природни резервати итн., вклучува зачувување на природата и одржување, види 91.42

**82** **Канцелариско-административни и помошни дејности и деловно-помошни дејности**

Овој оддел вклучува обезбедување низа секојдневни канцелариски административни услуги, како и тековни рутински функции за деловна поддршка за други лица, врз основа на договор или надоместок.
Овој оддел, исто така, ги вклучува сите помошни услужни активности што обично се даваат на претпријатија што не се класифицирани на друго место.

**82.1** **Канцелариско-административни и помошни дејности**

**82.10** **Канцелариско-административни и помошни дејности**

**82.100** **Канцелариско-административни и помошни дејности**

Оваа поткласа вклучува обезбедување комбинација од секојдневни канцелариски административни услуги, на пр., прием, финансиско планирање, фактурирање и водење евиденција, управување со човечки ресурси и поштенски услуги итн. за други врз основа на договор или надоместок.
Оваа поткласа вклучува:
- подготовка на документи, на пр., уредување, лекторирање, пишување, обработка на текст и предархивирање
- други помошни секретарски услуги
- препис на документи
- пишување писма или биографии
- изнајмување поштенски сандачиња и други поштенски услуги, на пр., сортирање, адресирање
- копирање
- изработка на нацрти
- работа на фотокопирни машини за фотокопирање со самопослужување
- дигитализација на датотеки (без понатамошна обработка на податоци)
- форматирање е-книги

Оваа поткласа, исто така, вклучува помошни дејности за други, врз основа на договор или надоместок, како што се тековни рутински функции за поддршка на деловното работење што претпријатијата и организациите вообичаено ги извршуваат за себе.

Единиците распределени во оваа поткласа не обезбедуваат персонал што ќе ги извршува сите деловни дејности на претпријатието. Единиците што извршуваат само една од овие дејности се распределуваат според таа одредена дејност.

Оваа поткласа исклучува:
- печатење документи (офсет печатење, брзо печатење, дигитално печатење итн.), види 18.12
- услуги за претпечатење, види 18.13
- складирање хартиени датотеки, види 52.10
- курирски услуги, види 53.20
- обработка на податоци и дигитализација на датотеки поврзани со понатамошна обработка на податоци, види 63.10
- складирање датотеки со податоци, види 63.10
- изнајмување неопремени канцеларии и целосно опремени канцеларии, види 68.20
- активности на центри за заеднички услуги (SSC) со стратегиски и менаџерски активности/централизирани активности, види 70.10
- развивање и организирање рекламни кампањи по пошта, види 73.11
- изнајмување контејнери за употреба како канцеларии, види 77.39
- јавни стенографски услуги и специјализирани услуги за стенотип, на пр., судско известување, види 82.99
- архивирање секаков вид документи (во хартиена или електронска форма), види 91.12

**82.2 Дејности на повикувачки центри**

**82.20 Дејности на повикувачки центри**

**82.200 Дејности на повикувачки центри**

Оваа поткласа вклучува активности на:
- центри за дојдовни повици, вклучувајќи одговарање на повици од клиенти со помош на човечки оператори, автоматска дистрибуција на повици, компјутерска и телефонска интеграција, интерактивни системи за автоматски одговор или слични методи за примање нарачки, давање информации за производи, одговарање барања на клиентите за помош или решавање на поплаките на клиентите
- центри за појдовни повици што користат слични методи за продажба на стоки или услуги на потенцијални клиенти, спроведување телефонски анкети за истражување на пазарот и испитување на јавното мислење, врз основа на договор или надоместок
- онлајн контакт-центри

Оваа поткласа ги вклучува и активностите на:
- центри што обработуваат барања или жалби од клиентите преку други канали за комуникација

| Сектор<br>Оддел<br>Група<br>Класа<br>Потткласа | НАЗИВ |
|---|---|
- лаборатории за рендген и други дијагностички центри за снимање
- лаборатории за анализа на крв
- секвенционирање ДНК за исклучување или за лекување одредена болест

Оваа потkласа вkлучува:
-активности за лабораториска контрола на допинг

Оваа потткласа исклучува:
- немедицински лабораториски испитувања, активности за испитување во областа на хигиената на храната, активности на форензички лаборатории, види 71.20
- медицинска анализа и интерпретација на дијагностички медицински снимки (рендген, електрокардиограми, ендоскопии итн.), види 86.22
- активности на податочни центри за геноми или банки за крв и органи, види 86.99

**86.92 Превоз на пациенти со итна помош**

**86.920 Превоз на пациенти со итна помош**

Оваа потткласа вклучува амбулантен транспорт на пациенти со кој било начин на транспорт, вклучително и со авиони. Амбулантните возила носат болничари/доктори и обично се опремени со опрема за спасување.

Оваа потткласа вклучува:
- специјализиран транспорт на пациенти, придружувани од болничари
- примарна нега од болничар или доктор за време на амбулантниот превоз

Оваа потткласа исклучува:
- транспорт на пациенти, во возила без парамедицински персонал и опрема за спасување животи, види оддели 49, 50
- транспорт на пациенти, во авиони без парамедицински персонал и опрема за спасување животи, види оддел 51
- транспорт на крв и телесни органи/течности, види 86.99

**86.93 Дејности на психолози и психотерапевти, освен доктори на медицина**

**86.930 Дејности на психолози и психотерапевти, освен доктори на медицина**

Оваа потткласа вклучува:
- консултативни и третмански активности на психолози, на пр., клинички психолози, здравствени психолози, психотерапевти, освен доктори по медицина

Оваа потткласа вклучува:
- музикотераписки активности што ги вршат психотерапевти/психолози

Оваа потткласа исклучува:
- активности на психијатри, види 86.22

**86.94 Дејности на медицински сестри и акушерки**

**86.940 Дејности на медицински сестри и акушерки**

Оваа потткласа вклучува активности на медицински сестри и акушерки, т.е. активности што не ги вршат доктори по медицина, на пр.:
- активности на независни медицински сестри што работат во сопствени ординации или во домовите на пациентите
- активности на породилишта, без постојан надзор на доктори

Оваа потткласа исто така вклучува:
- палијативна нега за амбулантни пациенти

Оваа потткласа исклучува:
- породилишта во болници, под директен надзор на доктори, види 86.10
- домови за резиденцијална нега, види 87.10
- услуги за домашна нега, види 88.10

**86.95 Дејности на физиотерапевти**

**86.950 Дејности на физиотерапевти**

Оваа потткласа вклучува терапии што ги даваат независни професионалци за подобрување на мобилноста, враќање одредена функција или намалување на болката. Овие терапии вклучуваат физиотерапија итн.

Оваа потткласа исто така вклучува:
- активности на терапевти за медицинска масажа
- активности на ерготерапевти
- активности на окупациони терапевти

Оваа потткласа исклучува:
- активности на остеопати, види 86.96
- активности на киропрактичари, види 86.96
- техники за третман на тело, на пр.: шиацу, тајландска масажа, вацу, туи-на чигонг, види 86.99
- активности на салони за немедицинска масажа, види 96.23

**86.96 Дејности на традиционална, комплементарна и алтернативна медицина**

**86.960 Дејности на традиционална, комплементарна и алтернативна медицина**

Оваа потткласа вклучува обезбедување превентивни, куративни или рехабилитациски услуги за здравствена заштита од страна на здравствените работници. Здравствените придобивки од овие услуги не се засноваат на научни податоци за дијагностицирање и лекување болести и досега не се целосно оценети на начини што може да бидат универзално прифатени како засновани на докази.

Оваа потткласа вклучува:
- обезбедување услуги за традиционална медицина што вклучуваат низа долгогодишни практики и практики што се сè уште во развој, создадени во различни општества пред или за време на развојот на модерната медицина, на пр., традиционалните кинески терапии, на пр., акупунктура, кинески хербални лекови, Унани, традиционални африкански лекови
- обезбедување дополнителни терапевтски услуги, на пр., Александрова техника, ароматерапија, Бахова цветна терапија и други цветни терапии, терапија на телото, ајурведа, хербална медицина, натуропатија, нутритивна терапија.
- обезбедување алтернативни терапевтски услуги (на пр., хомеопатија, киропрактични третмани, остеопатија, кристална терапија, иридологија, кинезиологија, радионика)

Оваа потткласа исто така вклучува:
- активности на исцелители
- хипнотерапија
- рефлексотерапија
- терапевтски методи на Цезар и Менсендик
- напрапатија

Оваа потткласа исклучува:
- техники за третман на тело, на пр., шиацу, тајландска масажа, вацу, туи-на чигонг, види 86.99

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потткласа | | НАЗИВ |
|---|---|---|
| 86.97 | | **Дејности за посредување за медицински, стоматолошки и други здравствени услуги** |
| | 86.970 | **Дејности за посредување за медицински, стоматолошки и други здравствени услуги** |

Оваа потткласа вклучува посредување во медицински, стоматолошки и други услуги за човековото здравје, со здружување на клиентите и давателите на услуги за надомест или провизија, без посредникот да ги обезбедува медицинските, стоматолошките и другите услуги за човековото здравје што се предмет на посредувањето. Овие активности за посредување може да се вршат на дигитални платформи или преку недигитални канали (вклучувајќи лице в лице, од врата на врата, телефон, пошта итн.). Надоместокот или провизијата може да се добијат или од клиентот или од давателот на медицинските, стоматолошките и другите здравствени услуги. Приходите од активностите за посредување може да вклучуваат други извори на приход, на пр., приходи од продажба на рекламен простор.

Оваа потткласа исто така вклучува:
- резервирање термини за медицински, стоматолошки и други здравствени услуги

Оваа потткласа исклучува:
- услужни активности за посредување за резиденцијална нега, види 87.91

| | | |
|---|---|---|
| 86.99 | | **Останати дејности за здравствена заштита, н.д.м.** |
| | 86.990 | **Останати дејности за здравствена заштита, н.д.м.** |

Оваа потткласа вклучува:
- активности за човековото здравје н.д.м.:
  • активности на парамедицински практичари во областа на оптометријата, хидротерапијата, логопедијата, подијатријата/хироподијата итн.

Оваа потткласа исто така вклучува:
- активности на стоматолошки парамедицински персонал, на пр., стоматолошки терапевти, училишни стоматолошки медицински сестри, дентални хигиеничари, кои може да работат самостојно, но се под повремен надзор на стоматолози
- активности на банки за крв, банки за ткива, банки за сперма, банки за трансплантација на органи, биобанки, податочни центри за геноми итн., вклучувајќи собирање, обработка, складирање и испорака
- работа на регистри за донатори на коскена срцевина
- активности на ортоптичари
- активности на подијатри
- активности на кожни терапевти
- активности за следење на здравјето (исхрана на доенчиња, здравје на децата)
- активности на диететичари
- превентивни здравствени активности и откривање болести (рак, туберкулоза, венерични болести)
- транспорт на крв и телесни органи и течности
- шиацу, тајландска масажа, вацу, туи-на чигонг
- активности за терапија со животни, т.е. хипотерапија
- хидротерапија на дебелото црево
- терапија со танцување и движење
- уметничка терапија

Оваа потткласа исклучува:
- изработка на вештачки заби, вилици, протези и протетички помагала во заботехнички лаборатории, види 32.50
- немедицински лабораториски испитувања, види 71.20
- активности за испитување во областа на хигиената на храната, види 71.20
- болнички активности, види 86.10
- медицински и стоматолошки активности, види 86.2
- услуги за дијагностичко снимање и медицински лабораториски активности, види 86.91
- активности на психолози, на пр., клинички психолози, здравствени психолози, психотерапевти, освен доктори по медицина, види 86,93
- активности на медицински сестри и акушерки, види 86.94
- физиотерапевтски активности, види 86.95
- активности на терапевти за медицинска масажа, види 86.95
- домови за резиденцијална нега, види 87.10
- активности на салони за немедицинска масажа, види 96.23

**87** **Дејности на социјалната заштита со сместување**

Овој оддел вклучува обезбедување резиденцијална нега во комбинација со надзор или други видови медицинска нега што им се потребни на штитениците. Резиденцијалната нега е комбинација од здравствени и социјални услуги, при што здравствените услуги се претежно услуги за медицинска нега. Резиденцијална нега се обезбедува за штитениците кои може да престојуваат привремено.
Овој оддел вклучува и активности на центри за резиденцијална нега (обезбедување редовна резиденцијална нега на места специјално изградени или приспособени за одредени целни групи). Единиците се класифицираат во зависност од целните групи.
Овој оддел исклучува:
- активности за нерезиденцијална медицинска нега, види 86.94
- активности за нерезиденцијална нега, види оддел 88

**87.1** **Дејности на социјалната заштита со сместување и нега**

**87.10** **Дејности на социјалната заштита со сместување и нега**

**87.100** **Дејности на социјалната заштита со сместување и нега**

Оваа потткласа вклучува обезбедување резиденцијална нега, со медицинска помош, третмани за нега и рехабилитација. Овие установи имаат постојан основен персонал составен од регистрирани или лиценцирани медицински сестри кои, заедно со другиот персонал, обезбедуваат медицинска нега во комбинација со лична нега. Услугите за медицинска или лична нега обично вклучуваат давање лекови, вршење медицински дијагнози и преврзување рани и, главно, се вршат без надзор на доктор во објектот.

Оваа потткласа вклучува дејности на:
- домови за стари лица со медицинска нега
- домови за рехабилитација, освен установи за ментално здравје и зависнци
- домови за одмор со медицинска нега
- установи за медицинска нега
- домови за стари лица/хосписи
- хосписи за стационарна палијативна нега

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Поткласа | НАЗИВ |
|---|---|
| | Оваа потклаcа исклучува:<br>- палијативна медицинска нега за амбулантни пациенти, види 86.94<br>- активности на домови за стари лица без или само со минимална нега, види 87.30<br>- обезбедување услуги за резиденцијална нега и помош, на пр., сиропиталишта, детски интернати и хостели, привремени прифатилишта за бездомници, види 87.99 |
| 87.2 | **Дејности на социјалната заштита со сместување за луѓе кои страдаат од недијагностицирана или дијагностицирана ментална болест или зависност од алкохол, дрога и други опојни средства** |
| 87.20 | **Дејности на социјалната заштита со сместување за луѓе кои страдаат од недијагностицирана или дијагностицирана ментална болест или зависност од алкохол, дрога и други опојни средства** |
| 87.200 | **Дејности на социјалната заштита со сместување за луѓе кои страдаат од недијагностицирана или дијагностицирана ментална болест или зависност од алкохол, дрога и други опојни средства**<br>Оваа потклаcа вклучува обезбедување резиденцијална нега (но не и лиценцирана болничка нега), заштитен надзор и советување за лица со дијагностицирана ментална болест, интелектуална попреченост или зависници, без оглед на возраста.<br><br>Оваа потклаcа вклучува активности на:<br>- установи за лекување зависници<br>- рехабилитациски домови за ментално здравје<br>- групни домови за лица со емоционална вознемиреност<br>- установи за резиденцијална нега на лица со нарушено ментално здравје за повторно интегрирање во општеството<br>- установи за резиденцијална нега на лица со интелектуална попреченост<br>Оваа потклаcа исклучува:<br>- болници за ментално здравје, види 86.10<br>- обезбедување услуги за резиденцијална нега и рехабилитација, освен за лица со дијагностицирана ментална болест, види 87.10, 87.30<br>- активности за социјална работа со сместување, на пр., привремени прифатилишта за бездомници, види 87.99<br>- активности за нерезиденцијална нега на лица со дијагностицирана ментална болест, на пр., центри за грижа за ментално здравје, види оддел 88 |

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потклаcа | | | | НАЗИВ |
|---|---|---|---|---|
| 87.3 | | | | **Дејности на социјалната заштита со сместување на стари лица или лица со телесен инвалидитет** |
| | 87.30 | | | **Дејности на социјалната заштита со сместување на стари лица или лица со телесен инвалидитет** |
| | | 87.300 | | **Дејности на социјалната заштита со сместување на стари лица или лица со телесен инвалидитет** |

Оваа потклаcа вклучува обезбедување услуги за резиденцијална и лична нега за постари лица или лица со телесен инвалидитет што не се во можност целосно да се грижат за себе и/или кои не сакаат да живеат самостојно. Грижата обично вклучува сместување, надзор и помош во секојдневниот живот. На штитениците понекогаш може да им се дава медицинска нега на самото место во одделни придружни простории.

Оваа потклаcа вклучува дејности на:
- домови за потпомогнато живеење на стари лица
- заедници за долготрајна грижа за стари лица
- домови за стари лица со минимална здравствена грижа
- домови без здравствена грижа

Оваа потклаcа исклучува:
- дејности на домови за стари лица со грижа, види 87.10
- услуги за резиденцијална нега и рехабилитација за постари лица или лица со дијагностицирана ментална болест, види 87.20
- активности за социјална работа со сместување, види 87,99

| | | | |
|---|---|---|---|
| 87.9 | | | **Останати дејности на социјалната заштита со сместување** |
| | 87.91 | | **Дејности за посредување за дејностите на социјалната заштита со сместување** |
| | | 87.910 | **Дејности за посредување за дејностите на социјалната заштита со сместување** |

Оваа потклаcа вклучува посредување во активностите на резиденцијална нега, со здружување на клиентите и давателите на услуги за надомест или провизија, без посредникот да ги обезбедува услугите за резиденцијална нега што се предмет на посредувањето. Овие активности за посредување може да се вршат на дигитални платформи или преку недигитални канали (вклучувајќи лице в лице, од врата на врата, телефон, пошта итн.). Надоместокот или провизијата може да се добијат или од клиентот или од давателот на услугата за резиденцијална нега. Приходите од активностите за посредување може да вклучуваат други извори на приход, на пр., приходи од продажба на рекламен простор.

Оваа потклаcа исклучува:
- услуги за посредување за медицински, стоматолошки и други здравствени услуги, види 86.97

| Сектор<br>Оддел<br>Група<br>Класа<br>Потокласа | НАЗИВ |
|---|---|

**87.99** **Останати дејности на социјалната заштита со сместување**

**87.990** **Останати дејности на социјалната заштита со сместување**

Оваа поткласа вклучува обезбедување услуги за резиденцијална нега и помош, освен за постари лица и лица со попреченост, кои не се во можност целосно да се грижат за себе или кои не сакаат да живеат сами.

Оваа поткласа вклучува:
- активности за резиденцијална и социјална помош што се вршат деноноќно за посебни категории лица, под услов медицинскиот третман или образованието да не се суштински елементи:
   • сиропиталишта
   • детски интернати и хостели
   • резиденцијални услуги за бездомници, бегалци, имигранти итн.
   • други активности за резиденцијална поддршка на семејствата

Овие дејности обично ги вршат државни органи или приватни организации.
Оваа поткласа исто така вклучува:
- активности на:
   • групни домови за лица со социјални или лични проблеми за повторно интегрирање во општеството
   • домови за деликвенти и престапници за повторно интегрирање во општеството
   • поправни домови за малолетници

Оваа поткласа исклучува:
- финансирање и управување со програмите за задолжително социјално осигурување, види 84.30
- активности на установи за резиденцијална нега, види 87.10
- обезбедување услуги за резиденцијална нега и рехабилитација за лица со дијагностицирана ментална болест, види 87.20
- активности за резиденцијална нега за лица со интелектуална попреченост, види 87.20
- активности за резиденцијална грижа за постари лица или лица со телесен инвалидитет, види 87.30
- активности за дневен престој на деца, види 88.91
- активности за услуги за посвојување, види 88.99

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потткласа | НАЗИВ |
|---|---|
| 88 | **Дејности на социјалната заштита без сместување** |
| | Овој оддел вклучува разни видови социјална заштита за корисниците. Дејностите во овој оддел не вклучуваат сместување, освен привремените сместувалишта. |
| 88.1 | **Дејности на социјалната заштита без сместување за стари лица или лица со попреченост** |
| 88.10 | **Дејности на социјалната заштита без сместување за стари лица или лица со попреченост** |
| 88.100 | **Дејности на социјалната заштита без сместување за стари лица или лица со попреченост** |
| | Оваа потткласа вклучува:<br>- работа на социјални установи, советувачки дејности, социјална работа, упатување и слични услуги што се наменети за стари и изнемоштени лица во нивните домови или на друго место, кои ги спроведуваат државни или приватни организации, национални или локални организации за самопомош, како и специјалисти што обезбедуваат советодавни услуги:<br>• посета на стари лица и лица со попреченост<br>• дејности на дневна грижи за стари лица и лица со попреченост<br>• стручна рехабилитација и оспособување лица со интелектуална и/или телесна попреченост, со тоа што образовната компонента е ограничена<br>Оваа потткласа исто така вклучува:<br>- активности на негуватели (домашна помош)<br>- услуги за домашна нега<br>- услуги за домашна помош, како што се извршување домашни работи, што им се пружаат на лица со дијагноза на привремено здравствено нарушување<br>Оваа потткласа исклучува:<br>- дејности што се вклучени во задолжителното социјално осигурување, види 84.30<br>- дејности слични на оние што се опишани во оваа потткласа, но со вклучено сместување, види 87.30<br>- дејности на дневна грижа за деца со попреченост, види 88.91 |
| 88.9 | **Останати дејности на социјалната заштита без сместување** |
| 88.91 | **Дејности за дневна социјална заштита на деца** |
| 88.910 | **Дејности за дневна социјална заштита на деца** |
| | Оваа потткласа вклучува:<br>- активности за дневно згрижување деца во приватни домови или дневни центри<br>- активности за нега по училиште<br>Оваа потткласа исто така вклучува:<br>- активности за дневно згрижување деца со попреченост |

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потклаcа | | НАЗИВ |
|---|---|---|
| 88.99 | | **Останати дејности на социјалната заштита без сместување, н.д.м.** |
| | 88.990 | **Останати дејности на социјалната заштита без сместување, н.д.м.** |

Оваа потклаcа вклучува:
- услуги за социјална помош, советување, бегалци, упатувања и слични дејности наменети за поединци и семејства во нивните домови или на друго место што ги вршат државни и приватни институции, хуманитарни организации и национални или локални служби за самопомош, како и специјалисти што обезбедуваат советодавни услуги:
  • социјална заштита и советодавни дејности за деца и младинци
  • дејност на посвојување, старателство, згрижувачко семејство, дејности за спречување злоупотреба на деца и други лица
  • советувања за домашниот буџет, фамилијарни или брачни советувалишта, услуги за кредитни или дебитни совети
  • дејности на месните и соседските заедници
  • дејности околу згрижување жртви од елементарни непогоди, бегалци, имигранти итн.
  • професионална рехабилитација и оспособување невработени лица, со тоа што образовната компонента е ограничена
  • утврдување на правото за доделување социјална помош, помош за намирување на трошоците за стан или купони за набавка на храна
  • дневна и привремена помош и згрижување бездомници и други социјално загрозени групи
  • добротворна дејност како што е формирањето фондови и други видови помош наменети за социјална заштита
  • активности за културно и интеркултурно посредување за лица што се соочуваат со тешкотии во интеграцијата во општеството и пазарот на трудот, отстранување на социјалната маргинализација на децата и младинците, рехабилитација на возрасни и малолетни лица во затвор, на условна казна и надвор од затвор и реинтеграција на возрасните во активен живот
  • активности за преселување бегалци во трети земји

Оваа потклаcа исклучува:
- активности за правно посредување, види 69.10
- финансирање и управување со програмите за задолжително социјално осигурување, види 84.30
- активности слични на активностите опишани во оваа потклаcа, но кои вклучуваат сместување, види 87.99

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Поткласа | НАЗИВ |
|---|---|

**S/O** **УМЕТНОСТ, СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА**

Овој сектор вклучува широк спектар на дејности за задоволување на различните културни, спортски и рекреативни интереси на населението и вклучува настапи во живо, забава, дејност на локалитети со културно и природно наследство, игри на среќа.
Овој сектор вклучува и услуги што овозможуваат забавни настани и настапи во живо.

**90** **Уметничко творештво и изведувачки уметности**

Овој оддел вклучува дејности на уметничко творештво и изведувачки уметности и работа на објекти и давање услуги за задоволување на културните и забавните интереси на населението. Ова вклучува продукција, промоција и учество на настапи во живо, јавни настани и изложби; обезбедување уметнички, креативни и технички вештини за продукција на уметнички производи, настапи во живо и настани.
Овој оддел исклучува:
- продукција/дистрибуција на филм и видео, види 59.11, 59.12, 59.13
- проекција на филм, види 59.14
- радио и телевизиско емитување, види 60.10, 60.20
- фотографски активности, види 74.20
- културно образование (неакадемска настава за свирење инструменти, сликање, актерство, танцување итн.), види 85.52
- работа на музеи од секаков вид, археолошки и историски локалитети и споменици, библиотеки, архиви, ботанички и зоолошки градини; зачувување историски локалитети; активности на природните резервати, види оддел 91
- конзервација и реставрација на културното наследство, види 91.30
- активности за коцкање и обложување, види 92.00
- спортски, забавни и рекреативни активности, види оддел 93

**90.1** **Уметничко творештво**

Оваа група вклучува дејности на книжевно творештво, музичко компонирање, визуелна уметност и сродни активности

**90.11** **Литературно и музичко творештво**

**90.110** **Литературно и музичко творештво**

Оваа поткласа вклучува:
- дејности на писатели, за сите теми, вклучително и фикција итн.
- музичко компонирање
- пишување текстови и состави за трети лица
- дејности на пишување сценарија
- дејности на новинари, чија содржина ја објавува трето лице
- дејности на блогери, чија содржина ја објавува трето лице
Оваа поткласа исто така вклучува:
- техничко пишување
Оваа поткласа исклучува:
- (ре)продукција, дистрибуција на книги и музика, види сектор J/S
- преведувачи што работат на уредување книги, види 74.30
- активности на независни музичари и актери што учествуваат во видео и аудиовизуелни содржини од секаков вид, види 90.20

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потткласа | | | | | НАЗИВ |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | 90.12 | | **Визуелни уметности** |
| | | | | 90.120 | **Визуелни уметности** |

Оваа поткласа ги вклучува активностите на создавање и производство на дела од визуелните уметности.

Оваа поткласа вклучува:
- дејности на самостојни уметници, на пр., скулптори, сликари, карикатуристи, калиграфи, гравери, бакроресци
- создавање дигитални форми на визуелна уметност
- создавање уметност со светлосни инсталации

Оваа поткласа исклучува:
- изработка на статуи, освен уметнички оригинали, види 23.70
- продукција на филм и видео, види 59.11, 59.12
- работа на кина, види 59.14
- фотографски активности, види 74.20
- активности на лични театарски или уметнички агенти или агенции, види 74.99
- активности на кастинг-агенции и агенти, види 78.10
- услужни дејности за посредување за билети за театарски претстави, спортски и забавни настани, види 82.40
- кореографски активности, види 90.13
- создавање и презентација на светлосни и звучни претстави, види 93.29

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | 90.13 | | **Останато уметничко творештво** |
| | | | | 90.130 | **Останато уметничко творештво** |

Оваа поткласа вклучува:
- кореографски дејности

Оваа поткласа исклучува:
- реновирање, обновување, реконструкција и доградба на историски и археолошки локалитети и згради, види 43.99
- работа на музеи од сите видови, види 91.21
- поправка на мебел што не се смета за културно наследство и нема историска вредност, види 95.24

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | 90.2 | | | **Изведувачки уметности** |
| | | | 90.20 | | **Изведувачки уметности** |
| | | | | 90.200 | **Изведувачки уметности** |

Оваа поткласа вклучува дејности на изведувачките уметности и сродните дејности.

Вклучува:
- сценски продукции во живо (театарски изведби, концерти, опера, танц и друго):
  • дејности на изведувачки групи, циркуси или друштва, оркестри или бендови
  • дејности на изведувачки уметници, на пр., актери (вклучувајќи стенд-ап комичари), танчери, музичари (вклучувајќи дејности на самостојни музичари), диригенти

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потклаcа | НАЗИВ |
|---|---|
| | Оваа потклаcа исто така вклучува:<br>- активности на фотомодели<br>- активности на самостојни музичари и актери што се појавуваат во видео и аудиовизуелни содржини од секаков вид<br>- работа на објекти за изведувачки уметности за сопствен ансамбл<br>- активности на инфлуенсери што се појавуваат во видеоблогови објавени од трето лице<br>Оваа потклаcа исклучува:<br>- објавување текстови и фотографии и други содржини без видео од инфлуенсери или блогери, види 58.19<br>- производство на видео и аудиовизуелни содржини, вклучувајќи видеоблогови, види 59.11<br>- активности на лични театарски или уметнички агенти или агенции, види 74.99<br>- активности на кастинг-агенции и агенти, види 78.10<br>- активности на блогери што не објавуваат сопствена содржина, види 90.11 |
| **90.3** | **Помошни дејности во уметничкото творештво и изведувачките уметности** |
| | Оваа група вклучува помошни дејности за уметничко творештво и изведувачки уметности. Вклучува помошни дејности за продукција на театарски, оперски и балетски претстави, мјузикли, настани и друго, дејности на продуценти на уметнички претстави. |
| **90.31** | **Работење на објекти за уметнички настани** |
| **90.310** | **Работење на објекти за уметнички настани** |
| | Оваа потклаcа вклучува:<br>- работа на уметнички објекти, на пр., концертни сали, театарски сали, културни центри<br>- работа на уметнички објекти за поддршка на визуелното уметничко творештво<br>Оваа потклаcа исто така вклучува:<br>- работа на музички простории, музички клубови и слични објекти за настапи во живо<br>Оваа потклаcа исклучува:<br>- продажба на мало на слики и скулптури (активности на комерцијални уметнички галерии), види 47.69<br>- активности на барови, пабови и слични објекти што претежно служат пијалаци, кои може да вклучуваат жива музика и танцови активности, види 56.30<br>- работа на кина, види 59.14<br>- услужни дејности за посредување за билети за театарски претстави, спортски и забавни настани, види 82.40<br>- работа на уметнички објекти за сопствен ансамбл, види 90.20<br>- работа на музеи од сите видови, види 91.21<br>- работа на подиуми за танцување и сали за бал каде што послужувањето пијалаци не е главната активност, види 93.29 |
| **90.39** | **Останати помошни дејности во уметничкото творештво и изведувачките уметности** |
| **90.390** | **Останати помошни дејности во уметничкото творештво и изведувачките уметности** |

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Поткласа | НАЗИВ |
| --- | --- |
| | Оваа потклаcа вклучува:<br>- помошни дејности на изведувачките уметности за производство на сценски настапи во живо, на пр., театарски претстави, концерти, опера, танц, други сценски продукции:<br>• дејности на продуценти, сценографи, дизајнери, сценски работници, инженери за осветлување итн.<br>- организација на културно-забавни настани, на пр., филмски фестивали, музички и танцови фестивали<br>- активности на филмски и театарски режисери, драматурзи, филмски промотори и креатори на програми<br>Оваа потклаcа исто така вклучува:<br>- активности на продуценти или промотори на уметнички настани во живо<br>- техничко планирање, набавка, поставување и работа на аудиовизуелна опрема и специјални ефекти поврзани со организација на уметнички настани<br>Оваа потклаcа исклучува:<br>- производство на филмови, вклучително и дигитална дистрибуција, за директна проекција во киносали или за емитување или стриминг, види 59.1<br>- емитување настапи и настани во живо, види 60.20<br>- активности на лични театарски или уметнички агенти или агенции, види 74.99<br>- активности на кастинг-агенции и агенти, види 78.10<br>- организација на конференции, конвенции и саеми, види 82.30<br>- активности на продуценти или промотори на спортски настани, со или без објекти, види 93.19<br>- активности на изведувачки уметници и групи, види 90.20<br>- техничко планирање, набавка, поставување и работа на аудиовизуелна опрема и специјални ефекти поврзани со организација на неуметнички настани, види 93.29 |
| **91** | **Библиотеки, архиви, музеи и останати културни дејности** |
| | Овој оддел вклучува дејности на библиотеките и архивите; дејност на музеите од сите видови, збирки на наследство од секаков вид, вклучувајќи библиотечни и архивски документи, ботанички и зоолошки градини, дејност на археолошки и историски локалитети или објекти и дејност на природните резервати.<br>Овие активности вклучуваат идентификација, собирање, попис, конзервација-реставрација и посредување на културно или природно, материјално и нематеријално наследство.<br>Исто така, вклучува и заштита и изложување на предметите, местата и природните вредности од историски, културен и едукативен интерес (на пр., знаменитости од светски интерес итн.). |

Овој оддел исклучува:
- производство на музички инструменти, види 32.20
- реновирање, обновување, реконструкција и доградба на историски и археолошки локалитети и згради, види 43.99
- продажба на мало на слики и скулптури (активности на комерцијални уметнички галерии), види 47.69
- продажба на мало на половни стоки, види 47.79
- активности за транспорт и складирање, види оддел 52
- дејности на осигурување, види оддел 66
- архитектонски активности за поддршка на конзервација и реставрација на имотите на културно наследство, види 71.11
- истражувачки активности, конзерваторски науки посветени на културното наследство, види оддел 72
- активности на туристички водичи и предавачи, види 79.90
- спортски, забавни и рекреативни активности, на пр., работа на плажи за капење и рекреативни паркови, види оддел 93
- поправка на музички инструменти што не се сметаат за културно наследство и немаат историска вредност, види 95.29

**91.1 Дејности на библиотеки и архиви**

Оваа група вклучува дејности поврзани со управување, грижа, чување и проценка на библиотеки и архиви.

Оваа група вклучува:
- документарна и информативна дејност на библиотеки и архиви од секаков вид, вклучително и простории за читање, слушање и гледање, библиотечни и архивски услуги за пошироката јавност или за одредени групи, на пр., студенти, научници, службеници
- работа на јавни архиви (на државно, регионално или локално ниво) или на приватни архиви (архиви на уметници, историчари, писатели итн.)
- организација на библиотечни збирки, без разлика дали се или не се специјализирани за каталогизирање збирки
- позајмување и складирање книги, мапи, периодични списанија, филмови, плочи, ленти, уметнички дела, архиви итн.
- пронаоѓање материјали за одговарање на барањата за информации итн.
Оваа група исклучува:
- конзервација и реставрација на културното наследство, види 91.30

**91.11 Дејности на библиотеки**

**91.110 Дејности на библиотеки**

Оваа потткласа вклучува:
- документарна и информативна дејност на библиотеки од секаков вид (вклучувајќи дигитални библиотеки), простории за читање, слушање и гледање:
  • организација на збирки, без разлика дали се специјализирани или не
  • каталогизирање збирки
  • позајмување и складирање книги, мапи, периодични списанија, филмови, плочи, ленти, уметнички дела итн.
  • пронаоѓање материјали за одговарање на барањата за информации итн.
Оваа потткласа исклучува:
- конзервација и реставрација на културното наследство, види 91.30

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потткласа | НАЗИВ |
|---|---|
| 91.12 | **Дејности на архиви** |
| 91.120 | **Дејности на архиви** |

Архивските дејности ги вклучуваат дејностите што ги вршат архивските служби од сите видови, за градење, складирање, класифицирање, физички или дигитални архивски збирки и нивно доставување до пошироката јавност или до одредена категорија корисници.

Оваа потткласа вклучува:
- дејности на јавните архиви што обезбедуваат услуги за пошироката јавност или за посебна група корисници, на пр., студенти, научници, вработени, членови, како и работа на државните архиви
- дејности поврзани со прибирање архивски материјал
- дејности поврзани со идентификација, попис, опис и класификација на архивски материјал
- дејности поврзани со безбедноста и одржувањето на архивските предмети (следење на санитарната состојба и климатските услови, безбедност, рехабилитација)
- дејности поврзани со прикажување на архивите на јавноста на самото место или од далечина
- дигитализација на архивски документи за дигитални архивски збирки

Оваа потткласа исто така вклучува:
- архивирање секаков вид документи (во хартиена или во електронска форма)

Оваа потткласа исклучува:
- трговија на мало со ракописи, види 47.69
- складирање датотеки со податоци, види 63.10
- дигитализација на датотеки (поврзани со понатамошна обработка на податоци), види 63.10
- дигитализација на датотеки (без друга поврзана активност), види 82.10
- конзервација и реставрација на културното наследство, види 91.30

| | |
|---|---|
| 91.2 | **Дејности на музеи, збирки, историски локалитети и споменици на културата** |

Оваа група вклучува работење, управување, грижа, зачувување, изложување и проценка на културното наследство: материјално, нематеријално и дигитално, во широк спектар на видови збирки (приватни и јавни). Вклучува дејности што се однесуваат на локалитети на културно наследство како резултат на човечка интервенција во нивната околина, од пејзажи до градини, од историски и археолошки локалитети до згради.

Оваа група исклучува:
- реновирање, обновување, реконструкција и доградба на историски и археолошки локалитети и згради, види 43.99
- продажба на мало на слики и скулптури (активности на комерцијални уметнички галерии), види 47.69
- помошни архитектонски активности за конзервација и реставрација на културното наследство, види 71.11
- активности поврзани со конзервација и реставрација на културното наследство, види 91.30

| Сектор Оддел Група Класа Потклаcа | | | НАЗИВ |
|---|---|---|---|
| | 91.21 | | **Дејности на музеи и збирки** |
| | | 91.210 | **Дејности на музеи и збирки** |

Оваа потклаcа вклучува:
- работење, управување, грижа, зачувување, проценка и изложба на музејски колекции од секаков вид:
  • музеи или уметнички музеи; музеи за применета уметност и дизајн (на пр., за накит, мебел, костими, керамика, сребрени изработки)
  • природонаучни, технолошки и историски музеи (вклучително и воени музеи)
  • други специјализирани музеи
- музеи на отворено, екомузеи, дигитални и виртуелни музеи
- збирки во историски куќи и национални галерии; центри за толкување етнографска, религиозна и народна уметност (на локално или на регионално ниво)
- дејности на уметнички галерии, изложување уметнички дела (што не се за продажба)

Оваа потклаcа исклучува:
- продажба на мало на слики и скулптури (активности на комерцијални уметнички галерии), види 47.69
- библиотечни активности, види 91.11
- архивски активности, види 91.12
- конзервација и реставрација на културното наследство, види 91.30
- поправка на мебел што не се смета за културно наследство и нема историска вредност, види 95.24

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 91.22 | | **Дејности на историски локалитети и споменици на културата** |
| | | 91.220 | **Дејности на историски локалитети и споменици на културата** |

Оваа потклаcа вклучува работа и зачувување на места на културно наследство како резултат на човечка интервенција во нивната околина, од пејзажи до градини, од објекти до локалитети (природно наследство и историски градби).

Оваа потклаcа вклучува:
- работа и зачувување на историски локалитети и објекти
- работа и зачувување на археолошки локалитети отворени за посетители

Оваа потклаcа исклучува:
- реновирање, обновување, реконструкција и доградба на историски и археолошки локалитети и објекти, види 43.99
- конзервација и реставрација на културното наследство, види 91.30
- помошни архитектонски активности за конзервација и реставрација на културно наследство, види 71.11
- археолошки ископувања, види 72.20

| | | | |
|---|---|---|---|
| 91.3 | | | **Конзерваторски, реставраторски и други помошни дејности од областа на културното наследство** |
| | 91.30 | | **Конзерваторски, реставраторски и други помошни дејности од областа на културното наследство** |
| | | 91.300 | **Конзерваторски, реставраторски и други помошни дејности од областа на културното наследство** |

Оваа потклаcа вклучува:
- конзервација и реставрација на историски и археолошки добра од сите видови материјали, без разлика дали се движни или недвижни.

Оваа потткласа исто така вклучува:
- консултации за конзервација и реставрација на културното наследство
- активности неопходни за дигитализација на културното наследство, на пр.:
  • собирање информации и податоци потребни за создавање виртуелни реплики

Оваа потткласа исклучува:
- реновирање, обновување, реконструкција и доградба на историски и археолошки локалитети и објекти, види 43.99
- помошни архитектонски активности за конзервација и реставрација на културно наследство, види 71.11
- наука за конзервација (истражувачки и развојни активности посветени на културното наследство), види оддел 72
- археолошки ископувања, види 72.20
- поправка на мебел што не се смета за културно наследство и нема историска вредност, види 95.24
- поправка на музички инструменти што не се сметаат за културно наследство и немаат историска вредност, види 95.29

**91.4 Дејности на ботанички и зоолошки градини и природни резервати**

**91.41 Дејности на ботанички и зоолошки градини**

**91.410 Дејности на ботанички и зоолошки градини**

Оваа потткласа вклучува:
- работа на ботанички и зоолошки градини, вклучително и детски зоолошки градини
- работа на аквариуми

Оваа потткласа исклучува:
- пејзажни и градинарски активности, види 81.30
- дејности на спортски лов и риболов, види 93.19

**91.42 Дејности на природни резервати**

**91.420 Дејности на природни резервати**

Оваа потткласа вклучува:
- работа на природни резервати, вклучително и зачувување на дивиот свет итн.
- услуги за зачувување и одржување на националните паркови, природни паркови и резервати

Оваа потткласа исклучува:
- дејности за заштита или обновување земјоделско земјиште, види оддел 01
- дејности за заштита или обновување шумско земјиште, види оддел 02
- дејности за заштита или обновување на околината (на пр., паркови, градини), види 81.30
- дејности на спортски лов и риболов, види 93.19

**92 Дејности на игри на среќа**

Овој оддел го вклучува работењето на објектите за коцкање, на пр., казина, бингосали, електронски апарати за коцкање и услуги за игри на среќа, на пр., лотарии, онлајн обложување на трки со коњи и кучиња. Овие активности за коцкање и обложување може да се вршат во објекти за коцкање или онлајн.

Овој оддел исклучува:
- апарати за игри што работат со монети, види 93.29

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потокласа | НАЗИВ |
|---|---|
| 92.0 | **Дејности на игри на среќа** |
| 92.00 | **Дејности на игри на среќа** |
| 92.000 | **Дејности на игри на среќа** |

Оваа потокласа вклучува активности за коцкање и обложување, на пр.:
- обложување и други обложувачки дејности
- онлајн обложување на трки со коњи и кучиња
- работа на казина, вклучително и пловечки казина
- продажба на лотариски лозови
- апарати за коцкање што работат со монети
- претплата на квиз-апликации со награди
- спортско обложување
- игри со карти како обложувачка активност
- коцкарски или лотариски игри

Оваа потокласа исклучува:
- работа на клубови за игри со карти, на пр., бриџклубови, види 93.12

**93 Спортски, забавни и рекреативни дејности**

Овој оддел вклучува спортски дејности од секаков вид физичка активност што се врши повремено или на организиран начин за да се изрази и подобри физичката подготвеност и менталната благосостојба и да се воспостават социјални врски или да се постигнат резултати на натпревари на сите нивоа.

Овој оддел вклучува забавни и рекреативни дејности.
Овој оддел вклучува и:
- организација на спортски настани

Овој оддел исклучува:
- драмски уметности, музика, други уметности и забава, на пр., продукција на театарски претстави во живо, концерти, оперски или танцови продукции, други сценски продукции, види оддел 90.
-дејност на музеите од сите видови, археолошки и историски локалитети или објекти, библиотеки, архиви, ботанички и зоолошки градини; зачувување историски локалитети; дејности на природните резервати, види оддел 91

**93.1 Спортски дејности**

Оваа група го вклучува работењето на спортски објекти; дејности на спортски тимови или клубови што првенствено учествуваат во спортски настани во живо; самостојни спортисти што учествуваат во живи спортски или тркачки настани; дејности поврзани со тренирање животни за спорт или забава; спортски тренери што вршат специјализирани услуги за поддршка на учесниците на спортски настани или натпревари; оператори на арени и стадиони; други активности за организирање, промовирање или управување со спортски настани н.д.м.

Оваа група исклучува:
- спортски и рекреативни едукативни активности, види 85.51

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потклаcа | НАЗИВ |
|---|---|
| 93.11 | **Работа на спортски објекти** |
| 93.110 | **Работа на спортски објекти** |

Оваа потклаcа вклучува:
- работа на објекти за спортски настани на отворено или во затворен простор (отворени, затворени или покриени, со или без седишта за гледачи)
- организирање и управување со спортски настани на отворено или во затворен простор, за професионалци или аматери, од страна на организации во сопствени објекти (освен од спортски клубови)

Оваа потклаcа исто така вклучува:
- обезбедување и управување персонал за стопанисување со овие објекти
- обезбедување опрема за стопанисување со овие објекти
- работа на спортски области, вклучувајќи жичници, ски-лифтови итн.
- управување спортски површини на отворено
- локални спортски иницијативи

Оваа потклаcа исклучува:
- транспорт со жичници и ски-лифтови, вклучувајќи подготовка на скијачки патеки, види 49.34
- изнајмување опрема за рекреација и спорт, види 77.21
- организација и управување спортски настани на отворено или во затворен простор за професионалци или аматери, од страна на спортски клубови, види 93.12
- активности на објекти за фитнес, види 93.13
- организација и управување спортски настани на отворено или во затворен простор за професионалци или аматери, од страна на организации (освен спортски клубови) без сопствени капацитети, види 93.19
- дејности во паркови и на плажи, види 93.29

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потклаcа | НАЗИВ |
|---|---|

**93.12** **Дејности на спортски клубови**

**93.120** **Дејности на спортски клубови**

Оваа поткласа ги вклучува активностите на спортските клубови, без разлика дали се професионални, полупрофесионални или аматерски, кои им даваат можност на своите членови да се занимаваат со спортски активности.

Спортските клубови вообичаено се непрофитни субјекти, но нивното вклучување во спортскиот сектор е оправдано од нивната претежна дејност (промоција на спортот). Дејностите на едукација, обука, продажба на рекламен простор, давање клупски услуги, во овој контекст, се помошни активности, кои може да имаат доминантна улога од економски аспект, но кои се клучни во однос на претежната дејност.

Оваа поткласа вклучува:
- работа на спортски клубови, на пр.:
  - фудбалски клубови
  - клубови за куглање
  - пливачки клубови
  - клубови за голф
  - боксерски клубови
  - клубови за зимски спортови
  - шаховски клубови
  - клубови за атлетика
  - стрелачки клубови
  - клубови за е-спорт
  - клубови за игри со карти, на пр., бриџ-клубови

Оваа поткласа исто така вклучува:
- организација и функционирање на спортски настани на отворено или во затворено за професионалци или аматери од спортски клубови
- обезбедување клупски услуги од спортски клубови
- спортски тренинзи во спортски клубови

Оваа поткласа исклучува:
- спортска обука од индивидуални наставници, тренери, види 85.51
- работа на спортски објекти, види 93.11
- активности на индивидуални спортисти, судии, мерачи на време итн., за сопствена сметка, види 93.19
- активности на индивидуална учесници во е-спортови за сопствена сметка, види 93.19
- активности на спортски федерации, види 93.19

**93.13** **Дејности на фитнес-центри**

**93.130** **Дејности на фитнес-центри**

Оваа поткласа вклучува:
- активности на фитнес-клубови
- активности на студија за јога
- активности на студија за пилатес
- активности на студија за таи чи

Оваа потккласа исто така вклучува:
- обука во фитнес-клубови, студија за јога и слични објекти

Оваа потккласа исклучува:
- спортска обука од индивидуални наставници/тренери, види 85.51

**93.19 Спортски дејности, н.д.м.**

**93.190 Спортски дејности, н.д.м.**

Оваа потккласа вклучува:
- дејности на продуценти на спортски настани, со или без објекти
- дејности на индивидуални спортисти, судии, мерачи на време итн., за сопствена сметка
- дејности на индивидуални учесници во е-спортови, за сопствена сметка
- дејности на спортски федерации, спортски лиги и спортски управни тела
- дејности поврзани со промоција на спортски настани
- дејности на штали и одгледувачници за тркачки коњи и кучиња
- дејности на спортски лов и риболов
- дејности на планинарски водичи
- помошни дејности за спортски или рекреативен лов и риболов
- работа на вертикални, аеродинамични ветерни тунели
- дејности поврзани со обука на животни за спорт или забава
- организирање и управување со спортски настани на отворено или во затворен простор, за професионалци или аматери, од страна на организации (освен спортски клубови), без сопствени капацитети

Оваа потккласа исклучува:
- емитување настапи и настани во живо, види 60.20
- изнајмување спортска опрема, види 77.21
- организација на конференции, конвенции и саеми, види 82.30
- спортска настава во кампови или училишта, види 85.51
- активности на спортски инструктори, наставници, тренери, види 85.51
- обука за игри со карти, види 85.51
- техничко планирање, набавка, поставување и работа на аудиовизуелна опрема и специјални ефекти поврзани со организација на уметнички настани, види 90.39
- обезбедување персонал и опрема како дел од организацијата и управувањето со спортски настани (освен спортски клубови) со сопствени објекти, види 93.11
- работа на клубови за е-спортови, види 93.12
- организација и управување со спортски настани на отворено или во затворен простор, за професионалци или аматери, од спортски клубови, види 93.12
- техничко планирање, набавка, поставување и работа на аудиовизуелна опрема и специјални ефекти поврзани со организација на неуметнички настани, види 93.29
- активности во паркови и на плажи, види 93.29

**93.2 Забавни и рекреативни дејности**

Оваа група вклучува широк опсег на единици што управуваат со објекти или нудат услуги за задоволување на различните рекреативни интереси на населението. Ова вклучува работа на различни атракции, на пр., механички реквизити, водни реквизити, игри, претставиi, тематски изложби и излетнички терени.

Оваа група исклучува:
- драмски уметности, музички и други уметности, види оддел 90
- спортски активности, види 93.1
- активности поврзани со инфраструктурата и објектите за спорт (на пр., базени, игралишта), види 93.11

| Сектор / Оддел / Група / Класа | Потккласа | НАЗИВ |
|---|---|---|
| 93.21 | | **Дејности на забавни и тематски паркови** |
| | 93.210 | **Дејности на забавни и тематски паркови** |

Оваа потклаcа ги вклучува активностите на забавните и тематските паркови што се карактеризираат со постојани забавни елементи, на пр., механички реквизити, вртелешки, игри, стрелишта, претстави, тематски изложби, излетнички терени што ги нуди централен оператор. Овие паркови обично се наоѓаат во структурно ограничени области за кои клиентите мора да платат влез.

Оваа потклаcа исто така вклучува:
- активности на аква/водени паркови

Оваа потклаcа исклучува:
- дејности на коцкање или игри на среќа, види 92.00
- работа на механички реквизити, игри и претстави од самостојни оператори, на пр., на саеми, народни фестивали, божикни пазари, види 93.29

| | | |
|---|---|---|
| 93.29 | | **Забавни и рекреативни дејности, н.д.м.** |
| | 93.290 | **Забавни и рекреативни дејности, н.д.м.** |

Оваа потклаcа вклучува активности поврзани со забава и рекреација (освен забавни и тематски паркови) што не се класифицирани на друго место:
- апарати за игри што работат со монети
- изнајмување опрема за одмор и рекреација како составен дел на рекреативните објекти
- работа на механички реквизити, игри и претстави од самостојни оператори, на пр., на саеми, фестивали, божикни пазари
- активности на плажите, вклучително и изнајмување објекти и предмети, на пр., бањи, лежалки за плажа и чадори
- активности на самостојни аниматори во забавно-рекреативни објекти
- работа на подиуми за танцување и салони за бал каде што послужувањето пијалаци не е главна активност
- работа на компјутерски простории за играње компјутерски игри
- работа на забавни уреди со самопослужување, на пр., столчиња за клацкање/коњи/автомобили/вселенски бродови
- работа на терени за ерсофт и пејнтбол
- работа на игри со виртуелна реалност или геолокација
- забавни и рекреативни активности во марини
- работа на сали за билјард
- работа на соби за бегство
- работа на сали за куглање
- создавање и прикажување светлосни и звучни претстави
- активности на водичи за подводни екскурзии
- создавање и прикажување претстави со огномет
- работа на излетнички терени
- работа на ласерски игри
- забавни активности во пензионерски домови

Оваа потклаcа исто така вклучува:
- активности на продуценти или организатори на забавни и рекреативни настани во живо, со или без објекти
- техничко планирање, набавка, поставување и работа на аудиовизуелна опрема и специјални ефекти поврзани со организација на неуметнички настани

| | |
| --- | --- |
| | Оваа поткласа исклучува:<br>- транспорт со жичници и ски-лифтови, вклучувајќи и подготовка на скијачки патеки, види 49.34<br>- риболовни излети, види 50.10, 50.30<br>- обезбедување простор и капацитети за краток престој на посетители во рекреативни паркови, шуми и кампови, види 55.30<br>- рекреативни кампови, кампови за лов и риболов, види 55.30<br>- мобилни услужни активности за храна, види 56.12<br>- активности на персонал за обезбедување за настани, концерти, саеми и изложби, види 80.01<br>- организација на конференции, конвенции и саеми, види 82.30<br>- обезбедување услуги за настани, саеми и изложби што се дел од активностите за јавен ред и безбедност, види 84.24<br>- театарски и циркуски групи, види 90.20<br>- работа на уметнички објекти, на пр., концертни сали, театарски сали, музички простори, музички клубови и слични објекти за изведби во живо, види 90.31<br>- техничко планирање, набавка, поставување и работа на аудиовизуелна опрема и специјални ефекти поврзани со организација на уметнички настани, види 90.39<br>- дејности на коцкање или игри на среќа, види 92.00<br>- работа на спортски објекти, на пр., базени, лизгалишта, види 93.11<br>- активности на клубови за спортови на вода (кану, едрење, веслање итн.), види 93.12<br>- активности на забавни и тематски паркови, види 93.21 |

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потккласа | НАЗИВ |
|---|---|
| Т/П | **ДРУГИ УСЛУЖНИ ДЕЈНОСТИ** |
| | Овој сектор (како преостаната категорија) вклучува дејности на организации на база на зачленување, поправка на компјутери и предмети за лична употреба и за домаќинства, моторни возила и мотоцикли, како и разновидни лични услужни дејности кои не се опфатени на друго место во класификацијата. |
| 94 | **Дејности на организации врз база на зачленување** |
| | Овој оддел вклучува дејности на организации што ги претставуват интересите на специјални групи или што промовираат идеи од општ интерес. Овие организации обично имааат избрани членови, но во нивните дејности може да се вклучат и да имаат корист од нив и оние што не се членови. Примарната поделба на овој оддел е детерминирана од целите на тие организации, т.е. од интересите на работодавачите, поединците што работат за сопствена сметка (за себе) и научните заедници (група 94.1), интересите на вработените (група 94.2) или промовирањето на религиите, политиката, културата, образованието или рекреативните идеи и дејности (група 94.9). |
| 94.1 | **Дејности на деловни организации, организации на работодавци и струковни организации врз база на зачленување** |
| | Оваа група вклучува дејности на единиците што промовираат интереси на членовите на деловните организации и организациите на работодавачи.<br>Кај професионалните членски организации, оваа група, исто така, вклучува дејности на промовирање на професионалните интереси на членовите од одредена професија. |
| 94.11 | **Дејности на деловни организации и организации на работодавци врз база на зачленување** |
| 94.110 | **Дејности на деловни организации и организации на работодавци врз база на зачленување** |
| | Оваа потккласа вклучува:<br>- дејности на организации во кои интересот на членовите е концентриран кон развој и унапредување на работата на претпријатијата во одредена област на работење, во областа на трговијата или земјоделството, или за економски раст и влијание врз климата на одреден географски регион или политичко-територијална единица, без оглед на видот на деловните дејности<br>- дејности на сојузи на такви асоцијации<br>- дејности на стопанските комори, еснафски (занаетчиски) и слични организации<br>- ширење информации, претставување пред владини институции, односи со јавноста и преговарање за работата на деловните организации и организациите на работодавачите<br>Оваа потккласа исклучува:<br>- дејности на професионалните членски организации, види 94.12<br>- дејности на синдикатите, види 94.20<br>- дејности на останати членски организации н.д.м., види 94.99<br>- дејности на меѓународни организации од административна природа, види 99.00 |

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потклаcа | | | | | НАЗИВ |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | 94.12 | | **Дејности на професионални организации врз база на зачленување** |
| | | | | 94.120 | **Дејности на професионални организации врз база на зачленување** |
| | | | | | Оваа потклаcа вклучува:<br>- дејност на организаците во кои интересите на членовите првенствено се концентрирани во рамките на одредена школска подготовка или професија или во областа на техниката, како што се асоцијации од областа на медицината, правото, сметководството, асоцијации на инженери, архитекти итн.<br>- дејности на асоцијации на специјалисти од одредена област на науката, академици или асоцијации од областа на културата, како што се асоцијации на писатели, сликари, различни видови уметници, новинари итн.<br>- ширење на информации, утврдување и контрола на стандарди на работење, претставување пред владини институции, односи со јавност на професионалните организации<br>Оваа потклаcа, исто така, вклучува:<br>- дејности на здруженија од областа на науката<br>Оваа потклаcа исклучува:<br>- образовни дејности преку професионални членски организации, види оддел 85<br>- дејности на деловни организации, организации на работодавци и професионални организации врз база на зачленување, види 94.11<br>- дејности на синдикатите, види 94.20<br>- дејности на останати членски организации н.д.м., види 94.99 |
| | | 94.2 | | | **Дејности на синдикатите** |
| | | | 94.20 | | **Дејности на синдикатите** |
| | | | | 94.200 | **Дејности на синдикатите** |
| | | | | | Оваа потклаcа вклучува:<br>- промовирање на интересите на вработените организирани преку организации на работници и синдикати<br>Оваа потклаcа, исто така, вклучува:<br>- дејности на асоцијации во кои се зачленуваат вработените со цел да се изнесат ставовите во врска со платите, работните услови, како и за усогласени акции преку оваа организации<br><br>Оваа потклаcа исклучува:<br>- образовни дејности преку синдикати, види оддел 85<br>- дејности на професионалните членски организации, види 94.12 |
| | | 94.9 | | | **Дејности на други организации врз база на зачленување** |
| | | | | | Оваа група вклучува дејности на единици (освен деловни организации и организации на работодавци, професионални членски организации и синдикати) што ги промовираат интересите на нивните членови. |
| | | | 94.91 | | **Дејности на верски организации** |
| | | | | 94.910 | **Дејности на верски организации** |
| | | | | | Оваа потклаcа вклучува:<br>- дејности на верски заедници или на поединци што обезбедуваат услуги директно во цркви, џамии, храмови, синагоги или други места<br>- дејности за опремување манастири и опатии<br>- дејности на верски засолништа<br>Оваа потклаcа, исто така, вклучува:<br>- верски погребални дејности |

Оваа поткласа исклучува:
- образовни дејности преку верски организации, види оддел 85
- здравствени дејности преку верски организации, види оддел 86
- социјална работа преку верски организации, види оддели 87, 88

**94.92 Дејности на политички организации**

**94.920 Дејности на политички организации**

Оваа поткласа вклучува:
- дејности на политичките организации и помошни организации како што се младинските организации во рамките на политичките организации. Овие организации првенствено се ангажират за обезбедување влијание врз донесувањето одлуки во јавните владини инситуции со делегирање свои членови или симпатизери во политичките тела, вклучувајќи ги во ширење информации, односи со јавноста, прибирање финансиски средства и др.

**94.99 Дејности на други организации врз база на зачленување, н.д.м.**

**94.990 Дејности на други организации врз база на зачленување, н.д.м.**

Оваа поткласа вклучува:
- дејности на организации (што не се директно припоени кон политичка партија) кои работат на унапредување на дејности од јавен интерес или на укажување на одредени општествени проблеми, преку образование на јавноста, преку политичко влијание, прибирање финансиски средства и сл.:
  • протестни движења или граѓански иницијативи
  • еколошки движења и движења за заштита на животната средина
  • организации за помагање образовни и други капацитети на заедницата, неспоменати на друго место
  • организации за заштита и подобрување на состојбата на посебни групи, на пример, етнички и национални малцинства
  • патриотски здруженија, вклучувајќи и здруженија на воени ветерани
  • здруженија за унапредување на здравјето
  • здруженија за заштита на животните
  • здруженија на потрошувачи
- активности на здруженија за автомобилизам (кои не се спортски)
- здруженија за општествено зближување како што се ротари-клубови, ложи и сл.
- младински организации, здруженија за млади, на пример, здруженија на извидници, студентски организации, клубови, братства и сестринства.
- здруженија за културно-рекреативни дејности или хоби (што не спаѓаат во натпреварувачки игри и спорт), на пр., поетски, литературни и клубови за книги, историски клубови, градинарски клубови, клубови за филм и фотографија, музички и уметнички клубови, клубови на занаетчии и колекционери, општествени клубови, карневалски клубови итн.

Оваа поткласа, исто така, вклучува:
- дејности на давање донации преку членски или други организации
- активности на филантропски посредници и промоција на волонтерството
- меѓународна соработка и солидарни активности
- услужни активности за промовирање лов и траперство

| Сектор<br>Оддел<br>Група<br>Класа<br>Потткласа | НАЗИВ |
|---|---|
| | Оваа потткласа исклучува:<br>- добротворни дејности како што е прибирањето финансиски средства наменети за социјална заштита, види 88.99<br>- дејности на спортските клубови, види 93.12<br>- дејности на спортските федерации, види 93.19<br>- дејности на професионалните членски организации, види 94.12<br>- дејности на меѓународните организации според меѓународни договори помеѓу државите, види 99.00 |
| **95** | **Поправка и одржување компјутери, предмети за лична употреба и за домаќинствата и моторни возила и мотоцикли** |
| | Овој оддел вклучува поправка и одржување компјутерска периферна опрема, комуникациска опрема, електроника за широка потрошувачка, градинарска опрема, обувки и кожени производи, мебел и покуќнина, облека, спортски производи, музички инструменти и други лични и предмети за домаќинството, како и поправка и одржување моторни возила и мотоцикли.<br>Овој оддел исклучува специјализирано одржување и поправка на индустриски, комерцијални и слични машини и опрема што не ги користат домаќинствата, види оддел 33. |
| **95.1** | **Поправка и одржување компјутери и комуникациска опрема** |
| **95.10** | **Поправка и одржување компјутери и комуникациска опрема** |
| **95.100** | **Поправка и одржување компјутери и комуникациска опрема** |
| | Оваа потткласа вклучува поправка и одржување електронска опрема, на пр., компјутери и компјутерски машини, периферна и комуникациска опрема.<br><br>Оваа потткласа вклучува поправка и одржување:<br>- десктоп-компјутери<br>- лаптоп-компјутери<br>- магнетни дискови и флеш-уреди<br>- оптички дискови<br>- обнова на дискови<br>- печатачи<br>- монитори<br>- тастатури<br>- веб-камери<br>- слушалки, вклучително и безжични слушалки за во уво<br>- глувци, џојстици и додатоци за трекбол<br>- внатрешни и надворешни компјутерски модеми<br>- наменски компјутерски терминали<br>- компјутерски сервери<br>- скенери, вклучително и скенери за баркод<br>- читачи на паметни картички<br>- шлемови/сетови за виртуелна реалност<br>- компјутерски проектори<br>- безжични телефони<br>- паметни телефони и таблети<br>- опрема за телекомуникациски оператори<br>- опрема за пренос на комуникација, на пр., рутери, премостувачи, модеми<br>- двонасочни радија<br>- комерцијални ТВ- и видеокамери |

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Поткласа | | | | | НАЗИВ |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Оваа потркласа исто така вклучува:<br>- поправка и одржување компјутерски терминали како што се банкомати и терминали на продажни места (ПОС), кои не се механички управувани<br>- поправка и одржување рачни компјутери (персонални дигитални асистенти - PDA)<br>Оваа потркласа исклучува<br>- полнење касети со мастило и тонер од продавачи на мало, види 47.40<br>- поправка и одржување потрошувачка електроника, види 95.21 |
| | | 95.2 | | | **Поправка и одржување предмети за лична употреба и за домаќинствата** |
| | | | | | Оваа група вклучува поправка и одржување лични и предмети за домаќинството |
| | | | 95.21 | | **Поправка и одржување електронски уреди за широка потрошувачка** |
| | | | | 95.210 | **Поправка и одржување електронски уреди за широка потрошувачка** |
| | | | | | Оваа потркласа вклучува поправка и одржување потрошувачка електроника:<br>- поправка на електроника за широка потрошувачка:<br>• телевизиски и радиоприемници<br>• аудио- и видеоплеери<br>• видеокамери за домаќинство и фотографска опрема<br>• уреди за видеоигри |
| | | | 95.22 | | **Поправка и одржување апарати за домаќинството и опрема за домови и градини** |
| | | | | 95.220 | **Поправка и одржување апарати за домаќинството и опрема за домови и градини** |
| | | | | | Оваа потркласа вклучува поправка и сервисирање апарати за домаќинство и домашна и градинарска опрема:<br>- поправка и сервисирање апарати за домаќинство<br>• фрижидери, шпорети, машини за перење, машини за сушење облека, собни клима-уреди итн.<br>- поправка и сервисирање домашна и градинарска опрема<br>• косилки, дувалки за снег и лисја, поткаструвачи итн.<br>Оваа потркласа исклучува:<br>- поправка на рачни електрични алати и комерцијално ладење, види 33.12<br>- поправка на централни системи за климатизација, види 43.22 |
| | | | 95.23 | | **Поправка и одржување обувки и производи од кожа** |
| | | | | 95.230 | **Поправка и одржување обувки и производи од кожа** |
| | | | | | Оваа потркласа вклучува поправка и одржување обувки и кожени производи:<br>- поправка на чизми, чевли, патни торби и сл.<br>- местење потпетици на чевли<br>Оваа потркласа исклучува:<br>- дејности на чистачи на чевли, види 96.99 |
| | | | 95.24 | | **Поправка и одржување мебел и покуќнина** |
| | | | | 95.240 | **Поправка и одржување мебел и покуќнина** |
| | | | | | Оваа потркласа вклучува:<br>- ретапацирирање, доработка и поправка на мебел и покуќнина, вклучително и канцелариски мебел<br>- монтажа на самостоечки мебел |

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Поткласа | | НАЗИВ |
|---|---|---|
| 95.25 | | **Поправка и одржување часовници, рачни часовници и накит** |
| | 95.250 | **Поправка и одржување часовници, рачни часовници и накит** |

Оваа потклаcа вклучува:
- поправка на часовници, рачни часовници и нивни делови, на пр., кутии за часовници и куќишта од кој било материјал
- поправка на накит

Оваа потклаcа исклучува:
- поправка на часовници за евиденција на работното време, печати за време/датум, временски брави и слични уреди за мерење на времето, види 33.13

| | | |
|---|---|---|
| 95.29 | | **Поправка и одржување предмети за лична употреба и за домаќинствата, н.д.м.** |
| | 95.290 | **Поправка и одржување предмети за лична употреба и за домаќинствата, н.д.м.** |

Оваа потклаcа вклучува поправка и одржување лична и домашна стока:
- поправка и одржување велосипеди, електрични велосипеди, моноцикли, ховерборди, тротинети
- поправка и преправка на облека
- поправка на спортски производи (освен спортски пиштоли) и опрема за кампување
- поправка на книги
- поправка на неисториски музички инструменти
- поправка на играчки и слични производи
- поправка на други лични предмети и предмети за домаќинството
- штимање пијано
- острење ножеви
- дејности на режење клучеви

Оваа потклаcа исто така вклучува:
- гравирање на самото место

Оваа потклаcа исклучува:
- индустриско гравирање метали, види 25.53
- поправка на спортски и рекреативни пиштоли, 33.11
- поправка на рачни електрични алати, види 33.12
- клучарски дејности, види 80.09

| | |
|---|---|
| 95.3 | **Поправка и одржување моторни возила и мотоцикли** |

Оваа група вклучува поправка и одржување моторни возила и мотоцикли.

| Сектор / Оддел / Група / Класа | Потткласа | НАЗИВ |
|---|---|---|
| 95.31 | | **Поправка и одржување моторни возила** |
| | 95.310 | **Поправка и одржување моторни возила** |

Оваа поткласа вклучува:
- поправка и одржување моторни возила, вклучувајќи приколки и полуприколки, на пр.:
  - механички поправки
  - електрични поправки
  - поправка на електронски системи за вбризгување
  - обично сервисирање
  - поправка на каросеријата
  - поправка на делови од моторни возила
  - перење, полирање и сл.
  - прскање и бојадисување
  - поправка на ветробрански и останати стакла
  - поправка на седишта за моторни возила
  - услуги за поправка и дијагностика на мехатроничкиот систем
- сервисни активности за поправка, монтирање или замена на внатрешни и надворешни гуми
- третман против 'рѓа
- инсталација на делови и додатоци што не е дел од производниот процес
- поправка и одржување невоени амфибиски возила

Оваа поткласа исто така вклучува:
- поправка и одржување мобилни домови и камп-приколки

Оваа поткласа исклучува:
- репарација и обнова на гуми, види 22.11
- услуги за опремување мобилни домови и камп-приколки, види 29.20
- поправка на виљушкари и земјоделски трактори, види 33.12

| | | |
|---|---|---|
| 95.32 | | **Поправка и одржување мотоцикли** |
| | 95.320 | **Поправка и одржување мотоцикли** |

Оваа поткласа вклучува:
- поправка и одржување мотоцикли
- активности за прскање и боење мотоцикли и делови за мотоцикли
- поправка на каросеријата на мотоцикли
- миење, полирање и сл. на мотоцикли

Оваа поткласа исклучува:
- поправка и одржување велосипеди и електрични велосипеди, види 95.29

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Поткласа | НАЗИВ |
|---|---|
| 95.4 | **Дејности за посредување при поправка и одржување компјутери, предмети за лична употреба и за домаќинствата и моторни возила и мотоцикли** |
| 95.40 | **Дејности за посредување во поправка и одржување на компјутери, предмети за лична употреба и за домаќинствата и моторни возила и мотоцикли** |
| 95.400 | **Дејности за посредување во поправка и одржување на компјутери, предмети за лична употреба и за домаќинствата и моторни возила и мотоцикли** |
| | Оваа поткласа вклучува посредување во поправката и одржувањето компјутери, лични и производи за домаќинство и моторни возила и мотоцикли со поврзување на клиентите и давателите на услуги за надомест или провизија, без посредникот да ги обезбедува услугите. Овие активности за посредување може да се спроведат на дигитални платформи или преку недигитални канали (вклучувајќи лице в лице, од врата на врата, телефон, пошта итн.). Надоместокот или провизијата може да се добијат или од клиентот или од давателот на услугата за поправка и одржување. Приходите од оваа дејност на посредување може да вклучуваат други извори на приход, на пр., приходи од продажба на рекламен простор. |
| 96 | **Лични услужни дејности** |
| | Овој оддел ги вклучува сите лични услужни дејности што не се споменати на друго место во класификацијата. Имено, тука се вклучени видовите услуги, на пр., перење и (хемиско) чистење текстил и крзнени производи, фризерство, третмани за убавина, дневно спа и слични активности, погреб и сродни активности. |
| 96.1 | **Перење и чистење текстилни и крзнени производи** |
| 96.10 | **Перење и чистење текстилни и крзнени производи** |
| 96.100 | **Перење и чистење текстилни и крзнени производи** |
| | Оваа поткласа вклучува:<br>- перење и хемиско чистење, пеглање итн. на секаков вид облека (вклучувајќи крзно) и текстил, со механичка опрема, рачно или со машини за самопослужување што работат со монети, без разлика дали се наменети за општата јавност или за индустриски или комерцијални клиенти<br>- шампонирање теписи и килими, чистење драперии и завеси, без разлика дали се или не се во просториите на клиентите<br>- комбинирани услуги за изнајмување и одржување, вклучувајќи перење и чистење текстил, на пр., постелнина, работни униформи и сродни предмети<br>- услуги за перење пелени за повеќекратна употреба<br>Оваа поткласа исклучува:<br>- поправка и преправка на облека, види 95.29 |
| 96.2 | **Фризерски салони, салони за убавина, дневни спа-третмани и слични дејности** |
| 96.21 | **Дејности на фризерски салони и берберници** |
| 96.210 | **Дејности на фризерски салони и берберници** |
| | Оваа поткласа вклучува:<br>- миење коса, потстрижување и кратење, местење, боење, нијансирање, виткање, исправување и слични активности<br>- правење фризури<br>- бричење и кратење брада<br>Оваа поткласа исклучува:<br>- производство на перики, види 32.99 |
| 96.22 | **Дејности на салони за убавина и други третмани за убавина** |

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потткласа | | | | | НАЗИВ |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | 96.220 | **Дејности на салони за убавина и други третмани за убавина** |
| | | | | | Оваа потткласа вклучува активности за третман на убавина што не ги вршат медицински специјалисти (на пр., од страна на козметолози), како што се масажа на лице, маникир, педикир, трајна шминка, депилација и потемнување.<br>Оваа потткласа исклучува:<br>- дејности за естетска хирургија извршени од медицински специјалисти, види 86.22 |
| | | | 96.23 | | **Дејности на дневни спа-третмани, сауни и парни бањи** |
| | | | | 96.230 | **Дејности на дневни спа-третмани, сауни и парни бањи** |
| | | | | | Оваа потткласа вклучува:<br>- активности на турски бањи, сауни и парни бањи, дневни бањи, солариуми, салони за слабеење<br>- активности на салони за немедицинска масажа<br>Оваа потткласа исклучува:<br>- услуги за физичка благосостојба како дел од активностите за сместување, види оддел 55<br>- активности на медицинските терапевти за масажа, види 86.95<br>- активности на практичарите во областа на шиацу, тајландска масажа, вацу, туи-на чигонг, види 86.99<br>- активности на здравствени, фитнес и бодибилдинг-клубови и објекти, види 93.13 |
| | | 96.3 | | | **Погребни и слични дејности** |
| | | | 96.30 | | Погребни и слични дејности |
| | | | | 96.300 | Погребни и слични дејности |

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потокласа | НАЗИВ |
|---|---|
| | Оваа потокласа вклучува:<br>- погребување и согорување човечки или животински трупови и сродни активности:<br>• подготвување на мртвите за погреб или кремирање; балсамирање и погребни услуги<br>• обезбедување услуги за погреб или кремирање<br>• изнајмување опремен простор во капели<br>- изнајмување или продажба на гробови<br>- одржување гробови и мавзолеи<br>- транспорт на човечки останки<br>Оваа потокласа исклучува:<br>- уредување гробови, види 81.30<br>- услуги за религиозни погребни обреди, види 94.91 |
| **96.4** | **Дејности за посредување во личните услуги** |
| **96.40** | **Дејности за посредување во личните услуги** |
| **96.400** | **Дејности за посредување во личните услуги** |
| | Оваа потокласа вклучува посредување во личните услуги со поврзување на клиентите и давателите на услуги за надомест или провизија, без посредникот да ги обезбедува услугите. Овие активности за посредување може да се спроведат на дигитални платформи или преку недигитални канали (вклучувајќи лице в лице, од врата на врата, телефон, пошта итн.). Надоместокот или провизијата може да се добијат или од клиентот или од давателот на личната услуга. Приходите од активностите за посредување може да вклучуваат други извори на приход, на пр., приходи од продажба на рекламен простор. |
| **96.9** | **Останати лични услужни дејности** |
| **96.91** | **Обезбедување лични услужни дејности на домаќинствата** |
| **96.910** | **Обезбедување лични услужни дејности на домаќинствата** |
| | Оваа потокласа вклучува обезбедување низа домашни лични услужни дејности како готвење, перење, чистење и пеглање за домаќинствата во нивните домови. Кога се врши само една активност, таа се класифицира според оваа дејност.<br>Оваа потокласа исклучува:<br>- чистење згради, види 81.21<br>- услуги за домашна нега за постари лица, вклучително и услуги за нега во нивните домови, види 88.10<br>- активности за дневен престој за деца во приватни домови или во центри за дневен престој, види 88.91<br>- услуги за нега по училиште, види 88.91 |

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потклаца | | НАЗИВ |
|---|---|---|
| 96.99 | | **Останати лични услужни дејности, н.д.м.** |
| | 96.990 | **Останати лични услужни дејности, н.д.м.** |

Овие дејности претежно им се обезбедуваат на поединци.

Оваа поткласа вклучува:
- дејности на астролози и спиритуалисти
- социјални дејности, на пр., услуги за придружба, услуги за запознавање, услуги на посредување за бракови
- обезбедување или уредување сексуални услуги, организирање настани за проституција или работење на установи за проституција
- услуги за нега на домашни миленици, на пр., сместување, дотерување или тренирање домашни миленици
- функционирање на прифатилишта за напуштени домашни миленици
- генеалошки активности
- активности на студија за тетовирање и пирсинг
- активности на чистачи на чевли, носачи, паркирачи на автомобили итн.
- концесиско работење на машини на монети за лични услуги, на пр., фотокабини, ваги или шкафчиња за чување предмети
- работа на фотоавтомати за печатење фотографии од електронски записи, на пр., од телефон, мемориски картички, флеш-уреди
- запознавање и други дејности за брзо социјално вмрежување
- активности на уметници за тетоважи, користејќи биолошки супстанции, на пр., к'на, за привремена декорација
- дејности за дресирање коњи
- дејности за чување домови
- дејности на свадбени планери

Оваа поткласа исклучува:
- ветеринарни дејности, види 75.00
- дејности за чистење домови, види 81.21
- инструктори за јога или пилатес, види 85.51
- обезбедување алтернативни терапевтски услуги, на пр., хомеопатија, хиропрактика, остеопатија, кристална терапија, иридологија, кинезиологија и радионика, види 86.96
- активности на практичарите во областа на шиацу, тајландска масажа, вацу, туи-на, чигонг, види 86.99
- услуги за домашна нега за постари лица, вклучително и услуги за нега во нивните домови, види 88.10
- активности за дневен престој за деца во приватни домови или во центри за дневен престој, види 88.91
- услуги за нега по училиште, види 88.91
- работа на машини за коцкање што работат со монети, види 92.00
- работа на машини за перење што работат со монети, види 96.10

| Сектор | Оддел | Група | Класа | Потткласа | НАЗИВ |
|---|---|---|---|---|---|
| U/P | | | | | **ДЕЈНОСТИ НА ДОМАЌИНСТВАТА КАКО РАБОТОДАВАЧИ; ДЕЈНОСТИ НА ДОМАЌИНСТВАТА ШТО ПРОИЗВЕДУВААТ РАЗНОВИДНА СТОКА И ВРШАТ РАЗЛИЧНИ УСЛУГИ ЗА СОПСТВЕНИ ПОТРЕБИ** |
| | 97 | | | | **Дејности на домаќинствата како работодавачи што вработуваат послуга** |
| | | | | | Овој оддел ги вклучува само активностите на приватните домаќинства како работодавачи на домашен персонал.<br><br>Резултатот од овие активности се смета за производство во Европскиот систем на сметки (ЕСС), а за оваа цел и за одредени истражувања овој оддел е вклучен во НКД, рев. 2.1. Истите активности, ако се извршуваат од независни даватели на услуги (наспроти домашниот персонал вработен и платен од домаќинството), не се класифицирани овде: на пример, активностите за чување деца се класифицирани во потткласа 88.91, перење текстил во потткласа 96.10 и активности за лични услуги во потткласа 96.99. |
| | | 97.0 | | | **Дејности на домаќинствата како работодавачи што вработуваат послуга** |
| | | | 97.00 | | **Дејности на домаќинствата како работодавачи што вработуваат послуга** |
| | | | | 97.000 | **Дејности на домаќинствата како работодавачи што вработуваат послуга** |
| | | | | | Оваа потткласа вклучува вработување домашен персонал од страна на домаќинствата, на пр., готвачи, чистачи, градинари, возачи, чувари, бебиситерки, лични асистенти.<br><br>Тоа им овозможува на лицата вработени во домаќинства да ја наведат активноста на својот работодавач во пописи или истражувања иако работодавачот е поединец – физичко лице. Производот што произлегува од оваа дејност, односно услугата се користи од страна на домаќинството што го врши вработувањето.<br>Оваа потткласа исклучува:<br>- обезбедување лични услуги и услуги за домаќинството (на пр., чистење, пеглање, готвење, градинарство, услуги за домашна нега за издржувани лица) од даватели на услуги (профитни, непрофитни, јавни организации или самовработени), види ја соодветната потткласа според видот на услугата. |
| | 98 | | | | **Дејности на приватните домаќинства што произведуваат разновидна стока и вршат различни услуги за сопствени потреби** |
| | | | | | Овој оддел ги вклучува дејностите на домаќинствата што произведуваат разновидна стока и вршат различни услуги за сопствени потреби.<br><br>Домаќинството може да биде класифицирано тука само тогаш кога не е можно да се утврди главната дејност што ја врши домаќинството заради задоволување на своите основни потреби. Ако домаќинството е вклучено во пазарни дејности, тоа треба да се класифицира врз основа на главната пазарна дејност што ја врши. |

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Поткласа | | | НАЗИВ |
|---|---|---|---|
| 98.1 | | | **Дејности на приватните домаќинства што произведуваат разновидна стока за сопствени потреби** |
| | 98.10 | | **Дејности на приватните домаќинства што произведуваат разновидна стока за сопствени потреби** |
| | | 98.100 | **Дејности на приватните домаќинства што произведуваат разновидна стока за сопствени потреби**<br>Оваа потткласа вклучува дејности на домаќинствата што произведуваат различни стоки за сопствени потреби, односно што вршат различни дејности со кои произведуват стоки за своите основни потреби. Тие дејности вклучуваат лов и собирање плодови, полјоделство и одгледување животни (добиток), изработка на облека и други стоки што домаќинствата ги произведуваат за сопствени потреби.<br><br>Ако домаќинствата се ангажирани и во производство на стоки за на пазар, тие се класифицираат во соодветни класи на дејности во НКД. Исто така, ако тие главно се занимаваат со производство на одредена стока – тие се класифицираат во соодветна потткласа на дејност во НКД. |
| 98.2 | | | **Дејности на приватните домаќинства што вршат различни услуги за сопствени потреби** |
| | 98.20 | | **Дејности на приватните домаќинства што вршат различни услуги за сопствени потреби** |
| | | 98.200 | **Дејности на приватните домаќинства што вршат различни услуги за сопствени потреби**<br>Оваа потткласа ги вклучува дејностите на домаќинствата што извршуваат различни услуги за сопствени потреби. Овие дејности вклучуваат готвење, учење, грижа за членовите на домаќинството, други услуги што ги врши домаќинството за сопствени потреби.<br>Ако домаќинствата исто така се занимаваат со производство на повеќе стоки за своите основни потреби, тие се класифицираат во дејности на домаќинствата што произведуваат разновидна стока за сопствени потреби. |

| Сектор / Оддел / Група / Класа / Потткласа | НАЗИВ |
|---|---|
| **Сектор** | |
| **Оддел** | |
| **Група** | **НАЗИВ** |
| **Класа** | |
| **Потткласа** | |

**V/C** **ДЕЈНОСТИ НА ЕКСТРАТЕРИТОРИЈАЛНИ ОРГАНИЗАЦИИ И ТЕЛА**

**99** **Дејности на екстратериторијални организации и тела**

**99.0** **Дејности на екстратериторијални организации и тела**

**99.00** **Дејности на екстратериторијални организации и тела**

**99.000** **Дејности на екстратериторијални организации и тела**

Оваа потткласа вклучува:
- активности на меѓународните организации според меѓународните договори меѓу државите, на пр.:
 • Обединетите нации и специјализираните агенции на системот на Обединетите нации, регионалните тела
 • Меѓународниот монетарен фонд, Светската банка
 • Светската царинска организација, Организацијата за економска соработка и развој
 • Организацијата на земјите извозници на нафта, Европската асоцијација за слободна трговија
- активности на институции и тела на Европската Унија

Оваа потткласа исто така вклучува:
- активности на општи владини агенции на други земји, на пр., амбасади, конзулати, воени бази, научни бази

# КОРЕСПОНДЕНТНА ТАБЕЛА СО ВРСКИ МЕЃУ НКД РЕВ.2 И НКД РЕВ.2.1

| НКД Рев.2 | | НКД Рев.2.1 | |
|---|---|---|---|
| 01.11 | Одгледување на жита (освен ориз), мешунасти растенија и маслодајно семе | 01.110 | Одгледување жита, освен ориз, мешункасти растенија и маслодајни семиња |
| 01.12 | Одгледување на ориз | 01.120 | Одгледување ориз |
| 01.13 | Одгледување на зеленчук, дињи и лубеници, коренест и трупкаст зеленчук | 01.130 | Одгледување зеленчук, дињи и лубеници, коренест и трупчест зеленчук |
| 01.14 | Одгледување на шеќерна трска | 01.140 | Одгледување шеќерна трска |
| 01.15 | Одгледување на тутун | 01.150 | Одгледување тутун |
| 01.16 | Одгледување на растенија за предиво | 01.160 | Одгледување растенија за производство на растителни влакна |
| 01.19 | Одгледување на останати едногодишни насади и посеви | 01.190 | Одгледување други едногодишни насади и посеви |
| | | 01.130 | Одгледување зеленчук, дињи и лубеници, коренест и трупчест зеленчук |
| 01.21 | Одгледување на грозје | 01.210 | Одгледување грозје |
| 01.22 | Одгледување на тропско и суптропско овошје | 01.220 | Одгледување тропско и суптропско овошје |
| 01.23 | Одгледување на агруми | 01.230 | Одгледување агруми |
| 01.24 | Одгледување на јаболчесто и коскесто овошје | 01.240 | Одгледување јаболчесто и коскесто овошје |
| 01.25 | Одгледување на јагодесто, јаткасто и друго овошје | 01.250 | Одгледување јагодесто, јатчесто и друго овошје |
| 01.26 | Одгледување на маслодајни плодови | 01.260 | Одгледување маслодајни плодови |
| 01.27 | Одгледување на растенија за производство на пијалаци | 01.270 | Одгледување растенија за производство на пијалаци |
| 01.28 | Одгледување на зачински, ароматични и лековити растенија и на растенија за употреба во фармацијата | 01.280 | Одгледување зачински, ароматични и лековити растенија и растенија за употреба во фармацијата |
| | | 01.130 | Одгледување зеленчук, дињи и лубеници, коренест и трупчест зеленчук |
| 01.29 | Одгледување на останати повеќегодишни посеви | 01.290 | Одгледување други повеќегодишни посеви |
| 01.30 | Одгледување на саден материјал | 01.300 | Одгледување саден материјал |
| 01.41 | Одгледување на молзни крави | 01.410 | Одгледување молзни крави |
| 01.42 | Одгледување на други говеда и биволи | 01.420 | Одгледување други говеда и биволи |
| | | 01.410 | Одгледување молзни крави |
| 01.43 | Одгледување на коњи и останати сродни животни | 01.430 | Одгледување коњи и останати сродни животни |
| 01.44 | Одгледување на камили и лами | 01.440 | Одгледување камили и останати сродни животни |
| 01.45 | Одгледување на овци и кози | 01.450 | Одгледување овци и кози |
| 01.46 | Одгледување на свињи | 01.460 | Одгледување свињи |
| 01.47 | Одгледување на живина | 01.470 | Одгледување живина |
| 01.49 | Одгледување на други животни | 01.480 | Одгледување други животни |
| | | 01.470 | Одгледување живина |
| 01.50 | Мешовито фармерство | 01.500 | Мешовито земјоделство |
| 01.61 | Помошни дејности за одгледување на посеви | 01.610 | Помошни дејности за одгледување посеви |
| 01.62 | Помошни дејности за одгледување на животни | 01.620 | Помошни дејности за одгледување животни |
| | | 01.470 | Одгледување живина |
| 01.63 | Дејности кои се извршуваат после собраните посеви | 01.630 | Дејности што се извршуваат по прибирање на посевите и доработка на семето за семенски материјал |

| НКД Рев.2 | | НКД Рев.2.1 | |
|---|---|---|---|
| 01.64 | Доработка на семе | 01.630 | Дејности што се извршуваат по прибирање на посевите и доработка на семето за семенски материјал |
| 01.70 | Лов, траперство и соодветни услужни дејности | 01.700 | Лов, траперство и услужни дејности поврзани со нив |
| 02.10 | Одгледување на шуми и останати дејности поврзани со шумарството | 02.100 | Одгледување шуми и други дејности поврзани со шумарството |
| 02.20 | Искористување на шумите | 02.200 | Сечење дрва |
| 02.30 | Собирање на шумски плодови и производи, освен дрва | 02.300 | Собирање шумски плодови и производи, освен дрва |
| 02.40 | Помошни услуги во шумарството | 02.400 | Помошни услуги во шумарството |
| 03.11 | Морски риболов | 03.110 | Морски риболов |
| | | 03.300 | Помошни дејности во риболовот и аквакултурата |
| 03.12 | Риболов во слатководни води | 03.120 | Слатководен риболов |
| | | 03.300 | Помошни дејности во риболовот и аквакултурата |
| 03.21 | Морска аквакултура | 03.210 | Морска аквакултура |
| | | 03.300 | Помошни дејности во риболовот и аквакултурата |
| 03.22 | Слатководна аквакултура | 03.220 | Слатководна аквакултура |
| | | 01.480 | Одгледување други животни |
| | | 03.300 | Помошни дејности во риболовот и аквакултурата |
| 05.10 | Вадење на камен јаглен | 05.100 | Вадење камен јаглен |
| 05.20 | Вадење на лигнит | 05.200 | Вадење лигнит |
| 06.10 | Вадење на сурова нафта | 06.100 | Вадење сурова нафта |
| 06.20 | Вадење на природен гас | 06.200 | Вадење природен гас |
| 07.10 | Вадење на руди на железо | 07.100 | Вадење руди на железо |
| 07.21 | Вадење на руди на уран и ториум | 07.210 | Вадење руди на уран и ториум |
| 07.29 | Вадење на други руди на обоени метали | 07.290 | Вадење други руди на обоени метали |
| 08.11 | Вадење на декоративен камен и камен за градежништвото, варовник, суров гипс, креда и шкрилци | 08.110 | Вадење декоративен камен, варовник, гипс, шкрилци и други камења |
| 08.12 | Вадење на чакал и песок; глина и каолин | 08.120 | Вадење чакал, песок, глина и каолин |
| 08.91 | Вадење на хемиски минерали и минерални ѓубрива | 08.910 | Вадење хемиски минерали и минерални ѓубрива |
| 08.92 | Вадење на тресет | 08.920 | Вадење тресет |
| 08.93 | Вадење на сол | 08.930 | Вадење сол |
| 08.99 | Останато рударство и вадење на камен, неспомнато на друго место | 08.990 | Друго рударство и вадење камен, н.д.м. |
| 09.10 | Помошни дејности за вадење на сурова нафта и природен гас | 09.100 | Помошни дејности за вадење сурова нафта и природен гас |
| 09.90 | Помошни дејности за останатото вадење на руда | 09.900 | Помошни дејности за друго рударство и вадење камен |
| 10.11 | Преработка и конзервирање на месо | 10.110 | Преработка и конзервирање месо, освен месо од живина |
| 10.12 | Преработка и конзервирање на живинско месо | 10.120 | Преработка и конзервирање месо од живина |
| 10.13 | Производство на животинско и живинско месо | 10.130 | Производство на месо и производи од месо од живина |
| 10.20 | Преработка и конзервирање на риба, мекотели и лушпари | 10.200 | Преработка и конзервирање риба, ракови и мекотели |

| НКД Рев.2 | | НКД Рев.2.1 | |
|---|---|---|---|
| 10.31 | Преработка и конзервирање на компири | 10.310 | Преработка и конзервирање компири |
| 10.32 | Производство на сокови од овошје и зеленчук | 10.320 | Производство на сокови од овошје и зеленчук |
| 10.39 | Друга преработка и конзервирање на овошје и зеленчук | 10.390 | Друга преработка и конзервирање овошје и зеленчук |
| 10.41 | Производство на масла и масти | 10.410 | Производство на масла и масти |
| 10.42 | Производство на маргарин и слични масти за јадење | 10.420 | Производство на маргарин и слични масти за јадење |
| 10.51 | Преработка на млеко и производство на сирења | 10.510 | Производство на млечни производи |
| 10.52 | Производство на сладолед | 10.520 | Производство на сладолед и други производи од мраз за јадење |
| 10.61 | Производство на мелнички производи | 10.610 | Производство на мелнички производи |
| 10.62 | Производство на скроб и производи од скроб | 10.620 | Производство на скроб и производи од скроб |
| 10.71 | Производство на леб; слатки (колачи, торти) во свежа состојба и бисквити (кекси) | 10.710 | Производство на леб; производство на свежи печива и слатки |
| 10.72 | Производство на двопек и бисквити; производство на конзервирани слатки и печива | 10.720 | Производство на двопек, бисквити, производство на трајни печива и слатки |
| 10.73 | Производство на макарони, њоки, кускус и слични тестенини | 10.730 | Производство на тестенини |
| 10.81 | Производство на шеќер | 10.810 | Производство на шеќер |
| 10.82 | Производство на какао, чоколади и кондиторски производи | 10.820 | Производство на какао, чоколади и кондиторски производи |
| 10.83 | Преработка на чај и кафе | 10.830 | Преработка на чај и кафе |
| 10.84 | Производство на зачини и други додатоци | 10.840 | Производство на зачини и други додатоци |
| 10.85 | Производство на готови јадења и оброци | 10.850 | Производство на готови јадења и оброци |
| 10.86 | Производство на хомогенизирани прехранбени препарати и диететска храна | 10.860 | Производство на хомогенизирани прехранбени препарати и диететска храна |
| | | 10.610 | Производство на мелнички производи |
| | | 10.620 | Производство на скроб и производи од скроб |
| | | 10.710 | Производство на леб; производство на свежи печива и слатки |
| | | 10.720 | Производство на двопек, бисквити, производство на трајни печива и слатки |
| | | 10.730 | Производство на тестенини |
| 10.89 | Производство на останати прехранбени производи, неспомнати на друго место | 10.890 | Производство на други прехранбени производи, н.д.м. |
| | | 11.070 | Производство на безалкохолни пијалаци и вода во шишиња |
| 10.91 | Производство на готова храна за животни на фарма (домашни животни) | 10.910 | Производство на готова храна за домашни животни |
| 10.92 | Производство на готова храна за домашни миленици | 10.920 | Производство на готова храна за домашни миленици |
| 11.01 | Дестилирање, прочистување и мешање на алкохолни пијалаци | 11.010 | Дестилација, прочистување и мешање алкохолни пијалаци |
| 11.02 | Производство на вино од грозје | 11.020 | Производство на вино од грозје |
| 11.03 | Производство на јаболковина и вина од друго овошје | 11.030 | Производство на јаболковина и други ферментирани овошни пијалаци |
| 11.04 | Производство на други недестилирани ферментирани пијалаци | 11.040 | Производство на други недестилирани ферментирани пијалаци |
| 11.05 | Производство на пиво | 11.050 | Производство на пиво |

| НКД Рев.2 | | НКД Рев.2.1 | |
|---|---|---|---|
| 11.06 | Производство на слад | 11.060 | Производство на слад |
| 11.07 | Производство на освежителни пијалаци; производство на минерална вода и друга флаширана вода | 11.070 | Производство на безалкохолни пијалаци и вода во шишиња |
| 12.00 | Производство на тутунски производи | 12.000 | Производство на тутунски производи |
| 13.10 | Подготовка и предење на текстилни влакна | 13.100 | Подготовка и предење текстилни влакна |
| 13.20 | Ткаење на текстил | 13.200 | Ткаење текстил |
| | | 13.960 | Производство на друг технички и индустриски текстил |
| | | 23.990 | Производство на други неметални минерални производи, н.д.м. |
| 13.30 | Довршување на текстил | 13.300 | Довршување текстил |
| 13.91 | Производство на плетени и хеклани ткаенини | 13.910 | Производство на плетени и хеклани ткаенини |
| 13.92 | Производство на готови текстилни производи, освен облека | 13.920 | Производство на текстилни производи за домаќинство и готови производи за домаќинство |
| | | 13.960 | Производство на друг технички и индустриски текстил |
| 13.93 | Производство на теписи и килими (подни прекривки) | 13.930 | Производство на теписи и килими |
| 13.94 | Производство на јажиња, конопи, плетенки и мрежи | 13.940 | Производство на јажиња, конопи, плетенки и мрежи |
